| 8 | Основен проект, градежно-конструктивен дел, за доградба на винарска визба во Винарија Попов, КО Сопот, Општина Кавадарци, април 2015, Архитектонско студио „Џон и Џони" – Скопје (во соработка) | 2 |
| 9 | Основен проект, градежно-конструктивен дел, за семејна куќа во село Усје, КП бр. 5430/13, јануари 2015, Архитектонско студио „Џон и Џони" – Скопје (во соработка). | 2 |
| 10 | Основен проект, градежно-конструктивен дел, станбена зграда 7.2.1. за комплекс на градби на згради од проектот АРМ – мој вистински дом, КО Чаир, Општина Карпош, ноември 2015, Архитектонско студио „Џон и Џони" – Скопје (во соработка). | 4 |
| 11 | Основен проект за новопроектиран скалишен простор за влез во основно училиште во село Гајре, Општина Тетово. 2014. | 2 |
| 12 | Елаборат за градежна физика на објектот станбена зграда на ул. "Никола Тесла" бр. 2-1/33 во Општина Карпош, април 2013. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Елаборат за градежна физика на објектот сервис за лесни возила на ул. “Момин поток” бб во Општина Карпош, јули 2013. | 2 |
| 14 | Елаборат за градежна физика на станбено-деловен објект на ул. “Црвена Скопска Општина” бр. 4/1, во општина Центар, во Скопје, април 2014 | 2 |
| 15 | Основен проект за противпожарен дом во Кривогаштани на ул. „Маршал Тито“ бб, градежно конструктивен дел, октомври 2014. (во соработка) | 4 |
| 16 | Expert assessment on the thermal performance of the envelope of prison in Gnjilane, December 2014. | 2 |
| 17 | Елаборат за градежна физика на станбено-деловен објект на ул. “Теодосиј Гологанов” бр. 86Г, во Општина Карпош во Скопје, јуни 2014. | 2 |
| 18 | Елаборат за градежна физика за индивидуален објект на ул. „Виктор Иго” бр. 4 во Општина Кисела Вода, декември 2014. | 2 |
| 19 | Основен проект за угостителски објект и фотоволтаична централа со номинална моќност од 48, 00 на КП 2407, КО Истибања, Општина Кочани, декември 2014 (во соработка). | 4 |
| 20 | Елаборат за градежна физика на станбен објект на ул. „Сотка Џигиџик” бр. 42 и ул. „Ристе Секирчанец” бр. 47, КП бр. 13470 и КП бр. 13490, во општина Прилеп, јануари 2015. | 2 |
| 21 | Елаборат за градежна физика на новопроектиран индивидуален станбен објект во населба Сопиште, КП 910/2, Општина Сопиште, март 2015. | 2 |
| 22 | Елаборат за градежна физика на новопроектираниот објект за домување во станбени згради – А2, на локација ГП 2.5.13, КП 16634, 2УЗ, 2.5 УБ опфат 1, КО ОХРИД 3, во Општина Охрид, април 2015. | 2 |
| 23 | Елаборат за градежна физика на новопроектираниот објект станбена зграда со деловен простор По+Пр+5 на ул. „Мице Козар” бб КП 10718, Општина Прилеп, април 2015. | 2 |
| 24 | Елаборат за градежна физика на новопроектираниот објект за домување во станбени згради – А2, на локација ГП 2.5.88, КП 16702/1, КО ОХРИД 3, во Општина Охрид, април 2015. | 2 |
| 25 | Елаборатот за градежна физика на новопроектираниот објект А2 - домување во станбени згради, на локација ГП 7.1.114, КП 11100, КО ОХРИД 2, во Општина Охрид, мај 2015 | 2 |
| 26 | Елаборат за градежна физика на новопроектираниот комерцијално-деловен објект на ул. „Илинденска” КП 14293, ГП бр.11, ДУП УЕ бр.9, УБ 9/2, кварт 3 и 4, централно градско подрачје, Стара чаршија, контактна зона „Север” во Општина Прилеп, мај 2015 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 27 | Елаборат за градежна физика на новопроектираниот комерцијално-деловен објект П+2 на ул. „Бистра Планина” КП 20022/2 ГП 1, Општина Прилеп, мај 2015 | 2 |
| 28 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект А2 - домување во семејна куќа во низ, на локација ул. „Бистрица” бб, КП 13854/1, КО ОХРИД 3, во Општина Охрид, мај 2015 | 2 |
| 29 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект за домување во станбена зграда, на локација ул. „Велко Влаховиќ” бб, КП 5240/3 и 5242/3, КО ДЕБАР 1, Општина Дебар, јуни 2015. | 2 |
| 30 | Елаборатот за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект со намена Б2 за големи трговски единици и Б4 за деловни простори на локација ГП 1.35 КП 14766/1 и 14766/2, КО ОХРИД 3, во Општина Охрид, јули 2015. | 2 |
| 31 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект со намена Б2 големи трговски единици со А2 компатибилни класи на намени на локација ГП 2.21 на КП БР. 8833/14 и 8833/18 КО ОХРИД 2, во Општина Охрид, август 2015. | 2 |
| 32 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект со намена за семејно домување на локација ул. „Д. Г. Кара“ во Тетово, КП 2146, КО Тетово., во Општина Тетово, септември 2015. | 2 |
| 33 | Елаборат за ЕЕ на новопроектираниот објект А2 – домување во станбена зграда на локација ГП 1.4.8, на ул. „Абас Емин” бр. 13, КП 14754/1, 14754/2 и 14754/3, КО Охрид 3, во Општина Охрид, септември 2015. | 2 |
| 34 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект со намена А1 домување во станбена зграда на локација ГП 1.2.42 КП 15666/4 И ДР. КО ОХРИД 3, во Општина Охрид, октомври 2015. | 2 |
| 35 | Елаборат за енергетска ефикасност за новопроектираниот објект за домување во семејна куќа, на локација КП 1120 и КП 1121, м.в. Под Брег, КО Горно Соње, во Општина Сопиште, август 2015. | 2 |
| 36 | Елаборат за енергетска ефикасност на објектот со намена за домување во станбени куќи на локација КП БР. 16454/2, КО ОХРИД 3, ГП 2.1.48, на ул. „Кеј Маршал Тито” бр. 21 во Општина Охрид, ноември 2015. | 2 |
| 37 | Елаборат за ЕЕ на новопроектираниот објект со намена индивидуална семејна куќа во населба „Гоце Делчев“ Болнички комплекс блок 12 во Охрид, локација КП 5203/1, КО ОХРИД 4, декември 2015. | 2 |
| 38 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект со намена индивидуална семејна куќа на ул. „Саса“ бр. 8, во населба Горно Лисиче, во Скопје, мај 2016 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 39 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираниот објект новопроектираниот објект – повеќенаменска спортска сала, на локација, ГП 2.8 КП 47/9 КО Кисела Вода во Скопје, јули 2015. | 2 |
| 40 | Елаборат за ЕЕ на новопроектираниот објект со намена А1 домување во семејна куќа на ул. „Нико Нестор“ бр. 30 во Струга, локација на градежна парцела 02.17 на КП бр. 652, КО Струга, септември 2016 | 2 |
| 41 | Елаборат за ЕЕ на новопроектираната надградба на семејна куќа, наменета за индивидуално домување, на ул. „Ристо Равановски“ бр. 24 во Скопје, локација КП 6166, КО Карпош Скопје, септември 2016 | 2 |
| 42 | Елаборат за енергетска ефикасност на новопроектираната индивидуална семејна куќа, на локација Дунек, улица бр. 5, КП 203/4, КО Јурумлери, Скопје, септември 2016 | 2 |
| 43 | Елаборат за ЕЕ на новопроектираниот станбено деловен објект, на локација на КП 1657/2, 1662/1, 1668, 1669, 1657/3, 1662/2 КО Тетово-1, во Општина Тетово, октомври 2016 | 2 |
| 44 | Елаборат за заштита од бучава за новопроектираниот објект спортска сала, на локација ул. „Виетнамска” бб, КО Бутел, КП 1377/9, Општина Шуто Оризари, 1000 Скопје, јули 2015 | 2 |
| | **Ревизија** | **84** |
| 45 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за главна мерно-редукциска станица Гостивар и доводен гасовод DN 150/54 со запорна арматура, мај 2012 (во соработка). | 1 |
| 46 | Завршен ревидентски извештај на Книга бр. 14.1 - Студија за заштита од бучава од сообраќајот на железницата Куманово-Бељаковце, октомври 2012 (во соработка). | 1 |
| 47 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект Настрешница - стојалиште, книга 11.4, како дел од Деталниот проект и техничката поддршка за делницата Куманово – Бељаковце, Македонски Железници, Коридор VIII Источна делница, јануари 2013 (во соработка). | 1 |
| 48 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект Магацин за денчани пратки во Шупли Камен, книга 11.2.12, дел од Деталниот проект и техничката поддршка за делницата Куманово – Бељаковце, Македонски Железници, Коридор VIII Источна делница, јануари 2013 (во соработка). | 1 |
| 49 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект СС ТТ зграда во Шупли Камен, книга 11.2.7, дел од Деталниот проект и техничката поддршка за делницата Куманово – Бељаковце, Македонски Железници, Коридор VIII Источна делница, јануари 2013 (во соработка). | 1 |
| 50 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект СС ТТ зграда во Бељаковци, книга 11.3.7, дел од Деталниот проект и | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | техничката поддршка за делницата Куманово – Бељаковце, Македонски Железници, Коридор VIII Источна делница, јануари 2013 (во соработка). | |
| 51 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект СС ТТ зграда во Ново Куманово, книга 11.1.7, дел од Деталниот проект и техничката поддршка за делницата Куманово – Бељаковце, Македонски Железници, Коридор VIII Источна делница, јануари 2013 (во соработка). | 1 |
| 52 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект станична зграда во Ново Куманово, книга 11.1.2, како дел од Деталниот проект и техничката поддршка за делницата Куманово – Бељаковце, Македонски Железници, Коридор VIII Источна делница, јануари 2013. (во соработка) | 1 |
| 53 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект Спомен обележје „Прилепски бранители" во Прилеп, јануари 2013 (во соработка). | 1 |
| 54 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект магацин за денчани пратки во Жабени, книга IX.1.12, Едноколосечна железничка пруга Битола – Кременица, Железнички коридор X/Xd, мај 2013 (во соработка). | 1 |
| 55 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект станична зграда во Жабени, книга IX.1.2, Едноколосечна железничка пруга Битола – Кременица, Железнички коридор X/Xd, мај 2013. (во соработка) | 1 |
| 56 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за објект СС ТТ зграда во Жабени, книга IX.1.7, Едноколосечна железничка пруга Битола – Кременица, Железнички коридор X/Xd, мај 2013 (во соработка). | 1 |
| 57 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за реконструкција и проширување на бул. Партизански одреди од раскрсница со ул. Ацо Шопов до кружен тек на ул. 4 јули - Скопје, градежно-конструктивен дел Г, мај 2013 (во соработка). | 1 |
| 58 | Завршен ревидентски извештај на Проектот за обработка на заштитна ограда со украсни маски, како дел од Проектот за реконструкција на огради, тротоари и улично светло на мост на ул. "Стив Наумов" и ул. „Војвода Васил Аџиларски", октомври 2013 (во соработка). | 1 |
| 59 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за реконструкција на плоштад „Македонија" во Скопје, градежно-конструктивен проект „Г", декември 2013. | 1 |
| 60 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за пумпна станица за населбата Шуто Оризари и населбата Скопје – Север – книга 3.2.б, градежен проект – статика со сеизмика, февруари 2014. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 61 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за резервоар за населбата Шуто Оризари и населбата Скопје – Север – книга 3.3.б, градежен проект – статика со сеизмика, февруари 2014. | 1 |
| 62 | Ревидентски извештај на Основниот проект за административен објект наплатна станица „Романовце”, локација автопат Скопје – Куманово, К. О. Романовце, јуни 2014. | 1 |
| 63 | Завршен ревидентски извештај на Основниот проект за административен објект наплатна станица „Градско”, локација автопат Скопје – Гевгелија, К. О. Градско, јуни 2014. | 1 |
| 64 | Ревидентскиот извештај на Основниот проект за резервоар за вода на наплатна станица „Градско”, локација автопат Скопје – Гевгелија, К. О. Градско, јуни 2014. (во соработка) | 1 |
| 65 | Ревидентски извештај на Основниот проект за резервоар за вода на наплатна станица “Романовце”, локација автопат Скопје – Куманово, К. О. Романовце, јуни 2014. (во соработка) | 1 |
| 66 | Ревидентски извештај на Основниот проект за продолжување на постојни пропусти на наплатна станица “Градско”, локација автопат Скопје – Гевгелија, К. О. Градско, јуни 2014 (во соработка) | 1 |
| 67 | Завршни извештаи од ревизија на Основните проекти за реконструкција на фасади на постојни објекти на бул. „Илинден”, Скопје, градежно-конструктивни проекти „Г”, и тоа бр. 9, бр. 13, бр. 14, бр. 16, бр. 20-20, бр. 37, бр. 43, бр. 60, бр. 62 и бр. 64, септември 2014. (10 x 1) | 10 |
| 68 | Завршни извештаи од ревизија на Основните проекти за реконструкција на фасади на постојни објекти на бул. „Илинден”, Скопје, топлинска заштита за постигнување на поголема енергетска ефикасност, и тоа бр. 9, бр. 13, бр. 14, бр. 16, бр. 20-20, бр. 37, бр. 43, бр.60, бр. 62 и бр. 64, декември 2014. (10 x 1) | 10 |
| 69 | Завршен извештај од ревизија на Основен проект за Бензинска пумпна станица и услужен центар на магистрален пат А1 с. Прдејци-Гевгелија за Г.П. бр. 1.1 на К.П. бр. 301, 302, 303/1 и 303/2, м.в. Турски гробишта, К.О.Мрзенци, Општина Гевгелија, февруари 2015. | 1 |
| 70 | Завршен извештај од ревизија на Основен проект за хала за производство на сточна храна, Прилеп. Градежно конструктивен проект, март 2015. | 1 |
| 71 | Завршен извештај од ревизија на Основен проект за Зелен пазар – Берово, за К.П. бр. 3266 и дел од К.П. бр. 2445, КО Берово, Општина Берово, март 2015. | 1 |
| 72 | Завршни извештаи од ревизија на Основните проект за објекти – помошни згради за тунели 05, 08 и 14 Железнички коридор VIII, втора делница Бељаковце – Крива Паланка, 11.5.2/ 3 книги, јуни 2015. (3 x 1) | 3 |
| 73 | Завршни извештаи од ревизија на Основните проекти објекти – стојалишта во Рударе, Ранковце, Псача, Железнички коридор VIII, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | втора делница Бељаковце – Крива Паланка, 11.3.2/3 книги, јуни 2015. (3 x 1) | |
| 74 | Ревидентски извештај на Техничко решение за прифаќање и одведување на површински води на делница Мокрино – Смоларе, Хидротехника „Х” и Градежно-конструктивен проект „Г”, е изработен од страна на Градежниот факултет – Скопје, април 2015. (во соработка) | 1 |
| 75 | Ревидентски извештај на Главниот проект за Противпожарна хидрантска инсталација во тунел “Пресека” со резервоар, на коридорот 8 – Делница Подвис-Пресека, од км 10+424,89 до км 22+246, статичка пресметка, јуни 2015. (во соработка) | 1 |
| 76 | Ревидентски извештај на Основниот проект за Изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во РМ, Зграда на оперативен центар Петровец, Книга 9.2: Елаборат за енергетска ефикасност, мај 2015. | 1 |
| 77 | Ревидентски извештај на Основниот проект за Изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во РМ, Зграда за супервизор Петровец, Книга 9.1: Елаборат за енергетска ефикасност, мај 2015. | 1 |
| 78 | Ревидентски извештај на Основниот проект за Изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во РМ, Зграда за супервизор Романовце, Книга 1.3: Градежен дел, мај 2015. | 1 |
| 79 | Ревидентски извештај на Основниот проект за Изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во РМ, Зграда за супервизор Романовце, Книга 9: Елаборат за енергетска ефикасност, мај 2015. | 1 |
| 80 | Завршен извештај од ревизија на Основен проект за станбена зграда на ул. „Букурешка“ бб, Скопје, градежно-конструктивен дел, ноември 2015. | 1 |
| 81 | Завршен извештај од ревизија на Основен проект за изградба на Автопат А2 - тунел “Пресека” (Книга 4) Објект: Тунел, km 18+305.00 – 20+300.00 лева цевка и km 18+290.00 – 20+264.00 десна цевка, Погонска станица “Југ”, Делница: Кичево – Требеништа - Охрид, февруари 2016. | 1 |
| 82 | Завршен извештај од ревизија на Основен проект за изградба на Автопат А2 - тунел “Пресека” (Книга 5) Објект: Тунел, km 18+305.00 – 20+300.00 лева цевка и km 18+290.00 – 20+264.00 десна цевка, Погонска станица “Север”, Делница: Кичево – Требеништа - Охрид, февруари 2016. | 1 |
| 83 | Завршен извештај од ревизија на Основен проект за Противпожарна хидрантска инсталација во тунел „Пресека” со | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | резервоар, на коридорот 8 – Делница Подвис-Пресека, од км 10+424,89 до км 22+246, февруари 2016 (во соработка). | |
| 84 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, Основен проект за настрешница и разделни острови (Книга 1.4) – Наплатна станица Романовце“, март 2016. | 1 |
| 85 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, Основен проект за настрешница и разделни острови (Книга 1.4) – Наплатна станица Романовце“, март 2016. | 1 |
| 86 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за денивелиран патен јазол „Јурумлери“, Автопат А4, делница Хиподром – Петровец, за носечки челични конструкции на нестандардни табли“, со технички број 926-02-16, април 2016. | 1 |
| 87 | Завршен ревидентски извештај на „Основен сообраќаен проект за сообраќајна сигнализација и опрема на автопат од коридор VIII/Е65 Кичево – Требеништа – Охрид, книга 3.1, дел за статичка пресметка на челичната конструкција“, април 2016. | 1 |
| 88 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, Настрешница и разделни острови (Книга 1.4), Наплатна станица Гевгелија“, јуни 2016. | 1 |
| 89 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, Зграда за супервизор (Книга 1.3), Наплатна станица Гевгелија“, јуни 2016. | 1 |
| 90 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, Настрешница и разделни острови (Книга 1.4), Наплатна станица Градско“, јуни 2016. | 1 |
| 91 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, Зграда за супервизор (Книга 1.3), Наплатна станица Градско“, јуни 2016. | 1 |
| 92 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, Зграда за супервизор (Книга 1.3), Наплатна станица Отовица“, јуни 2016. | 1 |
| 93 | Завршен извештај од ревизија на „Дополнување на Основен проект за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во Р Македонија, Зграда за супервизор Романовце, Книга 9: Елаборат за енергетска ефикасност“, јуни 2016. | 1 |
| 94 | Завршен извештај од ревизија на „Основен проект за Имплементација на систем за електронска наплата на патарини, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Настрешница и разделни острови (Книга 1.4), Наплатна станица Отовица“, јуни 2016. | |
| 95 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за настрешница и разделни острови (Книга 1.4) за Наплатна станица Градско“ со технички број КПП_004_11/14 – Г, јули 2016. | 1 |
| 96 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Изградба на наплатна станица „Преод“ на автопат А4, делница: Миладиновци – Св. Николе – Штип (Книга 4.1), Зграда за супервизор“, со технички број 388 – 07 – 16, август 2016. | 1 |
| 97 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Изградба на наплатна станица „Кадрифаково“ на автопат А4, делница: Миладиновци – Св. Николе – Штип (Книга 4.1), Зграда за супервизор“, со технички број 388 – 07 – 16, септември 2016. | 1 |
| 98 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Изградба на наплатна станица „Арбиново“ на автопат Кичево - Охрид (Книга 4.1), Зграда за супервизор“, со технички број 388 – 07 – 16, септември 2016. | 1 |
| 99 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Изградба на наплатна станица „Миравци“ на автопат А1, делница: Д. Капија – Смоквица – Гевгелија (Книга 4.1), Зграда за супервизор“, со технички број 388 – 07 – 16, септември 2016. | 1 |
| 100 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Настрешница и разделни острови (Книга 4.2), Наплатна станица Преод, како дел од Основниот проект за Изградба на наплатна Преод на автопат А4, делница Миладиновци – Св. Николе – Штип“, октомври 2016. | 1 |
| 101 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Настрешница и разделни острови (Книга 4.2), Наплатна станица Кадрифаково, како дел од Основниот проект за Изградба на наплатна Кадрифаково на автопат А4, делница Миладиновци – Св. Николе – Штип“,октомври 2016. | 1 |
| 102 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Настрешница и разделни острови (Книга 4.2), Наплатна станица Миравци, како дел од Основниот проект за Изградба на наплатна Миравци на автопат А1, делница Д. Капија – Смоквица – Гевгелија“, октомври 2016. | 1 |
| 103 | Ревидентски извештај на „Основен проект за против звучни бариери на автопатот А2 Кичево – Охрид“, ноември 2016. | 1 |
| 104 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за изместување на дел од 400 kV ДВ ТС Дуброво – Македонско/Грчка граница од столб бр. 90 до столб бр. 94 заради вкрстување со новиот автопат „Демир Капија - Смоквица”, книга 2: Градежно-конструктивен проект „Г”, по ревизија“, ноември 2016. | 1 |
| 105 | Завршен ревидентски извештај на „Основен проект за Изградба на наплатна станица „Арбиново“ на автопат А2, делница: Кичево - | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Охрид (Книга 4.2), Настрешница и разделни острови“, ноември 2016. | |
| 106 | Завршен ревидентски извештај за изградба на наплатна станица „Арбиново“ на автопат А2, делница: Кичево – Охрид, област на проектирање: Елаборат за енергетска ефикасност, објект: Зграда за супервизор (Книга 13), ноември 2016. | 1 |
| | **Превод** | **6** |
| 107 | Книга „The Building Environment“, Vaughn Bradshaw, P.E., by John Wiley & Sons, Inc. 2006. | 3 |
| 108 | Книга „Reinforced Concrete: Mechanics and design“, James K. Wight, James G. MacGregor, by Pearson Education, Inc. 2012. | 3 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| 1 | **Уредник на меѓународно научно/стручно списание Scientific Journal of Civil Engineering – SJCE** | **3** |
| | **Член на организациони или програмски одбори на научни/стручни собири** | **3.5** |
| 2 | Член на организационен одбор на Кнауф академија „Енергетски ефикасни објекти“, 10.05.2013 | 0.5 |
| 3 | Член на организационен одбор на Кнауф академија „Звук и акустика“, 13.12.2013 | 0.5 |
| 4 | Член на организационен одбор на Меѓународен академски курс BEST, 12 - 15.6.2014 | 0.5 |
| 5 | Член на Научен одбор на студентска конференција „Енергетска ефикасност и одржлив развој“, од 2013 до 2016. (четири пати 4 x 0.5) | 2 |
| | **Член на организациони или програмски одбори на меѓународни научни/стручни собири** | **2** |
| 6 | V International Symposium GNP 2014, Zabljak, Montenegro, 17-21.02.2014 | 1 |
| 7 | VI International Symposium GNP 2016, Zabljak, Montenegro, 7-11.03.2016 | 1 |
| | **Студиски престој во странство** | **1** |
| 8 | Erazmus LLL мобилност на Универзитетот во Фиренца, Италија, мај 2014. | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Престој на Весекс - институтот за технологија (WIT), Велика Британија, февруари 2016. | 0.5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | **1** |
| 10 | „Нумеричко моделирање на порозни средини за испитување на тек и транспорт на контаминанти”, Министерство за образование и наука на РМ, научно - истражувачки проект – носител | 1 |
| | **Продекан** | **8** |
| 11 | Продекан за настава (мандат 2011-2015) | 4 |
| 12 | Продекан за наука и меѓународна соработка (мандат 2015-2019) | 4 |
| 13 | **Член на Универзитетска конкурсна комисија (2014, 2015 2 x 1)** | **2** |
| | **Член на факултетски комисии** | **5.9** |
| 14 | Комисија за настава | 0.5 |
| 15 | Комисија за наука | 0.5 |
| 16 | Комисија за прием на студенти на Градежниот факултет (5 год. x 0.5) | 2.5 |
| 17 | Комисија за издавање на вредносни бонови | 0.5 |
| 18 | Комисија за одржување и ажурирање на веб-страницата на Градежниот факултет | 0.5 |
| 19 | Комисија за изработка на Информатор и рекламен материјал за студиските програми | 0.5 |
| 20 | Еразмус - координатор | 0.5 |
| 21 | Комисија за избор во звање на д-р Борка Ковачевиќ | 0.2 |
| 22 | Комисија за избор во звање на д-р Златко Илијоски | 0.2 |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **6** |
| 23 | Претседател на Технички комитет 8 „Системи и опрема за топлинска заштита од пожар кај градежни објекти“ во ИСРМ (2 мандата) | 1 |
| 24 | Член на Тело за рамнотежа на интереси – Градежен институт Македонија, 2016 | 1 |
| 25 | Член на Комисија за анонимна експертска оценка за два проекти од МОН, декември 2012 | 1 |
| 26 | Член на Координативно тело за одбележување на 50 - годишнина од земјотресот во Скопје, 2013 | 1 |
| 27 | Член на Собрание на Комора на овластени архитекти и инженери на РМ (два мандата 2014-2016, 2016 – 2018) | 2 |
| | **Вкупно:** | **223,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **174,68** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **159,08** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **223,40** |
| **Вкупно** | **557,16** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Љупчо Лазаров с.р**
2. **Проф. д-р Мери Цветковска с.р**
3. **Проф. д-р Милорад Јовановски с.р**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДРЖЛИВ ПРОЕКТЕН МЕНЏМЕНТ НА ИДЕЈНИ АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТИ ЗА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ“ ОД М-Р АЛЕКСАНДАР ПЕТРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на 444. седница одржана на 30.11.2016 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петровски со наслов „Одржлив проектен менаџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради“, во состав: проф. д-р Лилјана Денковска, проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовска (ментор), проф. д-р Минас Бакалчев, проф. д-р Вахида Жујо и вонр. проф. д-р Огнен Марина.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петровски со наслов „Одржлив проектен менаџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради“, содржи 360 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12pt, 41 фуснота и 218 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 7 глави и *резиме* на македонски и англиски јазик. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во трудот се презентирани 96 слики, 105 табели и 18 прилози.

Во **воведот** на трудот, кандидатот ги дефинира основните поставки на истражувањето, теоретската рамка и научната оправданост за обработка на избраната научна област. Во оваа глава изложени се истражувачкиот проблем, предметот и целите на истражувањето, утврдени се методите на истражување и изложена е структурата на докторската дисертација.

Во **втората глава** од докторската дисертација изложена е потребата од имплементација на одржливоста во градежништвото. Изложени се социјалните, економските и аспектите на животната средина, со што е истакната научната оправданост за истражување на овој тип објекти. Презентирана е интеграцијата на концептот на одржливост во градежништвото во меѓународната и националната регулатива и стандарди. Понатаму, анализирана е состојбата во станбениот сектор врз одржливоста во Република Македонија од аспект на економска интензивност, потрошувачка на енергија и загадување на животната средина. Истражена е одржливоста при градење станбени и станбено-деловни згради во земјата, односно нивните социјални и економски импликации, како и импликации по однос на животната средина. Кандидатот ја идентификува исклучителната динамика на изградбата во секторот домување и

нужноста за негово поставување во фокусот на истражување во докторската дисертација. Понатаму, спроведено е истражување на искуствата од изградбата на станбени згради. Преку примена на статистички методи стекнати се значајни сознанија во однос на квалитетот на проектната документација, навремената изведба, вклученоста на учесниците во изградбата, примената на софтверски алатки и одредена е важноста која им се дава на поединечни фази од животниот циклус на проектите. Со цел подлабоко согледување на состојбите во изградбата, кандидатот ја анализира перцепцијата на раководители на изградба во однос на концептот на одржлива изградба. Од спроведените анализи извлечени се заклучоци и посочени се можности за нивна имплементација при управување со проектна документација за станбени згради во фаза проектирање со цел подобрување на нивната одржливост.

Во **третата глава** се истражува животниот циклус на проектите и нивната поделба според точката на гледање. Притоа, посочена е особената релевантност на фазата на идеен проект со цел постигнување поголема одржливост на проектите. Анализирани се методи и методологии за оцена на одржливоста при управување со проектите и методологии за оцена на одржливоста на проектниот производ.

Низ анализа на традиционални методи и методологии за управување и методи за одржливо управување и нивна споредба, согледани се меѓусебните предности и недостатоци. Посочени се досегашните релевантни истражувања на поединечни аспекти на проектниот менаџмент и одржливиот проектен менаџмент и изложени се сознанијата, но и идентификувани се можностите за поголема имеплементација на одржливоста во проектниот менаџмент. Преку проучување на постојното научно тело, извршена е идентификација на клучни индикатори кои овозможуваат квантификација на степенот на одржливост на проектниот менаџмент, односно оцена на одржливоста на управување со проектната документација и оцена на одржливоста на идејни архитектонски проекти за станбени згради. Даден е осврт и на новите технологии што овозможуваат поголема имплементација на одржливоста, како и нивните предности и недостатоци. Спроведено е и анкетно истражување за примена на овие технологии во проектантската практика во Република Македонија. Понатаму, кандидатот ги истражува методологиите и системи за оцена на згради и проекти за згради, пристапите на кои тие се базираат, нивото на опфат за кое се наменети и принципот на мерење и мерни скали. Проучени се категориите и индикаторите од кои се тие составени, како и нивното приспособување кон национални и меѓународни прописи, а извршена е и нивна споредба.

Истражени се аспектите на одржливото архитектонско проектирање и неговите предности во однос на конвенционалниот начин на проектирање станбени згради. Изложен е хронолошкиот развој на методолошки пристапи на проектирање, проучени се методи и алатки како поддршка на процесот на проектирање и истакната е потребата од итеративен процес на проектирање. Од истраженото обемно научно тело, воспоставена е структура на архитектонски одржлив проектен процес која во себе ја вклучува функцијата на вреднување на проектите за станбени згради. Аспектите на проектите за згради се систематизирано изложени и групирани по фази од животниот циклус, воспоставен е нивен логичен редослед и воспоставена е нивна корелација со трите аспекти на одржливоста како: социјални, економски и аспекти на животна средина. Од стекнатите сознанија кандидатот утврдува индикатори за оцена на одржливоста на идејно решение и идеен проект за станбени згради кои се расчленети и организирани според нивото на опфатот и според фази од животен циклус на проектот, а нивната валидност е утврдена преку интервјуа со експерти.

Во **Глава 4,** кандидатот воспоставува пристап за оцена на одржливоста на проектниот менаџмент при изработка на идејни архитектонски проекти за станбени згради. Пристапот се состои од две оперативни алатки, и тоа: 1) алатка за оцена на

одржливост на процесот на управување при изработка на идејни архитектонски проекти за станбени згради - АЛУП и 2) алатка за оцена на одржливост на идејни архитектонски проекти за станбени згради - АЛОПС. Детално се изложени и дискутирани индикаторите кои ги формираат овие алатки, како и методите за нивно мерење. Преку обемни анкетни истражувања утврдена е валидноста на индикаторите и нивните тежински фактори. На тој начин е овозможена оперативноста на алатките, односно нивната применливост.

Во **глава 5** се прикажани резултатите од примена на пристапот за оцена на одржливост на проектен менаџмент при изработка идејни проекти за станбени згради. Алатката за оцена на одржливост при управување со проектите е применета на 40 студии на случај на станбени и станбено-деловни објекти, при што резултатите овозможуваат значајни сознанија во однос на постојната состојба при управување со одржливоста на проектите во нашата земја, недостатоците и можностите за подобрување на одржливоста при управување. Препознаени се индикаторите со повисок и понизок степен на реализација според фази од животен циклус, и тоа: фаза на иницирање, фаза на идејно решение и фаза на идеен проект. Воедно се идентификувани перформансите на процесните групи кои ја сочинуваат алатката АЛУП, како по фази од животниот циклус на проектот, така и во однос на нивните севкупни перформанси, и пресметана е просечна оцена на одржливоста на процесот на управување со проекти за станбени згради во Република Македонија.

За студија на случај на станбена зграда се тестирани алатките АЛУП и АЛСОП. Во фаза на идеен проект анализирани се три проектни варијанти за студијата на случај кои се разликуваат според видот на градежните елементи предвидени за нивна изведба, каде што: 1) Модел 1 се базира на конвенционални типови градежни елементи и кои се најчест тип во РМ; 2) Модел 2 е составен од градежни елементи кои имаат сѐ позачестена примена во изградбата; 3) Модел 3 е составен од лесномонтажни системи и претставува редок случај на изведба во РМ. Преку детална анализа на перформансите на индикаторите за поединечните студии на случај, кандидатот поставува значајни сознанија за подобрување на одржливоста на проектите за станбени згради. Воедно, алатката АЛСОП е тестирана во однос на потребата од таквата алатка и нејзината применливост.

Во **Глава 6** се презентирани стекнатите сознанија и заклучоци од целокупното истражување. Изложени се клучните процесни активности кои влијаат врз одржливоста на управувањето со идејните проекти и идентификувани се проектни аспекти со најголемо влијание врз одржливоста на идејните проекти. Преку анализа на студии на случај зададени се препораки за одржливо проектирање и изградба на станбени згради.

Зададени се препораки за имплементација на одржливоста во градежништвото преку нејзината интеграција во три домени, и тоа: технолошки, регулаторен и образовен. Понатаму, наведени се ограничувањата на ова истражување и зададени се размисли и препораки за идни истражувања.

## Предмет на истражување

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е одржливиот проектен менаџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради.

Градењето одржливи станбени згради подразбира нужна примена на одржлив проектен менаџмент во градежната практика. Во проектниот менаџмент, управувањето со станбените згради се разгледува преку два сегмента кои се одвиваат истовремено, а тоа се: 1) процеси за управување со проект за станбени згради; 2) процеси поврзани со проектниот производ – идеен архитектонски проект за станбени згради.

Изработката на архитектонски проекти минува низ неколку фази како: иницирање, идејна фаза (која се состои од идејно решени и идеен проект), основен проект и изведбен проект (доколку е потребно), при што фазата на идејно решение е идентификувана како особено значајна со цел подобрување на нивната одржливост.

Целта на истражувањето е подобрување на одржливоста во проектниот менаџмент при изработка на идејни архитектонски проекти за станбени згради, преку изготвување пристап за негова оцена. Пристапот за оцена на одржливоста на проектниот менаџмент, кандидатот го операционализира преку изработка на две оперативни алатки, и тоа: 1) алатка за оцена на одржливост на процесот на управување при изработка на проектна документација, односно идеен архитектонски проект за станбени згради; 2) алатка за оцена на одржливост на архитектонски идеен проект за станбени згради. Тестирањето на овие алатки врз студии на случај во градежната пракса во Република Македонија овозможува идентификување на недостатоците и можностите за подобрување на одржливоста во проектниот менаџмент во градежништвото.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

За реализацијата на докторскиот труд, кандидатот детално ги изложува досегашните истражувања во научната област на одржливиот проектен менаџмент. Станува збор за особено современа истражувачка проблематика која е во динамичен развој со цел унапредување на одржливиот развој во градежништвото.

Проучувањето на досегашните сознанија во областа на одржлив проектен менаџмент се фокусира на две истражувачки линии, каде што едната ги следи достигнувањата во однос на одржливост при управување на проектите, а другата се однесува на одржливост на проектниот производ - идеен архитектонски проект за станбена зграда.

Најпрвин, изложена е поделбата на животниот циклус во зависност од точката на гледање, при што таа може да биде: според видот на работите, од аспект на управување и според одлуките кои се донесуваат. Понатаму, фазите за изработка на проектната документација се делат на: иницирање, идејна фаза (идејно решение и идеен проект), основен проект и изведбен проект (доколку е потребно). Преку преглед на литература утврдена е значајноста на фазата на иницирање, идејно решение и идеен проект, во однос на постигнување поголем степен на одржливост на проектите за згради, поради што понатамошните истражувања кандидатот ќе ги постави во овој контекст.

Понатаму, спроведено е темелно проучување на методите, методологиите и стандардите за управување со проектите, со кое се утврдени нивните сличности и основни концепти кои се базираат на „каскадно" ориентиран пристап. Базирајќи се на согледаното, понатамошното истражување се засновува на стандардот ISO 21500, а процесните групи од овој стандард ќе бидат усвоени како подлога за понатамошен развој на пристап за оцена на одржливост на управување со проектите за станбени објекти.

Од прегледот на постојни истражувања, кандидатот утврдува дека обидот за интеграција на  одржливоста во проектниот менаџмент е од неодамна. Ги согледува сегментите на проектниот менаџмент во кои се направени одредени обиди за таквата интеграција, при што ги посочува сегментите во кои е потребно таа да се спроведе. Истражени се аспектите на проектниот менаџмент во однос на целите во одржливиот проектен менаџмент, аспектите на интегриран проектен тим, учесници во проектен тим и транспарентност при управување. Воедно, извршена е споредба на концептот на традиционален и одржлив проектен менаџамент, при што вториот се одликува со

поголема итеративност, флексибилност, интегративност, долгорочни цели, земајќи ги предвид и аспектите на влијанието врз животната средина.

Како значајна алатка за подобрување на одржливоста при управувањето со проектите и изработката на проектниот производ - идејни архитектонски проекти за станбени згради, идентификувани се софтверите за моделирање информации за објектите (Building Information Modeling - BIM). Од досегашната нивна примена во градежната практика утврдени се нивните предности во однос на намалување на времето при изработка на проектите, оцена на перформансите на проектниот производ, интеграција на проектниот тим и дигитална фабрикација. Кандидатот ја истражува примената на овие алатки во контекстот на градежната практика во Р. Македонија, при што утврдува дека нивната примена е на многу ниско ниво.

Во однос на втората истражувачка линија, која се однесува на одржливоста на идејните архитектонски проекти за станбени згради, кандидатот спроведува опсежни истражувања кои се однесуваат на преглед на методологии и системи за оцена на одржливоста на проектниот производ и одржливото проектирање. Идентификувани се три главни пристапи кои се употребуваат за мерење на одржливоста кај проектниот производ, и тоа: генерички, стратешки и интегрирани. Според опфатот на анализа, методологиите за оцена може да се однесуваат на глобално, односно национално ниво, на урбано ниво, на ниво на објект, елемент, продукт или материјал. Поради специфичноста на контекстот во кој е предвидено да се применуваат тие се приспособуваат, развиваат и надградуваат. Така, развиени се голем број методологии за оцена на одржливоста на објектите, додека за оцена на проект за зграда во фаза на идејно решение не се развиени, вклучително и во нашата земја.

Во таков недостаток на методологии за оцена на одржливоста во фаза на идеен проект, кандидатот ги истражува методологиите за оцена на одржливоста на проектите со цел споредба на категориите, индикаторите од кои се тие сочинети и тежинските системи. Разгледана е и причината за примена на овие методологии при што е утврдено дека тие во најголема мера се користат како поддршка во фазата на проектирање, иако тоа не е нивната примарна намена, со што се потврдува потребата од систематизирана алатка која ќе го поддржи процесот на одржливо проектирање и ќе има корективна улога при изработка идејни архитектонски проекти за станбени згради.

Понатаму, кандидатот ја истражува областа на архитектонско проектирање и процесите на кои подлежи, осврнувајќи се на аспектот на итеративноста во почетните фази од проектирање со што се овозможува постигнување поголем степен на одржливост на проектниот производ. Со тоа е воспоставен алгоритам на архитектонски одржлив проектен процес кој подразбира вреднување на проектните решенија. Токму вреднувањето на архитектонските проекти е предмет на понатамошно истражување, кое како прашање е во основата на теоријата на архитектурата од нејзините почетоци. Правејќи паралели помеѓу истражувањата на првите теоретичари на архитектурата со современите теоретирачи, кандидатот го надградува знаењето во однос на вреднувањето на поединечните аспекти на архитектурата и ги поставува во контекст на современите потреби на човештвото.

Природата на архитектурата е во сферата на нејзините физички мерливи аспекти и во немерливите, квалитативни аспекти. Во однос на квантитативните аспекти, кандидатот спроведува анкетно истражување со цел да се утврди колкав број од нив се анализираат во архитектонската проектна практика во нашата земја, утврдувајќи дека таквата практика меѓу проектантите е на ниско ниво. Дополнително, проучени се конвенционални проектантски активности кои се вршат во фазите иницирање, идејно решение и идеен проект, при што тие се категоризирани и се поставени во корелативност

со трите аспекти на одржливоста како: животната средина, социјалните и економските аспекти. Така дефинираните аспекти на архитектонското проектирање се транспонирани во соодветни индикатори кои ќе служат за квантификација и оцена на одржливоста на идејните архитектонски проекти за станбени згради.

## Краток опис на применетите методи

Применетите методи во истражувањето се во директна корелација со целите на докторската дисертација. Во интердисциплинарното архитектонско истражување, каде што припаѓа и ова истражување, применети се оние методи кои се најсоодветни за одреден истражувачки проблем. Односно, при анализа на постојните достигнувања од областа употребени се дедуктивни, индуктивни методи и логичка аргументација. Анализата и синтезата како научни процедури се применуваат во целиот труд, почнувајќи од поставување на научно- истражувачкиот проблем, сè до поставување на заклучните согледувања. Применети се статистички методи со цел истражување на специфични проблеми во интерес на тезата. Исто така, применети се експериментални методи, софтерски симулации и студии на случаи со цел анализа на поединечни истражувачки проблеми.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Истражувањето во оваа докторска дисертација цели кон воспоставување пристап за оцена на одржливоста на идејните архитектонски проекти за станбени згради и со тоа да се даде придонес кон подобрување на одржливоста на градежништвото во земјата. За реализирање на воспоставениот истражувачки проблем, кандидатот спроведува истражување за согледување на постојната состојба на одржливоста во процесот на изградба и имплементација на стекнатите сознанија во процесот на управување со изработката на архитектонските проекти за станбени згради. Кандидатот го утврдува особено значајното влијание на градежништвото врз животната средина, социјалните и економските аспекти, со посебен осврт на влијанието на станбениот сектор врз трите аспекти на одржливоста. Идентификувана е потребата од методи и алатки кои ќе го потпомогнат архитектонското проектирање и препознаена е неопходноста од имплементација на одржлив проектен менаџмент за одржливо градење станбени згради.

Низ статистичка анализа на состојбите во изградбата на станбените и станбено-деловните згради во земјата, кандидатот заклучува дека проектната документација за станбени згради има просечен квалитет во однос на нејзината одржливост и дека често пати настануваат измени во текот на изградбата, а во одредена мера е забележана и нејзина некомплетност што води кон намалување на одржливоста на проектите. Во однос на времетраењето на изведбата на објектите кандидатот посочува дека тоа во голема мера се пролонгира. Како еден од факторите е посочена и недоволната одржливост на проектната документација, а генерално имплементацијата на одржливост во изградбата е просечна и не е на посакуваното ниво. Забележана е спремност од страна на учесниците во градењето за нивно учество во интегриран проектен тим уште во раните фази на проектирањето. Во однос на вниманието кое им се посветува на фазите од животниот циклус на проектите, фаза на проектирање бележи слаби резултати споредено со останатите.

Врз основа на спроведените обемни и темелни проучувања, кандидатот воспоставува пристап за оцена на одржливост на проектен менаџмент кај идејни архитектонски проекти за станбени згради. Пристапот е составен од алатка за оцена на одржливоста на управувањето при изработката на идејни архитектонски проекти за

станбени згради и алатка за оцена на одржливоста на проектниот производ - идејни архитектонски проекти за станбени згради. Двете алатки се формирани од индикатори селектирани од обемно научно тело. Индикаторите се валидирани и тежински одредени преку анкетни истражувања со што е овозможена нивната оперативност.

Алатката за оцена на одржливоста на процесот на управување со изработката на идејни архитектонски проекти за станбени згради е тестирана на примерок од 40 испитаници - одговорни проектанти. Примената на алатката во фаза на иницирање, идејно решение и идеен проект овозможува идентификација на процесните активности според степен на реализација. Преку преглед на реализацијата на индикаторите според процесни групи идентификувани се процесните групи кои имаат помала и поголема реализација со што е овозможено да се превземат соодветни корективни мерки за подобрување на одржливоста при управувањето. Во фаза *Иницијација*, најголем степен на реализација има групата Ресурси, следена од Квалитет, Опфат и Набавки. Најмал степен на реализација имаат групите Интеграција и Учесници. Во фаза *Идејно решение*, најголема реализација на поени има групата: Квалитет, следена од Учесници, Време, Ризик, Набавки, Комуникација и Интеграција, додека значително мала реализација имаат: Опфат и Трошоци. Во фаза на *Идеен проект,* најголема реализација има процесната група Квалитет, следена од Време, Комуникација, Ризик, Учесници, Набавки и Ресурси, а најмала реализација имаат групите Опфат, Трошоци и Интеграција.

Со цел согледување на корелативноста помеѓу одделни проектни аспекти при управување со изработка на идејни проекти за станбени згради, извршена е статистичка обработка на резултатите и применет е методот на линеарна регресија. Од споредба на корелативност на исти аспекти во фаза на идејно решение и идеен проект може да се воочи дека на нив влијаат различни независни аспекти. Тоа укажува дека е потребно интегрална имплементација на сите аспекти на проектниот менаџмент со цел постигнување поголем степен на одржливост при процес на управување со идејни проекти за станбени згради.

Системот за оцена на одржливоста на идејните проекти е тестиран на студија на случај на идеен проект за станбена зграда изработен од проектантско биро како конкурсен труд за масовна изградба на подрачјето на касарна Илинден, Скопје. Најпрвин е применета алатката за оцена на одржливост при управување со проектите при што се утврдени недостатоци во поединечни процесни активности според фази од животниот циклус. Понатаму, применета е алатката за оцена на одржливоста на идејниот архитектонски проект, со што е формирана оцена за неговата одржливост во фаза на иницирање и идејно решение. Во фаза на идеен проект разгледани се три студии на случај кои се разликуваат според материјалите од кои се составени надворешните и внатрешните ѕидови, но и според технологијата на изведба. По извршените симулации по однос на разгледуваните проектни аспектки од добиените резултати е утврдено дека промената на материјалите за изведба на неносечките градежни елементи може значително да ја подобри одржливоста на идејниот проект. Анализата на конвенционални системи за изградба на ѕидовите во споредба со лесномонтажни префабрикувани системи, како што се бондручни системи ги потенцира квалитетите и предностите на вторите, во однос на подобрена одржливост на објектите. Воедно, разгледано е влијанието на различните градежни елементи врз повеќе проектни аспекти и соодветното влијание кое го имаат кај секој од нив.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петровски, со наслов „Одржлив проектен менџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради“, претставува актуелно и значајно истражување во областа на проектниот менаџмент и управувањето со изработката на идејни архитектонски проекти за станбени згради и претставува сериозен и значаен придонес кон постигнување поголема одржливост на проектите, со крајна цел кон постигнување поголема одржливост на станбените згради.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација, „Одржлив проектен менџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради“, во целост ги реализира поставените цели при што стекнатите сознанија имаат особено значаен научен придонес.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Петровски, со наслов „Одржлив проектен менџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Како составен дел од третиот циклус на студии, кандидатот реализира активно учество на две работилници и е учесник во меѓународен научен проект кој е поврзан со областа на неговото истражување во докторската дисертација.

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] **A. Petrovski**, “Improving building sustainability by optimizing facade shape and solar insolation use,” in *Adaptive facades - Europe*, A. Luible, M. Overend, L. Aelenei, M. Perino, and F. Wellershoff, Eds. Delft: TU Delft Open, 2015, p. 37.

[2] **A. Petrovski**, A. Kochov, and V. Zileska - Pancovska, “Sustainable improvement of the energy efficiency of an existing building,” *Mechanical Engineering - Scientific Journal*, vol. 32, no. 1, 2014.

[3] **A. Petrovski**, V. Zileska - Pancovska, and V. Zujo, “Improving building sustainability by optimizing facade shape and solar insolation use,” presented at the International Scientific Conference People, Buildings and Environment 2014 (PBE2014), Kromeriz, Czech Republic, 2014, pp. 374–383.

[4] S. Petruseva, P. Sherrod, V. Zileska - Pancovska, and **A. Petrovski**, “Predicting Bidding Price in Construction using Support Vector Machine,” *TEM Journal*, vol. 5, no. 2, p. 143–151 (Web of Science–Thomson Reuters), 2016.

[5] V. Zileska - Pancovska, S. Petruseva, and **A. Petrovski**, “Predicting Sustainability Assessment at Early Facilities Design Phase,” *Facilities*, vol. (прифатено за публикување во Vol. 35), p. (SJR=0.371 Scopus), 2017.

[6] **A. Petrovski**, O. Marina, G. Dimkov, and D. Papasterevski, “Sustainable design for improvement of healthy built environment,” in *Proceedings of 2nd International Academic Conference on Places and Technologies*, Nova Gorica, 2015, pp. 52–58.

[7] **A. Petrovski**, V. Zileska - Pancovska, M. Zinoski, and B. Blazevska-Stoilkovska, “Implementing construction experience into sustainable design management for improvement of the design phase,” in *16th International Symposium of MASE*, Ohrid, 2015, pp. 967–973.

[8] **A. Petrovski**, S. Petruseva, and V. Zileska - Pancovska, “Multiple Linear regression model for predicting bidding price,” *Technics Technologies Education Management*, vol. 10, no. 3, pp. 386–393, 2015.

[9] S. Attia, F. Favoino, R. Loonen, **A. Petrovski**, and A. Monge-Barrio, “Adaptive Façades System Assessment: An initial review,” presented at the 10th Conference on Advanced Building Skins, Bern, Switzerland, 2015, pp. 1265–1273.

[10] G. Dimkov, D. Papasterevski, and **A. Petrovski**, “The cantilever in the national Macedonian architecture, aspects of the function, materials and their application,” *Technics Technologies Education Management*, vol. 10, no. 2, pp. 177–190, 2015.

[11] O. Marina, A. Trombeva-Gavrilovska, **A. Petrovski,** and M. Matevska, “Design of metal-glass pavilion in urban protected area based on Voronoi generated structure,” in *COST Action TU0905 Mid-Term Conference on Structural Glass*, Porec, Croatia, 2013.

[12] C. Struck, M. Almeida, S. Silva, R. Mateus, P. Lemarch, **A. Petrovski**, R. Rabenseifer, F. Wellershof and J. de Wit, “Adaptive facade systems – A review of performance requirements, design approaches, use cases and market needs,” presented at the 10th Conference on Advanced Building Skins, Bern, Switzerland, 2015, pp. 1254–1264.

[13] V. Zileska - Pancovska, B. Blazevska-Stoilkovska, V. Zujo, and **A. Petrovski**, “Construction Managers’ Perception of Sustainability Implementation in Building Processes,” presented at the 12th International OTMC Conference, Primosten, Croatia, 2015, pp. 426–433.

[14] **A. Petrovski** and T. Samardzioska, “Influence of orientation, shape and glazing in the energy efficiency of groundfloor housing buildings,” in *15th International Symposium of MASE*, Struga, 2013.

[15] **A. Petrovski,** T. Samardzioska, and A. Trombeva-Gavrilovska, “Comparison of insolation applied on surfaces of model placed in the area of Skopje,” in *Proceedings of First International Academic Conference on Places and Technologies*, Belgrade, 2014, pp. 758–765.

[16] **A. Petrovski,** T. Samardzioska, and A. Trombeva-Gavrilovska, “Analysis of insolation in regard to the orientation of surfaces,” in *5th International Conference*, Zabljak, Montenegro, 2014, pp. 1665–1671.

Проверката на докторската дисертација со наслов „Одржлив проектен менџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради“, изработена од кандидатот м-р Александар Петровски, во Системот за анализа и пронаоѓање плагијати на

Министерството за образование и наука на Република Македонија, укажува на оригиналноста на ова истражување (совпаѓање – 4,75%).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Презентирањето на истражувањата е низ логичен редослед и поврзаност, а изложената материја е селективна и концизна. Докторската дисертација се заснова на теоретска и методолошка дисциплина и во која преку критичен и аналитичен пристап кандидатот презентира значајни научни сознанија.

**Главниот научен придонес на истражувањето** е во тоа што за првпат е прикажан интегрален пристап за оцена на одржливоста на проектниот менаџмент во нашата земја. Пристапот за оцена на одржливост е наменет за примена во процесот на донесување одлуки при избор на најодржливи варијанти на идејни решенија и проекти.

Воспоставениот пристап за одржлив проектен менаџмент има за цел да делува во насока на промена на воспоставената парадигма на традиционално управување и изработка на проекти за станбени згради. Воспоставувањето одржлив проектен менаџмент овозможува создавање проекти за станбени згради, поздрава животна и работна средина, заштита на природата и природниот хабитат, како и заштита на ограничените ресурси, водејќи сметка за економските можности.

Пристапот овозможува транспарентност и објективност во процесот на управување со проектите. Односно, пристапот за оцена на одржливоста на проектниот менаџмент овозможува:

- целовита анализа и согледување на предностите и недостатоците на одржливоста на проектниот менаџмент, што ќе овозможи навремено преземање корективни мерки за подобрување на одржливоста на процесот на управување и на архитектонскиот идеен проект;
- објективно, транспарентно соопштување и разбирливо комуницирање на одржливоста на проектите, како во рамки на проектниот тим, така и кон јавноста;
- систем за квантификација на процесот на управување, кој покрај тоа што овозможува идентификација на недостатоците и нивно отстранување, тој може да служи и како водилка при управување со проектите;
- систем за оцена на одржливоста на идејните проекти, кој овозможува квантификација и идентификација на недостатоците и нивно отстранување;
- системот за оцена на одржливоста на идејните проекти може да служи и како водилка во архитектонското проектирање станбени згради. Односно, со навремено земање предвид на барањата на индикаторите, возможно е да се постигне нивна максимална реализација;
- оцената на одржливост на проектите овозможува поттикнување компетитивност во рамки на архитектонската професија, со што се придонесува за подобрување на квалитетот на проектите, односно нивната одржливост;
- транспарентно соопштување на перформансите на идејните проекти, со што ќе се овозможи поефективно и објективно донесување одлуки од страна на корисниците во однос на тоа дали одреден станбен простор или зграда ги задоволува нивните барања. Односно, прецизното мерење на перформансите, како на цела зграда, така и на поединечни станбени единици, ни дава детален увид во нивните поединечни карактеристики и квалитети;
- оцена на одржливост на проектите како еден од аспектите кој може да има и одредено влијание и врз пазарната вредност на недвижностите.

**Подрачјето на примена** е во градежништвото, попрецизно во архитектонската практика во земјата. Со цел стимулирање на имплементацијата на одржливоста во градежништвото кандидатот препорачува интеграцијата во следните три домени, и тоа: технолошки - преку примена на технологии и техники на одржлива изградба, регулаторен - во смисла на унапредување на регулативата од областа на одржлива изградба, образовен - кој подразбира зајакнување на знаењето од областа на одржливоста меѓу сите учесници во изградбата.

**Можни понатамошни истражувања**

Во научна смисла, методологијата употребена во ова истражување може да се приспособи за истражување на проекти за објекти од друга класа на намени, како што се деловните или индустриските објекти.

Кандидатот идентификува потреба од регулатива за одржливо домување и прилагодување кон националните аспирации и стратегија за одржливост. Исто така, потребно е земање предвид и на потребите на различни групи корисници, односно потребно е приспособување на националната регулатива во однос на објектите за домување кои се однесуваат на овие групи корисници.

Потребно е да се спроведат истражувања во областа на процена на животниот циклус на материјалите во Република Македонија и изработка на референтна база на податоци.

Истражувања кои може да се спроведат се посочени истражувања со цел изготвување регулатива од областа на звучна изолација кај станбени објекти и да се цели кон воспоставување „акустичен пасош“ за станбените објекти по примерот на некои европски земји.

Од добиените резултати од истражувањата во однос на влијанието на лесномонтажните истражувања стекнати се сознанија за нивното позитивно влијание врз животната средина. Како препорака за идни истражувања, посочена е изработка на подетални анализи во однос на нивните економски аспекти.

Како што посочува кандидатот, аспектите за проектирање одржливи објекти може да бидат во одредена мера и водилки во одржливо урбано планирање. Односно, поаѓајќи од потребите на основната урбана единица и преземање потребни мерки за подобрување на нејзината одржливоста при урбанистичкото планирање ќе се овозможи формирање одржливи населби и заедници, поради што е неопходно да се спроведат истражувања и во овие области. Истакнувајќи дека целта на алатките е да го потпомогнат процесот на архитектонско проектирање станбени згради, кандидатот потенцира дека тие не претендираат да ги решат сите архитектонски проблеми ниту можат да ја заменат улогата на архитектот во проектирањето. Односно, земајќи ги предвид современите потреби на човештвото, во однос на подобрување на одржливоста на станбените згради, а со тоа и проектите за нив, нужна е објективна квантификација на перформансите на таквите проекти која на транспарентен начин ќе овозможи нивна реевалуација и репроектирање со цел подобрена одржливост. Токму тука лежи особеното научно и апликативно значење и современие на изработената докторска дисертација.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет да ја прифати позитивната оценка од овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Александар Петровски** со наслов **Одржлив проектен менџмент на идејни архитектонски проекти за станбени згради.**

**Комисија**

**Проф. д-р Лилјана Денковска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовска, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.**

**Проф. д-р Вахида Жујо, член, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**

ПРЕГЛЕД
**НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Катерина Илиќ, дипл. екон.** | **“Трговските центри со нивните капитални вредности како потенцијал и предуслов во администрирањата на пазарот на недвижности“,** | **" Shopping centers with their capital values as potential and precondition in administriranjata of the real estate market "** | **проф. д-р. Ванчо Ѓорѓиев** | 02-2/136-163 од 28-12-2016 |
| 2 | **Лидија Анастасова, дипл.геод. инж** | **“Потребни мерки за урбана комасација и нејзина примена“,** | **" Necessary measures for urban land consolidation and its application"** | **проф. д-р. Јован Јованов** | 02-2/136-164 од 28-12-2016 |
| 3 | **Трајан Сарафимов, дипл.геод. инж.** | **“Просторното планирање и природните ресурси во функција на развојот на руралните подрачјата“,** | **"Spatial planning and natural resources aimed at the development of rural areas"** | **проф. д-р. Јован Јованов** | 02-2/136-165 од 28-12-2016 |
| 4 | **Слободан Јованоски, дипл.геод. инж.** | **“Приспособена методолошка рамка за потребите на 3Д катастарските системи со имплементација на продуктите од UAV системските платформи“** | **"Adjusted methodological framework for the needs of 3D cadaster systems with implementation of the products of UAV system platforms"** | **проф. д-р. Ванчо Ѓорѓиев** | 02-2/136-166 од 28-12-2016 |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**СТРАТЕШКИ ПРИСТАП КОН ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**– СЛУЧАЈОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**
ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА м-р БИЉАНА РУНЧЕВСКА,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а според Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 02-2114/2 донесена на 25.112016 година, определени сме за членови на Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов СТРАТЕШКИ ПРИСТАП КОН ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ – СЛУЧАЈОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН, поднесена од кандидатката м-р Биљана Рунчевска.

По внимателното и опстојно прегледување на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација содржи вкупно 272 страници, од кои на текст отпаѓаат 238 страници, 20 страници на прилози, а користената литература е приложена на 14 страници.

Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана и се состои од следниве поглавја:

Апстракт (стр. 1-4)
Содржина (стр. 5-7)
Вовед (стр. 8-13)
Глава I – Теоретски основи на локалниот економски развој (стр. 14-60)
Глава II – Инструменти за забрзување на локалниот економски развој (стр. 61-91)
Глава III – Стратешко планирање на локалниот економски развој (стр. 92-119)

Глава IV – Креирање и имплементирање проекти за локален економски развој (стр. 120-146)
Глава V – Меѓународни искуства во стратешкото планирање на локалниот економски развој (стр. 147-164)
Глава VI – Стратешко планирање на локалниот економски развој во Македонија (стр. 165-179)
Глава VII – Анализа на локалната економија – Општина Ресен во текот на транзицијата (стр. 180-192)
Глава VIII – Успешно стратешко планирање – Општина Ресен (стр. 193-219)
Глава IX – Перспективи на локалниот економски развој на Општина Ресен (стр. 220-229)
Заклучни согледувања (стр. 230-238)
Прилози (стр. 239-258)
Литература (стр. 259- 272)

Во *воведот* на дисертацијата, кандидатката најпрвин ја појаснува актуелноста на истражуваната проблематика. Потоа ги дефинира предметот и целите на истражувањето, како и користениот методолошки пристап. Во завршниот дел од воведот, кандидатката м-р Рунчевска ги презентира очекуваните резултати и научниот придонес на дисертацијата.

Во *првата глава* под наслов „Теоретски основи на локалниот економски развој,“ кандидатката се осврнува на основното поимно разбирање на ЛЕР. Според нејзино мислење, ЛЕР може да се претстави како креирање и имплементирање на активности и мерки вградени во стратегија, во која активно се вклучени сите заинтересирани учесници, кои преку партнерство се обидуваат на најдобар начин да ги искористат расположивите локални ресурси со цел остварување на посакуваната економска иднина која ќе придонесе за подобри економски услови за живот на локалните жители.

Од страна на кандидатката се согледува и се потврдува поврзаноста на ЛЕР со глобализацијата и децентрализацијата, како и поврзаноста на локалниот економски развој (ЛЕР) со човековиот развој. М-р Рунчевска потенцира дека ЛЕР се поврзува со децентрализацијата и глобализацијата, при што е создаден нов термин „глокализација“. Глокализацијата се случува тогаш кога локалните економии и локалните актери имаат поизразена улога на глобално ниво. Исто така, според кандидатката, се потврдува поврзаноста на ЛЕР со човековиот развој, бидејќи основна цел на економскиот развој треба да биде подобрување на квалитетот на живот на луѓето, што претставува основа на концептот на човеков развој.

Понатаму, за подобро да се разбере локалниот економски развој,

кандидатката се осврнува и го анализира ЛЕР од историска перспектива. Оттука, според неа, во современи услови произлегува неопходноста од стратешки пристап кон ЛЕР. Исто така, таа ја согледува поврзаноста на локалниот економски развој со низа економски теории, концепти и идеи. Притоа, кандидатката ја анализира поврзаноста на локалниот економски развој со теријата за економии на агломерација, потоа со теоријата за специјализација и диверзификација, како и со пристапот од дното кон врвот. Во својата анализа, таа не пропушта да ги пронајде елементите на поврзаност на локалниот економски развој со нео- класичниот модел на раст, како и со теоријата на ендоген раст.

Во продолжение на главата, од страна на кандидатката се согледуваат целите и принципите на локалниот економски развој. Притоа, се прави посебен осврт и се образложуваат дел од нив. Тргнувајќи од тоа дека целите и принципите можат да бидат многубројни, според кандидатката, потребен е консензус на локалните власти за одредување приоритетни цели и принципи, во согласност со политиките на економски развој на општината.

Со текот на времето доаѓа до зголемување на бројот на учесници кои ја овозможуваат и поддржуваат програмата за локален економски развој. Така, покрај локалните власти и општинските организации, соодветно место започнуваат да добиваат бизнис-секторот и невладиниот сектор. Според мислењето на кандидатката, најсестрана структура основана во рамки на иницијативите на ЛЕР вообичаено претставува Агенцијата за локален економски развој.

За разлика од претходната глава каде што акцентот е ставен на теоретското образложување на поимот локален економски развој, во *втората глава* под наслов „Инструменти за забрзување на локалниот економски развој“, кандидатката прави краток преглед на препораките за економски развој на локалната заедница. Поконкретно, анализирани се постапките и активностите што треба да се преземат за стимулирање на локалниот економски развој. Всушност, станува збор за употреба на соодветните инструменти и алатки за забрзување на ЛЕР.

Според мислењето на кандидатката, најприменувани алатки за локален економски развој во Република Македонија претставуваат: бизнис-инкубаторите, профилот на заедницата и анкетата за бизнис-клима. Во продолжение, м-р Рунчевска врши теоретска елаборација на бизнис-инкубаторите, осврнувајќи се на теортеските аспекти, но и на начинот на нивно формирање и функционирање. Потоа се анализира профилот на заедницата, начинот на негово креирање и неговата структура. На крај, се прави осврт врз анкетата за бизнис-клима, поконкретно чекорите за нејзино спроведување. Според мислењето на кандидатката, елаборацијата на овие инструменти и алатки има за цел нивна подобра примена за забрзување на ЛЕР.

*Третата глава* е насловена „Стратешко планирање на локалниот економски развој“. Според кандидатката, со цел поуспешно управување со ЛЕР, потребно е негово адекватно планирање преку изработка на соодветна стратегија. Стратегијата означува долгорочно планирање и спроведување на целите за локалниот економски развој.

Според нејзино мислење, имајќи ги предвид предностите на стратешкото планирање, локалните власти сѐ повеќе стануваат свесни за корисната од стратешко планирање на економскиот развој на локалната

заедница. За остварување на стратегијата, кандидатката потенцира дека се потребни соодветни финансиски средства. Финансирањето на изработката и реализацијата на стратегијата вообичаено е тешко, бидејќи во практика стратешките планови вообичаено претставуваат листа на локални желби поради што ресурсите и капацитетот на општината не се доволни за имплементација на проектите и идеите од стратегијата.

Понатаму, кандидатката го објаснува процесот на стратешко планирање за ЛЕР, кој се состои од пет фази: организирање на напорот, локална економска проценка, изработка на стратегија, имплементација, и мониторинг на стратегијата. Ваквата анализа за изработка на стратегиите за ЛЕР, според кандидатката, треба да придонесе за поуспешно стратешко планирање на економскиот развој на општината.

Во *четвртата глава* со наслов „Креирање и имплементирање проекти за локален економски развој", кандидатката се фокусира на една од најзначајните фази на стратешкото планирање на ЛЕР, односно имплементација на стратегијата. Според неа, без постоење проекти и нивно спроведување, не е можна реализација на стратегијата. Имајќи го предвид претходното, се наметнува потребата од подобро разбирање на процесот на спроведување на стратегијата преку реализација на одделни проекти. М-р Рунчевска потенцира дека проектите треба да имаат јасни цели, да бидат реалистични и со соодветни рокови. Ова се предуслови за потврдување на нивната вредност и значење.

Според мислењето на кандидатката, за да можат да управуваат со проектните циклуси, локалните власти треба да поседуваат соодветно знаење. Фазите од кои треба да се состои еден проект се: програмирење, идентификација, формулација, имплементација и евалуација. Но, значајна за подготвување и спроведување на проектите, според кандидатката, претставува логичката рамка. Таа претставува алатка и инструмент за управување со секоја фаза на проектниот циклус. Тргнувајќи од тоа дека проектите можат да бидат многубројни, а финансиските ресурси ограничени, сама од себе се наметнува потребата од користење одредени критериуми за определување приоритетни проекти. Сето тоа во функција на реализација на проектите. Кандидатката нотира неколку практични примери на имплементирани проекти во општините Струмица, Кавадарци, Битола и Охрид. Станува збор за реализирани проекти кои се однесуваат на јакнење на капацитетите на тимовите за ЛЕР, поддржување на малите бизниси, поттикнување на претприемаштвото, зголемување на вработеноста итн. Според нејзино мислење, тие се покажале како многу значајни за развој и помагање на локалната економија.

*Петтата глава* носи наслов „Меѓународни искуства во стратешкото планирање на локалниот економски развој". Тргнувајќи од настојувањето на Р. Македонија да стане членка во ЕУ, кандидатката потенцира дека е потребно да се следи искуството на земјите членки на ЕУ во врска со политиките за локален економски развој. Но она што е значајно е потврдување на фактот дека во ЕУ, стратегиите за ЛЕР претставуваат основен чекор и составен елемент на ЛЕР.

Кандидатката забележува дека во последно време, стратешкото планирање стана вообичаена практика во голем број земји. Во тој поглед, искуствата на Јужна Африка од страна на кандидатката се анализирани како релевантни примери и практики во планирањето на ЛЕР. Притоа,

акцентот е ставен на изработката на неопходните документи, преземените активности, одделните варијанти на ЛЕР и стратегиите за ЛЕР кои се применуваат во Јужна Африка. Се разбира, концептот на ЛЕР се применува и во земјите од Балканот. Оттука, од страна на кандидатката како примери се анализирани искуствата на Р Србија, Р Хрватска и Босна и Херцеговина. Кандидатката истакнува дека локалните власти од овие земји развиваат стратегии за ЛЕР со поддршка на различни донаторски организации и фондови на ЕУ.

*Во шестата глава* насловена „Стратешко планирање на локалниот економски развој во Македонија“, вниманието на кандидатката постепено се насочува кон примерот на локалниот економски развој во Македонија. Пред да се анализира македонското искуство во изработка на стратегии за ЛЕР, според нејзино мислење, важно е да се анализира настанокот и развојот на концептот на локален економски развој во нашата држава. Според кандидатката, процесот на децентрализација е заслужен за зачетоците на идејата за локален економски развој во Р Македонија.

Анализирајќи го македонското искуство во изработка на стратегии за локален економски развој, кандидатката открива колку од општините имаат усвоено стратешки пристап во планирање на ЛЕР. Констатацијата дека речиси сите општини во Р Македонија имаат изработено стратегии за ЛЕР, означува позитивен напредок.

Според кандидатката, можноста за запознавање со начините со кои одделни општини во земјава го стимулираат локалниот економски развој се согледува преку примери на успешни стратегии за локален економски развој. Според нејзино мислење, општините Илинден и Штип претставуваат примери на општини кои поседуваат успешни стратегии за ЛЕР.

Заради подобро запознавање со процесот на управување со ЛЕР во Општина Ресен, во *седмата глава* со наслов „Анализа на локалната економија – Општина Ресен во текот на транзицијата“, кандидатката ја анализира локалната економија во Општина Ресен. Истражувањето го потврдува ставот дека во периодот пред транзицијата егзистирале неколку значајни економски субјекти со голем број вработени. За разлика од тој период, а како последица на процесот на транзиција, денес најголемиот број од овие субјекти не работат или, пак, апсорбираат мал број работна сила. Факт е дека процесот на транзиција имаше негативно влијание врз стопанскиот развој во општина Ресен, но и врз сите сфери на општественото живеење. Според мислењето на м-р Рунчевска, Општина Ресен треба да вложи голем напор за подобра економска иднина, и тоа по пат на: привлекување нови инвестиции, унапредување на туризмот, поголема конкурентност на меѓународниот пазар (пред сè во поглед на пласманот на јаболка) и слични мерки и активности.

Во *осмата глава* со наслов „Успешно стратешко планирање – Општина Ресен“, се анализира локалниот економски развој на Општина Ресен. Предмет на интерес е активниот пристап што Општината го има заземено кон локалниот економски развој преку изработка на Стратегија. Поконкретно, Општина Ресен ги планирала активностите за локалниот економски развој во две стратегии: првата се однесува на периодот 2007-2012 година, а втората за периодот 2016-2021 година. Во овој контекст, истакнати се клучните чекори на процесот на стратешко планирање. Поконкретно, една од значајните активности на Општина Ресен во

процесот на стратешко планирање претставуваше анализа на состојбите во Општината. Според нејзино мислење, прегледот на моменталната ситуација на Општината за утврдените временски периоди содржи валидни податоци и информации. Понатаму преку анализа на развојните можности на Општина Ресен со помош на SWOT анализа идентификувани се предностите, слабостите, можносите и опасностите со кои се соочува Општината. Од прегледот на SWOT анализата од Стратегијата на Општина Ресен за периодот 2016-2021 година, според кандидатката, може да се изведе заклучок дека е направена сериозна и длабока анализа од страна на соодветните тимови на Општина Ресен. Сепак, се чини дека таа може да се продлабочи со низа дополнителни елементи (т.е. да се додадат дополнителни предности, слабости, можности и опасности).

Што се однесува до утврдените стратешки цели во Стратегијата за ЛЕР (2016-2021), опфатени се најважните приоритетни области, како и активностите и мерки за реализација на приоритетите. Според мислењето на кандидатката, активностите се добро дефинирани, но се чини дека Општината има потреба, покрај утврдените, да се фокусира и на други дополнителни активности.

Врз основа на утврдените приоритети, Општина Ресен има предвидено реализација на низа проекти. Тука, според м-р Рунчевска, определувањето соодветна временска рамка за реализација на утврдените проекти може да помогне за реализирање на Стратегијата.

Општина Ресен смета дека клучот на успешното планирање и имплементација на Стратегијата се должи на следниве предуслови: одлична комуникација со централната власт, редовно следење на ситуацијата на терен и поддршка од министерствата и Владата. Притоа, според кандидатката, за Општина Ресен е важно секогаш да има предвид дека постојат и други предуслови, искуства и практики врз кои може да се темели успешното реализирање на стратегијата. Тргнувајќи од тоа дека изработката на стратегијата е успешно завршена, според нејзино мислење, за да биде целиот процес успешен, останува најтешкиот дел, а тоа е имплементацијата. Реализацијата на Стратегијата е голем предизвик за општината. Ресурсите (буџетот и човечките ресурси) се ограничени и неопходно е тоа секогаш да се има предвид при реализација на Стратегијата.

Во последната *деветта глава* на дисертацијата, насловена „Перспективи на локалниот економски развој на општина Ресен“, кандидатката дава насоки за локалниот економски развој на Општина Ресен во блиска иднина. Со оглед на тоа што локалниот економски развој зависи од доброто планирање предводено од канцеларијата за локален економски развој, според кандидатката, произлегува неопходноста Одделението за ЛЕР на Општина Ресен да поседува соодветна експертиза, да биде од постојан карактер (вработените да не се менуваат со промена на политичките гарнитури на власт), да има релативно висок степен на автономност итн. Понатаму, кандидатката м-р Рунчевска потенцира дека е многу значајно Општина Ресен да внимава на елиминирање на евентуалните препреки уште од самиот почеток на процесот на стратешко планирање на ЛЕР.

На крајот од главата, кандидатката го задржува вниманието на уште едно важно прашање: препораките за подобро и поуспешно управување со локалниот економски развој во Општина Ресен. Високиот

степен на доверба и поддршка, интелигентно искористување на ресурсите, користење на сите можни извори на финансиски средства, зајакнување на капацитетите на општинската администрација, присуството на наблудување и мониторинг во сите чекори и фази, според нејзино мислење претставуваат само дел од препораките кои треба да бидат земени предвид заради поуспешно управување и планирање со процесот на ЛЕР во Општина Ресен.

Во рамките на последниот дел стандардно насловен *Заклучни согледувања*, кандидатката м-р Рунчевска ги сумира сознанијата до кои доаѓа во текот на истражувањето.

Литературата која е користена од страна на кандидатката при изработката на докторската дисертација содржи 136 библиографски единици. Насловите, во основа, се од странски автори и тоа во најголем број од англосаксонското говорно подрачје, но користени се и низа наслови на стручна литература од домашни автори. Освен тоа, наведени се и 72 релевантни интернет-страници на домашни и меѓународни институции од кои се преземени бројни студии и неопходни статистички податоци.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ И ПРЕДЛОГ

Трудот на кандидатката м-р Биљана Рунчевска со наслов „Стратешки пристап кон локалниот економски развој – случајот на Општина Ресен" претставува комплексна и научно издржана докторска дисертација, која по пат на теоретско и емпириско истражување пристапува кон современа и актуелна проблематика.

Предмет на истражувањето во рамките на докторската дисертација претставуваше управувањето со локалниот економски развој. Целта пред која беше исправена кандидатката беше изнаоѓање начини за унапредување на планирањето на локалниот економски развој. Успешното реализирање на целта на овој труд претставуваше голем предизвик и бараше исцрпно и детално истражување. Притоа, добиените сознанија требаше да добијат своја потврда на примерот на Општина Ресен.

Кандидатката го темелеше своето истражување на фактот дека локалниот економски развој претставува една од најзначајните обврски што во процесот на децентрализација е пренесена од централно на локално ниво. Имено, локалниот економски развој е лоциран во доменот на ингеренции на локалната самоуправа и се остава простор општините самостојно да креираат свој сопствен метод на планирање и спроведување на активностите за локален економски развој. Задачите од кои се појде во истражувањето беа следниве:

- детално разбирање на основните теоретски согледувања за локалниот економски развој;
- проучување на начините за адекватна примена на инструментите за забрзување на локалниот економски развој;
- анализа на процесите на изработка на стратегиите за локален економски развој;
- подобро разбирање на спроведувањето на стратегијата преку

проекти;

- унапредено управување со локалниот економски развој во Македонија;
- апликација на релевантни меѓународни и домашни искуства во управување со локалниот економски развој во Општина Ресен;
- откривање на перспективите за локалниот економски развој во Општина Ресен.

Како резултат на исцрпното и детално истражување, беа добиени соодветни одговори на вака поставените задачи. Некои од позначајните констатации до кои се дојде преку спроведеното истражување се дадени во продложение:

- во современи услови, локалните власти можат многу да придонесат за економскиот развој. Во оваа смисла, активностите за економски развој на општините треба да бидат насочени кон изработка на компетентна стратегија за ЛЕР;
- стратешкиот пристап кон ЛЕР, со кој се соочуваат локалните власти, претставува многу тешка и одговорна задача. Оттука, успешното справување со прашањата на локалниот економски развој бара негово соодветно разбирање;
- утврдувањето соодветни цели и принципи за ЛЕР може да придонесе за создавање поуспешни и поцврсти локални економии. Сепак, според кандидатката, заради поуспешно управување со ЛЕР, потребно е негово адекватно планирање преку изработка на стратегија. Стратешкото планирање претставува неразделна компонента на економскиот развој на општината;
- имплементацијата на стратегијата има исклучително значење за процесот на стратешко планирање на ЛЕР. Во овој контекст, без поседување соодветни проекти како и нивно доследно спроведување, не е можна реализација на стратегијата;
- меѓународните искуства можат да помогнат да се избегне правењето сопствени грешки. Секако, она што е посебно важно е како да се унапредат македонските практики во стратешкото планирање на ЛЕР;
- анализата на локалната економија на Општина Ресен, спроведена од страна на кандидатката, овозможи подобро разбирање на постојното управување со ЛЕР во Општина Ресен. Врз основа на утврдените приоритети, Општината предвидела реализација на низа проекти, но кандидатката констатира дека определувањето соодветна временска рамка за реализација на проектите може да помогне во голема мера за доследно реализирање на Стратегијата. Сепак, според нејзино мислење, реализацијата на Стратегијата е голем предизвик за Општината со оглед на скромните буџетски и човечки ресурси. Затоа, неопходно е ова постојано да се има предвид.

За потребите на дисертацијата беше проучена релевантна литература од домашни и странски автори, како и документи, студии и соодветни стратегии за локален економски развој. Добиените теоретски сознанија потоа беа проверени преку спроведување истражување на случајот на Општина Ресен.

Трудот на кандидатката м-р Биљана Рунчевска претставува резултат на користење истражувачка методологија што се одликува со аналитички и критички пристап. Таа вложува континуиран напор за постигнување што поголема објективност во проучување на проблематиката, без внесување предрасуди и лични предубедувања. На тој начин, констатациите до кои доаѓа се одликуваат со објективност и се базираат на стручна и научна анализа.

Имајќи го предвид претходното, се доаѓа до констатацијата дека на предметот на истражување, т.е. на стратешкиот пристап кон локалниот економски развој, кандидатката му пристапила со адекватен степен на научна објективност и сериозност. Тоа ѝ овозможило исполнување на целта на истражувањето, односно добивање сознанија за неопходните предуслови за унапредување на планирањето и реализацијата на локалниот економски развој, посебно на примерот на Општина Ресен.

Од аспект на општата структурираност (глави, точки и потточки, нивната големина и пропорции, како и меѓусебната поврзаност на деловите), трудот претставува конзистентна целина. Во технички поглед, дисертацијата е коректно оформена. Текстот е компјутерски среден и лекториран.

Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација е изработена врз основа на претходно дефинирани предмет, цели и задачи на истражувањето, со користење релевантна стручна и научна литература, како и сознанието дека анализираните и истражуваните концепти добија своја потврда во емпириското истражување, ни претставува чест да констатираме дека докторската дисертација ги реализирала очекуваните резултати.

На 15.1.2017 година, текстот на докторската дисертација на кандидатката м-р Биљана Рунчевска на тема „Стратешки пристап кон локалниот економски развој – случајот на Општина Ресен“, од страна на менторот беше подложен на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на Министерството за образование и наука. Истиот ден, т.е. на 15.1.2017 година, добиен е повратен Извештај во кој е констатиран степен на совпаѓање од 7,61% (од вкупно 69160 зборови, регистрирано е совпаѓање на 5260 зборови во 1430 документи).

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека кандидатката м-р Биљана Рунчевска самостојно изработила труд што ги задоволува научно-методолошките критериуми и апликативните стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттука, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно изработена докторска дисертација на кандидатката м-р Биљана Рунчевска, под наслов СТРАТЕШКИ ПРИСТАП КОН ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ– СЛУЧАЈОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН;
2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување датум за јавна одбрана на докторската

дисертација.

Комисија за оцена на докторската дисертација

1. Проф. д-р Пеце Недановски с.р.
2. Проф. д-р Наталија Николовска с.р.
3. Проф. д-р Сашо Ќосев с.р.
4. Проф. д-р Ангел Георгиев с.р.
5. Проф. д-р Методија Несторовски с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МОТОРНИ ВОЗИЛА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Утрински весник" и „Коха" од 12.12.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) моторни возила, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2815/2, донесена на 29.12.2016, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Милан Ќосевски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Дарко Данев, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Игор Ѓурков, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) моторни возила, во предвидениот рок се пријави д-р Александар Костиќ, дипломиран машински инженер.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Александар Костиќ е роден на 19.3.1979 година во Скопје. Средно образование завршил во УСО „Орце Николов" во Скопје, во 1997 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет - Скопје. Дипломирал на 24.5.2002 година, со просечен успех 10,00.

Кандидатот активно го зборува англискиот јазик (C1/C2), а солидно ги владее и германскиот јазик (A2) и италијанскиот јазик (A1).

Во учебната 2003/2004 се запишал на магистерски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет - Скопје, на истражувачкото подрачје моторни возила. На 31.8.2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Теоријата на хаосот како метод за истражување на динамичкото однесување на возилата".

Докторска дисертација пријавил во 2008 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет - Скопје. Дисертацијата на тема: „Примена на техниката на интелигентни транспортни системи (ITS) за зголемување на протокот на возилата и на безбедноста во сообраќајот во урбани средини" ја одбранил на 19.12.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Милан Ќосевски, Машински факултет – Скопје, проф. д-р Драги Данев, Машински факултет – Скопје (во пензија), академик проф. д-р Љупчо Коцарев, ФИНКИ – Скопје, проф. д-р Чедомир Дубока, Машински факултет – Белград, проф. д-р Владимир Папиќ, Сообраќаен факултет - Белград. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки.

На 5.7.2012 година е избран во звањето доцент на Машинскиот факултет во Скопје, во областа моторни возила.

Во моментот е доцент на Машинскиот факултет во Скопје во областа моторни возила. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1032 од 31.5.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1032 од 31.5.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Александар Костиќ изведува настава, вежби, практика и консултации на I и на II циклус студии на студиските програми моторни возила, транспорт механизација и логистика и индустриски дизајн, како и на III циклус студии на студиската програма машинство.

Кандидатот бил ментор на 4 дипломски трудови.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 30 дипломски трудови и на 1 магистерски труд.

Другите активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Александар Костиќ има објавено вкупно 11 научни трудови од областа на мотторните возила, од кои 3 научни труда во меѓународни научни списанија и 8 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Александар Костиќ учествувал како член во 1 национален научен проект.

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Александар Костиќ активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Машинскиот факултет во Скопје. Врши стручни и експертски активности во рамките на овластувањата на Техничката служба за возила и Лабораторијата за тестирање на механички карактеристики, машини и возила на Машинскиот факултет во Скопје.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес.

Д-р Александар Костиќ од 2008 година ја извршува функцијата раководител на Лабораторијата за возила на Машинскиот факултет во Скопје.

Кандидатот учествува во Уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание „International scientific journal TRANS MOTAUTO WORLD", ISSN 2367-8399, и е член на

Организациониот одбор на меѓународниот научен собир „International Scientific Technical Conference TRANS'16 MOTAUTO“.

Во изборниот период, д-р Александар Костиќ учествувал во изготвување и пријавување на 2 научни меѓународни проекта.

Другите активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Александар Костиќ, во учебната 2013/2014 година и во учебната 2015/2016 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Костиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александар Костиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област моторни возила.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Александар Костиќ да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област моторни возила.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. **Проф. д-р Милан Ќосевски с.р.**
5. **Проф. д-р Дарко Данев с.р.**
6. **Проф. д-р Игор Ѓурков с.р.**

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Александар Звонимир Костиќ***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Машински факултет - Скопје / МКММВ***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***МОТОРНИ ВОЗИЛА***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| **I** | **Одржување на настава (прв циклус студии)** | |
| 1 | Уреди и опрема кај моторните возила (2012/2013 - летен) | 1,2 |
| 2 | Влечни машини (2012/2013 - летен) | 1,2 |
| 3 | Уреди и опрема кај моторните возила (2013/2014 - летен) | 1,2 |
| 4 | Уреди и опрема кај моторните возила (2014/2015 - летен) | 1,2 |
| 5 | Современи погонски системи за возила (2015/2016 - зимски) | 1,2 |
| 6 | Уреди и опрема кај моторните возила (2015/2016 - летен) | 1,2 |
| 7 | Интелигентни транспортни системи (2015/2016 - летен) | 1,2 |
| 8 | Пракса/интердисциплинарен проект 6 (2015/2016 - летен) | 1,2 |
| 9 | Пракса/интердисциплинарен проект 8 (2015/2016 - летен) | 1,2 |
| 10 | Современи погонски системи за возила (2016/2017 - зимски) | 1,2 |
| **II** | **Одржување на настава (втор циклус студии)** | |
| 1 | Интелигентни транспортни системи (2014/2015 - летен) | 1,5 |
| 2 | Интелигентни транспортни системи (2013/2014 - летен) | 1,5 |
| **III** | **Настава во школи и работилници** | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | REM 2015 Road transport and emission modelling workshop, European commision - Joint research centre - ISPRA, 10-11 September 2015, Skopje | 1 |
| **IV** | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | |
| 1 | Автоматизација на постапките на проектирање на моторни возила (2012/2013 - зимски) | 0,9 |
| 2 | Моторни возила (2012/2013 - зимски) | 0,9 |
| 3 | Конструкција на моторните возила (2012/2013 - зимски) | 0,9 |
| 4 | Уреди и опрема кај моторните возила (2012/2013 - летен) | 0,9 |
| 5 | Влечни машини (2012/2013 - летен) | 0,9 |
| 6 | Теорија на движење на моторните возила (2012/2013 - летен) | 0,9 |
| 7 | Автоматизација на постапките на проектирање на моторни возила (2013/2014 - зимски) | 0,9 |
| 8 | Автоматизација на постапките на проектирање на мобилни системи (2013/2014 - зимски) | 0,9 |
| 9 | Уреди и опрема кај моторните возила (2013/2014 - летен) | 0,9 |
| 10 | Проектирање и анализа на автоматизирани системи кај МВ (2013/2014 - летен) | 0,9 |
| 11 | Автоматизација на постапките на проектирање на моторни возила (2014/2015 - зимски) | 0,9 |
| 12 | Теорија на движење на моторните возила (2014/2015 - зимски) | 0,9 |
| 13 | Уреди и опрема кај моторните возила (2014/2015 - летен) | 0,9 |
| 14 | Проектирање и анализа на автоматизирани системи кај МВ (2014/2015 - летен) | 0,9 |
| 89 | **E.Hristova-Antova**, E Srbinovska, V Spirovska, M Zanteva, M Otljanska, M Nospal et al. Defectus septi atriorum and miksoma atria dextri in the basis of the pulmonary thrombemboly – case report, YU ECHO 1, Prvi kongres Jugoslovenskog udruzenja za ehokardiografiju, Beograd, Srbija 2004, abstr.p 54 | **1** |
| 90 | **E.Hristova-Antova**, E Srbinovska, M Zanteva, V Spirovska ,M Otljanska, M Vavlukis et al. Importance of the atherogenic indexes in patients with valvular aortic stenosis as a predictor for CAD, YU ECHO 1, Prvi kongres Jugoslovenskog udruzenja za ehokardiografiju, Beograd Srbija 2004, abstr.p 45 | **1** |
| 91 | D.Projevska, V Spiroska, M.Zanteva,E Srbinovska, Lj Georgievska,M Nospal, **E.Hristova**, et al.Echocardiography as a criteria for making a diagnose of infective endocarditis, YU ECHO 1, Prvi kongres Jugoslovenskog udruzenja za ehokardiografiju, Beograd, Srbija 2004, abstr.p 127. | **1** |
| 92 | D.Projevska, M.Zanteva,V Spiroska, Lj Georgievska , **E.Hristova,** E Srbinovska, et al.Haemodialisis as a risk factor for infective endocarditis, YU ECHO 1, Prvi kongres Jugoslovenskog udruzenja za ehokardiografiju, Beograd, Srbija 2004, abstr.p 128 | **1** |
| 93 | E.Srbinovska, V.Spiroska, V.Andova, **E.Hristova**, M.Nospal, S.Meskovska, H.Pejkov: Left ventricular remodelling in patients with dilated cardiomyopathy: An echocardiographic study. . V-th Congress of the Croatin Cardiac Society with International Participatin, Opatia, Croatia, 2004, Abs. Book, pg 95. | **1** |
| 94 | S.Meskovska, M.Bosevski, O.Bongard, V.Kotevski, **E.Hristova**, E.Srbinovska, M.Nospal, M.Buseva: Carotid intima media thickness: a noninvasive method to predict severity of coronary atherosclerosis. . V-th Congress of the Croatin Cardiac Society with International Participatin, Opatia, Croatia, 2004, Abs. Book, pg 102. | **1** |
| 95 | **E.Hristova-Antova**; E.Srbinovska, M.Otljanska; S.Jovanova; D.Proeska; M.Bosevski, I.Peoska; E.Caparoska; M.Jurukovska: Diastolic function in severe aortic stenosis in relation to systolic function of the left ventricle and dimension of the left atrium; Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology; Ohrid, 2006; abs 068. | **0,5** |
| 96 | **E.Hristova-Antova**, E.Srbinovska, M.Zanteva, V.Spiroska, V.Bozinovska; D.Proeska; V.Andova: Indications for catheterization in case of severe aortic stenosis – correlative analysis of Doppler | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | echocardiography and catheterization; Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology; Ohrid, 2006; abs 069. | |
| 97 | **E.Hristova-Antova,** E.Srbinovska; T.Trajcevski, M.Vavlukis, M.Otljanska, V.Andova, L.Grueva; E.Caparoska: Double pressured overload of the left ventricul due to an existence of a combined heart defect – coarctatio of the aorta and aortic stenosis. Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology; Ohrid, 2006; abs 070. | **0,5** |
| 98 | **Е.Христова-Антова,** В Котевски, М Жантева, В Спироска, В Божиновска,С Јованова, В Андова,М Јуруковска, Исхемичен мозочен удар како компликација на нерешена пулмонална стеноза и атријален септален дефект- приказ на случај, Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology; Ohrid, 2006; abs 075. | **0,5** |
| 99 | V.Andova, E.Srbinovska, V.Spiroska, M.Zanteva, E.Caparska, D.Proeska, **E.Hristova,** T.Caparoska, Pejkov H.: Findings of continuous electrocardiography (Holter Monitoring) in mitral valve prolapse; Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology; Ohrid, 2006; abs 093. | **0,5** |
| 100 | Caparoska E., Andova V., Srbinovska E., D.Projeska, **E.Hristova**, J.Kostov, I Tonova: The effect of Losartan as a mono-therapy in patient with moderate arterial hypertension. Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology; Ohrid, 2006; abs 120. | **0,5** |
| 101 | Д Пројеска , В Спироска , М Жантева, Б Танева, **Е Христова**, Ј Костов, Т Чапароска, Е Чапароска, Ф Арнаудова, И Пејоска, В Андова, Дисекција на аорта како случаен ехокардиографски наод- приказ на случај, Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology; Ohrid, 2006; abs 071. | **0,5** |
| 102 | Србиновска Е, Спировска Б, Андова Б, **Христова Е**, Чапароска Е, Чапароска Т, Пејков Х, Горгиев А: Левовентрикуарно ремоделирање кај пациенти со дилатациона кардиомиопатија: ехокардиогравска студија на систолни и диастолни параметри. Трет македонски конгрес по кардиологија, Охрид, 2006, abs 72 | **0,5** |
| 103 | Vavlukis M., Maksimovic J., Pop Gjorceva D., Majstorov V., Peovska I., Kostova N., Zdravkovska M., **Hristova E**., Poposka L., Taneva B. Modified Bruce/dipirydamol versus dipirydamol stress protocol in patients performing myocardial perfusion imaging. Abs. Book of Third Macedonian Congress of Cardiology, Ohrid, 2006, abs 082. | **0,5** |
| 104 | В.Радуловиќ, **Е Христова**. Ангина пекторис кај пациенти со хипертензија и нормална коронарографија. Зборник на апстракти на 17. Конгрес на лекарите на РМ со меѓународно учество,Охрид, 2007, стр. 17. | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 105 | **Е.Христова-Антова**,Е.Србиновска-Костовска: Значење на трансвалвуларната максимална брзина на проток и нејзиниот годишен пораст кај асимптоматските пациенти со тешка аортна стеноза и нивно преживување. IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs. 131p. | **0,5** |
| 106 | **E.Hristova-Antova**, I.Pejoska, E.Srbinovska: Echocardiographic predictors for Aortic Valve Replacement in Asymptomatic patients with Severe Aortic Stenosis. IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.107p. | **0,5** |
| 107 | E.Srbinovska, **E. Hristova**, V.Andova, H.Pejkov, A.Georgiev: Analysis of the risk factors and manifestation of the coronary heart diseases in patients with multivessel diseases, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.025p. | **0,5** |
| 108 | E.Srbinovska**, E.Hristova**, V.Andova, Lj.Georgievska-Ismail, L.Grueva, V.Bozinovska: Echocardiographic evaluation of chronic mitral regurgitation, what is new? IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.103p. | **0,5** |
| 109 | M. Vavlukis, N.Kostova, I.Pejovska, M.Bosevski, **E.Hristova**, D.PopGorceva, V.Majstorov, Maja Zdravkovska, The role of SPECT MPI in diagnostic evaluation of asymptomatic patient with diabetes mellitus( case report based analyze), IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.114p. | **0,5** |
| 110 | Л.Груева,Е.Србиновска, В.Спировска, Љ.Георгиевска Исмаил, В.Божиновска, СЈованова, ВАндова, **Е.Христова**, Ф Арнаудова, АГеоргиев, Б. Танева,М.Отљанска, Приказ на случај-енормно голема лева предкомора, IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.132p. | **0,5** |
| 111 | В.РадуловикБожиновска, Е Србиновска, С Јованова, Л.Груева, **Е Христова,** М.Отљанска, В Андова. Клинички и електрокардиографски карактеристики на птц. со нестабилна ангина пекторис и повекесадовна коронарна болест, IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.015p. | **0,5** |
| 112 | V.Andova, D.Kovacevic, E.Srbinovska, M.Zanteva, B.Zafirovska, A. Jovkovski,J.Taleski,Z Petkovska,**E.Hristova**, B.Pocesta,Treatment of acute pulmonary thrombembolism, IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.033p. | **0,5** |
| 113 | I.Peovska, J Maksimovic, M.Vavlukis, N Kostova, M Bosevski, M Otlanska, **E Hristova**. Prevalence of myocardial ischemia detected by myocardial perfusion SPECT in patients with metabolic syndrome, IV-rd Macedonian Congress of cardiology, Ohrid, 2010,Abstract book, abs.119p. | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 114 | I.Peoska, E.Srbinovska, **E.Hristova**, M.Otljanska, M Bosevski, F.Arnaudova, V Andova, Risk stratification and optimal therapeutic approach in asympthomatic patients with high cardiovascular risk: the value of myocardial gated SPECT imaging, EUROECHO 2013, Istanbul, Turkey, Vol. 14 suppl 2, p 842. | 1 |
| 115 | I.Peoska; E.Srbinovska Kostovska; M.Otljanska; F.Arnaudova; M.Vavlukis, N.Kostova; **E.Hristova**: Myocardial gated SPECT imaging in asympthomatic diabetic patients: Clinical decision and optimal therapeutic approach; Cardiologia Croatica 2013;8(5-6):203. | 1 |
| 116 | **E. Antova**, Lj.Georgievska Ismail, E.Srbinovska, V Andova , I Peovska, J.Davceva, M Otljanska, M.Vavlukis. Exercise test , Nt pro-BNP and echocardiographic parameters in asymptomatic ptc. with severe valvular aortic stenosis. EUROECHO 2014, Vienna, Austria,Vol.15, suppl 2, p 996. | 1 |
| 117 | **Antova E** , Georgievska-Ismail Lj , Srbinovska E , Peovska I , Otljanska M , Andova V , Zanteva-Naumoska M, Exercise test, Nt proBNP and echocardiographic paramaters in asymptomatic ptc. with severe valvular aortic stenosis, 5- th Macedonian congress of cardiology, Skopje, 2014, Abstract No 85p | 0,5 |
| 118 | **Antova E** , Georgievska-Ismail Lj , Srbinovska E , Peovska I , Kostova N , Davceva-Pavlovska J , Zanteva-Naumoska M, Nt proBNP and echocardiographic parameters in severe valvular aortic stenosis, 5- th Macedonian congress of cardiology, Skopje, 2014, Abstract No 86p | 0,5 |
| 119 | Peovska I , Srbinovska E , Davceva Pavlovska J , **Antova E** , Andova V , Otljanska M , Arnaudova F , Bosevski M, Rana detekcija na subklinicka levo komorna disfunkcija i miokardna ishemija kaj asimptomatski pacienti so dijabetes tip 2: prognosticka uloga na tkiven Dopler, parametari na miokardna deformacija i miokardna perfuziona scintigrafija, 5- th Macedonian congress of cardiology, Skopje, 2014, Abstract No 37p | 0,5 |
| 120 | Srbinovska-Kostovska E., Pejkov H., Antov S., Kalpak O., Andova V.,**Hristova E.**, Kedev S., Six-months follow-up of the echocardiographic parameters in patients with acute LAD occlusion, 5-th Macedonian congress of cardiology, Skopje, 2014, Abstract No 91p | 0,5 |
| 121 | **E.Antova**, Lj Georgievska, E.Srbinovska: Nt proBNP and echocardiographic parameters in severe valvular aortic stenosis, I-st Congress of cardiovascular Imaging, Belgrade, Journal of the Cardiology Society of Serbia, abs. 21, Vol.34, suppl A 2015. | 1 |
| 122 | I.Mitevska, J.Davceva, E.Srbinovska, F.Arnaudova, M.Otljanska, **E. Antova**: Detection of coronary atherosclerosis and myocardial ischemia in asympthomatic patients with increased cardiovascular risk. I -st | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Congress of cardiovascular Imaging, Belgrade, Journal of the Cardiology Society of Serbia,abs 50, Vol.34, suppl A 2015. | |
| 123 | I.Mitevska, E.Srbinovska, V.Andova, **E. Antova**: Left ventricular longitudinal function in different types of left ventricular hyperthrophy. I-st Congress of cardiovascular Imaging, Belgrade, Journal of the Cardiology Society of Serbia, abs. 33, Vol.34, suppl A 2015 . | 1 |
| 124 | I. Peovska Mitevska, N. Baneva, M. Bosevski, E. Srbinovska Kostovska, **E. Antova**. Therapeutic and prognostic implications of coronary atherosclerosis and myocardial ischemia in<br><br>asymptomatic patients with diabetes mellitus type 2. ESC congress Rome, Abs: P6162, European Heart Journal, 2016, 37 ( Abstract Supplement ), 1262 | 1 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br><br>**(усна презентација – 1; постер – 0,5)** | |
| 125 | **Христова Е,** Христов Н, Шукова Д, "Улогата на здравствената заштита во физичката култура", Зборник на трудови на 9. Летна школа на педагозите по физичка култура на Југославија, стр. 408, Охрид, 1989 г | 1 |
| 126 | **Христова Е,** Вучидолов М, "Влијанието на надморската височина врз промените на хемоглобинот кај студентите од Факултетот за физичка култура во Скопје", Зборник на трудови на 9. Летна школа, стр. 80, Охрид, 1989г. | 1 |
| 127 | **ХристоваЕ,**"Изразена аортна стеноза-приказ на случај", Охрид, I интернационален симпозиум за ехокардиографија, 16.9.2003 | 1 |
| 128 | **Христова Е**, "Проценка на аортна стеноза",Симпозиум за базична ехокардиографија, Скопје, (13:45 ), 3.3.2012 | 1 |
| 129 | **Христова Е,** "Евалуација на пулмонална стеноза " и "Евалуација на аортна стеноза", Курс по базична ехокардиографија, организирана со Здружението на интернисти на РМ, во соработка со Работната група за ехокардиографија на Македонското зружение по кардиологија, Скопје, (10:30 ), 22 февруари 2014 | 1 |
| 130 | **Антова Е**, "Асимптоматска Аортна Стеноза", Петти македонски конгрес по кардиологија, Скопје, (11:30), 6.6.2014 г. | 1 |
| 131 | **Учесник во национален научен проект:** | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | "Стекнати валвуларни заболувања:евалуација, прогноза, оперативно лекување и евалуација на постоперативните резулати, преживување и превенција", финансиран од Министерството за образование и наука (2001 г.) | |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| 132 | Предавање на тема: ,,Аортна валвуларна стеноза – зголемена инциденција или подобра дијагноза", Катедра за интерна медицина на Медицинскиот факултет, 31 октомври 2002 год. | 1 |
| | **Предавач на работилници/школи** | |
| 133 | 6. Школа за ехокардиографија ,,Основна ехокардиографија", под покровителство на Македонското здружение по кардиологија, Скопје, 28-30 октомври 2003 г. | 1 |
| 134 | ,,Коронарна артериска болест: превенција, фактори на ризик, клинички израз". Проект: Запознавање со срцево садовните заболувања, организиран од невладината ромска организација "Dendo vas" (Подај рака), Скопје, 19.11.2004 г. | 1 |
| | **Учество на курсеви/школи** | |
| 135 | EACVI Teaching Course of Advance myocardial function imaging, Sofija, Bugarija, 3-5 april 2014. | 1 |
| 136 | Курс за експертско ниво по ехокардиографија, Модул 4, Софија, Бугарија, 30.11- 01.12.2013. | 1 |
| 137 | EAE Teaching Courseof Advance Echocardiography, Three dimensional echocardiography, myocardial velocity and deformation imaging, Skopje, 26-27 October 2012 | 1 |
| 138 | EAE teaching course, "New echocardiographic techniques for myocardial function imaging, 5-7 April, 2012, Sofia, Bulgaria | 1 |
| 139 | Philips HD series ultrasound systems, Skopje, 12-13.05. 2011 | 1 |
| 140 | Symposium of the Swiss Cardiology and hypertension, Geneva, Switzerland, 13-15 june 2007. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 141 | Current Trends and Future Strategies in Cardiology treatment, 22 january 2011, Riga, Latvia. | **1** |
| 142 | 7-ма Годишна Централно-Европска средба за пулмонална хипертензија, ноември 2015, Виена Австрија | **1** |
| 143 | EBAC Attendance Certificate: сертификати за активност во едукација за време на конгресите и активно учество на вебинари online организирани од Европското кардиолошко здружение (8 ) | **1** |
| | **Вкупно** | **162,7** |

### 3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Реден бр.** | **Назив на активност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството - интерна медицина | **2** |
| 2 | Завршена суспецијализација во областа на медицинските науки и здравството - кардиологија | **1** |
| 3 | Воведување нова лабораториска/клиничка метода: изведување на тест на оптоварување кај пациентите со тешка аортна стеноза. | **4** |
| 4 | Воведување на нови ехокардиографски модалитети за срцевата механика (напредни ехокардиографски техники). | **4** |
| 5 | Студиски престој во период од 1 месец на Department of Cardiology, University Hospital Gasthuisberg, Leuven, Белгија, во 2000 г. | **0,5** |
| 6 | Студиски престој во период од 5 месеци на Медицинскиот универзитет во Виена, Австрија, Клиника за кардиологија, Оддел за неинвазивна кардиологија (септември 2015-јануари 2016) | **1** |
| | **Експертски активности** | |
| 1 | Раководител на внатрешна организациона единица - Отсек за вродени и стекнати срцеви мани, Универзитетска клиника за кардиологија, бр.04-2200/1, 27.9.2012 | **3** |
| | **Вкупно** | **15,5** |

## 4. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Реден бр.** | **Назив на активност** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Член на организационен или програмски одбор на научен/ стручен собир** | |
| 1 | Прв интернационален симпозиум за ехокардиографија, 25 години македонска ехокардиографија, Охрид, 2003 | **0,5** |
| 2 | 4. Македонски конгрес по кардиологија, Охрид, 2010 | **0,5** |
| 3 | Симпозиум за базична ехокардиографија, Скопје, 2012 | **0,5** |
| 4 | 5. Македонски конгрес по кардиологија, Скопје, 2014 | **0,5** |
| 5 | Награда за научно постигнување доделена на I-st Congress of cardiovascular Imaging, Belgrade, 2015 | **3** |
| | **Вкупно** | **5,0** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **139,96** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **162,7** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15,5** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **5,0** |
| **ВКУПНО** | **323,16** |

**Членови на комисијата**

1. **Проф. д-р Лазар Лазаров, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Горица Брешковска, член, с.р.**
3. **Проф. д-р Бисерка Ќаева, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Силвана Јованова, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Магдалена Генадиева Димитрова, член, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на насл. доц. д-р Јагода Стојковиќ и д-р Емилија Антова.

Врз основа на изнесените податоци и севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека насл. доц. д-р Јагода Стојковиќ и д-р Емилија Антова поседуваат научни и стручни кавалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето НАУЧЕН СОРАБОТНИК по предметот ИНТЕРНА МЕДИЦИНА. Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, насл. доц. д-р Јагода Стојковиќ и д-р Емилија Антова да бидат избрани во звањето НАУЧЕН СОРАБОТНИК по предметот ИНТЕРНА МЕДИЦИНА.

**Членови на комисијата**

1. **Проф. д-р Лазар Лазаров, претседател, с.р.**
2. **Проф. д-р Горица Брешковска, член, с.р.**
3. **Проф. д-р Бисерка Ќаева, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Силвана Јованова, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Магдалена Генадиева Димитрова, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА 3 АСИСТЕНТИ- ДОКТОРАНДИ ПО ПРЕДЕМЕТОТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образовение (Службен весник на Република Македонија број 35/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10.15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/16 и 127/16), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ( Универзитетски гласник бр.274/13), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата **I** редовна седница одржана на **14.11.2016** година, донесе Решение за избор на 21 асистент-докторанд по предметот **ХИРУРГИЈА** во согласност со конкурсот објавен на **05.10.2016**. година, во дневните весници **„ Утрински весник“, „Дневник“, и „Коха“**, и за таа цел формира **Рецензентска комисија** во состав:

1. проф.д-р Слободан Ристовски
2. доц.д-р Симон Трпески
3. доц. д-р Елизабета Мирчевска Жоговска

На конкурсот се пријавија 3 кандидати: **д-р Слободан Гурмешевски, д-р Томи Камиловски и д-р Александар Илиевски.**

Рецензентската комисија ги разгледа пријавите на кандидатите и поднесената документација.

Врз основа на документацијата, како и ценејќи го севкупниот стручен, научен и наставен развој на кандидатите, Рецензентската комисија има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Д-р Слободан Гурмешевски

### *1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ*

Кандидатот д-р Слободан Гурмешевски е роден на 2.10.1979 година во Скопје, каде што го завршил основното образование во ОУ „Димитар Миладинов“ и средното образование во ДСМУ ,,Панче Карагозов“, со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје дипломирал во 2005 година, со просек 9,18. По завршениот приправнички стаж, во јуни 2005 година го положува државниот испит. Специјализацијата по општа хирургија ја започнал во 2006 година. По неговото вработување во ЈЗУ УК за урологија, специјализацијата ја променил во специјализација по урологија во 2012 година, а ја завршил во октомври 2015

година, кога и го положил стручниот испит и се здобил со звањето специјалист по урологија. Од странските јазици поседува сертификат од 5.9.2014, Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL Intrenational (Preliminary)* -Preliminary English тест ниво Б2 јазик. Успешно се користи со поголем број апликативни компјутерски програми од интерес.

## *2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА*

### Научно-образовна дејност

Д-р Слободан Гурмешевски уште во текот на студентските денови покажал интерес за научна дејност со учество на студентски конгреси при што земал активно и пасивно учество на национални и интернационални медицински конгреси. Во периодот 2015 -16 година е избран за предавач (дел од работната група) од Министерството за здравство на РМ, за спроведување на програмата МБД (медицина базирана на докази), теоретски и практичен дел, за едукација на избрани лекари од областа урологија.

### *Научноистражувачка дејност*

Автор е на следниов труд:

1. **S.Gurmeshevski**,E.Ivanova, Laryngeal mask,the future of modern anesthesiology in modern surgery,International Congres of Medical Sciences,2003,Sofija;Abstract book,pp 54

Во ретроспективна 24-месечна анлиза на 947 пациенти на возраст од 6 месеци до 14 години, кај 57% е користена ларингеална маска и кај 42,8% ендотрахеален тубус за анестезија. Операциите биле на машките гениталии. Сите пациенти од оваа група се воведени во анестезија со thiopentone или Halothane со маска и потоа лерингеална маска е пласирана без релаксанс. Рутинското следење на анестезиолошките параметри со регуларната вентилација со ларингеалната маска овозможи кај сите пациенти нормален хируршки тек, превенција на ларингоспазам и уредно будење. Авторите заклучуваат дека овој тип на анестезија во споредба со ендотрахеална е безбедна, едноставна и применлива кај наголем број на пациенти. Трудот е ретроспеткивен приказ на серија на случаи во форма на апстракт

### *3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес*

Д-р Слободан Гурмешевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за урологија, и тоа во дијагностицирање и хируршки третман на заболувањата на урогениталниот тракт, како и постоперациона грижа.

Во текот на специјализацијата по урологија, стручно, во подолг временски интервал се усовршувал во следниве центри за кои и се здобил со сертификати:

- 1.5.2014-1.6.2014, Универзитетска болница ТОКУДА-Софија, едукација за Холмиум ласер енуклација на простата, како метода за лекување на бенигната хиперплазија на простата;

- 1.10.2014-1.4.2015, Клинички центар Рангуј, Тулуз, Република Франција, едукација за миниинвазивни ендоскопски методи на лекување во урологијата.

Стручното надградување на д-р Слободан Гурмешевски во континуитет се реализира преку посета на повеќе меѓународни едукативни курсеви, конгреси и симпозиуми, и тоа:

1. Интернационален конгрес на лекари,Охрид 2004;
2. International Congress of Medical Sciences,2005,Sofija;
3. European Urology Meeting,2014,Milano,
4. South Eastern European Urology Meeting,2014,Thesaloniki,
5. Nacionalni Kongres Urologa Srbije,2014,Beograd,
6. Nacionalni Kongres Urologa Srbije , 2015,Beograd,
7. Симпозиум на Македонското Здружение на Уролози,2014
9. Симпозиум на Македонското Здружение на Уролози ,2015
10. National Urology Congress,Prishtina , Kosova,2015
11. National Urology Congress,Prishtina , Kosova,2016
12. South Eastern European Urology Meeting,2016, Sarajevo.

Член е на: Лекарската комора на Македонија , Македонското лекарско Друштво, Македонското здружение на уролози, Европската асоцијација на уролози и Американската уролошка асоцијација. Кандидатот активно учествува во работата на Лекарската комора на Р Македонија, каде што е член на Комисијата за трансплантација на органи од нејзиното формирање.

**Д-р Томи Камилоски**

1. ***БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ***

Д-р Томи Камилоски е роден на 20.7.1985 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 2004/2005 година, а студиите ги завршил на 19.9.2010 со среден успех 9,78. Докторскиот стаж го завршил во предвидениот рок, по што го полагал стручниот испит и се стекнал со лиценца за работа како доктор на медицина. Во Септември 2010 година се вработува на Клиниката за неврохирургија во Скопје каде што активно е вклучен во апликативната и стручно-научната дејност на клиниката. Започнал со специјализација по неврохирургија во мај 2012 година.

Активно се служи со англискиот јазик, за што има потврда од Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL Intrenational (Preliminary)* -Preliminary English Test Council of Europe Level B1, од British Council Macedonia, од 18.4.2016. Поседува исклучителни компјутерски вештини.

## *2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА*

***Наставно-образовна дејност***

Од самото вработување активно учествува во изведувањето на континуирани амулантни прегледи, дежурства на неврохирушката клиника, како и во УХЦ. Учествува на голем број асистенции при хирушки интервенции во салите на неврохирушката клиника. Покрај ова, работи со стационарни болни каде што непосредно одговорен за нивното лекување

### *Научноистражувачка дејност*

Коавтор е на два труда публицирани во Македонски медицински преглед, Мак мед. преглед 2015; 69(1) 31-34:

1. Одличен исход при рана хируршка интервенција поради руптурирана аневризма на МЦА, комплицирана со интрацеребрална и интравентрикуларна хеморагија. Венко Филипче, Александар Чапароски, Томи Камилоски, Дејан Даскалов; Македонски медицински преглед, 1/15, 30-35.
2. Исход на рано наспроти одложено оперирани пациенти поради субарахноидална хеморагија од руптурирана интракранијална аневризма. Венко Филипче, Александар Чапароски, Томи Камилоски; Медицински преглед, 1/15, 48-49.

***Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес***

Член е на Македонското хируршко здружение како и на Македонското здружение на неврохирурзи.

Активно е вклучен во организација на повеќе курсеви и симпозиуми со меѓународно учество (Brain Tumor symposium 2010, WFNS Course 2012, Macedonian-Japanese vascular surgery meeting 2016).

**Д-р Александар Илиевски**

## *1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВЕНИЕ*

Д-р Александар Илиевски е роден на 22.7.1977 година во Битола, каде што го завршил основното образование, а потоа и гимназија, природно-математичка насока, во 1995 година. Завршил Медицински факултет во Скопје, Р Македонија, со просек 9,5, во 2001 година.

Од 2002 до 2012 год. е вработен на Ортопедија (порано Клинички центар, па одделна ЈЗУ и крајно ЈЗУ ТОАРИЛУЦ), установа која се занимава и со хируршка дејност. Од 2012 год. е префрлен на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија.

Во 2014 год. се стекнал со звањето специјалист по урологија.

Автор и коавтор е на повеќе научни трудови презентирани на меѓународни собири во странство.

Запишан е на постдипломски студии при Медицинскиот факултет во Скопје.

Од странските јазици, активно се служи со англискиот, за што поседува сертификат Interational English Language Testing System (IELTS) - академски тип од 3.3.2016 год.

Успешно и со висок степен на вештина се користи со поголем број апликативни компјутерски програми од интерес.
Член е на: Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво, Македонското здружение на уролози, Американската уролошка асоцијација, Европска асоцијација по урологија, Ендоуролошкото друштво и Меѓународно Друштво по Урологија.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА

***Наставно-образовна дејност***

Д-р Александар Илиевски уште во текот на студентските денови покажал интерес за научна дејност со учество на студентски конгреси, при што земал активно и пасивно учество на национални и интернационални медицински конгреси.

### *Научноистражувачка дејност*

Д-р Александар Илиевски е автор и коавтор на повеќе научни трудови презентирани на меѓународни собири во земјава и во странство.

Трудови за рецензија

Пред изборот за асистент-докторанд изработил повеќе стручни трудови од кои 8 (5 како автор и на 3 е коавтор) се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Р Македонија, број 938/08, стр.798-801 и во Билтен 1118/2016 на стр. 62-64.

***Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес***

Д-р Александар Илиевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за урологија, и тоа во дијагностицирање, хируршки третман на заболувањата на урогениталниот тракт, како и постоперациона грижа.
Стручното надградување на д-р Александар Илиевски во континуитет се реализира преку посета на повеќе меѓународни едукативни курсеви, конгреси и симпозиуми, и тоа:

1. EAU 2nd South Eastern European Meeting, Thessalonica (Солун), Greece, 20-21 October 2006;
2. 33rd Congress of the Societe International d'Urologie, Vancuver, 8-12 September 2013;
3. 35th Congress of the Societe International d'Urologie, Melbourne, 15-18 October 2015.

Д-р Александар Илиевски е член на МЗУ (Македонско здружение на уролози), Македонското лекарско друштво, како и на Лекарската комора на Р. Македонија.

Д-р Александар Илиевски е член на МЗУ (Македонско здружение на уролози), Македонското лекарско друштво, како и на Лекарската комора на Р Македонија, Американската уролошка асоцијација (AUA), Европската асоцијација по урологија (EAU), Ендоуролошкото друштво и Меѓународното друштво по урологија (SIU).

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Оценувајќи ја досегашната севкупна наставна, научна и здравствена дејност, Рецензентската комисија дојде до сознание дека кандидатите **д-р Слободан Гурмешевски, д-р Томи Камиловски и д-р Александар Илиевски** ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото образование за избор во звањето асистент-докторанд по предметот хирургија.

Комисијата констатнтира постојан континуитет и прогрес во нивната научна, педагошка и здравствена активност, како и несомнен интерес за научноистражувачка работа и дејност.

Согледувајќи ја целосно досегашната работа на кандидатите, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатите **д-р Слободан Гурмешевски, д-р Томи Камиловски и д-р Александар Илиевски** ги исполнуваат условите да бидат избрани во звањето **асистент-докторанд,** и има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ги избере кандидатите **д-р Слободан Гурмешевски, д-р Томи Камиловски и д-р Александар Илиевски** во звањето **асистент-докторанд по предметот хирургија** на Медицинскиот факултет во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Слободан Ристовски с.р.

Доц. д-р Симон Трпески с.р.

Доц. д-р Елизабета Мирчевска Жоговска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОГНОСТИЧКИ ФАКТОРИ ЗА НЕПОВОЛЕН ИСХОД КАЈ БОЛНИТЕ СО СЕЗОНСКА ИНФЛУЕНЦА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р Д-Р МАРИЈА ЦВЕТАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата II редовна седница одржана на 29.12.2016 година, по предлог на Научниот одбор, а врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија, број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/110, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/16, 120/16, 127/16) и член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје (Универзитетски гласник бр 121/09, 188/11, 234/12 и 276/14), донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторска дисертација од м-р д-р Марија Цветановска, под наслов „Прогностички фактори за неповолен исход кај болните со сезонска инфлуенца", во состав:

1. проф. д-р Љубомир Ивановски

2. проф. д-р Ирена Кондова Топузовска

3. проф. д-р Никола Оровчанец.

По прегледот и анализата на доставениот труд, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Анализа на трудот

Доставената докторска дисертација од м-р д-р Марија Цветановска под наслов ПРОГНОСТИЧКИ ФАКТОРИ ЗА НЕПОВОЛЕН ИСХОД КАЈ БОЛНИТЕ СО СЕЗОНСКА ИНФЛУЕНЦА претставува самостојна оригинална научна студија во која се обработува актуелна тема од областа на инфектологијата. Студијата ги анализира демографските, коморбидните фактори, компликациите, клиничките, лабораториските, микробиолошките и рендгенографските карактеристики кај хоспитално третираните пациенти со лабораториски потврдена сезонска инфлуенца, кои можат да влијаат на развој на тешка клиничка форма и смртен исход. Трудот ги содржи сите поглавја на еден научноистражувачки труд: апстракт, вовед, цели, мотив, материјали и методи и резултати од студијата, врз основа на што е изведена дискусија и заклучок од

истражувањето и користената литература. Доставениот труд е изнесен на 120 страници, илустриран со 90 графикони и 47 табели.

Во **воведниот** дел, кандидатката јасно го прецизира значењето на инфлуенцата како заболување со тенденција за епидемиско и пандемиско јавување и нејзиниот импакт во здравствените и социјалноекономските сфери на општеството. Кандидатката прави осврт на историјатот на заболувањето како глобален светски проблем и таксативно ги наведува сите пандемии почнувајќи од 1580 година (првата пандемија), па сè до последната пандемија во 2009 година предизвикана од Х1Н1-вирусот. Понатаму, во етиологијата се опишани трите антигенски типови на инфлуенца вирусот, а воедно опширно е објаснета улогата на површинските гликопротеини кои, всушност, ги дефинираат поттиповите на вирусот на инфлуенца. Во овој дел кандидатката ги објаснува причините за антигенските варијации на вирусот, односно drift и shift-феномените за кои подоцна прави корелација со тенденцијата за епидемиско, односно пандемиско јавување на болеста. Епидемиологијата во овој труд претставува заокружена целина во која се прикажани смртните случаи во периодот од 1976 до 2009 година проследени со актуелни глобални проценки на Светската здравствена организација-СЗО изразени во проценти, а потоа преку познати статистички показатели за морталитетот во епидемиолошка смисла ги диференцира лесните од тешките, односно комплицираните форми на болеста. Во поглавјето за патогенезата, кандидатката ги опишува добро познатите патогенетски механизми на вирусната инфекција со изразен афинитет на вирусот кон епителните клетки на респираторниот тракт каде што всушност, вирусот го започнува својот циклус на репродукција, кој на крајот неминовно води до клеточна смрт. Претставени се и хуманите клетки убијци (natural killer cels), како и нивниот механизам за индуцирана клеточна апоптоза. Во овој дел на текстот сеопфатно се анлизирани хумуралниот имунитет, целуларниот имунитет и имунолошките реакции кои се одговорни за синтеза на голем број цитокини. Во следното поглавје се опишува клиничката симптоматологија со опис на симптомите на општ инфективен синдром, па сè до комплетен развој на клиничка слика со доминација на респираторни симптоми, а не ретко и тешка системска манифестација поради зафаќање на други ткива и органи. Во шестото поглавје на воведниот дел, кандидатката ги прецизира и ги дефинира лесната или некомплицирана инфлуенца, како и тешката комплицирана инфлуенца, а притоа се повикува на извори и дефиниции од Светската здравствена организација и Центарот за контрола на болестите (CDC). Во завршниот дел на ова поглавје, кандидатката наведува дека постојат различни варијации на дефинициите главно детерминирани од големиот број студии работени во различни светски центри, но параметрите кои што се анализираат во двете суштински форми на инфлуенца кои се основа на оваа студија се унифицирани скоро во сите студии. Компликациите се детално опишани и разработени по системи, а посебен осврт се прави на описот на дијагностичките процедури кои се детерминирани од референтни светски лаборатории. Прецизирана е сензитивноста и специфичноста на сите овие дијагностички анализи, но во завршниот дел кандидатката излага со конклузивен опис на најсигурната метода, а тоа е молекуларната дијагностика со методата на

РТ-ПВР (реверзна транскриптаза–полимеразно верижна реакција во реално време). За третманот на сезонската инфлуенца во неколку реченици јасно се издвоени неураминидаза инхибиторите како најсовремени средства за третман на инфлуенца, а потоа кандидатката цитира неколку метаанализи во кои се инсистира на навремено започнат антивирусен третман во првите 48 часа. Превенцијата е претставена преку процес на ефикасно спроведена вакцинација, процес кој успешно се спроведува повеќе од 60 години. Се прави осврт на ефикасноста на вакцината, која се става во корелација со возраста на пациентот и неговата имунокомпетентност. Во ова поглавје се потенцира значењето на СЗО како важен референтен центар кој секоја година ги дава препораките за составот на вакцината врз основа на податоци од постојано следење на вирусот. Детерминирање на прогностичките фактори со цел да се издвои ризична група на болни за кои однапред ќе може да се предвиди неповолен исход е предизвик и **мотив** за кандидатката за спроведување на ова истражување, од што понатаму произлегуваат и целите на испитувањето.

**Цели на испитувањето:**

Целите на испитувањето се јасно дефинирани, концизни и даваат јасен увид во тенденцијата на кандидатката преку дефинирање на демографските, клиничките и биохемиските праметри, влијанието на коморбидните фактори, како и дефинирањето на раните компликации кај болните со инфлуенца да се дефинира модел на прогностички фактори кој ќе укажува на неповолен исход (прогресија во тешка клиничка форма и смртен исход) кај болните со инфлуенца. Цели на испитувањето се следниве:

1. де се дефинираат демографските, клиничките и биохемиските параметри кои го предвидуваат исходот кај болните со инфлуенца;
2. да се утврди влијанието на коморбидните фактори врз исходот на болните со инфлуенца;
3. да се дефинираат најчестите рани компликации кај болните со тешка инфлуенца;
4. дефинирање на модел на прогностички фактори кои ќе укажуваат на неповолен исход кај болните со инфлуенца;

Делот **Материјал и методи** е конципиран во неколку целини. Студијата е дизајнирана како проспективна, групно споредбена и таа ги анализира пациентите на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во периодот од јануари 2012 до јануари 2015 година. Анализата опфаќа пациенти над 16 години со клинички и лабораториски потврдена инфлуенца. Утврдени се критериумите за исклучување од студијата, а самите пациенти се поделени во две групи:

Група 1: болни со тешка компилицирана инфлуенца дефинирани како болни со клинички и лабораториски потврдена инфлуенца и знаци за: респираторна слабост (диспнеа, тахипнеа, хипоксија, цијаноза), односно артериска $PaO_2<70$ mmHg (<9.0 KPa) и/или потреба од механичка

вентилација и/или знаци за АРДС ($PaO_22/FiO_2 \leq 200$), престој во интензивна нега, тешки компликации, егзацербација на постојна хронична болест.

Истата група во понатамошниот тек се дели на две подгрупи, детерминирани од преживувањето, односно смртниот исход на пациентите.

Група 2: болни со лена некомплицирана инфлуенца дефинирни како болни со клинички и лабораториски потврдена инфлуенца без знаци за респираторна слабост и без влошување на постојна хронична болест, односно останатите болни.

Детално е разработен протокол на студијата во кој се анализирани следниве параметри: демографски карактеристики, коморбидитетни состојби, посебни анамнестички податоци, како што се: податок за користење на антивирусна терапија пред прием, податок за примена на сезонска инфлуенца вакцина и други податоци кои имаат сигнификантно влијание врз тежината на болеста. Кандидатката јасно ги дефинира клиничките параметри, виталните параметри на болните, како и биохемиските параметри, и тие ги следи во континуитет во тек на првите 48 часа по приемот. Анализирани се и компликациите на заболувањето, акутен физиолошки индекс (Simplified Acute Physiology Score II- SAPS II) за објективизација на тежината на болеста и предикција на морталитетот кај пациентите со инфлуенца во првите 24 часа. Во делот ,,Материјал и методи" утврдени се и дефинициите кои се користени во истражувањето, и тоа: клиничка, лабораториска дефиниција на инфлуенца, лесна и тешка инфлуенца и исход, а воедно се прави осврт на микробиолошките и вирусолошките иследувања. Поглавјето завршува со изјава за етичкиот аспект на иследувањето која во целост е во согласност со начелата на Хелсиншката декларација. Делот за статистичка анализа користи компјутерска база на податоци во статистичкиот програм SPSS13. Применетите статистички методологии опфаќаат дистрибуција на фреквенции за квалитативни белези, дескриптивни методи за прикажување на средни и типични вредности, тестирање на значакјност на разлики на параметарски и непараметарски тестови, како и мултиваријантна логистичка регресивна анлиза за одредување на прогностички фактори за неповолен исход, која е соодветен избор за анализа на резултатите од студијата и одговор на поставените цели. За ниво на сигнификантност, односно значајност, беше земена вредноста $p<0,05$, а за високосигнификантна $p<0,01$.

Добиените **резултати** од испитувањето детално се прикажани графички и табеларно и тие се систематично проследени со соодветен коментар што претставува можност за одлична илустрација на добиените резултати. Сите параметри кои се анализирани и поставени во целите се

елаборирани одделно и егзактно. Во почетниот дел доминира компаративна анлиза на пациентите со лесна наспроти тешка инфлуенца во која анализа се обработени 122 пациенти. Дадени се сите демографски, клинички, лабораториски, коморбодни фактори, компликации како и ренгенграфски и микробиолошки резултати поодделно кај пациентите од двете групи. Параметрите кои се изводиле како сигнификантни во униваријантната анализа, потоа се вклучени во мултиваријантната регресиона анализа за одредување на предиктивните фактори за развој на тешка клиничка форма на инфлуенца. Во резултатите обработени со униваријантната анализа се издвоиле повеќе фактори кои статистички се значајни и се разликуваат помеѓу пациентите во групите со тешка и лесна инфлуенца. Со помош на мултиваријантна логистичка регресиона анализа, докторантката издвојува пет варијабли кои биле сигнификантно асоцирани со тешка комплицирана инфлуенца, односно крајно како независни предиктори за развој на тешка комплицирана инфлуенца кандидатката ги издвојува: кардиоваскуларните коморбидитети, диспнеа (отежнато дишење), респирации над 20 во минута, вредности на лактат дехидрогеназа поголеми од 618 U/L, како и САПС 2 индексот.

Втората компаративна анализа ги анализира само пациентите со тешка инфлуенца, односно двете подгрупи живи и починати пациенти. Оваа анализа опфаќа 87 пациенти, од кои 12 се починати. Во оваа анализа како независни предиктори за смртен исход со помош на мултиваријантната регресивна анализа се издвоиле три варијабли: кардиоваскуларните коморбидитети, вредноста на уреа поголема од 8,3 mmol/l и САПС2-индексот.

Во **дискусијата** јасно и концизно се објаснети добиените резултати, како и нивното значење. Резултатите од сопственото испитување опфатени во докторската дисертација кандидатката ги споредува со веќе објавени резултати во литературата од таа област. Опишани се демографските, коморбидитетните фактори, клиничките и лабораториските праметри, компликациите, како и рендгенографските карактеристики кај една од најчестите компликации на инфлуенца-пневмонијата, кај двете групи пациенти, кои се споредувани помеѓу групите. Најдетално се дискутирани предиктивните фактори за развој на тешка клиничка форма на инфлуенца и смртен исход кај пациенти со инфлуенца, кои се издвоиле во студијата, секој поединечно, споредбено со резултатите од студии спроведени во светски рамки. Утврдено е значењето на предиктивниот модел и неговата прецизност и со помош на ROC-кривата е одредена неговата глобална точност, специфичноста и сензитивноста. Кандидатката прави проценка и на САПС2-скорот кој во резултатите го издвојува како независен предиктор за неповолен исход, а воедно укажува и на високата сензитивност на овој скор и другите предиктивни скорови врз исходот на болните со инфлуенца. Во

завршните реченици кандидатката го заокружува предиктивниот модел за тешка клиничка форма на болеста и смртен исход кај пациенти со сезонска инфлуенца и наведува дека тој треба да претставува насока за сите пациенти кои ќе презентираат тешка клиничка слика на инфлуенца.

**Заклучоците** даваат прецизни одговори на целите кои се поставени во оваа докторска дисертација. Студијата покажала добра дискриминаторска способност за разграничување на тешките од лесни форми на инфлуенца преку анализа на параметри за кардиоваскуларните заболувања, диспнеја, тахипнеја, зголемени ЛДХ-вредности и САПС2-индексот, посебно кога тие се во комбинација. Кардиоваскуларните заболувања, зголемени вредности на уреа и САПС2-индексот како комбинација во групата на тешка инфлуенца претставуваат добар прогностички модел за летален исход. Раната идентификација на показателите на исходот, според кандидатката, ќе овозможи имплементација на адекватни медицински постапки и ќе придонесе за намалување на морталитетот кај болните со инфлуенца.

Приложената **литература** е обемно претставена со 182 референци. Таа е прегледна и коректно цитирана. Изборот е соодветен и опфаќа базични и современи клинички публикации од областа, меѓу кои има голем број публикации од понови датуми.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Cvetanovska M, Milenkovik Z, Uroshevik VK, Demiri I, Cvetanovski V. Factors Associated with Lethal Outcome in Patients with Severe Form of Influenza. Pril Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki. 2016 Nov 1;37(2-3):63-72.

2. Цветановска М, Миленковиќ З, Гроздановски К, Кирова Урошевиќ В, Демири И, Цветановски В. Клиничко епидемиолошки карактеристики на пациентите со тешка инфлуенца. Medicus 2016, Vol.21(3): 304-311.

3. Cvetanovska M, Milenkovik З, Grozdanovski К, Kirova Uroshevik В, Cvetanovski В. The influence of comorbid factors at surviving in patients with severe form of seasonal influenza. Macedonian pharmaceutical bulletin:62(1):57-64.

4. Cvetanovska M, Milenkovik Z, Grozdanovski K, Kirova Uroshevik V, Demiri I, Spasovska K, Cvetanovski V. Seasonal influenza- factors associated with a severe clinical form of the illness: Makedonski Medicinski Pregled 2016:70(2)68-74.

# З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација ПРОГНОСТИЧКИ ФАКТОРИ ЗА НЕПОВОЛЕН ИСХОД КАЈ БОЛНИТЕ СО СЕЗОНСКА ИНФЛУЕНЦА изработена од м-р д-р Марија Цветановска, претставува самостоен и оригинален научен труд, единствен од ваков вид во Република Македонија.

Комисијата смета дека трудот ги опфаќа и ги обработува во целост поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд од ваков карактер. Целта е јасно дефинирана, материјалите и методите се прецизно изложени, резултатите се коректно прикажани и статистички точно обработени. Заклучоците се објективни и реални и даваат прецизни одговори на целите што се поставени.

Врз основа на анализата, Рецензентската комисија оценува дека докторската дисертација ги исполнува бараните критериуми и претставува придонес во научноистражувачката дејност и клиничката практика.

**Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го усвои извештајот и да и овозможи на кандидатката јавна одбрана на трудот.**

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Љубомир Ивановски, с.р.

2. Проф. д-р Ирена Кондова Топузовска, с.р.

3. Проф. д-р Никола Оровчанец, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГЕНЕТСКИ ПРЕДИКТОРИ НА ОПИОИДНА ОСЕТЛИВОСТ ПРИ ТРЕТМАН НА БОЛКА ПО КОЛОРЕКТАЛНА ХИРУРГИЈА" ОД М-Р ВАЊА ЏАМБАЗОВСКА ТРАЈКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на II работна седница одржана на 29.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторска дисертација на кандидатката м-р Вања Џамбазовска Трајковска со наслов „Генетски предиктори на опиоидна осетливост при третман на болка по колоректална хирургија", во состав: проф. д-р Зорка Николова Тодорова (претседател), академик проф. Александар Димовски (член) и проф. Д-р. Владо Јаневски (член).**

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Вања Џамбазовска Трајковска, со наслов „Генетски предиктори на опиоидна осетливост при тртман на болка по колоректална хирургија", содржи 133 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со македонска поддршка, проред од 2.0 линии и големина на буквите 12. Цитирани се 107 библиографски единици од научни трудови, статии, книги, национални прописи и меѓународни акти. Трудот е структуриран во 8 поглавја, кои се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјалот кој е обработен во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретската основа на истражувањето. Во почетниот дел од воведот, кандидатката детално ги анализира поимот болка, патиштата на болката и патофизиологијата на постоперативната болка. Потоа ги обработува опиоидите како најчесто користени лекови за третман на раната постоперативна болка. Во овој дел детално се анализирани сите својства на опиоидите, како што се: влијанието врз кардиоваскуларниот, респираторниот,

гастроинтестиналниот и централно нервниот систем, со осврт на можните несакани појави од опиоидната терапија. Посебен акцент се дава на опиоидниот аналгетик фентанил и неговите фармаколошки својства. Во следниот дел од воведот кандидатката ги објаснува сознанијата од фармакогенетиката и нејзиното можно влијание врз ефектите на опиоидот фентанил. Анализирани се, освен потенцијалните гени, и нивните полиморфизми како предиктори за осетливоста кон опиоидите. Детално е објаснет можниот механизам на различниот генетски профил на гените кои влијаат врз фармакокинетиката и фармакодинамиката на опиоидните аналгетици. **Целите** на докторскиот труд се јасно дефинирани: утврдување на евентуалното влијание на полиморфизмите на ABCB1 C3435T, CYP3A4*G, OPRM1 A118G, ABCB1 G2677T и OPRM1 rs563649 гените врз ефектите на фентанил (аналгезија и несакани појави) при третман на постоперативната болка по колоректална хирургија. Цитирани се податоци и резултати од досегашни студии за оваа проблематика при третирање на постоперативна болка по различни видови на интервенции (породување со царски рез, хистеректомија, артроскопија, нефректомија и др.) Најголем акцент е даден на генот OPRM1 A118G кој го кодира mu- опиоидниот рецепептор, како најчест анализиран генетски предиктор на опиоидна осетливост.

Во главата **Пациенти и методи** е опишан дизајнот на студијата, пациентите (вклучувачки и исклучувачки критериуми), како и дадено е објаснување на избраниот метод, кој е превземен и цитиран во соодветна литература. Студијата вклучува 100 пациенти примени на Клиниката за дигестивна хирургија со дијагностициран колоректален карцином за операција од типот ресекција на дебело црево со колоно-колоно и колоно-ректо анастомоза, на возраст од 35 до 75 години и АСА 1-3. Еден пациент е исклучен поради проблем со изолација на ДНК. Кај сите пациенти е извршена абдоминална операција –ресекција на дебело црево со анастомоза под стандардна комбинирана општа/епидурална анестезија. По оправување од анестезијата, секој пациент за обезболување во непосредниот постоперативен, како и првиот постоперативен ден добивал опиоиден аналгетик фентанил. Фентанилот бил дозиран по методот пациент контролирана аналгезија (patient controlled analgesia- PCA) преку примена на PCA пумпа за обезболување. Пациентите биле соодветно мониторирани, нотирани се клиничките параметри кои се показатели за дејството на опиоидниот аналгетик, степенот на болка и несаканите ефекти од опиоидите (гадење, повраќање и појава на респираторна депресија). Кај секој пациент биле земени по 2 мл венска крв за изолација на ДНК и генотипизација на петте гени, кои се потенцијални предиктори за осетливост кон фентанилот. Генетската анализа е извршена во лабораторијата на Фармацевтски факултет. Клиничките параметри се анализирани и споредувани со резултатите од генетската анализа.

Главата **Резултати** од истражувањето содржи приказ на резултатите во табели и графикони со нивна дополнителна и детална анализа. Пациентите со генотип TT, хомозиготи со две мутантни алели од генот ABCB1 C3435T покажале понизок степен на болка во сите временски точки и помала потреба од фентанил

за обезболување во првите 24 часа по оперативен зафат. Полиморфизмите на овој ген не покажале сигнификантно влијание врз појавата на несакани ефекти на фентанилот. Во склоп на генот CYP3A4*G пациентите со генотип GG- хомозиготи со две нормални алели имале сигнификантно послаба болка 6 и 12 часа по оперативниот зафат и имале потреба од помала концентрација на фентанил во тек на првите 24 часа постоперативно. Генетскиот полиморфизам на овој ген немал значајно влијание врз појавата на несаканите ефекти. Анализата на генот OPRM1 A118G кој го кодира mu-опиоидниот рецептор покажал дека, пациентите со генотип АА- хомозиготи со две нормални алели имале понизок степен на болка во сите временски точки, помала потреба од фентанил за постоперативно обезболување и имале несигнификантно почеста појава на несакани ефекти од опиоидна терапија. Анализата на генот ABCB1 G2677T покажала дека пациентите хомозиготи со две мутантни алели имале понизок скор за болка 6, 12, 18 и 24 часа по оперативниот зафат и имале помала потреба од фентанил за постоперативно обезболување. Незначајна била разликата помеѓу трите генотипски групи на пациенти во однос на појавата на несакани ефети од опиоидна терапија. Генотипските групи на пациенти од генот OPRM1 rs563649 не се разликувле во степенот на болка, потребата од опиоиден аналгетик и појавата на несакани ефекти.

**Во главата** Дискусија **се дискутира за добиените резултати, за секој генетски полиморфизам одделно, и направена споредбена анализа со досегашните резултати од објавени генетски студии. Во првиот дел од дискусијата се анализира влијанието на генетските полиморфизми одговорни за транспорт на опиоидите ABCB1 3435 и ABCB1 2677 врз ефектите на аналгезијата со фентанил и несаканите појави. Во овој дел, детално се разгледуваат и споредуваат резултатите на кандидатот со досегашните сознанија од оваа област воцитираната литература. Во следниот дел од дискусијата се анализираат резултатите од влијанието на генот одговорен за метаболизмот на опиоидите, CYP3A4*1G врз клиничките својства на фентанилот. Во последниот дел од дискусијата, кандидатката дава објаснување за резултатите со осврт на влијанието на генетските полиморфизми на гените одговорни за mu-опиоидниот рецептор – OPRM1 A118G и OPRM1 rs 563649 врз ефектите на фентанилот при третманот на силната рана постоперативна болка по колоректална хирургија. Во дискусијата кандидатот ги наведува новите студии од оваа област, вклучувајќи ги сличните и спортиставени резултати во корелација со резултатите што се добиени во ова истражување.**

Во **заклучоците** се наведува дека генетските полимофизми на гените одговорни за транспорт на опиоидите (ABCB1 C3435T и ABCB1 G2677T), нивниот метаболизам (CYP3A4*G) и mu-опиоидниот рецептор (OPRM1 A118G) имаат

влијание врз степенот на болката и потребата од фентанил во третманот на раната постопертивна болка по колоректална хирургија. Истите полиморфизми немаат сигнификантно влијание врз појавата на несакани ефекти од опиоидната терапија. Генетскиот полиморфизам на OPRM1 rs563649 генот, нема влијание врз ефектите на фентанилот - аналгезијата и несаканите појави.

Предмет на истражување

**Генетски предиктори на опиоидната осетливост при третман на рана постоперативна болка по колоректална хирургија со опиоидниот аналгетик фентанил.**

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

**Во истражувањето е утврдено постоењето на асоцијација помеѓу полиморфизмите на гените ABCB1 C3435T, ABCB1 G2677T, CYP3A4*G и OPRM1 A118G и степенот на аналгезија при администрација на опиоидниот аналгетик фентанил во третманот на постоперативна болка по колоректална хирургија.**

Краток опис на применетите методи

**Пациентите биле поставен на PCA пумпа (patient controlled analgesia) за обезболување првиот постоперативен ден. Пумпата содржи 1 mg фентанил во 100 мл 0,9% NaCl, програмирана да даде во болус 20 μg со 5 мин "lock out time", 5 $\mu g.h^{-1}$ фентанил континуирана инфузија, максимална доза 145$\mu g.h^{-1}$. Разредувањето било 10 μg фентанил во 1ml. Спроведен е соодветен мониторинг. Нотирани се клиничките параметри од ефектите на фентанил во тек на третманот на болка во првиот постоперативен ден.**

Генотипизацијата била извршена во генетската лабораторија на Факултетот за фармација и биомолекуларни науки. За изолација на ДНК се користел специјализиран кит за детекција на гени (Sacace Biotechnologies, Como, Italy) со автоматски екстрактор на ДНК (SaMag - 12 System, Sacace Biotechnologies, Como, Italy). Анализата на гените е направена според протоколот на производителот. Квалитетот и квантитетот на ДНК е утврдена со користење на NanoDrop 2000 спектрофотометар (Thermo Scientific, USA) со мерења на 260 и 280 nm. Анализирани се вкупно 5 функционални полиморфизми во три кандидатски гени (ABCB1 C3435T, ABCB1 G2677T, CYP3A4*G, OPRM1 A118G и OPRM1 rs563649).

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Вања Џамбазовска Трајковска со наслов „Генетски предиктори на опиоидна осетливост при третман на постоперативна болка по колоректална хирургија", претставува истражување во обласста на анестезиологијата. Со изработката на темата на оваа докторска дисертација се очекува во иднина да се постигне применување на персонализирано дозирање на опиоидните аналгетици во практикување на анестезијата.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Вања Џамбазовска Трајковска со наслов "Генетски предиктори на опиоидна осетливост при третман на болка по колоректална хирургија", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

**Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:**

[1]. Автори: Dzambazovska –Trajkovska V, Nojkov J, Kartalov A, Kuzmanovska B, Spiroska T, Seljmani R, Trajkovski G, N. Matevska- Geshkovska, Dimovski A. Association of Single-Nucleotide Polymorhism C3435T in the ABCB1 Gene With Opioid Sensitivity in treatment of postoperative pain. Contributions 2016. XXXVII 2-3: 73-80. (Pub med).

[2]. Автори: Џамбазовска Трајковска В, Нојков Ј, Карталов А, Кузмановска Б, Спироска Т, Сељмани Р, Матевска- Гешковска Н, Димовски А. Корелација на генетските полиморфизми на CYP3A4 генот и несаканите ефекти на опиоидите во третманот на постоперативната болка. Medicus 2016, 21(3): 278-284.

# [3]. Автори: Dzambazovska Trajkovska V, Nojkov J, Kartalov A, Kuzmanovska B, Spiroska T, Matevska- Geshkovska N, Seljmani R, Trajkovski Gj, Dimovski A. Impact of OPRM1 A118G Polymorhism on Fentanyl Sensitivity in Treatment of Postoperative Pain. Physioacta 2016. Vol. 10-No2: 13-21.

[4]. Автори: Џамбазовска Трајковска В, Нојков Ј, Карталов А, Кузмановска Б, Спироска Т, Сељмани Р, Трајковски Ѓ, Матевска- Гешковска Н, Димовски А. Фармакогенетика на опиоидната терапија при третман на постоперативна болка: преглед. Македонски медицински преглед 2016. 2: 57-62.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: можноста за индивидуализирање, подобрување и оптимизирање на постоперативната терапија за болка преку користење на полиморфизмите на гените ABCB1 C3435T, ABCB1 G2677T, CYP3A4*G и OPRM1 A118G.

**Според наведеното во извештајот, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката** м-р Вања Џамбазовска Трајковска со наслов „Генетски предиктори на опиоидна осетливост при третман на болка по колоректална хирургија".

**Рецензентската комисија позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја проследи во понатамошна постапка за одбрана.**

**Рецензентската комисија:**

Проф. д-р Зорка Николова Тодорова

Академик  проф. Александар Димовски

Проф. д-р Владо Јаневски

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНКА НА МОЛЕКУЛАРНИ, СЕРОЛОШКИ И КОНВЕНЦИОНАЛНИ МЕТОДИ ЗА ДИЈАГНОЗА НА ИНФЕКЦИИ СО *CANDIDA* И *ASPERGILLUS*“ ОД М-Р ГОРДАНА МИРЧЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата II редовна седница одржана на 29.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Мирчевска, со наслов „Проценка на молекуларни, серолошки и конвенционални методи за дијагноза на инфекции со *Candida* и *Aspergillus*“, во состав: проф. д-р Елена Трајковска Докиќ (претседател), проф. д-р Милена Петровска (член) и проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Мирчевска, со наслов „Проценка на молекуларни, серолошки и конвенционални методи за дијагноза на инфекции со *Candida* и *Aspergillus*“, содржи 234 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 11, со една фуснота, 309 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во вовед, цели, хипотези, материјал и методи, резултати, дискусија и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот се изложени предметот и мотивот за истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретската рамка на истражувањето. Кандидатката укажува на досегашните сознанија за лабораториската дијагноза на инфекциите со *Candida* и *Aspergillus*, која сè уште претставува релативно тешка задача, пред сè за инвазивните форми на овие инфекции, и тоа особено кај имунокомпромитираните лица, лицата третирани во единици за интензивно лекување, како и лицата со цистична фиброза, со соодветна литературна поддршка. Во склоп на воведот, даден е посебен приказ на етиолошките, епидемиолошките и клиничките карактеристики на инвазивните инфекции со *Candida* и *Aspergillus*, за секој од причинителите посебно. Наведени се сознанија за примена на серолошки и молекуларни методи во дијагноза на инвазивните инфекции со *Candida* и *Aspergillus*, преку

детекција на циркулирачките маркери (антигени и антитела), особено во примарно стерилни примероци од пациентите, со цел олеснета и забрзана етиолошка дијагноза на инвазивните фунгални инфекции, но воедно се презентирани и контрадикторни литературни податоци.

Како **мотив** за изведување на студијата е наведена зголемената фреквенција на детекција на фунги, најчесто *Candida* и *Aspergillus*, кај имунокомпромитирани и критично болни лица третирани на различни оддели на универзитетските клиники во Скопје, во изминатите неколку години, кои претставуваат зголемен ризик за компликации и неповолен клинички исход од основните заболувања, а воедно е укажано на тешкотиите во поставувањето на етиолошката дијагноза на инвазивните фунгални инфекции предизвикани од овие фунги. Со оглед на тоа што одговорот на применетата антифунгална терапија зависи пред сѐ од навремено поставена етиолошка дијагноза, укажано е на важноста за навремена етиолошка дијагноза на инвазивните инфекции со *Candida* и *Aspergillus*. Воедно е презентирано дека во последните неколку години, предмет на опсежна евалуација во различни лаборатории во светот се молекуларните и серолошките методи, кои не се базираат врз конвенционално култивирање на фунгите на хранителни подлоги, а кои овозможуваат рана детекција на причинителите на инвазивни фунгални инфекции, преку детекција на циркулирачки серолошки маркери или слободно циркулирачка ДНК во телесните течности.

Со оглед на тоа што во изминатите години за поставување на етиолошка дијагноза на фунгалните инфекции во нашата институција била употребувана само конвенционална метода за култивирање на клиничките примероци, со која целта била постигнувана во релативно мал број на случаи, главната хипотеза на кандидатката е дека комбинирањето на постојната конвенционална метода со новите серолошки и молекуларни методи да се подобри токму оваа дијагностика.

**Целите на студијата** се прецизно дефинирани и хронолошки поставени. Тие овозможуваат испитување на:

1. застапеноста на *Candida* и *Aspergillus* во клинички примероци од пациенти со примарен имун дефицит, пролонгиран престој во ЕИЛ и антибиотска терапија со широк спектар, пациенти кај кои фунгалната инфекција е единствена манифестација на основната состојба и пациенти со цистична фиброза (во понатамошниот текст четирите групи на пациенти);
2. профилот на осетливост на *Candida* и *Aspergillus* на антифунгални средства;
3. дијагностичката вредност, сензитивноста и специфичноста на специфичните серолошки биомаркери (манан, анти-манан, галактоманан), во детекција на *Candida* и *Aspergillus*, во примероци од четирите групи на пациенти, во однос на EORTC/MSG критериумите;
4. дијагностичката вредност, сензитивноста и специфичноста на молекуларните тестови (Multiplex PCR), во детекција на *Candida* и *Aspergillus*, во примероци од четирите групи на пациенти, во однос на EORTC/MSG критериумите;
5. вредноста на детекцијата на панфунгалниот серолошки маркер (1,3)-β-D-гликан (BDG), за скрининг на инвазивни фунгални инфекции и порано започнување на антифунгална терапија.

Поглавјето **Материјал и методи** е сочинето од три дела: 1. субјекти во истражувањето; 2. постапки за обработка на примероците; 3. статистичка анализа на резултатите. Во првиот дел се дефинирани: типот на студијата,

субјектите во истражувањето, критериумите за вклучување и исклучување од студијата, критериумите за класификација на пациентите, како и временскиот период на анализата и проспективно следење на пациентите. Во вториот дел, детално и систематично се опишани спроведените методолошки постапки, како и техничката опрема користена за сите методи. Во третиот дел, детално и систематично се опишани спроведените статистички постапки за тестирање на корелациите помеѓу испитуваните методи, нивната сигнификантност, како и сигнификантноста на разликите помеѓу различните групи од испитуваните пациенти.

**Резултатите** се организирани во две поглавја: „*Candida*" и „*Aspergillus*".

**Во првото поглавје** е наведена епидемиолошката структура на соодветните испитувани четири групи кои се формирани според пол, возраст, клиничка дијагноза, застапеност во клиничките примероци, како и осетливоста на *изолираните соеви на Candida* кон антифунгални агенси. Во посебни потпоглавја се прикажани проценката на конвенционалните методи (хемокултура) и нивната споредба со серолошките и молекуларните методи, како и извршената евалуација на панфунгалниот маркер (1,3)-β-D-гликан, за скрининг на инвазивни инфекции со *Candida* species, вклучувајќи соодветна статистичка анализа на резултатите. Резултатите се илустрирани со адекватни табели и графикони, кои се соодветно означени и посочени во текстот.

**Во второто поглавје** е наведена епидемиолошката структура на соодветните испитувани четири групи според пол, возраст, клиничка дијагноза, застапеност во клиничките примероци, како и осетливоста на *изолираните соеви на Aspergillus* кон антифунгални агенси. Во посебни потпоглавја се прикажани проценката на конвенционалните методи (хемокултура и култура од бронхоалвеоларен лават -БАЛ) и нивната споредба со серолошките и молекуларните методи, како и извршената евалуација на панфунгалниот маркер (1,3)-β-D-гликан за скрининг на инвазивни инфекции со *Aspergillus* species, вклучувајќи соодветна статистичка анализа на резултатите. Резултатите се илустрирани со адекватни табели и графикони, кои се соодветно означени и посочени во текстот.

**Дискусијата** ја следи структурата на резултатите и е поделена во две соодветни поглавја: „*Candida*" и „*Aspergillus*". Во дискусијата се изразува значењето на прикажаните резултати кои се компарираат со резултатите од релевантни истражувања на други автори од светот, а се нудат и издржани толкувања на оригиналните резултати.

Во заклучните согледувања, кандидатката прецизно ги дефинира заклучоците од оваа студија кои произлегуваат од прикажаните резултати и прегледот на литературата.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување е анализа на застапеноста и фреквенцијата на инвазивните инфекции со *Candida* и *Aspergillus*, во клинички примероци од пациенти со примарен имунодефицит, пролонгиран престој во ЕИЛ и антибиотска терапија со широк спектар, пациенти кај кои фунгалната инфекција е единствена манифестација на основната состојба и пациенти со цистична фиброза, како и анализа на профилот на антифунгална осетливост на изолатите на *Candida* и *Aspergillus* докажани со конвенционални методи (култура). Воедно е направена анализа и проценка на дијагностичката ефикасност на

неинвазивните, серолошки и молекуларни методи во раната и навремена етиолошка дијагноза на инвазивните фунгални инфекции, како надополнување на конвенционалните методи, со цел навремено започнување на агресивна антифунгална терапија и зголемување на шансите за преживување од овие животозагрозувачки состојби.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација</u>**

Во дисертацијата е претставена анализа на современа методологија која, во суштина, претставува дел од едно динамично и многу актуелно поле на истражување во светот, во изминатите години. Актуелноста произлегува од важноста на навремената и брза дијагноза на инвазивната кандидијаза и инвазивната аспергилоза, кои во светот сè уште претставуваат голем клинички и дијагностички предизвик, како и од потребата за интензивни истражувања во оваа област со цел имплементација на неинвазивните методи во дијагностичките лабораториски протоколи на микробиолошките лаборатории за рана дијагноза на инвазивните микози со цел намалување на морбидитетот и морталитетот од овие животозагрозувачки состојби.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

При изведувањето на студијата се применети современи, неинвазивни серолошки и молекуларни методи за реализација на предвидените испитувања. Користени се конвенционални методи (хемокултура и БАЛ култура за културелно испитување на примарно стерилни примероци (крв и БАЛ), и култура на примарно нестерилни примероци), серолошки (ELISA) методи за детекција на серолошки биомаркери во серум и БАЛ, и молекуларни (Multiplex PCR) методи за анализа на примарно стерилни примероци од анализираните 4 групи на пациенти. Серолошките ELISA методи се користеа за детекција на манан антиген и анти-манан антитела во серум, галактоманан антиген во серум и БАЛ, и за детекција на панфунгален маркер (1,3)-β-D-гликан во серум и БАЛ. Молекуларниот Multiplex PCR метод се користеше за амплификација на претходно екстрахираната ДНК на *Candida* и *Aspergillus* од примарно стерилни примероци. Користен е соодветен софтвер за статистичка обработка на податоци.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Резултатите се прикажани јасно и концизно, со соодветна употреба на табели и графикони.

Во студијата се докажани вкупно 115 изолати на *Candida* species (91 изолат на *Candida* species од примарно нестерилни примероци, колонизирани со нормална микрофлора и 24 изолати на *Candida* species од крв, од пациенти со висок ризик за развој на инвазивна кандидијаза). Кандидемија најчесто е регистрирана кај пациентите со пролонгиран престој во ЕИЛ, следено од лицата со примарен имун дефицит. Најголемиот број на кандидемии се регистрирани кај лицата со примарен имунодефицит, кои биле предизвикани од *C.tropicalis* и *C.krusei*, следени од *C.albicans*, *C.parapsilosis и C.tropicalis,* а во групата со пролонгиран престој во ЕИЛ подеднакво застапени се *C.albicans* и *C.pelliculosa*, следени од *C.parapsilosis и C.glabrata.* Сите изолати на *C.albicans* и други non-*albicans Candida* species се осетливи на амфотерицин Б, вориконазол и каспофунгин. Резистенција на флуконазол демонстрирале само 8,3% од

изолатите на *Candida* species. Сензитивноста и специфичноста на ELISA манан тестот се: 59,09% и 37,5%; 28,57% и 50%; 33,33% и 86,96%; 11,11% и 90,48% во I, II, III и IV група следствено. Сензитивноста и специфичноста на ELISA анти-манан тестот се 31,82% и 50%; 35,71% и 0%; 33,33% и 66,67%; 33,33% и 76,19%, во I, II, III и IV група следствено. Сензитивноста и специфичноста на (1,3)-β-D-гликан тестот се 100% и 62,5%; 88,46% и 100%; 100% и 87,5%; 100% и 100% во I, II, III и IV група следствено. Сензитивноста и специфичноста на серумскиот MT-PCR тест се 86,36% и 37,5%; 67,86% и 100%; 83,33% и 79,17%; 33,33% и 95,24%.

Во групата на *Aspergillus* species, докажани се 71 изолат на *Aspergillus* species, од кои само 4 изолати во хемокултура, кај пациенти со примарен имунодефицит, а останатите 67 се детектирани во БАЛ култура. Со БАЛ, *Aspergillus* најчесто е докажан во групата со хронична аспергилоза (63,33%), следено од групата со цистична фиброза (56,67%), групата со јасен примарен имунодефицит (51,43%), и групата со пролонгиран престој во ЕИЛ (43,33%). Сензитивноста и специфичноста на БАЛ културата се: 64,29% и 100%, 59,09% и 100%, 54,55% и 12,5%, 100% и 54,17%, во I, II, III и IV група следствено. Кај 79,1%(53/67) од позитивните БАЛ култури од сите групи, бил докажан *A.fumigatus*, од кои 32,1%(17/53) кај пациенти со хронична аспергилоза, по што следеле групата со примарен имунодефицит - 26,42% (14/53) и цистична фиброза - 26,42%(14/53), и 15,1%(8/53) во групата на критично болни лица третирани во ЕИЛ. Останатите специеси докажани во БАЛ културите се *A.flavus* 16,42%(11/67) и *A.terreus* 4,48%(3/67). Сите изолати на *Aspergillus* демонстрираат осетливост кон вориконазол и каспофунгин. Резистенција кон амфотерицин Б е детектирана кај 5 изолати (2 изолати на *A.fumigatus*, и 3 изолати на *A.terreus*). Само 1 изолат на *A.fumigatus* е резистентен кон итраконазол. Сензитивноста и специфичноста на MT-PCR во БАЛ се: 67,86% и 85,71%, 72,73% и 75%, 40,91% и 50%, 50% и 50% во I, II, III и IV група следствено. Сензитивноста и специфичноста на MT-PCR во серум, истовремено со БАЛ, се: 53,57% и 100%, 36,36% и 100%, 9,09% и 100%, во I, II и III група следствено. Сензитивноста и специфичноста на БАЛ BDG е 71,43% и 85,71%, 72,73% и 62,5%, 68,18% и 0%, 50% и 50%, во I, II, III и IV група следствено. Сензитивноста и специфичноста на BDG во серум е: 64,71% и 85,71%, 50% и 87,5%, 36,36% и 50%, во I, II и III, следствено. Сензитивноста и специфичноста на БАЛ галактоманан изнесуваше: 75% и 57,14%, 86,36% и 62,5%, 81,82% и 0%, 50% и 91,67%, во I, II, III и IV група следствено. Сензитивноста и специфичноста на галактоманан во серум е: 64,29% и 57,14%, 40,91% и 62,5%, 40,91% и 62,5%, 0% и 87,5%, во I, II, III и IV група следствено.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Мирчевска, со наслов „Проценка на молекуларни, серолошки и конвенционални методи за дијагноза на инфекции со *Candida* и *Aspergillus*", претставува истражување во областа на молекуларната и серолошката медицинска микробиологија. Докторската дисертација ги исполнува предвидените цели, воспоставува солидна основа за понатамошни научни истражувања во областа и истовремено ја унапредува дијагностиката на инвазивните фунгални инфекции со *Candida* и *Aspergillus*, што на трудот истовремено му дава и практично значење во смисла на унапредување и осовременување на лабораториската миколошка дијагностика во Република Македонија.

Несомнено, од познавањето на оваа проблематика и научноистражувачките способности што кандидатката ги вложува во ова дело ќе

профитираат како лекарите, така и студентите, но најголем бенефит ќе имаат пациентите, со што кандидатката ја исполнува најважната мисија како лекар.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гордана Мирчевска, со наслов „Проценка на молекуларни, серолошки и конвенционални методи за дијагноза на инфекции со *Candida* и *Aspergillus*“, според мислењето на Комисијата, ги исполнува сите услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Gordana Mirchevska, Maja Jurhar-Pavlova, Vesna Kotevska, Elena Trajkovska-Dokic, Zaklina Cekovska, Gordana Jankoska, Milena Petrovska, Nikola Panovski. Distribution and antifungal susceptibility of *Candida* species in patients with increased risk for fungal infections. Објавен во Macedonian pharmaceutical bulletin, 62(1)65 -76(2016) (прифатен за печатење во август 2016 година).
[2]. Gordana Mirchevska. Evaluation of ELISA-based mannan and anti-mannan assays for diagnosis of invasive infections with *Candida* species. Објавен во Physioacta, 2016; Vol.10-No2, UDK:616-022.822.822.3-097 (прифатен за печатење во октомври 2016 година).
[3]. Gordana Mirchevska, Elena Trajkovska-Dokic, Ana Kaftandzieva, Milena Petrovska, Katja Popovska, Nikola Panovski. Evaluation of Multiplex PCR in diagnosis of invasive infections with *Candida* species. Објавен во Physioacta, Vol.10-No3, 2016, 1-12 (прифатен за печатење во ноември 2016 година).
[4]. Gordana Mirchevska, Zaklina Cekovska, Elena Trajkovska-Dokic, Vesna Kotevska, Milena Petrovska, Nikola Panovski. Евалуација на панфунгалниот маркер (1,3)-B-D-гликан за дијагноза на инвазивни инфекции со *Candida* species”. Објавен во Македонски медицински преглед, број 3, 2016 година, годиште 70 (прифатен за печатење во ноември 2016 година).

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатката се:

- евалуација на серолошките и молекуларните методи за навремена и рана дијагноза на инвазивните микози предизвикани од *Candida* и *Aspergillus* и придонес во зголемување на процентот на етиолошки докажани инвазивни фунгални инфекции во Република Македонија;
- имплементација на неинвазивните методи во рутинската дијагностичка миколошка лабораторија со цел рано откривање на лица со инвазивна кандидијаза и инвазивна аспергилоза, и воведување на специјален протокол за скрининг на пациентите со највисок ризик за развој на инвазивни микози преку следење на степенот на колонизација со овие фунги;
- поставување основа за планирање на понатамошни истражувања во смисла на компаративни студии и планирање на примена на современи методи кои ќе помогнат во рана дијагноза на инвазивните и животозагрозувачките микози.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: клиничка и молекуларна микробиологија, како и одредени аспекти на молекуларната микологија, како придонес во планирањето на дијагностички алгоритми за рана дијагноза на инвазивните фунгални инфекции, особено кај имунокомпромитирани и критично болни лица со највисок ризик за инвазивни фунгални инфекции.

Можните понатамошни истражувања се: компаративни истражувања во различни клинички опкружувања (медицинска и хируршка ЕИЛ, хируршки третирани пациенти на различни хируршки оддели, лица со вроден или стекнат имунодефицит), како и примена на молекуларни и серолошки методи врз поединечни групи на пациенти (хируршки пациенти наспроти пациенти третирани на различни интернистички оддели), истражување на влијанието на степенот на имунодефицит врз ризикот за развој на инвазивна фунгална инфекција, истражување на влијанието на колонизацијата со фунги врз ризикот за појава на инвазивни микози, како и истражување на можностите за целни лабораториски иследувања и воведување на рутински скрининг кај лицата со висок ризик за развој на инвазивните фунгални инфекции.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Гордана Мирчевска** со наслов **Проценка на молекуларни, серолошки и конвенционални методи за дијагноза на инфекции со *Candida* и *Aspergillus*.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елена Трајковска Докиќ, претседател с.р.**

**Проф. д-р Милена Петровска, член с.р.**

**Проф. д-р Стојка Нацева Фуштиќ, член с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците *Дневник* и *Koha* од 2.12.2016 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-1412/96, донесена на 21.12.2016 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Гале Галев, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (во пензија), д-р Родна Живковска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право, во предвидениот рок се пријави д-р Неда Здравева.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Неда Здравева е родена на 10.11.1976 година во Скопје, Р. Македонија, каде што го завршила и основното и средното образование со одличен успех. Во 1995 година се запишала на Правниот факултет во Скопје, на правните студии. Дипломирала на истиот Факултет на 18.2.2000 година, со просечен успех 8,62. Во студиската 2001/2002 година се запишала на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Испитите од постдипломските студии ги положила со просечен успех 9,90. На 14.5.2008 година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов „Објективна одговорност за штета“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнала со научниот степен магистер на науки од областа на граѓанското право. На 13.1.2012 година успешно ја одбранила докторската дисертација со наслов „Компаративни аспекти на одговорноста за нематеријална штета во теоријата, законодавството и практиката“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнала со научниот степен доктор на правни науки.

На 19.5.2003 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето помлад асистент на областа граѓанско право - облигационо право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 825 од 1.4.2003 година) и во истото звање е преизбрана на 02.11.2007 (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 928 од 15.10.2007 година). На 4.6.2009 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето асистент на научната област граѓанско

материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 964 од 15.5.2009). На 31.5.2012 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето доцент на научната област граѓанско материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1031 од 2012).

Кандидатката активно ги владее англискиот и српскиот јазик, а има основни познавања од германскиот јазик. Поседува компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 825 од 1.4.2003 година, бр. 928 од 15.10.2007 година, бр. 964 од 15.5.2009 и бр. 1031 од 2012, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која што е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатката д-р Неда Здравева е континуирано и активно вклучена во наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на првиот и на вториот циклус студии. Исто така, таа е вклучена во изведувањето настава на прв циклус студии на Машинскиот факултет и на втор циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката е активно вклучена во наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“ уште од академската 1999/2000 година, како демонстратор на предметните програми облигационо право, авторско право, право на индустриска сопственост и граѓанско право – применета програма. По изборот во звањето помлад асистент, а подоцна и асистент, кандидатката е активно вклучена во изведувањето на вежбите, но и на дел од наставата, на повеќе предметни програми од научната област граѓанско материјално право, како на првиот циклус студии, така и на вториот циклус студии.

По нејзиниот избор во звањето доцент, на 31.5.2012 година, кандидатката ја изведува наставата на предметните програми облигационо право (прв циклус од правните студии); право на интелектуална сопственост (втор циклус од правните студии на насоката за деловно право); договорно право и граѓанско право - применета програма (втор циклус од правните студии на насоката за граѓанско материјално право и граѓанско процесно право); Introduction to Intellectual Property Law, Copyright and Related Rights, (втор циклус од правните студии на насоката за право на интелектуална сопственост/двојна диплома со Универзитетот во Стразбур (Центар за меѓународни студии по право на интелектуална сопственост); како и изборните/опциони предметни програми право на осигурување и обезбедување трансакции, отштетно право, потрошувачко право и интернет право. На Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од академската 2015/2016 спроведува настава по предметните програми: основи на правото на индустриска сопственост и основи на правото на интелектуална сопственост. На Факултетот за електротехника и информациски технологии е вклучена во реализацијата на

студиите од втор циклус на насоката регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај (РЕЕКС), каде од академската 2014/2015 ја изведува наставата по основи на договорно и на потрошувачко право.

Кандидатката била ментор на изработката на магистерски трудови, со тоа што до пишувањето на овој извештај под нејзино менторство магистрирале 13 кандидати. До пишувањето на овој извештај учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 50 магистерски трудови. Преку учество во комисија за една докторска дисертација таа придонела и кон развојот на млад научен и наставен кадар.

Кандидатката од нејзините почетни звања, активно учествува во развивањето на нови предметни програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, како што се: договорно право, право на интелектуална сопственост, отштетно право, потрошувачко право, интернет право, право на осигурување и обезбедување трансакции, Introduction to Intellectual Property Law и Copyright and Related Rights.

Особено треба да се истакнат напорите на кандидатката за воведување нови и иновативни пристапи во изведувањето на наставата и спроведувањето на оценувањето на студентите, преку анализи на случаи од практиката, симулации на судења, практична работа на предмети и слични форми на учење.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Кандидатката д-р Неда Здравева е автор или коавтор на бројни книги, научни и стручни трудови. Кандидатката, по нејзиниот избор во звањето доцент, е автор или коавтор на 18 научни и стручни трудови, објавени во земјата и во странство. Трудовите се од областа на граѓанското право, посебно облигационото право, потрошувачкото право и правото на интелектуална сопственост. Трудовите на кандидатката се особено фокусирани на компаративна анализа на националниот правен систем со правото и стандардите на Европската унија и на меѓународните извори на правото во полињата на нејзин интерес, со што придонесува за унапредување на националниот правен систем.

Понатаму, кандидатката е коавтор на неколку книги. Така, таа е коавтор на рецензираниот универзитетски практикум „Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум“, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (2011 година). По нејзиниот избор во звањето доцент е објавена и книгата „Прирачник за патентна политика на универзитетите и научните установи“, во издание на Државниот завод за индустриска сопственост (2013 година), на која кандидатката е коавтор. Исто така, по изборот во звањето доцент, кандидатката е коавтор и на стручната книга „Intellectual Property Law: International Legal Sources“, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2012 година). Кандидатката е мошне активна и во издавањето научно-популарни изданија, при што по изборот во звањето доцент е коавтор на публикацијата „Авторско право и сродни права за електронски медиуми: прирачник“, во издание на Центарот за развој на медиуми (2014 година).

Кандидатката, по нејзиниот избор во звањето доцент, е учесник на еден национален и два меѓународни научни проекта. Таа, како предавач, односно излагач учествува на бројни советувања, конференции, обуки, работилници и научни и стручни собири, претежно во странство.

Особено треба да се истакне дека кандидатката во академската 2013/2014 година остварува едногодишен постдокторски научноистражувачки престој на Универзитетот Фрибург во Швајцарија како добитник на стипендијата за

извонредност на Владата на Швајцарија. Во овие рамки, таа остварува и престој на Швајцарскиот институт за споредбено право. Исто така, кандидатката остварила престој и на Макс Планк - институтот за споредбено и меѓународно приватно право, како стипендист на Институтот.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Што се однесува до стручно-апликативната дејност, кандидатката била и континуирано останува вклучена во изработката на законски и подзаконски текстови, стратегии и стручни и експертски анализи.

Кандидатката е член на Работната група за изработка на третата книга на Граѓанскиот законик на Република Македонија – облигациони односи и е секретар на Комисијата за изработка на Граѓанскиот законик.

По нејзиниот избор во звањето доцент, кандидатката учествувала во изработката на Политиката на интелектуална сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2013 година). Исто така, учествувала во изработката на студијата за основи на стратегијата за заштита на потрошувачите (2015 година), студијата за зајакнување на организацискиот и институционалниот капацитет на Државниот завод за индустриска сопственост (2016 година) и студијата на правните и буџетските импликации на неоснованото притворање (2016 година). Кандидатката била член на меѓународни уредувачки одбори на две публикации.

Кандидатката е активно вклучена во работата на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Таа активно учествувала во подготовката на повеќе меѓународни стручни и научни конференции и собири. Особено се издвојува нејзиното учество во создавањето на регионалните постдипломски студии од областа на деловното право на Европската унија. Таа земала и учество во реализацијата на овие студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје како секретар на Колегиумот на регионалните постдипломски студии од областа на деловното право на Европската унија.

Забележителна е активноста на кандидатката во создавањето на Мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа, а од април 2011 е генерален секретар на Центарот на мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа, чие седиште е на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Како еден од активните чинители во создавањето и во функционирањето на оваа мрежа, кандидатката значително придонесува кон унапредување на соработката на регионално и на меѓународно поле и развој на правничкото образование. Остварувајќи ја оваа функција, кандидатката особено зема активно учество во подготовка и во реализација на научноистражувачки проекти, едукативни проекти и организација на научни и стручни собири.

Кандидатката учествувала во подготовката на првата верзија на Водичот за студирање на Факултетот, пред изборот во звањето доцент. Повеќе пати била член на Комисијата за запишување на студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, како на првиот така и на вториот циклус студии и учествувала во промотивни активности на Факултетот и на Универзитетот.

Вреди да се спомнат и активностите од поширок интерес во кои е вклучена кандидатката. Така, таа е лиценциран вештак од областа на заштитата на авторските права, другите сродни права и правата од интелектуална сопственост и активно е вклучена во работата на Организацијата на потрошувачите на Република Македонија.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на првиот циклус правни студии по предметната програма облигационо право, кандидатката е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки, и тоа: за академската 2012/2013 година - со просечна оценка 4,52, за академската 2014/2015 година - со просечна оценка 4,44, и за академската 2015/2016 година - со просечна оценка 4,54.

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на вториот циклус правни студии, кандидатката е исто така континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки, и тоа: за академската 2012/2013 година за предметната програма отштетно право, со просечна оценка 4,90; за предметната програма договорно право, со просечна оценка 4,79 и за предметната програма Introduction to IP Law, со просечна оценка 4,42; за академската 2014/2015 година за предметната програма отштетно право, со просечна оценка 4,6; за академската 2015/2016 година за предметната програма отштетно право, со просечна оценка 4,6, за предметната програма право на интелектуална сопственост, со просечна оценка 4,3 и за предметната програма Introduction to IP Law, со просечна оценка 4,35.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија со внимание ја разгледа пријавата на кандидатката д-р Неда Здравева.

По увидот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Неда Здравева, а поради следниве причини:

- кандидатката докторирала на современа тема од областа на отштетното право, односно облигационото право, во научната област во којашто се избира, со што јасно ги покажува својот интерес и насоченост кон понатамошен развој на материјалното граѓанско право, кон унапредување на правната наука и практика, со кое соодветно ќе одговори и на потребите за општествен напредок;

- кандидатката е континуирано и активно вклучена во наставно-образованиот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на научната област граѓанско материјално право, и тоа како демонстратор, помлад асистент, асистент и доцент на предметите на кои е ангажирана;

- кандидатката била вклучена и во изведувањето настава на прв и на втор циклус студии и на други факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“;

- кандидатката во спроведувањето на наставата и на испитите на предметните програми од првиот и од вториот циклус на кои била или е распоредена покажувала и континуирано покажува одлични резултати;

- кандидатката покажува одлични комуникациски способности и педагошки вештини со студентите на првиот и на вториот циклус студии, а што се покажува и од резултатите од спроведените самоевалуации на соодветните академски години;

- кандидатката навремено, совесно и целосно ги извршува своите работни задачи;

- кандидатката е активно ангажирана во подготовка и во спроведување научни и апликативни проекти и има значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати во поширок општествен контекст;

- кандидатката била учесник и/или излагач на бројни конференции, собири, работилници, обуки, советувања, итн., како во земјата така и во странство;

- кандидатката има забележителна издавачка активност во објавувањето книги, научни и стручни трудови и популарни изданија, што го покажува нејзиниот научноистражувачки интерес и способности;

- кандидатката, преку научните трудови, покажува извонредни способности за компаративна и интердисциплинарна анализа, како на класични така и на модерни теми од областа на граѓанското право, со што несомнено придонесува за неговиот развој.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Неда Здравева ги поседува научните и стручните квалитети за изведување на разни видови високообразовна дејност. Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата заклучува дека кандидатката ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област граѓанско материјално право.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Неда Здравева да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област граѓанско материјално право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Гале Галев, с.р.
2. Проф. д-р Родна Живковска, с.р.
3. Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Неда Христо Здравева

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

**Научна област:** граѓанско материјално право

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава** | |
| 1.1. | **од прв циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**<br><br>**облигационо право**<br>учебна 2012/2013 8*15*0,04 = 4,8<br>учебна 2014/2015 2,66*15*0,04 = 1,6<br>учебна 2015/2016 2,66*15*0,04 = 1,6<br><br>**од прв циклус студии, Машински факултет – Скопје**<br><br>**основи на право на интелектуална сопственост** | 9,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | учебна 2015/2016 2*15*0,04 = 1,2<br><br>**основи на право на индустриска сопственост**<br><br>учебна 2015/2016 2*15*0,04 = 1,2 | |
| 1.2. | **од втор циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**<br><br>**мастер: граѓанско материјално право и граѓанско процесно право**<br><br>**договорно право**<br><br>учебна 2012/2013 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2014/2015 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2015/2016 1,66*15*0,05 = 1,25<br><br>**граѓанско право – применета програма**<br><br>учебна 2012/2013 0,33*15*0,05 = 0,25<br>учебна 2014/2015 0,33*15*0,05 = 0,25<br>учебна 2015/2016 0,33*15*0,05 = 0,25<br><br>**право на интелектуална сопственост (изборен од модул А – граѓанско материјално право)** | 22,35 |

| | | |
|---|---|---|
| | учебна 2012/2013 1,16*15*0,05 = 0,87<br>учебна 2014/2015 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2015/2016 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**отштетно право (изборен од модул А – граѓанско материјално право)**<br><br>учебна 2012/2013 1,16*15*0,05 = 0,87<br>учебна 2014/2015 1,16*15*0,05 = 0,87<br>учебна 2015/2016 1,16*15*0,05 = 0,87<br><br>**право на интелектуална сопственост (опционен)**<br><br>учебна 2012/2013 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2014/2015 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2015/2016 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**отштетно право (опционен)**<br><br>учебна 2012/2013 1,16*15*0,05 = 0,87<br>учебна 2014/2015 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2015/2016 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**потрошувачко право (опционен)**<br><br>учебна 2012/2013 1,16*15*0,05 = 0,87<br>учебна 2014/2015 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**договорно право (опционен)** | |

| | | |
|---|---|---|
| | учебна 2012/2013 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2014/2015 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**интернет право (опционен)**<br><br>учебна 2012/2013 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2014/2015 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2015/2016 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**право на осигурување и обезбедување трансакции (опционен)**<br><br>учебна 2012/2013 0,06*15*0,05 = 0,05<br>учебна 2014/2015 0,06*15*0,05 = 0,05<br>учебна 2015/2016 0,06*15*0,05 = 0,05<br><br>**мастер: деловно право**<br><br>**право на интелектуална сопственост**<br><br>учебна 2012/2013 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2014/2015 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2015/2016 1,66*15*0,05 = 1,25<br><br>**мастери: деловно право и финансии и финансово право** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **право на осигурување и обезбедување трансакции (изборен од модул А и изборен од модул Б)**<br><br>учебна 2012/2013 0,06*15*0,05 = 0,05<br>учебна 2014/2015 0,36*15*0,05 = 0,27<br>учебна 2015/2016 0,06*15*0,05 = 0,05<br><br>**мастер: право на интелектуална сопственост**<br><br>**Introduction to Intellectual Property Law**<br><br>учебна 2012/2013 0,73*15*0,05 = 0,55<br>учебна 2014/2015 0,73*15*0,05 = 0,55<br>учебна 2015/2016 0,73*15*0,05 = 0,55<br><br>**Copyright and Related Rights**<br><br>учебна 2012/2013 1,06*15*0,05 = 0,8<br>учебна 2014/2015 1,46*15*0,05 = 1,1<br>учебна 2015/2016 1,46*15*0,05 = 1,1<br><br>**од втор циклус студии на Факултет за електротехника и информациски технологии**<br><br>**мастер: регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај (РЕЕКС)**<br>**Основи на договорно и на потрошувачко право**<br><br>учебна 2014/2015 4*15*0,05 = 1,5 | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 2. | **Настава во школи и работилници** | |
| 2.1. | Лето 2015 година: излагање на втор патувачки летен универзитет „Accession to the European Union and Identity of Balkans” организиран од Franco-German University, Université Paris Ouest-Nanterre- La Défense (France), Universität Münster (Germany), University Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Law “Iustinianus Primus” Skopje (Macedonia), Скопје, Република Македонија | 1 |
| 2.2. | Лето 2015 година: излагање на меѓународна летна школа EU-SEE Law Net EU Opens Markets со тема “Правната професија и отворениот пазар на ЕУ“ организирана од Мрежа на правни факултети на Југоисточна Европа и Универзитет Саарланд, Германија, Загреб, Република Хрватска | 1 |
| 3. | **Подготовка на нов предмет** | |
| 3.1. | **Предавања**<br><br>Основи на договорно и на потрошувачко право | <br><br>1 |
| 4. | **Консултации со студенти**<br><br>учебна 2012/2013 300*0,002 = 0,6<br>учебна 2014/2015 200*0,002 = 0,4<br>учебна 2015/2016 240*0,002 = 0,48 | 1,48 |
| 5. | **Член на комисија на оценка или одбрана на докторат**<br>1*0,5 | 0,5 |
| 6. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура**<br>50*0,3 | 15 |
| 7. | **Интерна скрипта од предавања** | |
| 7.1. | Основи на договорно и на потрошувачко право | 4 |
| 8. | **Научно-популарна книга** | |
| 8.1. | **Коавтор**<br>Авторско право и сродни права за електронски медиуми: прирачник, Центар за развој на медиуми, Скопје, 2014 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | **Пакет материјали за одреден предмет**<br><br>Основи на право на интелектуална сопственост<br>Основи на договорно и потрошувачко право | 2 |
| | **Вкупно поени од претходен избор** | 117,39 |
| | **Вкупно** | **61,53** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста (научноистражувачка):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа**<br>13*1 | 13 |
| 2. | **Учесник во национален научен проект** | |
| 2.1. | Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2012-2016 | 3 |
| 3. | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 3.1. | Civil Law Forum for South East Europe, GIZ-South East European Law School, 2013 | 5 |
| 3.3. | Civil Law Forum for South East Europe, GIZ-South East European Law School, 2012 | 5 |
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 4.1. | Цена наспроти вредност – правни и економски аспекти на надоместувањето на нематеријална штета (автор), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Јане Миљоски, Скопје, 2016 | 4 |
| 4.2. | Potrošačko pravo na raskid ugovora prema predlogu uredbe o zajedničkom pravu prodaje, makedonskom i njemačkom pravu, | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | (автор), Anali Pravnog fakuleta Univerziteta u Zenici, br. 14, god. 7, Zenica, 2015 | |
| 4.3. | Односите на родителите и нивните деца и на други блиски сродници и издржувани лица гледани од аспект на отштетното право на Република Македонија (коавтор), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Скопје, 2013 | 3,6 |
| 4.4. | Običaj kao izvor obligacionog prava (коавтор), Pravni život, br. 10, Beograd, 2012 | 3,6 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание** | |
| 5.1. | Цели и функции на материјалното надоместување на нематеријалната штета (автор), Правник, бр. 243/244, Скопје, 2012 | 2 |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 6.1. | Protection of Public Interest in the Area of Health through Compulsory Licenses of Patents for Pharmaceuticals under the Macedonian Legislation (коавтор), Macedonian pharmaceutical bulletin, No. 62 (suppl), Скопје, 2016 | 2,7 |
| 7. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 7.1. | Раскинувањето на договорите поради неисполнување во македонското облигационо право: кон единствен систем на повреда на договорите (коавтор), Zagrebačko-skopski kolokvij: zbornik radova, Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 2015 | 1,6 |
| 7.2. | Detecting the Challenges in Field of Collective Management of Copyright and Related Rights, National Report Macedonia, (коавтор), Social Perspectives – Journal of Legal Theory and Practice – Special Issue, International Scientific Conference on Regional and EU Intellectual Properties Challenges, Center for Social Research, International Burch University, Sarajevo, June, 2014 | 1,8 |
| 7.3. | Detecting the Challenges in Field of Patents, National Report Macedonia (коавтор), Social Perspectives – Journal of Legal Theory and Practice – Special Issue, International Scientific Conference on Regional and EU Intellectual Properties Challenges, Center for Social Research, International Burch University, Sarajevo, June, 2014 | 1,8 |
| 7.4. | Detecting the Challenges in Field of Trademarks, National Report Macedonia (коавтор), Social Perspectives – Journal of Legal Theory | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | and Practice – Special Issue, International Scientific Conference on Regional and EU Intellectual Properties Challenges, Center for Social Research, International Burch University, Sarajevo, June, 2014 | |
| 7.5. | Dealing with the Challenges and Eliminating Challenges/Summary of Solutions for Challenges in th filed of Trademarks (автор), Social Perspectives – Journal of Legal Theory and Practice – Special Issue, International Scientific Conference on Regional and EU Intellectual Properties Challenges, Center for Social Research, International Burch University, Sarajevo, June, 2014 | 2 |
| 8. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 8.1. | Zaključenje potrošačkih ugovora u makedonskom pravu (коавтор), Aktualnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse: zbornik radova, XIV, Pravni fakultet Sveučilišta u Mostaru, Mostar, 2016 | 2,7 |
| 8.2. | Одговорност за штета заради повреда на трговските договори во македонското договорно право (коавтор), Aktualnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse: zbornik radova, XIII, Pravni fakultet Sveučilišta u Mostaru, Mostar, 2015 | 2,7 |
| 8.3. | Authonomy and antidiscrimination in Private Law – the Experience of the Western Balkans, Country Report: Macedonia (автор), Civil Law Forum for South East Europe: Collection of Studies and Analyses, Third Regional Conference in Tirana (2013), Skopje, 2014 | 3 |
| 8.4. | Unfair Contract Terms in the Contract Law: Country Report for Macedonia (коавтор),Civil Law Forum fo South East Europe: Collection of studies and analyses, Vol. 1, Skopje, 2012 | 2,4 |
| 8.5. | Drafting Civil Code (коавтор),Civil Law Forum fo South East Europe: Collection of studies and analyses, Vol. 1, Skopje, 2012 | 2,4 |
| 8.6. | Liability for Legal defects: Country Report for Macedonia (коавтор),Civil Law Forum fo South East Europe: Collection of studies and analyses, Vol. 1, Skopje, 2012 | 2,7 |
| 8.7 | Remedies for Non-performance in Sales Conbtracts – Damage and Interest: Country report for Macedonia (коавтор),Civil Law Forum fo South East Europe: Collection of studies and analyses, Vol. 1, Skopje, 2012 | 2,4 |
| 9. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир** | |
| 9.1. | Пролет 2016 година: учество и излагање на 74-та Средба на правниците на Република Македонија со тема „Отворени прашања во уредувањето на облигационите односи што | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | настануваат со причинување штета во работната верзија на трета книга: Облигациони односи од Граѓанскиот законик на Република Македонија“, Охрид, Република Македонија | |
| 9.2. | Зима 2015/2016 година: излагање на советувањето „Стратегија за заштита на потрошувачите во Република Македонија“, Скопје, Република Македонија | 2 |
| 9.3. | Полет 2015 година: излагање на обука со тема „Одговорност за штета во правната професија“, Академија за судии и јавни обвинители, Скопје, Република Македонија | 2 |
| 9.4. | Полет 2015 година: излагање на обука со тема „Авторско право на аудио-визулени дела“, Академија за судии и јавни обвинители, Скопје, Република Македонија | 2 |
| 9.5. | Зима 2014/2015 година: излагање на обука со тема „Обука на обучувачи“, Академија за судии и јавни обвинители, Скопје,<br><br>Република Македонија | 2 |
| 9.6. | Есен 2012 година: излагање на 3-та Конференција за интелектуална сопственост во фармацевтската индустрија, Скопје, Република Македонија | 2 |
| 10. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 10.1. | Есен 2016 година: учество и излагање на International Construction Law Conference, Истанбул, Република Турција | 3 |
| 10.2. | Пролет 2016 година: учество и излагање на меѓународна конференција Regional Internet Forum, Белград, Република Србија | 3 |
| 10.3. | Зима 2014/2015 година: учество и излагање на меѓународна конференција „Денови на германското право“, Зеница, Босна и Херцеговина | 3 |
| 10.4. | Лето 2014: учество и излагање на меѓународна конференција Regional and EU Intellectual Properties Chalenges, Сараево, Босна и Херцеговина | 3 |
| 10.5. | Пролет 2013 година: учество и излагање на Congress on Harmonization of European Private Law, Истанбул, Република Турција | 3 |
| 10.6. | Пролет 2013 година: учество и излагање на „Трета регионална конференција на Форумот за граѓанско право на Југоисточна Европа“, Тирана, Република Албанија | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 10.7. | Зима 2012 година: учество и излагање на World Finance & Banking Symposium in Shanghai, China | 3 |
| | **Вкупно поени од претходен избор** | 91,6 |
| | **Вкупно** | **106,2** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (стручно-апликативна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Стручна монографија** | |
| 1.1. | „Прирачник за патентна политика на универзитетите и научните установи", Државен завод за индустриска сопственост, Скопје, 2013 | 6,4 |
| 2. | **Книга од стручна област** | |
| 2.1. | **Коавтор**<br><br>Intellectual Property Law: International Legal Sources, Faculty of Law "Iustinianus Primus", Skopje, 2012 | 7 |
| 3. | **Студија, физибилити студија, истражување на пазарот** | |
| 3.1. | **Учесник/соработник**<br><br>Анализа на правните и буџетските импликации на неоснованото притворање, ЗГ „Сведок" со Амбасадата на Кралството Холандија, Скопје, 2016 | 1 |
| 3.2. | Зајакнување на организацискиот и институционалниот капацитет на Државниот завод за индустриска сопственост за поефикасно спроведување на законодавството во областа на интелектуалната сопственост во корист на корисниците на интелектуална сопственост, Државен завод за индустриска сопственост, Скопје, 2016 | 1 |
| 3.3. | „Скенирање на законодавството, утврдување на опфатноста и мапирање на институциите кои се надлежни  за креирање на мерките во областа за заштита на потрошувачите како материјал за изработка на стратегија за заштита на потрошувачите и подобрување на квалитетот на производите и услугите 2016-2010", | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Организација на потрошувачите на Македонија за Министерство за економија на Република Македонија, 2016 | |
| 3.4. | Политика на интелектуална сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (коавтор), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2013 | 1 |
| **4.** | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | |
| 4.1. | Промоција на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2015 | 0,5 |
| **5.** | **Член во комисија за изработка на закон** | |
| 5.1. | Член на Работна група за облигационо право при Комисијата за изработка на Граѓанскиот законик на Република Македонија, 2012-2016 | 4 |
| **6.** | **Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт** | |
| 6.1. | Член на Работна група за изготвување општи акти за заштита на интелектуалната сопственост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Скопје, 2013-2016 | 2 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 7. | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| 7.1. | Член на Уредувачкиот одбор на публикација со меѓународен уредувачки одбор „Legal Protection Against Discrimination in South East Europe - Regional Study“, Centre for SEELS, Skopje, 2016 | 0,5 |
| 7.2. | Член на Уредувачкиот одбор на публикација со меѓународен уредувачки одбор SEE-LAW NET: Networking of Lawyers in Advanced Teaching and Research of EU Law post-Lisbon, Outcome od the SEE Graduates EU Law Teaching and Reserch Academy 2013, Collection of Papers, Europa Instut of Saarland University & Centre for SEELS, Skopje and Saarbrucken, 2013 | 0,5 |
| 8. | **Студиски престој во странство** | |
| 8.1. | **до три месеци**<br>Лето 2012: Макс Планк - институт за компаративно и меѓународно приватно право | 0,5 |
| 8.2. | **повеќе од 6 месеци**<br>Академска 2013/2014: пост-докторско истражување на Универзитет Фрибург, Швајцарија | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | **Член на факултетска комисија** | |
| 9.1. | Член на Комисија за запишување на студенти на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2016 | 0,5 |
| 9.2. | Член на Комисија за запишување на студенти на втор циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2015 | 0,5 |
| 10. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 10.1. | Лиценциран вештак од областа на заштитата на авторските права, другите сродни права и правата од интелектуална сопственост (член на Комората за вештаци) | 1 |
| 10.2. | Член на правна комисија на Организацијата на потрошувачите на Република Македонија | 1 |
| | **Вкупно поени од претходен избор** | 53 |
| | **Вкупно** | **30,4** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **61,53** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **106,2** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **30,4** |
| **Вкупно поени од претходен избор** | 261,99 |
| **Вкупно** | **198,13** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. Проф. д-р Гале Галев, с.р.

2. Проф. д-р Родна Живковска, с.р.

3. Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНФОРМАТИЗАЦИЈАТА КАКО МЕРКА НА ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА“ ОД М-Р АНА СЕКУЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Секуловска со наслов ,,Информатизацијата како мерка на образовната политика“, во состав: проф. д-р Борче Давитковски (претседател), проф. д-р Зоран Илиевски (ментор), проф. д-р Гоце Наумовски (член), доц. д-р Владимир Божиновски (член) и доц. д-р Ирена Рајчиновска-Пандева (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” Скопје, му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Секуловска, со наслов „Информатизацијата како мерка на образовната политика“, содржи 210 страници компјутерски обработен текст во фонт Cambria, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 107 фусноти, 121 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во **седум** глави, **вовед** и **заклучни согледувања**. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Поаѓајќи од Националната политика за информатичко општество на Република Македонија, преку процесот на изготвување на Стратегија за развој на информатичко општество и Акциониот план, се промовира итноста за придвижување на Република Македонија кон информатичко општество, за што се неопходни ангажмани на национално ниво од страна на сите клучни субјекти во Република Македонија. Кандидатката образложува дека искуствата од примената на ИКТ во наставата од разни делови на светот покажуваат дека самото воведување на ИКТ не доведува до автоматско и моментално подобрување на наставниот процес и неговите резултати. Ефективната примена на технолошките алатки во наставата бара комплексен пристап – потребни се промени во курикулумите и наставните програми, а со тоа и наставните материјали треба да се променат: да се подготват збирки на дигитални наставни материјали, да се организираат и стават на располагање на сите наставници, наставниците да се обучат за да можат ефикасно да ги искористат технологиите кои се на располагање, а, секако, и наставниците со својот пример во својата околина да покажат пристап кон доживотно учење и усовршување. Финансиската поддршка на овој пристап не треба да се занемарува и треба добро да се осмисли за да може да го олесни и поддржи овој процес на промени и да го направи одржлив во иднина. Затоа, истражувањето има за цел да го прикаже степенот на влијание на ИКТ врз образовните политики, нивната примена, како и да ја скенира состојбата во Република Македонија во постигнатиот степен на информатизација. Со примената на информатичките технологии, се постигнува повисок степен на успешност при работата, а со воведување на електронски наставни материјали

во развојот на квалитетно образование во делот на мотивираност на наставниците за работа и поуспешното совладување на знаењата од страна на учениците.

**Втората** глава е посветена на опис на проблемот, задржувајќи се на феноменот на дигитална трансформација, ИКТ писменоста и процесот на воведување на ИКТ во образованието: дескрипција на процесот на креирање на политиките во општествени рамки, нивната појавност од потреба, како и директни учесници во истата. Во процесот на креирање на политиката, неминовно е и постоењето на интегратори на оваа политика , односно инструменти кои се утврдени со методологијата за анализа и нејзина координација. При секоја иновација постојат и голем број на тешкотии и предизвици.Интегрирањето на ИКТ во образованието и појавувањето на потребата за иновирање на една образовна политика, со внес на ИКТ алатки, навистина стана предизвик и потреба за подигнување на нивото на образовниот систем во РМ.

**Третата** глава ги содржи теоретските основи на стратегијата на државно ниво. Што всушност претставува таа, кој е нејзиниот предизвик и цел? Во суштина, кои се предностите на стратешкото планирање и како со стратегија до постигнување на краен резултат? Кои се карактеристиките на успешното стратешко планирање, нивната појдовна точка, како и определување то на нормативната рамка за стратегијата?

**Четвртата** глава дава преглед на постојните состојби во Република Македонија и досегашните искуства во оваа област, достапни во литературата. Оваа глава содржи преглед на примената на електронски содржини за учење, електронски содржини за оценување, електронски содржини за менторирање. Во оваа глава прецизно е претставена ИКТстратегијата и методологијата за нејзин развој, нејзината мисија, визија во општествени рамки, како и конкретната стратегија со нејзините стратешки цели за создавање на ИКТ општество во светски рамки. Посебен осврт е направен врз досегашните истражувања во оваа област во РМ. Во оваа глава се објаснети потребите и мотивите од нов пристап во третирањето на оваа проблематика кај нас.

**Петтата** глава разработува една дилема поврзана со ИКТ општеството, односно, дали процесот на информатизација детерминира квалитет или проблем(?) Досегашното искуство на Министерството за информатичко општество и администрација е дека имплементацијата на креираната политика јавува мноштво на проблеми во процесот на апсорпција на замислените насоки во општествени рамки. Поаѓајќи од овој аспект, во оваа глава е направена анализа на состојбите, односно како глобализацијата влијае врз електронското општество, предности и предизвици, и разгледани се насоките на ИКТ стратегијата кои ја презентираат методологијата на истражувањето. Се презентира проблемот кој се истражува, мотивот за ова истражување, предметот и целта.

Во **шестата** глава е направена анализа на интегрирањето на ИКТ во образованието, т.е. анализа на придобивките од него. Користен е и извештај за употребата на ИКТ алатките во периодот од 2011 година, позајмен од Државниот завод за статистика на РМ, собраните податоци и е направена анализа на добиените резултати. Во оваа глава, исто така, се трасирани насоките за натамошна работа и заклучни согледувања во врска со обработуваната тематика, се резимирани определени резултати и заклучоци од направените истражувања.

Во **седмата** глава веќе има близок пристап кон проблемот: што е она што е направено и што треба да се направи(?). Низ целиот труд се споменува поимот „информатизација“, но во колкав процент е таа застапена – не постои мерлив резултат за нејзината присутност. За да се определи степенот на информатизација, најпрво треба да се определат индикаторите за ИКТ во образованието, како и да се направи проширена листа на меѓународно споредливи индикатори и нивни методолошки импликации. Во

оваа глава се разработува и се поставува концептуална рамка за развој на индикаторите за ИКТ во образованието.

**Осмата** глава систематски разработува методологија за пресметување на степенот на информатизација и воведување на терминот „индекс на информатизација во образованието (ИИО)", како композитен индикатор кој опфаќа два аспекта: субиндекс на креирање и субиндекс на имплементација на образовната политика. Во процесот на анализа и изработка на оваа методологија, користени се искуства од светот, посебно од Народна Република Кина, како и влезни податоци од Светскиот економски форум. Во оваа глава јасно е претставена состојбата на РМ преку мноштво графикони и пресметан е индексот на информатизација во образованието во Република Македонија во изминатиов петгодишен период (2011-2016 година).

Во **заклучните согледувања** се разработени препораки, аномалии од процесот на имплементација на политиките и насоки за подобрување на системот.

## Предмет на истражување

Предмет на ова истражување е дали и како примената на ИКТ влијае врз квалитетот на образованието во училиштата, да се определат факторите кои влијаат и го подигаат нивото на информатизација, како и да се даде предлог методологија за пресметување на индексот на информатизација во РМ.

Според содржината и аспектот на гледање на предметот, ова истражување се класифицира како општествено истражување, бидејќи определува влијание врз мотивацијата на наставниците. Ова истражување е мултидисциплинарно истражување според дисциплинарната припадност, бидејќи комбинира знаења од повеќе области како што се: педагогија, користење на ИКТ, мотивација за работа, усовршување и учење, стратешко планирање, образовни политики, планирање и реализација на наставниот процес. Ова истражување е осмислено да ја опише моментална состојба на информатизација во РМ, во образованието, и да се направи компаративна анализа, за тоа колку примената на ИКТ во образованието позитивно влијае врз образовните политики.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Претходното истражување низ достапната литература и личното искуство на кандидатката во образованието, укажуваат дека воведувањето на ИКТ во образованието, само по себе, не води кон подобрување во образованието. Обуките за наставниците да можат лесно и целосно да ја искористат достапната технологија се многу потребни, но и тие решаваат само дел од проблемот, така што ги поттикнуваат само оние наставници кои се големи ентузијасти за користење на ИКТ во наставата. Дури и наставниците да се многу заинтересирани за користење на ИКТ во наставата. Заради воведувањето на ИКТ во сите училишта во Р. Македонија, неминовно е да дојде до повеќекратно преклопување на изготвените електронски наставни содржини, што не само што не води до подобрување на квалитетот, туку може да поттикне проблеми и немотивираност кај наставниците. Затоа е потребно структурирано организирање на електронските материјали и нивна достапност за сите заинтересирани наставници и вклучени страни во образовниот процес.

Оправданоста за изработката на дисертацијата се должи на теоретската и практичната потреба за реализација на истражувања кои ќе бидат направени во оваа област, имајќи го предвид фактот дека кај нас досега не е направен увид на состојбата од примената на ИКТ во образованието, позитивните и негативните резултати од нивната примена, и да се определи степенот на информатизација во образованието.

**Краток опис на применетите методи**

Бидејќи проблемот се гледа низ призмата на образовната политика и нејзините два комплементарни аспекта – креирање и имплементација, се предлага индексот на информатизација во образованието да биде композитен индикатор составен од две главни категории (субиндекси) со по три индивидуални индикатори за секој од нив, подредени според нивниот ранг по опаѓачки редослед: I) субиндекс на имплементација на образовната политика (1. квалитет на образовниот систем; 2. достапност на најновите технологии; 3. интернетпристап во училиштата) и б) субиндекс на креирање на образовната политика (1. ефективност на телата за донесување на закони; 2. успех на Владата во промоцијата на ИКТ; 3. важност на ИКТ во визиите на Владата).

Следствено, индексот на информатизација во образованието се пресметува како тежинска сума (weighted sum), а за доделување на тежините на субиндексите, како и на индикаторите за секој од нив, се користи методата на центроиди (Rank-Order Centroid Method).

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Воведен е „индекс на информатизација во образованието во Република Македонија“, заснован на моделите на добрите практики во светот и добиените резултати од истражувањето врз репрезентативен примерок кај нас, а во контекст на подобрување на квалитетот на образованието. Методолошки, дисертацијата е оправдана и многу потребна, затоа што за првпат во Македонија е конципиран модел или методологија за пресметување на индексот на информатизација, како и определување на индивидуални индикатори за Република Македонија. Состојбата е јасно претставена преку мноштво графикони и пресметан е индексот на информатизација во образованието во Република Македонија во изминатиов петгодишен период (2011-2016 година). Практично, дисертацијата отвора нови хоризонти и широки погледи врз начините на следење на степенот на информатизација во Република Македонија, како и доработка на кризните точки од процесот на креирање и имплементација на образовните политики, со сите новини од делот и примената на ИКТ во образованието.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ана Секуловска, со наслов „Информатизацијата како мерка на образовната политика“, претставува истражување во научното подрачје, општествени науки, во полето политички науки, во потесните области:методологија и теорија во политичките науки и политика на поединечни активности, струки и специјалности.

Докторската дисертација претставува самостоен и оригинален научно-истражувачки труд, кој внесува значителен придонес во областа на анализираната проблематика. Докторантката вешто владее со методологијата на научноистражувачката работа, што се огледува низ примената на различните методи и постапки во истражувањето, од една страна, но и во формулирањето, презентацијата и дискусијата по однос на добиените резултати, од друга страна. Извршена е опсежна истражувачка дејност, а изворно добиените резултати се исклучително важни од научноистражувачки, теоретски и апликативен аспект.

Кандидатката, во текот на изработката на дисертацијата, реализирала мноштво комплементарни активности кои недвосмислено ја потенцираат нејзината креативност, сеопфатно познавање на предметот на истражување и владеење со презентираната проблематика. Според својата организација, содржината, методологијата и техниката на изработка, како и според презентираните резултати од истражувањето, докторската дисертација несомнено укажува на фактот дека докторантката располага со потребните

знаења од областа на образовните политики и стратешкото планирање, со посебен акцент на моделите за проценка на степенот на информатизација и импликациите врз креирањето на образовна политика.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Секуловска, со наслов „Информатизацијата како мерка на образовната политика", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд ги објавиа (како прв автор, во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Секуловска, А., Митревски, П.: „Informatization Level Assessment Framework and Educational Policy Implications", објавен: International Journal of Managing Public Sector Information and Communication Technologies (IJMPICT), Vol. 7, No. 4, декември 2016

[2]. Секуловска, А.: „Measuring Information and Communication Technologies for Educational Policy Improvement: Education Informatization Index", прифатен за објавување: Proceedings of the International Conference on Education and New Developments (END2017), Лисабон, Португалија, јуни 2017

[3]. Секуловска, А., Јахија, Ј.: „Informatization as a Measure for Improvement of the Education Policy – Case Study: Electronic Content Portal", објавен: Proceedings of the 6th International Conference on „Applied Internet and Information Technologies (AIIT2016)", Битола, јуни 2016

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изложениот приказ и оценка, Комисијата констатира дека се работи за одлично изработена и особено квалитетна докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Главниот научен придонес** на кандидатката се огледува низ фактот дека носителите на одлуки можат да го следат напредокот на земјата со тек на време во споредба со нивните национално дефинирани цели. Методологијата презентирана во докторската дисертација и резултатите од заложбата да се најдат вистинските одговори на овие прашања можат да им помогнат на креаторите на политиката при донесувањето релевантни одлуки поврзани со интеграцијата на ИКТ во образованиот систем.

Што се однесува, пак, до **подрачјето на примена и ограничувањата**, како што избирањето на индикатори најчесто е резултат на процес на размена и преговори помеѓу засегнатите страни – националните испитаници и меѓународните експерти (особено затоа што една група на земји може да гледаат одредени индикатори како мошне релевантни за политиките и непроблематични, а други, пак, може да сметаат ист индикатор како ирелевантен или премногу сложен), така и во случајов остануваат отворени прашањата за: бројот на суб-индекси, бројот на нивоа на агрегација, бројот на индикатори, начинот на пресметување на нивните тежини, начинот на собирање на податоците и споредливоста на податоците.

Можните понатамошни истражувања се поврзани со препораките за **подигање на образовното ниво на населението** (приспособување на граѓанското образование

во насока на оспособување на граѓаните за користење на е-услуги; воведување на домашни и прифаќање на европски сертификати за стекнати знаења за ИКТ; издавање на литература од ИКТ во стандарден и мултимедиумски формат; креирање и користење на информации во дигитална форма, како во библиотеките, така и во другите институции сродни на образовните: истражувачки институции, музеи и институции од областа на културата и обезбедување на виртуелни работни околини), **зголемувањето на задолжителното образование** (ревизија на застапеноста на ИКТ во основното и средното образование; унапредување на содржината на ИКТ образованието во основното и средното образование: наставни планови и програми и профилирање на кадри; поттикнување на создавањето и користењето на дигитални содржини како наставни помагала (мултимедиумски и повеќејазични) во основното и средното образование; координирање и унапредување на образованието од областа на ИКТ во високообразовните институции: специјализирани факултети и наставни програми од ИКТ), **промоцијата на концептот на доживотно учење** (развој на системи за учење на далечина, е-учење и флексибилни облици на учење користејќи ИКТ; обезбедување услови за поттикнување на активности на т.н. центри за доживотно учење; обезбедување можности за неформално учење користејќи ИКТ во организации каде што тоа е секундарна функција; поттикнување на неформалното учење користејќи ИКТ во рамките на заедниците (групи на луѓе со заеднички интереси или социјална интеракција)), или, со други зборови, **создавањето на систем за учење и училишта погодни за 21 век**.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ана Секуловска** со наслов **Информатизацијата како мерка на образовната политика.**

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Борче Давитковски, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Зоран Илиевски, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Гоце Наумовски, член, с.р.**

**Доц. д-р Владимир Божиновски, член, с.р**

**Доц. д-р Ирена Рајчиновска-Пандева, член, с.р**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РОДИТЕЛСКИТЕ ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО“ ОД М-Р АРТА СЕЛМАНИ-БАКИУ, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на седницата одржана на 21.10.2016 година, по предлог на Институтот за граѓанско право, формира Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд на **кандидатката Арта Селмани-Бакиу, под наслов „Родителските права и должности во македонското и споредбеното право”,** во состав: проф. д-р Арсен Јаневски, проф. д-р Родна Живковска, проф. д-р Дејан Мицковиќ, доц. д-р Ангел Ристов и доц. д-р Елена Игновска.

Комисијата во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот докторски труд и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Приказ на докторскиот труд**

Докторскиот труд на кандидатката Арта Селмани-Бакиу, под наслов „Родителските права и должности во македонското и споредбеното право”, содржи вкупни 355 страници компјутерски изработен текст со вкупно 692 фусноти. Структурата на трудот се состои од вовед, 6 глави и заклучоци и предлози, со вкупно 341 библиографска единица.

Во **воведот** се изложени предметот, целите и методите на истражувањето, исто така  презентирани се и хипотезата, структурата на дисертацијата, како и научната и општествената оправданост на докторскиот труд.

Докторскиот труд поделен е во шест глави, и тоа: I.Теоретски и историски согледувања на родителските права и должности; II.Вршење на родителското право;  III.Престанок и продолжување на родителското право; IV.Засновање на родителство преку биомедицинско потпомогнато оплодување; V.Уредувањето на родителските права и должности во меѓународните документи; VI.Компаративен преглед на родителските права и должности.

Во **првата глава**, кандидатката ја дава општата дефиниција на родителското право, како и начелата врз кои треба да се реализираат родителските права и должности во семејното право. Понатаму, во трудот се презентира општиот преглед на историскиот развој на родителското право, како и на улогата на родителот (таткото) во семејството и влијанието врз децата, почнувајќи од

времето кога *pater familias* врз своите деца имал право на *ius vitae et necis,* па сè до сегашното време. Во овој дел, исто така е опфатена и содржината на родителското право, при што кандидатката ги анализира сите права и должности на родителите кон децата, како што се личните и имотните права и должности во семејното законодавство на Република Македонија. Во овој дел се анализираат и правата и должностите на децата кон нивните родители, кои не се главна цел на истражување на докторската дисертација, но секако се многу значаен дел кој придонесува да се даде една комплетна слика за законските уредувања на односите родител – дете.

Во **втората глава,** кандидатката прави нормативна анализа на македонското законодавство што се однесува на вршењето на родителските права и должности, и тоа во двата случаја: 1.кога родителското право го вршат и двајцата родители; 2.кога родителското право се врши од едниот родител, односно кога станува збор за разводот на бракот, потребата за поделеното старателство, како и кога станува збор за монородителските семејства. Во овој дел, кандидатката го анализира и надзорот над вршењето на родителските права и должности, а во посебен дел ја истакнува и улогата на Центарот за социјална работа, како орган кој е надлежен за овој надзор. Врз основа на анализата на работата на центрите за социјална работа и проблемите кои се јавуваат во практиката, во докторската дисертација се нагласува потребата за нивното реформирање, со цел тие поуспешно да ги остваруваат своите законски надлежности, особено кога се работи за заштита на правата и на интересите на децата. Кандидатката го анализира во детали Законот за вонпарничната постапка во случаите на одземање на вршењето на родителското право. Во овој дел, посебно внимание се обрнува на одземање на родителското право поради семејно насилство од родителите, како најсериозен облик на кршење на родителските права и должности. Во овој дел се опфатени сите семејноправни мерки за заштита на родителите и децата кои се гарантирани со прописите во македонското и меѓународното право и се дава општа слика за нивната примена, како и предлози за реформи на македонскиот Закон за семејството и воведување на меѓународните искуства во овој дел на семејното право.

Во **третата глава од докторската дисертација** се дава детална анализа на сите ситуации на престанокот на родителските права и должности, т.е. престанок на родителските права и должности со полнолетството на детето, давање на детето на посвојување, како и стапување во брак на детето пред полнолетство. Овој дел ја опфаќа и темата за продолжувањето на родителските права и должности. За да се докаже дека на децата без родители и без родителска грижа им се гарантира еден вид родителство, во трудот се истакнува и нивната семејноправна заштита преку институциите на семејното право, т.е. старателството и посвојувањето. Во овој дел, кандидатката ги презентира и добиените информации преку истражувањата за социјалната заштита на децата без родители и без родителска грижа. Посебно внимание во овој дел од докторскиот труд, кандидатката посветува на институцијата посвојување, како и

родителски права и обврски кои произлегуваат од овој родителски однос заснован преку правен акт.

Во **четвртата глава,** кандидатката го појаснува моделот на родителството засновано преку биомедицинско потпомогнато оплодување. Во овој дел на докторскиот труд се истакнува дека новите репродуктивни технологии доведуваат до бројни дилеми во врска со засновањето и остварувањето на родителските права и обврски, кои во минатото не беа познати. Посебно внимание во оваа глава се посветува на сурогат - мајчинството кое е прифатено и регулирано во Законот за биомедицински потпомогнато оплодување на Република Македонија. Освен анализата на сурогат - мајчинството во Македонија, во трудот се дава и споредбеноправен преглед за уредувањето на сурогат - мајчинството во поголем број законодавства. Во овој дел е презентирана и анализа на поголем број случаи пред Европскиот суд за човекови права, поради проблемите кои се јавуваат при признавање на детето родено од сурогат-мајка во држава која го забранува сурогатството.

Во **петтата глава,** кандидатката ги анализира најзначајните меѓународни документи кои ја регулираат семејноправната рамка на односот родител-дете. Наброени се меѓународните документи кои ги регулираат правата на децата, со посебен осврт на главниот и најзначајниот документ за правата на детето, Конвенција на ОН за правата на детето. Наведени се и објаснети се и документите на Европската унија во сферата на родителската одговорност (Стандардите на Советот на Европа и значајните документи усвоени од Хашката конференција).

Во **шестата глава** е даден споредбеноправен преглед на родителските права и должности. Во овој дел кандидатката дава детални информации за европските иницијативи во врска со процесот на хармонизација на семејното право во рамките на Европската унија. Канидатката ја истакнува улогата на Комисијата за европско семејно право во процесот на хармонизација на европските семејноправни системи, посебно во делот кој се однесува на остварувањето на родителските права и должности. Притоа, во трудот се детално презентирани законските одредби кои ја регулираат родителската одговорност во земјите од континенталното и англосаксонското право, а посебно внимание се посветува на решенијата за родителската одговорност во земјите на Југоисточна Европа.

На крајот, во **заклучните согледувања,** кандидатката накратко ги изнесува резултатите од истражувањето, како и заклучоците за сите делови на докторската дисертација. Кандидатката го завршува својот докторски труд истакнувајќи дека преку овој труд е реализирана основната цел, односно дадена е сеопфатна анализа на македонското родителско право, и врз основа на утврдените несоодветни законски решенија и правни празнини дадени се предлози за измени и дополнувања во законодавството, кои се темелат на најзначајните меѓународни документи, судската практика, решенијата на Европскиот суд за човекови права, предлозите дадени во правната теорија, како и решенијата предвидени во европските земји. Во овој дел, кандидатката посочува дека во докторскиот труд е потврдена основната хипотеза, а тоа е дека македонското семејно законодавство начелно добро ги уредува родителските права и обврски, но дека се потребни

одредени измени со цел тоа да се усогласи со најзначајните меѓународни документи, како што е Конвенцијата на ОН за правата на детето, како и со судската практика на Европскиот суд за човекови права и со генералните тенденции во законодавствата на европските држави. Исто така, во завршниот дел, кандидатката посебно внимание им дава на конкретните предлози за понатамошните реформи кои ќе обезбедат подобро уредување на родителската одговорност во Република Македонија.

**Заклучок и оценка на трудот**

Кандидатката Арта Селмани-Бакиу за предмет на својот докторски труд избрала комплексна и актуелна тема, која во последно време е во фокусот на интересот на науката за семејното право. Докторскиот труд на кандидатката м-р Арта Селмани-Бакиу претставува самостоен научен труд, со кој за првпат се остварува една систематска, научно фундирана и исцрпна анализа на родителските права и должности во македонското и во споредбеното право. Карактеризирајќи се, меѓу другото, и со својата опсежност во поглед на научната елаборација, докторскиот труд претставува значаен придонес за развојот на семејноправната наука во Република Македонија. Во направеното истражување, кандидатката се служела со богата и релевантна литература од сферата на семејното право, што ѝ овозможило сеопфатно да го анализира предметот на нејзиното проучување. Комисијата смета дека докторската теза на кандидатката Арта Селмани-Бакиу од методолошки и содржински аспект, претставува самостоен и заокружен научен труд, што е доказ дека таа солидно владее со истражувачката проблематика и дека добро ги совладала методите и техниките на научноистражувачката работа. Исто така, кандидатката демонстрира способност за критичка опсервација и анализи на постојните законодавни решенија и теоретски стојалишта, како и умешност за искажување на сопствени ставови за одделни аспекти на истражувачката проблематика. Тргнувајќи од направената анализа на македонското законодавство, анализата на решенијата од спредбеното право и најзначајните меѓународни документи, како и од анализата на судската практика, кандидатката дава и конкретни предлози за измени и дополнувања на постојното македонско семејноправно законодавство, што, според Комисијата, претставува најзначен научен придонес на докторскиот труд.

**Предлог**

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека докторскиот труд на **кандидатката Арта Селмани-Бакиу** под наслов **Родителските права и должности во македонското и споредбеното право** ги задоволува воспоставените стандарди за изготвување на трудови од ваков вид и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оценка, и да

и овозможи на кандидатката **Арта Селмани-Бакиу** да го брани својот докторски труд.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА**

**1. Проф. д-р Арсен Јаневски, с.р.**

**2. Проф. д-р Родна Живковска, с.р.**

**3. Проф.д-р Дејан Мицковиќ, с.р.**

**4. Доц.д-р Ангел Ристов , с.р.**

**5.Доц.д-р Елена Игновска, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЛИБЕРАЛИЗМОТ КАКО ПОЛИТИЧКА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА, СО ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р МАЈА СТОЈАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 25.11.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Стојанова со наслов ,,Предизвиците на либерализмот како политичка теорија и практика, со осврт на Република Македонија“, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, проф. д-р Ана Павловска Данева (ментор), проф. д-р Емилија Симовска и проф. д-р Зоран Илиевски (коментор).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Стојанова, со наслов „Предизвиците на либерализмот како политичка теорија и практика, со осврт на Република Македонија“, содржи 354 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 320 фусноти, 268 библиографски единици, меѓу нив книги, научни трудови, есеи, документи и интернет-извори.

Трудот е структуриран во **дванаесет** глави, **вовед** и **заклучни согледувања**. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања и теоретската рамка. На почетокот се објаснува која е и колкава е важноста од истражувањето на оваа тематика, вклучувајќи ги и причините поради кои се појавила потребата од преиспитување на суштината на предметот на истражување, во случајот тоа е либерализмот. Додатно, бидејќи во самиот наслов е содржан терминот практика, во воведот се објаснува потребата од изложувањето на искуствата во однос на конституирањето на државата, предизвиците на либерализмот во комунизмот и неговиот процут во посткомунистичкиот период. Уште во самиот вовед се објаснува дека анализата на либерализмот преку призмата на идеолошките позиции на политичките партии кои се обработени во тезата, не го исклучува фактот дека либералните политички партии не се единствените кои ги инкорпорирале и кои се залагаат за овие вредности, напротив либералните вредности сами по себе се еден глобален феномен. Нив ги делат и некои од останатите партии кои во својата идеолошка основа не се либерални. Со анализата на идеолошките позиции на одделните партии, како што се објаснува во воведот, само сака да се укаже дека токму некои од овие политички партии најбескомпромисно се борат за остварување на либералните вредности во политичката практика. Во воведот е нагласена и потребата, која, всушност, е и главната цел на тезата, да се расчисти со замката кога е во прашање либерализмот дека едно е либерализмот како теорија, а друго е прашањето како тој се остварува во практиката. Првото се однесува на тоа дека либерализмот е идеологија која без отстапки се бори за

реализација на своите вредности, додека со второто, како се остварува во практиката, се укажува на тоа дека тоа зависи од конкретното општество во кое опстојуваат определени либерални вредности. Поради тоа, анализата е ограничена на општества кои се либерални демократии, како единствените најкомпатибилни поредоци во кои овој вид на вредности можат поверодостојно да се реализираат. Значи, исходот упатува на тоа дека либералните демократии се производ на либералните идеи.

Во посебно поглавје е објаснет методолошкиот пристап на истражувањето, кој во поголем дел се заснова врз дескриптивниот и компаративниот метод, на методите на дедукција и индукција, како и на методот интервју лице в лице.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Потекло и развој на либерализмот". Таа практично ја опфаќа теоретската рамка на која се базира целокупната докторска дисертација. Во неа се анализирани еволутивниот пат на либерализмот, неговиот етимолошки развој, вклучувајќи ги тука и дефинициите на либерализмот од различни аспекти и од перспектива на познатите теоретичари застапници на оваа теорија.

**Втората глава** со наслов „Основните карактеристики (обележја) на либерализмот" се состои од детално објаснување на сите главни обележја на либерализмот како политичка теорија (слободата, индивидуализмот, еднаквоста, разумот, конституционализмот).

Во **третата глава** е содржана компаративната анализа меѓу видовите либерализам (класичен vs. модерен). Видовите на либерализам – класичен и модерен се објаснети во тезата преку теоретските концепти на најпознатите либерали, и тоа: концептот за природни права и начелото за поделба на власта на Џон Лок; сфаќањето на Џон Стјуарт Мил за немешањето на државата во делувањето на поединците и неговата утилитаристичка мисла; концептот за демократија и народен суверенитет, теоријата за демократија и можната опасност по демократијата и индивидуалните слободи, наречена „тиранија на мнозинството", според Алексис де Токвил и замислата за политичкиот лик на државата и начелото за поделба на власта според Шарл Луј Монтескје. На крајот од ова поглавје е содржан и табеларен приказ на основните карактеристики на класичниот либерализам наспроти оние на современиот, така што низ десет графи се сублимирани клучните разлики меѓу двата вида либерализам (временскиот период на појавување; основните карактеристики на двата вида либерализам; ставовите на класичните либерали наспроти оние на современите либерали во однос на човековата природа, односно нивните позиции во однос на нивната верба или скептицизам околу човековата способност за самореализација во општеството; перцепциите за тоа како едните и другите ја замислуваат државата: како минимална држава или како држава на благосостојба; нивните сфаќања за тоа колкав треба да биде степенот на инволвираност на државата во економската активност; дистинкција на позитивните и негативните страни и на класичниот и на современиот либерализам поодделно, како и набројување на најзначајните претставници од двата вида).

Во **четвртата** и во **петтата глава** е опфатена анализата на варијантите на либерализмот – лев либерализам (либерал-егалитаризам), чии главни карактеристики се елаборирани преку теоретските гледишта на двата најпознати леви либерали, Џон Ролс (преку теоријата за праведноста, концептот за еднаквост на можности и хипотетичкиот општествен договор) и Роналд Дворкин (преку концептот за дистрибуција на моќта, во кој е предвиден начинот на компензирање на природните недостатоци, прераспределбата на средствата за живот и оданочувањето на поединците).

Во **шестата глава** е направена компаративна анализа меѓу либерализмот и демократијата, односно анализа на тоа дали е можно да постои либерализам во едно општество, а тоа да не биде демократско, и обратно, дали постојат демократски општества

во кои не постои либерализам. Исто така, во овој дел се објаснува дека либералната демократија е најдобрата комбинација од либералните вредности и демократските системи, која денес се вика парламентарен политички систем во кој преовладува демократијата. Спомната е и клучната разлика меѓу нив, а тоа е дека либералните вредности и либерализмот одговараат на прашањето „Како владее?". Тие не одговараат на прашањето „Како се бира тој што владее?". Туку конкретно на тоа „Како владее тој откако ќе биде избран?". Додека демократијата одговара на друго прашање „Како се бира тој што владее?". Токму поради тоа демократијата е опасна. Зашто не одговара на прашањето како после ќе владее тој што ќе биде избран.

Следните две поглавја исто така содржат компаративна анализа. Во **седмото поглавје,** компаративната анализа се однесува на соочување на либерализмот со останатите политички теории (комунитаризмот, конзервативизмот, комунизмот, фашизмот и социјалдемократијата), додека втората компаративна анализа содржана во **осмото поглавје** ја сочинуваат критиките на либерализмот (комунитаристичката, либертаријанистичката, феминистичката, Хегеловата и Шмитовата критика на либерализмот).

Во низата компаративни анализи е содржана и компаративната анализа на британскиот наспроти американскиот либерализам, како примери за тоа како изгледа либерализмот во практика.

Во **деветтата глава** се разгледува либерализмот преку примерот на Велика Британија, која се смета за татковина на либерализмот и прототип за тоа како треба да изгледа либерална земја. Најпрво, во поглавјето со наслов „Историјат" се објаснети историските околности под кои се појавил либерелизмот, пред сѐ како потреба од механизам кој ќе го ограничи монархискиот апсолутизам, кој ќе го разложи и ограничи неделивиот и неограничен суверенитет и кој таквиот општествен хаос ќе го замени со идејата за конституционална монархија.
Освен историската линија на либерализмот во Британија, објаснета е и уникатноста на англискиот устав. Англискиот устав е вистинска атракција за уставното право во светот, поради тоа што никаде не постои како пишан документ, или со други зборови, татковината на либерализмот, Велика Британија, нема свој пишан устав, и покрај тоа што една од најгласните заложби на либералите беше токму оваа – постоење на пишан устав кој ќе ги гарантира основните човекови права и слободи, но не каков било устав, туку пишан. Сепак, тоа не значи дека значењето на овој устав може да се потценува иако тој не постои во пишана форма.

Во следниот дел од ова поглавје, со наслов „Парламентаризам", објаснета е еволуцијата на британскиот либерализам од датумот на неговото раѓање до денес. Посебен дел е посветен на либералите во Велика Британија, нивните почетоци, нивниот еволутивен пат до денешната форма и нивните основни заложби во практиката.

**Десеттата глава** од докторската дисертација претставува истоимена анализа за либерализмот како онаа за Велика Британија, само оваа се однесува на Соединетите Американски Држави. Во првиот дел – „Историјат" се објаснети почетоците на оваа теорија во САД и целокупната американска либерална традиција. Вториот дел со наслов „Поделба на власта" го објаснува начинот на кој е организиран и начинот како функционира американскиот претседателски модел. Елаборацијата, всушност, се базира на сегментарна анализа на одделните гранки од кои се состои власта во САД: законодавната, извршната и судската. Во делот „Парламентаризам", пак, се издвоени најзначајните настани кои го одбележале развојот на парламентаризмот во САД и е објаснето како генезата на либерализмот во САД имала огромно влијание врз

американскиот начин на живот. Исто како и во претходната глава, и овде последниот дел од поглавјето е посветен на либералите во САД.

Во посебно поглавје, кандидатката ги анализира позициите на либерализмот во однос на одредени конкретни прашања, и тоа: 1) во однос на прашањето за решавањето на конфликтите, внатре во државите и на меѓународно ниво; 2) во однос на прашањето за статусот на малцинствата (тука кандидатката дава еден хронолошки приказ како се менувал статусот на малцинствата во Република Македонија во корелација со развојот на уставното уредување на државата, уставните промени од осамостојувањето до денес, уставните промени кои беа направени по конфликтот од 2001 година и оние што беа направени како резултат на Охридскиот рамковен договор).

Дополнително, кандидатката ја анализира и имплементацијата на идеолошките принципи на либерализмот во програмите на политичките партии од македонскиот (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ) и од албанскиот политички блок (ДУИ и ДПА).

Особено внимание е посветено на последното поглавје кое ги опфаќа поднасловите: „Либерализмот во СФРЈ“, „Либерализмот во посткомунистичките општества“ и „Либерализмот на Балканот“. Посебен осврт кон либерализмот во Македонија е даден во поглавје кое освен со нужниот теоретски дел е збогатено и со интервјуа лице в лице, со познати експерти од оваа област и од практиката.

Во **заклучните согледувања,** кандидатката ги потврдува своите појдовни претпоставки и ги објаснува причините поради кои либерализмот се соочува со конкретните предизвици кои беа елаборирани во трудот. Кандидатката, исто така, нуди и неколку решенија како тој да опстане и да се акомодира на новонастанатите општествени околности.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на оваа дисертација е политичката теорија либерализам и имплементирањето на либералните вредности во практиката. Во почетниот дел од дисертацијата, предметот на истражување главно се разгледува преку теоретското елаборирање на либерализмот, започнувајќи хронолошки од неговото потекло и развој, па движејќи се до сите негови одделни карактеристики детално, преку сегментарна анализа. Нужноста од ваквиот начин на дефинирање на предметот произлегува од фактот што либерализмот, за разлика од другите политички теории, е поспецифичен, па со самото тоа бара поголемо внимание при неговото анализирање. Фактот што во негов склоп постојат два вида (класичен и современ) либерализам и го има во две варијанти (лев и десен либерализам), уште повеќе ја зголемува одговорноста при неговото проучување. Иако навидум сѐ е јасно околу оваа теорија, а вклучувајќи го предвид и фактот дека постои обемна литература од оваа област, либерализмот е можеби најконтроверзната политичка теорија. Тоа е така од причина што постојат огромен број на недоречености и конфузности поврзани со него. Анализирајќи го до крајот, додека да се стигне до крајниот резултат, односно до давање на одговор на истражувачкото прашање, овој труд се обиде да одговори на сите помалку познати аспекти и перспективи поврзани со либералната теорија.

Според содржината и аспектот на гледање на предметот, ова истражување се класифицира како општествено истражување. Ова истражување е и мултидисциплинарно истражување според дисциплинарната припадност, бидејќи комбинира знаења од повеќе области, како што се: политички теории, политичка филозофија, политичка економија, социологија, историја. Крајна цел на оваа дисертација е да се одгатне дилемата што ќе се случи со либерализмот во иднина. Дали и покрај тоа што либералните вредности се

соочуваат со криза во последните неколку години на тлото на Балканот и пошироко во Европа, либерализмот ќе успее да опстане во политичката арена?

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Претходното истражување низ достапната литература и познавањата на кандидатката од оваа област укажуваат дека навистина постои криза на либералните вредности на тлото на Европа, и особено на Балканот. Сепак, кандидатката укажува на тоа дека при донесување на крајниот заклучок треба да се биде внимателен во однос на географскиот простор за кој се однесува анализата на теоријата и примената на либералните вредности во практиката. Со други зборови, тоа значи дека широкоградоста на либерализмот е детерминирана од географскиот простор на кој се однесува. Така, на пример, не е исто да се биде либерал во Велика Британија и во САД. Во Велика Британија и особено во остатокот од демократска Европа зборуваме за либерализам во „потесна смисла“, бидејќи природата на политичките системи на овој континент не дозволува толку голема опуштеност. За разлика од тоа, Соединетите Американски Држави се сосема друга приказна. Тие ги доведуваат во ситуација дури и самите конзервативци да станат идеолошки либерали. Врз основа на ова, кандидатката констатира дека главна кочница за афирмацијата на либералните вредности се неколку нешта: (1) нестабилноста на општествата (политичка и економска); (2) ниското ниво на политички менталитет и политичка култура, поради кои не постои спремност во целост да се прифатат одредени либерални вредности од корпусот вредности кои ги застапува либерализмот; (3) незрелоста и неподготвеноста на главните политички субјекти во државата (политички актери, носители на јавни државни функции, политички партии) да ги инкорпорираат либералните вредности во своето работење; (4) подемот на конзервативната десничарска идеологија.

Оправданоста за изработката на дисертацијата се должи на теоретската и практичната потреба за реализација на истражувања кои ќе бидат направени во оваа област, имајќи го предвид фактот дека кај нас досега не постои научно дело, книга, која систематизирано во еден том ги опфаќа сите поединости поврзани со либерализмот. За своите потреби, политолозите досега мораа да бараат литература од повеќе автори за да можат да склопат целосна слика за тоа што претставува либерализмот.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Во најголем дел од дисертацијата е користен дискриптивниот метод. Тоа е така поради природата на темата на оваа дисертација. Бидејќи темата која е цел на истражување е политичка теорија, а кога се во прашање анализите на политичките теории свесни сме дека разглобуваме материја која е огромна и дифузна, тогаш сосема е неопходна сериозна систематизација. Компаративниот метод е исто така неопходен како што е и дискриптивниот. Тој е користен во оние поглавја каде што се споредуваат двата вида на либерализам (класичен и модерен либерализам), двете варијанти (лев и десен либерализам) и во практичниот дел каде што се споредуваат американскиот и британскиот либерализам како најизразити претставници од американско и европско тло. Методите на дедукција и на индукција се применети во оние делови каде што се носени заклучоци врз база на општи тврдења кон поединечни и обратно. Методот на корелациска анализа е применет во оние делови во кои се прави корелација на либерализмот со останатите политички идеологии. Кои се слабостите, а кои се силните страни на либерализмот може да се види токму кога тој ќе се спореди со основните карактеристики на сите останати теории, различни од него. И последниот метод, методот на мета-анализа, свое место најде во последниот дел од ова истражување, а тоа е во голема

мера и одговорот на истражувачкото прашање – дали и во која форма ќе опстојат либералните вредности во иднина?

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

И покрај фактот дека постои огромен фонд на литература од оваа област, оваа дисертација дава дополнителна можност да се збогати обемот на научна литература која се однесува на оваа тематика, особено на аспекти кои досега не се проучувани. Методолошки, дисертацијата е оправдана и многу потребна, затоа што за првпат во Република Македонија е направен обид да се наведат причините кои довеле до кризирање на либералните вредности во нашата земја, како и да се пресмета до кој степен е можно таквото кризирање (до степен на маргинализирање на либералните вредности во конкретно општество или до степен на нивно целосно исчезнување од политичката практика). Практично, дисертацијата отвора нови хоризонти и широки погледи врз начините на перципирање на либерализмот како политичка теорија и врз начините на кои понатаму ќе се имплементираат либералните вредности во практиката.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Стојанова, со наслов „Предизвиците на либерализмот како политичка теорија и практика, со осврт на Република Македонија", претставува истражување во научното подрачје општествени науки, во полето политички науки, во потесните области: методологија и теорија во политичките науки.

Докторската дисертација обработува мошне интересна и значајна тема. И покрај тоа што за либерализмот постои значаен фонд на литература, во тезата се содржани аспекти кои досега не се многу проучувани и пошироко елаборирани, а се опфатени и перспективите за предметот на обработка на оваа дисертација, што ѝ дава поголем научен придонес.

Трудот е напишан на јасен и концизен начин и е поддржан со соодветни референци. Во дисертацијата значителна улога има и анализата на либерализмот во практиката, особено во делот кој е со посебен осврт на Република Македонија.

Дисертацијата претставува самостоен научен труд со кој кандидатката дава придонес за натамошното развивање на проблематиките поврзани со оваа област. Трудот, истовремено, претставува и мошне солидна основа за натамошни истражувања во конкретната област што го покажува неговото научно значење и вредност.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Стојанова, со наслов „Предизвиците на либерализмот како политичка теорија и практика, со осврт на Република Македонија", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[4]. Стојанова, М.: „Митолошката позадина на изградбата и дефинирањето на руската нација", објавен: Политиколошки форум, е-Зборник на трудови (МПФ), Vol. 2, Скопје, декември 2014.

[5]. Стојанова, М.: „Сфаќањата за демократијата низ теоретската призма на Јирген Хабермас", објавен: Политиколошки форум, е-Зборник на трудови (МПФ), Vol. 3, Скопје, јануари 2015.

[6]. Стојанова, М.: „Балканот- посебен културен ентитет", објавен: Политиколошки форум, е-Зборник на трудови (МПФ), Vol. 4, Скопје, март 2015.

[7]. Стојанова, М.: „Serbia on a crossroad between European Union and Russia", објавен: Macedonian Journal of Political Science, e- Proceeding of Papers, Vol. 7, Скопје, јуни 2016.

[8]. Стојанова, М.: „Изборните ветувања и постизборната реалност во Република Македонија: Имплементирање на јавните политики според изборната понуда", објавен: Student's Social Science Journal, Vol. 1, Штип, септември 2016.

[9]. Стојанова, М.: „Bosnia between Dayton and Brussels", објавен: International Journal of Humanities and Social Science (IJHSS)", Vol. 6, No. 8, САД, август 2016.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изложениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за одлично изработена и особено квалитетна докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Главниот научен придонес** на кандидатката се огледува во тоа дека овој труд претставува научна студија која содржи сè што е поврзано со либерализмот. Особено е значајно тоа што се разгледани и аспекти и теми за кои досега никој не размислувал. Методологијата презентирана во докторската дисертација и резултатите од заложбата да се најдат вистинските одговори на прашањата: „Дали ќе опстојат либералните вредности и во која форма?", „Од кои фактори е детерминирано нивното кризирање?" и „До кој степен тие можат да кризираат во едно конкретно општество", можат да им бидат од помош на сите кои се занимаваат со проучување на оваа тематика, како и да им помогнат на креаторите на политиката да одредат колку тие ги применуваат либералните вредности во своето владеење и до кој степен тие се инкорпорирани во нашиот политички систем.

Што се однесува, пак, до **подрачјето на примена и ограничувањата**, може да се заклучи дека во одредени сегменти кандидатката беше соочена со немање доволен обем на информации за темата (делот кој се однесува на либерализмот во Република Македонија). Тој беше значително подобрен и збогатен од нејзина страна, со помош на искуствата од експерти и истакнати либерали од регионот чии искуства се споделени во форма на интервјуа на авторот на тезата. Делот кој се однесува на анализата на идеолошките позиции на македонските политички партии, исто така, беше соочен со проблемот на немање доволен број на податоци, така што во оној дел кој се однесува на партиите во Република Македонија од албанскиот политички блок, останува отворено прашањето за нивната идеолошка позиционираност, односно за карактеристиките на идеолошката ориентација. Имено, со оглед на фактот дека тие се занимаваат исклучиво со етничките прашања, многу е тешко да се нотираат нивните идеолошки позиции, па затоа тие се протолкувани како дивергенција од идеолошката матрица или е посочено дека не постојат јасно прецизирани идеолошки позиции.

**Можните понатамошни истражувања** се поврзани со препораките за подобрување на нивото на стабилност на општествата, во политичка и во економска смисла; подигнување на нивото на политичкиот менталитет и збогатување на политичката култура, со цел да се обезбеди спремност во целост да се прифатат одредени либерални вредности кои досега не биле на соодветен начин перципирани, а со тоа и прифатени во нашето општество (се мисли на прашањата кои сè уште се табу-тема во Македонија и на Балканот, како што се прашањата поврзани со сексуалната ориентација,

истополовите бракови, правото на посвојување деца во истополова брачна заедница и сл.); апелирање до главните политички субјекти во државата (политички актери, носители на јавни и државни функции, политички партии) да ги инкорпорираат што повеќе либералните вредности во своето работење.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Маја Стојанова** со наслов **Предизвиците на либерализмот како политичка теорија и практика, со осврт на Република Македонија.**

**КОМИСИЈА**

Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-р Ана Павловска Данева, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-р Емилија Симовска, с.р.

---------------------------------------------------

Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АСОЦИЈАЦИЈА ПОМЕЃУ ПАРОДОНТАЛНАТА БОЛЕСТ И ХРОНИЧНАТА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ“ ОД М-Р АНА БЕЛАЗЕЛКОВСКА ГРЕЖЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 22.12.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Белазелковска Грежловска со наслов ,,Асоцијација помеѓу пародонталната болест и хроничната бубрежна болест“, во состав: проф. д-р Мирјана Поповска (претседател), проф. д-р Марија Накова (ментор), проф. д-р Ќиро Ивановски (член), проф. д-р Снежана Пешевска (член) и проф. д-р Љутви Зилбеари (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Белазелковска Грежловска, со наслов „Асоцијација помеѓу пародонталната болест и хроничната бубрежна болест“, содржи 196 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со двоен проред и големина на букви 12, со 100 графикони и 100 табели, 185 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во осум глави: вовед, литературен преглед, цели на дисертацијта, материјал и метод на работа, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатката дава јасна дефиниција за пародонталната болест и за хроничната бубрежна болест. Кандидатката потенцира дека и хроничната бубрежна болест и пародонталната болест се хронични инфламаторни и прогресивни заболувања. Хроничната бубрежна болест со право се нарекува и тивок убиец бидејќи раните стадиуми на болеста немаат симптоми, а болеста доведува до постепено и неповратно оштетување на функцијата на бубрезите. И пародонталната болест во почетниот стадиум може да биде асимптоматска, но е прогредирачка и е главна причина за загуба на забите кај возрасната популација. Покрај познатите етиолошки фактори на ХББ, не помало внимание заслужуваат и не традиционалните ризик - фактори поврзани со болеста. Пародонталната болест, како хронична бактериска инфекција, може да претставува еден таков ризик - фактор. Пародонталната болест може да биде неоткриен извор на инфламација кај пациентите со терминален стадиум на бубрежна болест. Многу системски болести, нарушувања и состојби се наведуваат како ризик - фактори за пародонталната болест. Во тој контекст, влијанието меѓу пародонталната и хроничната бубрежна болест може да биде во двете насоки. Вистинските етиологии на двете заболувања се комплексни како и што се потенцијалните механизми со кои овие болести може да имаат значителни ефекти, реципрочно.

**Втората глава** од докторската дисертација е насловена „Литературен преглед". Во неа се анализирани студиите кои се обиделе да ја испитаат и врската помеѓу хроничната бубрежна болест и оралното здравје од различни перспективи. Кандидатката укажува на тоа дека досегашните истражувања известуваат за конфликтни резултати и податоци околу статусот и тежината на пародонталната болест кај бубрежните болни. Некои студии покажуваат повисока преваленција на пародонталната болест кај бубрежните пациенти, додека други не покажуваат статистички значајна разлика во распространетоста на пародонталната болест помеѓу бубрежните болни и општата популација.Кандидатката напоменува дека студиите кои индицираат сигнификантна поврзаност меѓу пародонталната и хроничната бубрежна болест имаат значително поголем број на испитаници во споредба со другите студии. Исто така, кандидатката потенцира дека разликите во дизајнот на студиите, бројот на испитаници,начинот на поделба на испитуваните групи, како и параметрите кои се користат за проценка на пародонталниот статус би требало да се земат предвид за да се објаснат разликите во преваленцата на пародонталната болест кај бубрежно болните пациенти. Поради недостиг на унифицирани критериуми и параметри за дијагноза на пародонталната болест, многу е тешко и добиените податоци за преваленцата и стадиумот на пародонталната болест кај бубрежните пациенти да се унифицираат.

**Третата глава** ги анализира целите на истражувањето. Кандидатката како главна цел ја наведува евиденцијата на разликата во пародонталниот статус кај пациенти со хронична бубрежна болест во пред - дијализна фаза, пациенти со хронична бубрежна болест кои се на третман со хемодијализа, пациенти со извршена бубрежна трансплантација, пациенти со пародонтална болест и здрави индивидуи. Како останати цели се наведени:

. да се разграничи дали постои разлика во пародонталниот статус кај сите испитувани пациенти;

. преку анализа и детерминирање на биохемиските параметри во плунка и серум да се испита нивната можна поврзаност со пародонталниот статус кај сите испитаници;

. да се испита дали тежината на клиничката слика на хроничната бубрежна болест има влијание врз пародонталниот статус;

. да се процени дали времетраењето на бубрежната болест, како и времетраењето на реналната заменска терапија и последиците кои произлегуваат од неа влијаат врз клиничките параметри на пародонталното здравје;

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување во докторската дисертација на м-р Ана Белазелковска Грежловска со наслов ,,Асоцијација помеѓу пародонталната болест и хроничната бубрежна болест" е испитувањето и обидот да се пронајде одговор на најважните прашања кои се однесуваат на клучната поврзаност меѓу пародонталната и хроничната бубрежна болест, испитувајќи ги притоа нивните системски биомаркери и поврзувајќи ги со нивниот клиничкиот наод.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Подрачјето чиј предмет на истражување го содржи овој труд е актуелен со оглед на тоа дека преваленцијата на хроничната бубрежна болест во нашата земја рапидно се зголемува, а со тоа се зголемува и бројот на пациенти кои боледуваат од хронична бубрежна болест и кои имаат потреба од стоматолошки услуги во секојдневната клиничка практика. Постои доволна информираност за поврзаноста на оралното здравје со посебен акцент на пародонталната болест со системските болести, но постојат оскудни информации во литературата за оралното и пародонталното здравје кај пациентите со хронична бубрежна болест.

**Краток опис на применетите методи**

Во истражувањето биле вклучени вкупно 150 испитаници поделени во две групи: испитувана и контролна група. Испитуваната група ја сочинувале три подгрупи: 30 пациенти со хронична бубрежна болест во пред - дијализна фаза, 30 пациенти на хемодијализа и 30 пациенти со трансплантиран бубрег. Контролната група ја сочинувале две подгрупи: 30 пациенти со пародонтална болест кои имале потреба од специјалистички пародонтален третман и 30 здрави индивидуи. Опишани се применетите пародонтални клинички параметри, протоколот на колекција на примероци на плунка, како и користените методи за одредување на концентрацијата на биохемиските аналити во плунка и серум.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Добиените резултати покажуваат сигнификантно повисоки вредности на пародонталните параметри кај сите три групи на пациенти со хронична бубрежна болест во споредба со здравите индивидуи и сигнификантно повисоки вредности на пародонталните параметри кај пациентите на хемодијализа во споредба со пациентите со пародонтална болест. Сигнификантно најниски вредности за протокот на плунка биле регистрирани кај пациентите на хемодијализа и од резултатите откриена е сигнификантна позитивна асоцијација помеѓу годините поминати на хемодијализа и присуство на дентален плак, забен камен, клиничко губење на атачментот и ресорпција на алвеоларната коска.

Во заклучните согледувања, кандидатката нагласува дека постои сигнификантна разлика во пародонталниот статус помеѓу испитуваната и контролната група. Потенцира и дека тежината на клиничката слика на хроничната бубрежна болест има влијание врз пародонталниот статус, односно дека постои тенденција за влошување на пародонталниот статус паралелно со влошувањето на бубрежната функција.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Белазелковска Грежловска, со наслов „Асоцијација помеѓу пародонталната болест и хроничната бубрежна болест“, претставува истражување во пародонтологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација може да даде научен придонес со посебен акцент на разјаснување на влијанието на специфичните ренални биомаркери врз патогенезата на пародонталната болест, како и каузалната асоцијација помеѓу активноста на пародонталната болест и нивото на биохемиските параметри како маркери на бубрежната функција.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Белазелковска Грежловска, со наслов „Асоцијација помеѓу пародонталната и хроничната

бубрежна болест", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Ana Belazelkovska, Mirjana Popovska, Goce Spasovski, Jelka Masin-Spasovska, Svetlana Cekovska, Aneta Atanasovska –Stojanovska, Kristina Mitic and Vera Radojkova-Nikolovska. Oral and salivary changes in patients with chronic kidney disease. Bantao Journal 2014, 12(1): 95-100.

[2]. Ana Belazelkovska, Mirjana Popovska, Svetlana Cekovska, Kristina Mitic. Association between oral changes and salivary and blood urea levels in patients on renal replacement therapy. Medicus 2014, Vol. 19 (1): 35 -41.

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатката се релевантните информации кои оваа студија ги содржи за општата состојба и денталниот статус на пациентите што се соочуваат со хронична бубрежна инсуфициенција, помагајќи му на медицинскиот, а посебно на стоматолошкиот персонал во лекувањето на оваа група пациенти. Оваа студија ја потенцира потребата од превентивни стратегии и протокол при денталниот третман, кои докторите по стоматологија треба да ги следат во секоја фаза од ова хронично заболување. Оваа студија ќе овозможи многу компликации на хроничната бубрежна болест да се превенираат или навремено ефикасно да бидат третирани, но ќе ја потенцира и важноста од проверката на оралното здравје да биде вклучена како дел од протоколот во терапискиот менаџмент на овие пациенти.

Подрачјето на примена и ограничувањата се во доменот на стоматологијата, односно пародонтологијата, како и во доменот на нефрологијата.

Можните понатамошни истражувања би биле истражувања со поголем примерок на испитаници кои би ги исклучиле или точно дефинирале дополнителните ризик - фактори и коморбидитетни состојби на хроничната бубрежна болест како дијабетес мелитус, со што би можеле да придонесат за уште поверодостојна потврда за пародонталниот статус кај пациентите со хронична бубрежна болест.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Ана Белазелковска Грежловска** со наслов **Асоцијација помеѓу пародонталната болест и хроничната бубрежна болест .**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирјана Поповска, с.р.

Проф. д-р Марија Накова – ментор, с.р.

Проф. д-р Ќиро Ивановски, с.р.

Проф. д-р Снежана Пешевска, с.р.

Проф. д-р Љутви Зилбеари, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАПРЕДНО АДАПТИВНО УЧЕЊЕ“ ОД М-Р ВЕЛИМИР ГРАОРКОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 20.10. 2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Велимир Граоркоски со наслов „Напредно адаптивно учење“, во состав: Марјан Гушев (претседател), Ана Мадевска Богданова (ментор), Катерина Здравкова (член), Владимир Трајковиќ (член) и Ацковска Невена (член).

Комисијата во наведениот состав со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Велимир Граоркоски со наслов „Напредно адаптивно учење“ содржи 125 страници компјутерски обработен текст во фонт Monospace, со големина на проред 0.5 и со големина на букви 10, 60 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, интернет-ресурси и други извори.

Трудот е структуриран во вовед, 5 глави и други помали делови. Целините се систематизирани во наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Текстот на трудот доби позитивен извештај од системот за проверка на плагијати.

**Воведот** дава преглед на проблематиката, предметот и целите на истражувањето, теоретските и практичните истражувања што им претходат, како и предложените насоки за истражување што се однесуваат на трудот. Кандидатот, низ повеќе примери, укажува на предностите и потребата од адаптивно учење. Се посочуваат и слабостите на реализацијата што произлезе од претходните истражувања и како тие се вклопуваат во целите на трудот. Анализата на слабостите се однесува и на актуелните платформи и системи за адаптивно учење. Со цел да се разликува теоретската заднина на претходните истражувања во полето на адаптивното учење, од идните постулати на тоа поле, најавена е поделбата на основна теорија и на напредна.

**Првата глава**, „Основно адаптивно учење“, претставува преглед на истражувањата што ѝ претходат на оваа дисертација. Во неа е дадено објаснување на неколку клучни поими и пристапи што понатаму во овој труд ќе претрпат измени. Со тоа се прави разграничување на истражувачките пристапи. Воедно се дава осврт на проблемите што се лоцирани кај основното адаптивно учење. Целта на ова поглавје е да ги објасни причините зошто основното адаптивно учење е важно за проучување и експериментирање, а воедно и проблематично за реална примена.

**Втората глава** го дефинира поимот напредно адаптивно учење како начин да се премостат двата главни проблема на основното адаптивно учење. Покажано е како ќе бидат дозволени рестрикциите кои ги предизвикуваат тие проблеми. Посебен акцент е ставен на измената на правилата за конструкција на средина на адаптивно учење со

помош на неколку новововедени поими што не се третирани претходно. Објаснети се најмалите елементи, како што се концептите и врските помеѓу нив, и покомплексните структури на знаење, како што се средината на адаптивно учење, моделот на ученик и тест-множеството.

**Третата глава** детално го објаснува процесот на инстанцирање, односно формирање посебна средина на учење за секој ученик. Почетно, дадена е разликата во однос на инстанцирањето кај основното адаптивно учење. За да се објасни подобро овој процес, претходно е истакнато претставувањето на адаптираната средина на учење. На крајот е даден преглед на методите за инстанцирање, со акцент на најдобриот начин да се постигне тоа. Што се однесува на начинот на кој се определува која адаптирана средина на учење е најсоодветна, направена е анализа на ефикасноста на инстанцирањето.

**Четвртата глава** дава предлог за имплементација на напредното адаптивно учење во новиот систем AALAwareness, преку образложување на архитектурите на средината на адаптивно учење, моделот на ученик и на тест-множеството. Посебно се објаснува имплементацијата на инстанцирањето и на подредувањето на содржината што треба да се научи. На крајот од главата е даден конкретен пример на текст што треба да се подготви за адаптивно учење за одреден модел на ученик.

**Петтата глава** укажува на местото што го зазема AALAwareness меѓу современите системи и платформи за адаптивно учење и можностите кои напредното адаптивно учење може да ги отвори. Преку споредби со методите што се употребуваат кај неколку реализации на адаптивното учење се издвојуваат разликите во научните пристапи, како и во имплементациите. Оваа глава претставува и заклучок од претходните глави. Конечно, изложени се неколку насоки за идните истражувања со цел поголемо подобрување на напредното адаптивно учење и решавање на проблемите што се согледаа при ова истражување.

## Предмет на истражување

Предмет на истражувањето во докторската дисертација се претставувањата на елементите на адаптивното учење во услови кога еден концепт може да се научи на повеќе начини. Покрај тоа, фокусот на истражувањето се и сите операции што се поврзани со тие елементи, како и различните начини на имплементација на законитостите на напредното адаптивно учење. Како појдовна точка за дефинирање на предметот на истражувањето претставуваше согледувањето на слабостите на претходното проучување на адаптивното учење во услови на еднозначно дефинирање на зависностите од елементите што се учат. Последица на тие слабости беше неможноста да се изгради систем за адаптивно учење што ќе биде соодветен за реална употреба во случаи на сложен реален ученик како што е човекот. Поради тоа се премина на претставување на структурите на адаптивното учење во услови кога еден ист елемент на учење може да се научи на повеќе начини. Покрај тоа, фокусот на истражувањето се и сите операции што се поврзани со тие елементи, како и различните начини на имплементација на новите законитости.

## Применети методи

Со цел да се избегне постојано вклучување вистински ученици при истражувањето, се користат симулации на моделот на ученик при што не се губат никакви својства во однос на реалната ситуација на адаптивното учење. Симулациите користат различни методи со цел да се формира конечниот изглед на моделот на ученик, почнувајќи од случајни методи, до методи што одразуваат специфични состојби на ученикот што влијаат на поврзаноста на концептите од неговото предзнаење.

За да се реши проблемот со движењето низ структурите од концепти, се користат модификациите на алгоритмите за движење низ граф развиени при претходните истражувања кај основното адаптивно учење, според принципот на дозволен редослед на учење. Меѓутоа употребата на овие алгоритми не е доволна поради можноста од повеќе од една резултантна адаптирана средина на учење и поради тоа се користат дополнителни методи на разложување и споредба помеѓу тие средини. Краен чекор во процесот на формирање најдобра средина за еден модел на ученик е алгоритмот за подредување на содржината што треба да се научи.

За генерирање на тест-множествата се користат посебни методи, каде што централно место зазема динамичкото генерирање. Тоа претставува формирање тест-множества според одговорите што ги дава ученикот за време на тестирањето и во општ случај се работи за метод што покажува најголема ефикасност.

Што се однесува до анализата на ефикасноста на создавањето адаптирани средини или на адаптираното учење во целина, користени се методи според кои се утврдува уделот на погодените концепти во таквите средини. Дури и добивањето мали вредности за соодветните метрики се толкува како предност во однос на конвенционалното учење.

**<u>Придонеси и резултати од истражувањето</u>**

Во адаптивното учење воопшто, клучна точка е создавањето адаптирани средини од кои ученикот ќе учи. Како резултат од извршените истражувања и разработената тематика, најзначајни придонеси на докторската дисертација се следниве:

- разликување два типа адаптивно учење според поврзаноста на концептите;
- идентификација на слабостите на основното адаптивно учење;
- дозволување еден концепт да биде научен на повеќе начини преку дефинирање на парцијалното учење;
- дефинирање на структурите на знаење според парцијалното учење;
- симулирање модели на ученик и тест-множества за специфични случаи на ученици, вклучително и ученици со тешкотии во учењето;
- алгоритми за инстанцирање средини на учење и подредување на концептите;
- имплементација на целините на напредното адаптивно учење.

Реализацијата на напредното адаптивно учење, покрај тоа што служи за експериментирање, може да се интегрира и во други системи за адаптивно учење, со цел да се подобрат нивните карактеристики во насока на теоријата на напредното адаптивно учење. Резултатите од истражувањето се применливи во однос на експериментирањето со различни модели на ученици, додека имплементацијата е флексибилна за миграција од една реализација (систем, платформа) кон друга.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Велимир Граоркоски со наслов „Напредно адаптивно учење“ претставува истражување во областа на адаптивното учење. Изработката на темата на оваа докторска дисертација вклучува претставување на структури на знаење изградени од концепти, како и развој на платформа за адаптивно

учење врз основа на новоупотребени методи за манипулирање со елементите на адаптивното учење.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Велимир Граоркоски со наслов „Напредно адаптивно учење“, по мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија/конференции) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Velimir Graorkoski**, Ana Madevska-Bogdanova, "Instantiation in Partial Learning", International Journal of Informatics and Communication Technology, Vol 3, No 1, 2014(IJ-ICT),ISSN: 2252-8776;pp. 59-66;

[2]. **Velimir Graorkoski**, Ana Madevska-Bogdanova, "Usage of RDF blank nodes in partial learning", in Proceedings of the 9th Conf on Informatics and Information Technologies, CiiT 2012, (Editors Bakeva and Gjorgjevikj) Bitola, Macedonia, pp. 79-83;

[3]. **Velimir Graorkoski**, Ana Madevska-Bogdanova and Marjan Gusev, "Beyond the Basics of the Adaptive Learning", in ICT Innovations 2011, (editor L. Kocarev), Web Proceedings, ISSN 1857-7288, Skopje, Macedonia, 2012. pp.159-168.

[4]. **Velimir Graorkoski**, Marjan Gusev, “Knowledge delivery order in Awareness“, in Proceedings of the 7th Conf on Informatics and Information Technologies, CiiT 2010, (Editors Ackovska, Mishev), Bitola, Macedonia, ISBN 978-9989-668-88-3, pp.117-122;

[5]. **Velimir Graorkoski**, Marjan Gusev, "Adaptive Learning Analysis", Proceedings of 5th Conference on Informatics and Information Technology, CiiT2007, Bitola 21-25.01.2007, (eds. Kusakatov, Zdravkova, Jovanov), ISBN 978-9989-668-69-2, Skopje 2008, pp.80-91.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се: јасно дефинирање на елементите на адаптивното учење, вклопување на своите истражувања во теоријата на адаптивното учење, издвојување на проблемите на актуелните системи/платформи за адаптивно учење, воведување нови стратегии за креирање адаптирани средини за учење.

Подрачјето на примена се базира на манипулирање со вештачки модели на ученици, но со лесна трансформација може да се дојде до применлива платформа за адаптивно учење што би се користела од страна на други системи за адаптивно учење или во други истражувачки цели.

Можните понатамошни истражувања се: пронаоѓање други начини за одредување на моменталното предзнаење на ученикот, воведување тежински вредности за концептите, временско ограничување на процесите во адаптивното учење, вклучување на она знаење на ученикот што не се наоѓа во средината на адаптивно учење во адаптивното учење, развој на современа алатка за креирање средина на адаптивно учење од произволен материјал за учење, унапредување на имплементацијата паралелно со развојот на информатичките науки и др.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Велимир Граоркоски** со наслов **Напредно адаптивно учење.**

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Марјан Гушев, претседател, с.р.**

2. **Проф. д-р Ана Мадевска Богданова, ментор, с.р.**

3. **Проф. д-р Катерина Здравкова, член, с.р.**

4. **Проф. д-р Владимир Трајковиќ, член, с.р.**

5. **Вон. проф. д-р Невена Ацковска, член, с.р.**

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

ПО ПРЕДМЕТОТ ФАРМАКОЕКОНОМИЈА НА

ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на XXIX седница одржана на 15.11.2016 година, донесе Решение со која нѐ одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на насловен вонреден професор по предметот фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет во Скопје. На распишаниот конкурс, објавен на 26.10.2016 година, во дневните весници „Утрински весник" и „Koha" се пријави д-р Рубинчо Зарески, досегашен насловен вонреден професор на горенаведениот предмет на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Врз основа на прегледот на поднесените документи и увидот во досегашната работа на кандидатот, го даваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **<u>Проф. д-р Рубинчо Зарески</u>**

**Биографски податоци**

Кандидатот д-р Рубинчо Зарески е роден во Прилеп на 3.01.1967 год. Основно и средно образование завршил во Скопје. Во учебната 1985/1986 година се запишал како редовен студент на Економскиот факултет во Скопје, на прометно-комерцијалната насока, а по служењето на воената обврска ги започнува студиите во учебната 1986/1987. Студиите ги завршил во 1991 година во рекорден временски рок. Во 1989 година, како член на АИЕСЕЦ, има остварено практика во Компанијата "Фресениус"- Германија.

Во 1991 година се запишал на последипломски студии по надворешен промет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и сите испити предвидени со наставниот план за последипломски студии по оваа насока ги положил во предвидениот рок со просечна оценка 9,5. Магистрирал во 1993 година како прв студент по областа надворешен промет на Економскиот факултет во Скопје и со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Маркетинг активности кај time-sharing концептот во Р. Македонија", се здобил со академски степен магистер на економски науки.

Своето стручно усовршување го продолжил во 1995 година на Колеџот за меѓународни односи од областа на економскиот менаџмент на Универзитетот

Тсукуба-Јапонија. Студиите кои се финансирани од Светската банка успешно ги завршил во 1997 година како најдобар студент во генерацијата и со одбрана на темата „Одење по работ-управување со надворешниот сектор во специфични услови”, се стекнал со диплома за завршени магистерски студии од областа на меѓународната политичка економија. Како признание на успехот, во 2004 година е поканет на Универзитетот Харвард- САД, каде што по повод 50 годишнината од постоењето на студиите му е дадена честа да одржи предавање. Докторската дисертација под наслов „Улогата на државата во дефинирањето и спроведувањето на извозната стратегија на македонското стопанство” ја одбранил на 15.2.2001 година на Економскиот факултет во Скопје, со што се стекнал со академскиот степен доктор на економски науки.

Во 1994 година се вработил во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, како стручен соработник, на кое место останал до 1997 година. Во текот на 1997 година неколку месеци бил економски советник на претседателот на Владата на Р.М., а од крајот на 1997 година е помошник министер и раководител на Секторот за Европска унија во Министерството за надворешни работи на Р.М.

Во 2001 година се вработил во Стопанска банка АД- Скопје на позицијата директор на Корпоративен сектор која функција ја вршел до 2003 година, кога е именуван за директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Од јуни 2004 година ја извршувал функцијата директор за стратегија и деловен развој во АД “Македонски телекомуникации”, по која заминува на функцијата главен извршен директор на Т-Мобиле Македонија која ја обавува до крајот на 2007 година. Од 2008 година е главен извршен директор и сопственик на Траст Консалтинг- Скопје, компанија која делува во областа на стратешкиот менаџмент.

Кандидатот бил член на АИЕСЕЦ при Економскиот факултет во Скопје и има остварена практика во Компанијата “Фресениус”- Германија, бил член на Управниот одбор на Агенцијата за санација на банките во Република Македонија, копретседавач на Заедничкиот комитет за прекугранична соработка со Република Грција, член на Управниот одбор на Македонска банка за поддршка на развојот, секретар на Советот за соработка на Република Македонија со Европската Унија, член на Управниот комитет за развој на мали и средни претпријатија, секретар на македонскиот тим за имплементација на економскиот акционен план Република Македонија- САД, член на тимот на МАНУ за изработка на студијата “Извозна стратегија на Република Македонија”, член во тимот за изработка на научниот проект на Универзитетот во Тсукуба под наслов „Comparative analysis of the development processes in Asia, Latin America and Eastern and Central Europe”, заменик национален координатор на Пактот за стабилност и национален kординатор на работната маса за економска обнова, реконструкција и развој во ПзС; член на Македонскиот преговарачки тим за Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ; член на УО на „Кимико Гардине”, ко-основач и член на НВО „Институт за европска интеграција”; спонзор на Проектот на имплементација на групната стратегија на Македонски телекомуникации. Професор д-р Зарески е предавач на УЈЕ на предметите: „меѓународен менаџмент” и „управување со трошоци”. Предавач е на

додипломските и на послетдипломските студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, член на Управниот одбор на Стопанската Комора на Македонија, претседател на Македонската тениска федерација, судија при Арбитражниот Суд во рамки на Стопанската комора и остварува повеќе други активности. Кандидатот е член на Управниот одбор на ИСПОР Македонија, претседавач со Научниот одбор на ИСПОР Адриатиk и член на Научен одбор на 6 Меѓународен конгрес по фармација, Охрид 2016 год., а има учествувано во преку 80 семинари, тркалезни маси и конференции во Република Македонија и во странство.

Во пријавата за конкурсот, кандидатот Рубинчо Зарески поднесе и поголем број дипломи и сертификати за посета на различни курсеви и семинари во земјата и во странство каде што ги збогатувал своите знаења или изучувал странски јазици. Покрај тоа, кандидатот е напреднат корисник на општите компјутерски софтвери, но и софтвери за понапредна квантитативна економска анализа.

Според презентираната документација, кандидатот активно говори англиски, германски и италијански јазик, а наведува дека се служи и со руски и јапонски јазик.

## Наставно- образовна и научно истражувачка дејност

Кандидатот д-р Рубинчо Зарески, во учебната 2004/2005 е ангажиран како предавач по предметот меѓународен менаџмент во 5. семестар на Универзитетот за Југоисточна Европа. На истиот Факултет во учебната 2013/2014 год. го предава предметот управување со трошоци во програмата на вториот циклус студии на катедрата за Бизнис- администрација. Од учебната 2005/2006 до денес во континуитет, кандидатот го предава предметот фармакоекономија во 8. семестар на редовните студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Кандидатот Зарески од учебната 2006/2007 година предава и 7 предмети на специјалистичките и магистерските студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет во Скопје. По реакредитацијата на вториот циклус студии по фармакоекономија и здравствен менаџмент во 2014 год. Зарески предава на 5 предмети од студиите и е координатор на Модулот 2 од програмата. За време на својот ангажман на Факултетот има објавено скрипта „Фармакоекономија" која се користи како основно четиво на редовните студии. Во 2011 година ја има публикувано неговата книга „Основи на фармакоекономијата", која е прв стручен текст од оваа област во Република Македонија и се користи како учебник за студентите од оваа област. Стручен рецензент е на учебникот „Менаџмент во фармацијата" од авторите Десел и Згарик. Редовен колумнист е во референтното научно/стручно списание „Капитал" каде што има објавено преку 100 текста.

Редовно остварува консултации со студентите на Факултетот и е член на комисии за одбрана на специјалистички, магистерски и дипломски трудови. Покрај изработените магистерски труд и докторска дисертација, кандидатот д-р Рубинчо Зарески е автор на три самостојно објавени книги и коавтор на уште две

објавени книги. Зарески има објавено 4 труда со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 3 труда со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор со импакт- фактор. Кандидатот Зарески има одржано 5 пленарни предавања на научен собир со меѓународно учество и има објавено 4 апстаркти во зборници на конференции.

Има објавено повеќе од 100 наслови од научен и стручен карактер во домашни и странски едиции.

За проф. д-р Рубинчо Зарески, по обработените резултати од спроведената Анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставата во текот на учебната 2014/2015 година, доставени од страна на органите на Фармацевтскиот факултет кои ги спроведоа анкетите, се констатира дека остварил позитивна оценка за предметот фармакоекономија од 10,00, а во учебната 2015/2016 вкупна просечна оценка од 9,14.

**Стручно-апликативна дејност**

Во текот на својата научноистражувачка дејност д-р Рубинчо Зарески е координатор на модул во рамките на магистерските студии и координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма на послетдипломски студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет при УКИМ. Ментор е на 1 магистерски труд и член е на Комисии за 2 специјалистички труда. Кандидатот д-р Зарески активно учествува во активности за истражување на апликативните методи на фармакоекономските анализи на ниво на здравствениот сектор во Македонија. Работи на проекти од областа на менацирањето со процесите за повеќе компании во Република Македонија и е советник за стратешки прашања во неколку институции. Редовно соработува со Leuven Gent Management School, која е водечка меѓународна менаџмент школа во Белгија и со Универзитетот во Тсукуба Јапонија, со кој соработува на полето на социјалниот развој и политика.

**Дејности од поширок интерес**

Д-р Рубинчо Зарески е избран арбитрарен судија по стопанско право во Судот на арбитри, кој функционира во рамките на Стопанската комора. Кандидатот Зарески е координатор на специјалистички студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, програма: Фармакоекономија и здравствен менаџмент и координатор е на магистерски студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, програма: Фармакоекономија и здравствен менаџмент. Претседател е на Научниот одбор на ИСПОР Адриатик, член на Научениот одбор на 6.

Меѓународен конгрес по фармација, Охрид, 2016 год., и член на Управниот одбор на ИСПОР Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

По опстојно и внимателно разгледување на целокупната приложена документација, како и по увидот во сите релевантни податоци, согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата констатира дека кандидатот **д-р Рубинчо Зарески** ги исполнува критериумите за реизбор во звањето насловен вонреден професор.

Во текот на својата професионална кариера, д-р Рубинчо Зарески успешно извршува активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Со своето учество во изведување на теоретска и практична настава на постдипломски и додипломски студии, учество во организација и изведување на работилници, менторство на магистерски трудови и членство во комисии за оцена и одбрана на докторати и магистериуми, д-р Рубинчо Зарески се потврдува како успешен педагог.

Неговите научноистражувачки и стручно-апликативни активности на полето на здравствениот менаџмент и фармакоекономијата резултираа со значајни научни постигања во изучувањето на моделите на менаџирање и на економските анализи применливи во здравството и во фармацевтската наука, со цел да се оптимизираат инвестициите на полето на здравствениот сектор. Со раководењето и учеството во студиите во одредената стручна област, како и со бројните објавени оригинални научни трудови, д-р Рубинчо Зарески се докажува како успешен самостоен научен работник. Активен е и во дејности со поширок интерес, учествува во уредувачки одбор на научно списание, членство во организациони одбори за настани од меѓународен карактер, како и во оценување на научноистражувачки проекти и научни трудови.

## ПРЕДЛОГ

Ценејќи ја досегашната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна активност на д-р Рубинчо Зарески, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да го реизбере во звањето насловен вонреден професор по предметот фармакоекономија.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р. Љубомир Дракулевски ________________ с.р.

2. Проф. д-р. Љубица Шутуркова ________________ с.р.

3. Проф. д-р Кристина Младеновска ________________ с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Рубинчо Зарески

**Институција:** Фармацевтски факултет- Скопје

**Научна област:** фармакоекономија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии**<br><br>*Фармацевтски факултет*<br><br>*Вкупно 96x0,04=3,84*<br><br>*1.* Фармакоекономија 2011-2016 (96x0,04=3,84) | 3,84 |
| 2. | **Одржување на настава од втор циклус студии**<br><br>*Фармацевтски факултет*<br><br>1. Основање на ПЗО и ЈЗО 2011-2016 (40x0,05=2)<br>2. Фармацевтски маркетинг 2011-2012 (40x0.05=2)<br>3. Организација на Клиничката и аптекарската пракса 2011-2016 (60x0,05=3)<br>4. Основање и финансирање на аптеките 2011-2016 (40x0,05=2)<br>5. Методолигија на утврдување на цени на производи и услуги 2011-2016<br>6. ( 40x0,05=2)<br>7. Водење на политика на цени 2011-2016 (48x0,05=2.4)<br>8. Основи на фармакоекономијата 2011-2016 (46x0,05=2,3)<br>9. Организациони модели 2011-2016 (24x0,05=1.2)<br>10. Ефикасен здравствен менаџмент 2015-2016 (100x0.05=5)<br>11. Рационален фармацевтски менаџмент2015-2016 (120x0.05=6)<br>12. Фармакоекономија 2015-2016 (100x0.05=5) | 40.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 13. Финансирање на здравствени системи 2015-2016 (30x0.05=1.5)<br>14. Финансирање и политика на цени на лекови и услуги 2015-2016 (30x0.05 =1.5)<br><br>*Универзитет на Југоисточна Европа/ Факултет за бизнис- администрација*<br><br>1. Управување со трошоци 2013 (98x0.05=4.9) | |
| 3. | **Подготовка на нов предмет**<br><br>*Фармацевтски факултет*<br><br>1. Фармацевски Маркетинг 2011-2012 (1x1=1)<br><br>2. Ефикасен здравствен менаџмент 2015-2016 (1x1=1)<br>3. Рационален фармацевтски менаџмент2015-2016 (1x1=1)<br>4. Финансирање на здравствени системи 2015-2016 (1x1=1)<br>5. Финансирање на здравствени системи 2015-2016 (1x1=1)<br>6. Менаџерски принципи за здравствени работници 2015-2016 (1x1=1)<br><br>*Универзитет на Југоисточна Европа/ Факултет за бизнис- администрација*<br><br>1. Управување со трошоци 2013 (1x1=1) | 7 |
| 4. | **Консултации со студенти**<br><br>1. Консултации со студенти, 2011/12 (17 послетдипломци)-17x0.002=0,034<br>2. Консултации со студенти, 2012/13 ( 2 студенти + 28 послетдипломци)-30x0,002=0,06<br>3. Консултации со студенти, 2013/14 (19 студенти + 28 послетдипломци)-47x0,002=0,094<br>4. Консултации со студенти, 2014/15 ( 26 студенти +12 послетдипломци)-38x0,002=0,076<br>5. Консултации со студенти, 2015/16 (4 послетдипломци)-4x0,002=0,008 | 0,272 |
| 5. | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура**<br><br>*Вкупно 1x0,3=0,3*<br><br>1. Донка Панков „Анализа на трошоците за дијабетес и примена на исплатливи (Cost-effective) интервенции за превенција и грижа за дијабетесот", одбранета 2013 г. | 0,3 |
| 6. | **Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа** | 0,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Вкупно 2x0,2=0.4*<br><br>1. Милена Јаниќевиќ- Христова - „Улогата на политиката на развој и истражување во формирање на цената на лекот", одбранета 2012 г. на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје<br>2. Кристина Пено Ќурчиева- „Стратегија за воведување на Bassett витамини" одбранета 2012 г. на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | |
| 7. | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** | 0 |
| 8. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник- автор**<br><br>*Вкупно 1x8=8*<br><br>1. „Основи на фармакоекономија" Академик, 2011 | 8 |
| | **Вкупно** | **60.612** |

## НАУЧНО- ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа**<br><br>*Вкупно 2x1=2*<br><br>1. Зоран Наков, „Менаџирање со ланец на набавки во фармацевтска индустрија" одбранета 2013 г. на Фармацевтскиот факултет<br>2. Блерина Иса, „Употребата на фармакоекономските модели во дефинирањето на Позитивната листа на лекови", одбранета 2014 г. на Фармацевтскиот факултет | 2 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>*Вкупно 1x6=6*<br>*1x4.8=4.8*<br>*1x 3.6=3.6* | 19.2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *1x 4.8=4.8*<br><br>1. "Redefinition of the notion of Universal access to the health care", Rubin Zareski, Macedonian pharmaceutical bulletin 60 (2)67-73 (2014) ISSN 1409-8695, UDC: 614.2 Professional paper<br>2. "Implementation of Supply Chain Management in the pharmaceutical company, general principles and case study", Zoran Nakov, Stevce Acevski, Rubincho Zareski, Macedonian pharmaceutical bulletin 60 (2)75-82 (2014) ISSN 1409-8695, UDC: 658.86:661.12 Professional paper<br>3. Impact of parallel trade/import of pharmaceuticals in Central East European Countries, Zoran Sterjev*, Rubin Zareski, Katerina Anchevska Netkovska, Zorica Naumovska, Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Aleksandra Grozdanova, Ljubica Shuturkova *Macedonian pharmaceutical bulletin*, 62 (suppl) 37 - 38 (2016) ISSN 1409 - 8695 UDC: 615.2:339.562(4-11) short communication<br>4. The effects of the new methodology application on the method of pricing of drugs, Rubin Zareski*, Ljubica Suturkova, Zoran Sterjev *Macedonian pharmaceutical bulletin*, 62 (suppl) 39 - 40 (2016) ISSN 1409 - 8695 UDC: 615.2:338.57.055.3(497.7)"2012/2015" | |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>*Вкупно 1x3.6=3.6*<br><br>*1x3.6=3.6*<br><br>*1x3.6=3.6*<br><br>1. The effects of the new methodology application on the method of pricing of the drugs- the case of the Republic of Macedonia, *Zareski R, Kapedanovska Nestorovska A, Naumovska Z, Grozdanova A, Dimitrova B, Suturkova Lj, Sterjev Z. in Value of health, VHRI282; S2212-1099(15)30011-X*<br>2. Biosimilar medical products- licencing, pharmacovigilance and interchangeability*", Aleksandra Grozdanova, Katerina Ancevska Netkovska, Zoran Sterjev, Rubin Zareski, Aleksandar Dimovski, Ljubica Suturkova, MANU, ISSN 1857-9345, UDC: 615.272*<br>3. Cost effectiveness analysis of antibiotic regimens used in outpatient treatment of exacerbations of chronic obstructive pulmonary disease (COPD)" by *Stevce Acevski, Jordan B. Minov, Zoran Sterjev, Rubin Zareski, Aleksandra Kapedanoska Nestorovska and Ljubica Suturkova*, *Advances in Pharmaceutics ISSN:2167-1052* | 10.8 |
| 4. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>*Вкупно 5x3 =15* | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| | **1.** Pharmacautical pricing - a continuing crisis, Prof D-r Rubin Zareski, Pharmaceutical faculty, Skopje, 5th Congress of Pharmacy in Macedonia, Ohrid 2014<br>**2.** “Redefinition of the notion of Universal access to the health care”, Rubin Zareski, ISPOR Adriatic Congres, Ohrid 2014<br>3. “Generating business ideas in the pharmaceutical sector” 16th EPSA summer University, 2014 Ohrid<br>4. “R&D Cost and the reference pricing methodology”, ISPOR Adriatic Congres, Sibenik 2015<br>**5.** “New methodology application as a new method of pricing of drugs”, 6th Congress of pharmacy in Macedonia 2016, Ohrid | |
| 5. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир**<br><br>*Вкупно 2x2=4*<br><br>1. Банкарство и економија, Конференција на Global Association of Macedonian Students Abroad, Skopje 2014<br>2. Маркетинг во фармацевтска пракса, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2015 | 4 |
| 6. | **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br><br>*Вкупно 4x1 = 4*<br><br>1. “R&D Cost and the reference pricing methodology,” Rubin Zareski, Pharmaca, Hrvatski casopis za farmakoterapiju, ISSN 0031-6857, September 2015<br>2. “Pharmacautical pricing - a continuing crisis”, Prof D-r Rubin Zareski, Pharmaceutical faculty, Skopje, O.P. 23, 5-ти Фармацевтски Конгрес, Охрид 2011<br>3. “Symptomatic therapy for cold and flu”, Acevski Stevce[1], Indov Vladimir[1], Sterjev Zoran[2], Zareski Rubin[2,] ОП 30, 5-ти Фармацевтски Конгрес, Охрид 2011<br>4. “Cost – effectiveness analysis of antimicrobial drugs used in the treatment of acute exacerbations of chronic bronchitis and chronic obstructive pulmonary disease (COPD)”, Acevski Stevce, Sterjev Zoran, Suturkova Ljubica, Zareski Rubin Абстракт за 5-ти Фармацевтски Конгрес, Охрид 2011 | 4 |
| | **Вкупно** | **55** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | *Вкупно 1x1=1*<br><br>1. Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма на последипломски студии по “Здравствен менаџмент и фармакоекономија” на Фармацевтски факултет при УКИМ | 1 |
| 2. | **Речник или стручна енциклопедија/ коавтор**<br><br>*Вкупно 1x3 =3*<br><br>1. Книга на термини на ИСПОР, Трошоци, квалитет и исходи од здравствената заштита, International Society for Pharmacoeconomics and outcomes research, 2015г. Коавтор на изданието за Република Македонија, | 3 |
| 3. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија**<br><br>*Вкупно 3x1 =3*<br><br>1. Евалуација на методата за изработка на методологија за утврдување на QUALY во Република Македонија<br>2. Анализа на Методологијата на креирање на цени на лекови на македонскиот пазар, 2015<br>3. Изработка на Методологија за имплементација на Cost-benefit методата во проценка на терапијата за лекување на ревматски болести за потребите на Државниот Клинички Центар- Скопје, 2012 | 3 |
| 4. | **Студија, Физибилити студија, истражување на пазарот**<br><br>*Вкупно 13x2*<br><br>1. “Истражување на пазарот за лекови во Република Македонија” (2012-2016), одговорен проектант<br>2. “Анализа на македонскиот фармацевтски пазар за потребите на странска фармацевтска компанија”, 2012, одговорен проектант<br>3. “Market research of beverages market in Macedonia” 2015 Одговорен проектант<br>4. “Strategic Due diligence for beverage market in Macedonia”, Skopje 2014, одговорен проектант<br>5. “Истражување на пазарите на обновливи извори на енергија во Македонија”, 2012, одговорен проектант<br>6. “Постигнување на економска ефикасност во работењето на ПЗУ Плодност”- Битола”, 2012, одговорен проектант<br>7. “Анализа на регионалните пазари за производство на галенски производи”, Скопје 2012, одговорен проектант<br>8. “Инвестициона студија за кардиохируршка болница”, 2011, одговорен проектант | 26 |

| | | |
|---|---|---|
| | 9. “Развој на стратегија за управување со човечки ресурси и за имплементација на ИСО стандарди, за потребите на лабораторијата Биотек”, 2011, одговорен проектант<br>10. “Физибилити студија за потенцијалите и развојот на офтамолошка клиника ОКО”, 2011, одговорен проектант<br>11. “Студија за креирање на вредност и пазарно позиционирање на Млекара Тетово”, 2012, одговорен проектант<br>12. Turnkey Hospital Project, 2013, Project Manager<br>13. “Зголемување на сознанијата за искористување на обновливи извори на Енергија и изготвување на техно- економска анализа за реализација на проекти со сончеви системи со посебен осврт за нивното влијание врз здравјето на луѓето”, 2012, одговорен проектант | |
| 5. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник- превод и рецензија**<br><br>*Вкупно 1x3=3*<br><br>1. “Pharmacy Management” Shane P. Desselle/ David P. Zgarrick 2014 | 3 |
| | **Вкупно** | **36** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Координатор на студиска програма**<br><br>*Вкупно 2x1=2*<br><br>1. Координатор на специјалистички студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, програма: Фармакоекономија и здравствен менаџмент<br>2. Координатор на магистерски студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Програма: Фармакоекономија и здравствен менаџмент | 2 |
| 2. | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)**<br><br>*Вкупно 1x2=2*<br><br>1. Државна стратегија за развој на тенискиот спорт во Република Македонија, 2011 | 2 |
| 3. | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Вкупно 1x 2*<br><br>*1x 1*<br><br>*1x 2*<br><br>1. Претседател на научен одбор на ISPOR Adriatic<br><br>2. Член на Научен одбор на 6 меѓународен конгрес по фармација, Охрид, 2016 г.<br><br>3. Член на Управен одбор на ИСПОР Македонија | |
| | **Вкупно** | **9** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **60,612** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **55** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **34** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **9** |
| **Вкупно** | **160,312** |

**Членови на комисијата**

**1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски, претседател с.р.**

**2. Проф. д-р Љубица Шутуркова, член с.р.**

**3. Проф. д-р Кристина Младеновска, член с.р**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО ТОКСИКОЛОШКИ ФОРЕНЗИЧНИ АНАЛИЗИ“ ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА КАДИФКОВА ПАНОВСКА, ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА ПЕТРУШЕВСКА-ТОЗИ И ДОЦ. Д-Р ТАЊА ПЕТРЕСКА ИВАНОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-702/11 од 23.12.2016, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало за практична настава под наслов „Практични вежби по токсиколошки форензични анализи“ од авторите: проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, проф. д-р Лидија Петрушевска-Този и доц. д-р Тања Петреска Ивановска, наменет за студентите на студиската програма за дипломиран лабораториски биоинженер на Фармацевтскиот факултет во Скопје, за предметот токсиколошки форензични анализи, избрани се: проф. д-р Зоран Кавраковски, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје и доц. д-р Марија Хиљадникова-Бајро, доцент на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Општ дел

Основни податоци за ракописот

| | |
|---|---|
| Назив на ракописот: | Практични вежби по токсиколошки форензични анализи |
| Назив на предметната програма: | Токсиколошки форензични анализи |
| Назив на студиската програма: | Дипломиран лабораториски биоинженер |

| | |
|---|---|
| Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | Ракописот содржи одбрани практични методски единици – вежби, соодветни на наставната програма за практична настава по предметот токсиколошки форензични анализи. Наменет е за студиската програма од прв циклус лабораториски биоинженер, со фонд од 50 часа вежби. |
| Предметот токсиколошки форензични анализи (5 ЕКТС), за студиската програма од прв циклус - дипломиран лабораториски биоинженер, е задолжителен предмет со вкупен фонд од 150 часа и 5 ЕКТС. Се слуша во шестиот семестар. | |
| | Прво издание |
| Општи податоци за ракописот: | Ракописот е подготвен во стандарден А4-формат и содржи 81 страница. Во практикумот се дадени соодветни прописи за изработка на предвидените лабораториски вежби од страна на студентите, место за внесување на резултати, пресметки, заклучок и прашања кои се наменети за верификација на стекнатото знаење. Ракописот е поделен во 8 одбрани методски единици – вежби кои се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите од програмата лабораториски биоинженер. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

1. Проф. д-р Зоран Кавраковски,

   редовен професор на Фармацевтскиот

   факултет во Скопје, с.р.

2. Доц. д-р Марија Хиљадникова-Бајро,

   доцент на Фармацевтскиот

   факултет во Скопје, с.р.

II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Зоран Кавраковски

| | |
|---|---|
| Краток опис на содржината: | Воведниот дел на практичните вежби по токсиколошки форензични анализи овозможува запознавање на студентите со термините и дефинициите за отрови, токсичност, акутни и хронични труења. Студентот се запознава со приодот во лекување на акутните труења што опфаќа дијагностицирање на акутното труење, познавање на клиничката слика и симптомите на труењето, третманот и употребата на антидоти. Во овој дел е опишана методологијата на токсиколошките анализи и значењето на биохемиските и хематолошките тестови во третман на акутното труење.<br><br>Првата вежба ја обработува врската доза–одговор како релевантен критериум за проценка на токсичноста на супстанциите. Во оваа вежба се бара од студентот да се здобие со основни познавања за параметрите преку кои се проценува токсичноста на супстанциите и да направи анализа на графичкиот приказ на кривата доза–одговор. Во продолжение на вежбата се дефинирани хипотезите од кои произлегува врската доза–одговор и токсиколошките параметри кои се поврзани со врската доза–одговор (средна летална доза, средна летална концентрација, средна ефективна доза, терапевтски индекс, граница на сигурност, индекс на хроничност, летално време, моќност и ефикасност на токсичните супстанции).<br><br>Цел на втората вежба е квантитативна анализа на јаглерод моноксид во полна крв со примена на микродифузионен метод по Conway. Во почетниот дел на вежбата се опишани методите кои најчесто се применуваат за определување на концентрацијата на јаглерод моноксид во крв, принципот на микродифузиониот метод и механизмот на реакцијата во која се редуцира паладиум хлорид под дејство на јаглерод |

| | |
|---|---|
| | моноксид. Од студентите се бара според дадената постапка за практична работа да ја определат концентрацијата на јаглерод моноксид во примерок од полна крв. Имено, по оксидо-редукциската реакција помеѓу паладиум хлорид и јаглерод моноксид, се додава 5% раствор на калиум јодид. Апсорпцијата на растворот од формираниот комплекс со црвенкасто обојување се определува колориметриски. Потоа, се конструира стандардна крива од која се определува масата на неизредуцираниот паладиум хлорид во реакцијата со јаглерод моноксид и со помош на стехиометриските односи и дадената формула се пресметува концентрацијата на јаглерод моноксид во примерокот. За нумеричките фактори вклучени во пресметката е дадено соодветно објаснување. На крајот од вежбата во празниот простор се бара од студентот да направи соодветна пресметка, да го запише резултатот на означеното место, да напише заклучок и да одговори на поставените прашања за проверка на стекнатите знаења.<br><br>Во третата вежба е предвидена полуквантитативна анализа на вкупни феноли во примероци од урина по методот на Rainsford–Davies. Во воведот на вежбата се опишани токсичното дејство на бензенот и фенолите, реакциите за нивна детоксикација во организмот и третманот при труење. Од студентите се бара полуквантитативно определување на концентрацијата на фенолите по додавање на 2,6-дихлорохинон-4-хлоримид, врз основа на интензитетот на обојување на анализираниот примерок и растворите со позната концентрација на феноли. Во завршниот дел од вежбата, се бара од студентите да го внесат резултатот и заклучокот во празниот простор, како и да одговорат на дадените прашања.<br><br>Следната вежба опфаќа квантитативно определување на етил алкохол во примерок од урина со примена на методот по Widmark. Во |

| | |
|---|---|
| | почетниот дел од вежбата се наведени токсиколошкото значење на етил алкохол, клиничката слика при труење, методите за негова идентификација и максималната дозволена содржина на етанол во сообраќајот. Од студентите се бара волуметриски да ја определат концентрацијата на етанол во примероци од урина според принципот на методот, механизмот на оксидо-редукциската реакција на етанол со калиум дихромат во кисела средина и постапката за работа. Во празниот простор, на крајот од вежбата, се бара од студентите да ја пресметаат концентрацијата на етил алкохол со помош на дадената формула и нумеричките фактори кои произлегуваат од стехиометриските односи на реактантите и продуктите во реакциите, да изведат заклучок од добиениот резултат и да одговорат на поставените прашања.<br><br>Во петтата вежба е предвидено квантитативно определување на делта амино левулинска киселина (ДАЛК) во примерок од урина како индикатор кој укажува на експозиција на олово. Затоа, во воведниот дел на вежбата е дадено токсиколошкото значење на оловото со опис на токсичното дејство и симптомите при труење, третманот на труењето, максималната дозволена концентрација на олово во крв, како и максималната дозволена концентрација на ДАЛК во урина. Во согласност со постапката за работа и принципот на методот, концентрацијата на ДАЛК во урина се определува спектрофотометриски, а се пресметува врз основа на баждарна крива конструирана со познати концентрации на ДАЛК. Потоа, добиениот резултат се запишува во празниот простор, се пишува заклучок врз основа на резултатот и се даваат соодветни одговори на прашањата.<br><br>Шестата вежба опфаќа квантитативна анализа на копропорфирин во примерок од урина, параметар кој исто така претставува индикатор за експозиција |

| | |
|---|---|
| | на олово. Најпрво, се екстрахира копропорфиринот од урината и неговата концентрација се определува со примена на спектрофотометриски метод. Врз основа на определената апсорпција на растворот која се внесува во соодветна формула се пресметува концентрацијата на копропорфирин. Во празниот простор, се бара од студентите да го запишат резултатот и да донесат заклучок од направената анализа со одговарање на дадените прашања.<br><br>Следната вежба опфаќа квалитативна анализа на барбитурати во примерок од урина со тенкослојна хроматографија. Во воведот се опишани терапевтската примена, токсичното дејство и третманот при труење со барбитурати. Во понатамошниот дел од вежбата се бара од студентите, според принципот на методот и постапката за работа да ги екстрахираат барбитуратите од примероците. Потоа, екстрактите се аплицираат на хроматографска плоча со стационарна фаза силика-гел. На крајот од вежбата, се бара од студентите со хемиска детекција да ги идентификуваат непознатите барбитурати преку споредба на петната од анализираните примероци со петната добиени од стандардните раствори, да изведат заклучок и да одговорат на поставените прашања.<br><br>Осмата вежба предвидува раздвојување и идентификација на алкалоиди во примерок од урина со тенкослојна хроматографија. Во воведот на вежбата се опишани својствата на алкалоидите, токсиколошкото значење и третманот при труење со алкалоиди. Понатаму, дадени се принципот и постапката за работа, според кои се бара од студентите да ги екстрахираат алкалоидите од примероците и да ги аплицираат екстрактите на хроматографски плочи со силика-гел. Со примена на хемиска детекција, студентите ги идентификуваат непознатите алкалоиди преку споредба на петната од анализираните примероци |

| | |
|---|---|
| | со петната добиени од стандардните раствори, изведуваат заклучок и одговораат на поставените прашања со цел да се потврдат стекнатите знаења.<br><br>Обработената материја во ракописот е изнесена на едноставен, концизен и разбирлив начин од страна на авторите, во согласност со претходната подготовка на студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинженер. |
| Оцена на усогласеноста со предметната програма: | Практикумот по токсиколошки форензични анализи опфаќа 8 тематски единици во кои пропорционално се застапени сите делови предвидени со наставната програма за теоретска и практична настава. |
| Предлози за потребни корекции: | Предадени на авторите |
| Оцена на ракописот: | Предложената содржина на ракописот и нејзиното презентирање ги задоволуваат критериумите за соодветно изведување на практичната настава по предметот токсиколошки форензични анализи за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинженер. |
| Категоризација: | Учебно помагало |
| Заклучок со предлог за оправданоста за објавување: | Ракописот што е предаден на рецензија содржи 81 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот Arial 12.<br><br>Во ракописот се приложени вовед и 8 обемни вежби кои се во согласност со практичната и теоретската настава за предметот токсиколошки форензични анализи за студентите од програмата лабораториски биоинженер. Предвидените практични вежби подразбираат самостојна работа на студентите во лабораторија опремена со соодветна апаратура и лабораториски прибор. Практикумот по токсиколошки форензични анализи се карактеризира со две функции, може да |

| | |
|---|---|
| | се користи како учебно помагало, а истовремено претставува дневник за изработените вежби во кој се евалуираат добиените резултати од анализите и изведените заклучоци од страна на асистентот. |

Врз основа на изнесеното, предлагам овој ракопис да се отпечати како учебно помагало за практична настава по предметот токсиколошки форензични анализи за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинженер.

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Зоран Кавраковски,

редовен професор на Фармацевтскиот

факултет во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО ТОКСИКОЛОШКИ ФОРЕНЗИЧНИ АНАЛИЗИ“ ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА КАДИФКОВА ПАНОВСКА, ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА ПЕТРУШЕВСКА-ТОЗИ И

## ДОЦ. Д-Р ТАЊА ПЕТРЕСКА ИВАНОВСКА

Со Одлука бр. 02-702/11 на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на XXX седница на Наставно-научниот совет, избрана сум за член на Рецензентската комисија за оцена на ракописот под наслов „Практични вежби по токсиколошки форензични анализи“ од авторите: проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, проф. д-р Лидија Петрушевска-Този и доц. д-р Тања Петреска Ивановска, наменет за студентите на студиската програма дипломиран лабораториски биоинженер на Фармацевтскиот факултет во Скопје, по предметот токсиколошки форензични анализи.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот под наслов „Практични вежби по токсиколошки форензични анализи“ опфаќа 8 методски единици во кои пропорционално се застапени содржините предвидени со наставната програма за теоретската и практичната настава за предметот токсиколошки форензични анализи.

На почетокот од секоја вежба е даден соодветен теоретски вовед со цел да се запознае студентот со тематската единица која, всушност, претставува самостојна целина. Во продолжение на секоја тематска единица се наведени практични задачи во кои се бара од студентот, во зависност од содржината на вежбата, да изработи квалитативни и/или квантитативни анализи применувајќи ги прописите и постапките за работа. На крајот од секоја вежба е оставен празен простор за внесување на резултатите и пресметките и изведување на заклучоци. Со цел евалуирање на стекнатото знаење на студентите, вежбите завршуваат со прашања кои треба да бидат одговорени на соодветно означеното место.

Во првата тематска единица се обработува врската доза–одговор која се користи во проценка на ризикот во токсикологијата што подразбира проценка на

токсичноста на супстанциите. Во почетниот сегмент на вежбата се дефинирани и објаснети параметрите кои се применуваат во проценка на токсичноста на супстанциите. Во продолжение, се дадени графички примери за врските доза–одговор на определени супстанции и начините за графичко претставување на кривата доза–одговор. Понатаму, се објаснети хипотезите од кои произлегува концептот на врската доза–одговор. Во завршниот дел од вежбата детално се опишани сите токсиколошки параметри (средна летална доза, средна летална концентрација, средна ефективна доза, терапевтски индекс, граница на сигурност, индекс на хроничност, летално време, моќност и ефикасност на токсичните супстанции) кои се користат за квантификација на врската доза-одговор.

Втората вежба опфаќа квантитативна анализа на јаглерод моноксид во примерок од полна крв. Во воведот на вежбата е наведено токсиколошкото значење на јаглеродниот моноксид, клиничката слика и третманот при труење со јаглерод моноксид, како и максималната дозволена концентрација на јаглерод моноксид во крв. Во понатамошниот дел од вежбата е даден механизмот на реакцијата помеѓу јаглерод моноксид и паладиум хлорид врз чиј принцип се заснова определувањето на јаглерод моноксид во полна крв со примена на микродифузионен метод. Од студентите се бара според постапката за работа да ја определат апсорпцијата на анализираниот примерок и врз основа на стандардна крива да ја пресметаат масата на неизредуцираниот паладиум хлорид во примерокот. Во продолжение е даден празен простор за внесување на пресметката за концентрацијата на јаглерод моноксид со користење на соодветна формула и стехиометриските коефициенти кои произлегуваат од реакциите. На крајот од вежбата се бара од студентот врз основа на добиениот резултат да изведе заклучок и да одговори на поставените прашања.

Третата вежба го обработува токсиколошкото значење на бензенот и неговите оксидациони производи во организмот, фенолите. Цел на оваа вежба е полуквантитативно определување на вкупните феноли во примероци од урина со користење на методот по Rainsford–Davies. Во воведот на вежбата, студентите се запознаваат со токсичните својства на бензенот и фенолите, ризикот од труење со овие супстанции, клиничката слика и лекувањето на затруени лица. Од студентите се бара полуквантитативно да се определи концентрацијата на феноли со примена на дадената постапка за изведување на боени тестови и раствори на феноли со позната концентрација за споредба на интензитетот на обојување. Во завршниот дел од вежбата се внесува резултатот и заклучокот во празниот простор, со одговарање на поставените прашања.

Во следната вежба е опишан методот според Widmark, кој се користи за квантитативно определување на етил алкохол во примероци од урина. Во

воведот се дадени токсиколошкото значење на етил алкохолот, клиничката слика при труење, методите за негова идентификација и максималната дозволена содржина на етанол во сообраќајот. Во продолжение, според принципот на методот, механизмот на оксидо-редукциската реакција и постапката за работа, се бара од студентите волуметриски да ја определат концентрацијата на етанол во примероци на урина. Во празниот простор, на крајот од вежбата, се бара од студентите да ја внесат пресметката според дадената формула, да изведат заклучок од добиениот резултат и да одговорат на поставените прашања.

Петтата вежба го обработува токсиколошкото значење на делта амино левулинската киселина (ДАЛК), чија зголемена концентрација во урина претставува индикатор за експозиција на олово. Студентите ја определуваат концентрацијата на ДАЛК во примерок од урина со примена на спектрофотометриски метод според дадениот пропис за работа. Потоа, врз основа на баждарна крива која е добиена со познати концентрации на ДАЛК, студентите ја пресметуваат концентрацијата на ДАЛК во анализираниот примерок, го впишуваат добиениот резултат во празниот простор, даваат соодветен заклучок врз основа на резултатот и ги одговараат прашањата.

Шестата вежба опишува уште еден параметар кој претставува индикатор за експозиција на олово, копропорфирин. Во оваа вежба се бара од студентите да го екстрахираат копропорфиринот од урината и да ја определат неговата концентрација спектрофотометриски во согласност со принципот на методот и постапката за работа. Во празниот простор, студентите ја пресметуваат концентрацијата на копропорфирин користејќи ја дадената формула, го запишуваат резултатот и заклучокот од направената анализа со одговарање на поставените прашања.

Во седмата вежба е предвидена квалитативна анализа на барбитурати со примена на техниката на тенкослојна хроматографија по нивна екстракција од примероци на урина. Како стационарна фаза во оваа анализа се користи силика-гел, додека како мобилна фаза се користи смеса од органските растворувачи, петролетер, ацетон и толуол. Во вежбата се наведени терапевтската примена, но и токсичните ефекти на барбитуратите, како и третманот при труење со барбитурати. Идентификацијата на непознатите барбитурати студентите ја вршат со хемиска детекција и споредба на петната на анализираните примероци со оние од стандардните раствори. Потоа, студентите во заклучокот го наведуваат идентификуваниот аналит и внесуваат одговори на поставените прашања.

Во последната вежба е обработено токсиколошкото значење на алкалоидите. Во воведот на вежбата се опишани својствата на алкалоидите, токсичните ефекти и третманот при труење со алкалоиди. Според прописот за работа, од студентите се бара да направат идентификација на непознатите

алкалоиди во примероци од урина, по нивна екстракција. Раздвојувањето на непознатите алкалоиди се изведува со техниката на тенкослојна хроматографија, со примена на стационарната фаза силика-гел и мобилна фаза која претставува смеса од органски и неоргански растворувачи. Понатаму, идентификацијата на непознатите алкалоиди се прави со хемиска детекција и споредба на петната добиени од анализираните примероци и петната добиени од стандардните раствори. Во заклучокот се наведува идентификуваниот алкалоид и се пишуваат одговори на поставените прашања со цел да се потврдат стекнатите знаења.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот ракопис може да се согледа дека опфатените методски единици се во согласност со наставната програма за практична и теоретска настава по предметот токсиколошки форензични анализи за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинженер. Практичните вежби се предвидени за самостојна работа на студентите. Ракописот е напишан стручно и концизно, но на разбирлив начин, со што се овозможува студентите да стекнат практични вештини по изработката на вежбата и да го потврдат своето знаење.

Во согласност со претходно изложеното, го предлагам ракописот за печатење и употреба како постојано учебно помагало при изведување на практичната настава по предметот токсиколошки форензични анализи за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинженер.

РЕЦЕНЗЕНТ

Доц. д-р Марија Хиљадникова-Бајро,

редовен професор на Фармацевтскиот

факултет во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БИОАНАЛИТИЧКИ МЕТОДИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АНТИЕПИЛЕПТИЧНИ ЛЕКОВИ ОД НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА "

## ОД АС. М-Р АРЛИНДА ХАЏИУ ЗАЈМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 15.11.2016 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката ас. м-р Арлинда Хаџиу Зајми со наслов ,,Биоаналитички методи за определување на антиепилептични лекови од новата генерација", во состав: проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска (претседател), доц. д-р Јасмина Тониќ Рибарска (ментор), проф. д-р Руменка Петковска (член), проф. д-р Гордана Китева-Тренчевска (член) и доц. д-р Зоран Стерјев (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

#### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката ас. м-р Арлинда Хаџиу Зајми со наслов ,,Биоаналитички методи за определување на антиепилептични лекови од новата генерација" претставува оригинален самостоен научноистражувачки труд. Трудот е структуриран во 6 поглавја: Вовед, Цели, Материјали и методи, Резултати и дискусија, Заклучок и Литература. На крајот е даден преглед на објавени оригинални научни трудови поврзани со проблематиката опфатена во дисертацијата. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот на трудот**, кандидатката концизно ги претставува достапните литературни податоци и сознанија, со кои се потенцира важноста на проблематиката и воедно се образложуваат целите на истражувањето. На почетокот од воведниот дел, кандидатката дава преглед за биоаналитичките методи и нивната значајна улога во тек на претклиничката и клиничката фаза од развојот на лекот, особено во евалуацијата на биорасположливоста, биоеквиваленцијата и фармакокинетските студии. Посебен акцент се дава на значајноста на биоаналитичките методи во определувањето и следењето на концентрацијата на лекот во биолошки матрикс во тек на терапија (TDM) со една основна цел: подобрување на тераписките ефекти и намалување на токсичните ефекти како и намалување на трошоците за терапија. Во продолжение, даден е кус преглед на факторите што треба да се земат предвид во тек на развој на робустен биоаналитички метод: изборот на биолошки матрикс, соодветната техника, концентрацискиот опсег на аналитот што треба да се определува, бројот и структурата на аналитите, физичко-хемиските карактеристики на аналитите, како и нивната стабилност во биолошкиот матрикс. Поради тоа, многу е важно употребените биоаналитички методи и постапки да бидат добро карактеризирани, целосно валидирани и документирани според стандардите, со цел да обезбедат веродостојни резултати. Како основна алатка во текот на целиот овој процес: развој, оптимизација, валидација и рутинска апликација на биоаналитичкиот метод, се наметнува потребата од примена на пристапот аналитички квалитет преку дизајн (Analytical Quality by Design - AQbD). Кандидатката детално ги опишува чекорите на овој нов проактивен пристап, со посебен акцент на дефинирање на просторниот дизајн на биоаналитичкиот метод и дизајнирање на контролна стратегија за променливите на методот на начин што ќе обезбеди дека со методот ќе се добиваат податоци со висок квалитет. Со овој пристап се овозможува развој на робусни методи, применливи за време на целиот животен циклус на аналитичкиот/биоаналитичкиот метод. Управувањето со животниот циклус на методот значи да се идентификуваат, да се разберат, да се редуцираат и да се контролираат изворите на варијабилност, со проактивен пристап, што вклучува воспоставување робусна контролна стратегија. Главен двигател на управувањето со животниот циклус на аналитичкиот метод е воспоставувањето и разбирањето на целниот аналитички профил заедно со целната мерна неодреденост. Кандидатката потенцира дека низ целиот процес, со примена на цврсти научни докази, треба да се докаже дека аналитичкиот метод за време на целиот животен циклус ќе ги исполнува претходно дефинираните барања за мерна неодреденост, односно дека аналитичкиот метод е соодветен за намената. Во продолжение, кандидатката дава објаснување за значајноста на примената на биоаналитичките методи за определување и следење на концентрацијата во тек на терапија на антиепилептичните лекови кај пациентите со епилепсија со посебен акцент за антиепилептичните лекови од новата генерација. При тоа се наведува дека определувањето и следењето на концентрацијата на антиепилептичните лекови во биолошки материјал е потребно и за утврдување на соодветноста на избраниот лек, следење на метаболизмот и интеракцијата на лековите, за одредување на фармакокинетските параметри или во ситуации кога се очекува промена во фармакокинетиката (по додавање или отстранување на интерактивен лек), при појава на токсични ефекти, во студиите за биоеквиваленција, при политерапија,

како и при определување на „индивидуална тераписка концентрација”. Кандидатката упатува на податокот дека за да може еден биоаналитички метод да се примени во секојдневната клиничка практика, неопходно е добиените резултати да бидат конзистентни, веродостојни и квалитетни, а тоа ја наметнува потребата од примена на AQbD во текот на развојот и оптимизацијата на биоаналитичкиот метод. На крајот од воведот, кандидатката се осврнува на двата најпропишувани и најчесто употребувани антиепилептични лека од новата генерација, ламотригин и леветирацетам, што главно се применуваат во политерапија со карбамазепин и валпроинска киселина. Кандидатката дава детален преглед на податоците за причините поради што е потребно следење на тераписките концентрации на овие лекови. Следува преглед на студии во кои се опишани методи за определување на овие антиепилептични лекови во биолошки материјал, како и студии во кои се изведени испитувања за поврзаноста помеѓу концентрацијата во плазма и плунка на ламотригин и леветирацетам.

Во поглавјето **Цели,** кандидатката ги наведува основните цели на докторската дисертација: примена на концептот AQbD, аналитички квалитет преку дизајн, во развојот на робустен биоаналитички метод преку дефинирање на целен аналитички профил; дефинирање на просторен дизајн на биоаналитички метод; дизајнирање на контролна стратегија за променливите на методот на начин што ќе обезбеди дека со методот ќе се добиваат податоци со висок квалитет и евалуација на изведбата на методот од почетокот на неговото дизајнирање и низ целиот животен циклус. За постигнување на зададената цел, кандидатката ги поставува следниве работни задачи: развој, оптимизација и валидација на UV-HPLC метод за истовремено определување на концентрацијата на ламотригин, леветирацетам, валпроинска киселина, карбамазепин и неговиот метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, во плазма и плунка; примена на експериментален дизајн за оптимизација на методот, спроведување на анализа на причини и последици за проценка и управување со ризик и конструирање на Ishikawa - дијаграм (дијаграм на рибина коска); проценка на квалитетот на добиените резултати преку определување на мерната неодреденост како значајна алатка за утврдување на точноста и сигурноста на резултатите и на крај примена на методот за определување и следење на тераписките концетрации на ламотригин, леветирацетам, валпроинска киселина, карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, во плазма и плунка кај пациенти со дијагностицирана епилепсија, кои се на политерапија со овие лекови.

Во поглавјето **Материјали и методи**, даден е список на користени супстанции, реагенси и материјали и детален опис на сите методи и опрема користени при изработката на оваа докторска дисертација. Во истражувањето биле вклучени 50 пациенти со дијагностицирана епилепсија кои се на политерапија со ламотригин, леветирацетам, карбамазепин и валпроинска киселина (согласно со Декалрацијата II од Хелсинки). Сите пациенти потпишале изјава за информираност и согласност за учество во студијата. Протоколот за истражување за оваа студија е одобрен од етичките комитети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Опишана е постапката на земање крв и добивање на примероци од плазма и постапката на собирање на плунка од

здрави доброволци и од пациенти со епилепсија. Кандидатката дава детален опис на UV - HPLC - методите за определување на ламотригин и леветирацетам како и на валпроинска киселина, карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, во плазма и во плунка. Во текот на развојот и оптимизацијата на методот се применува пристапот AQbD при што во почетокот се определуваат основните карактеристики и анализа на испитуваните аналити, потоа е испитано влијанието на четири експериментални фактори (pH на пуферен раствор, почетниот и крајниот удел на ацетонитрил во мобилна фаза во тек на градиентно елуирање и време на градиентно елуирање) во три факторски нивоа, користејќи *„Делумен $3^4$ факторски дизајн“* (*Fractional factorial $3^4$ design*), а потоа е спроведена валидација на методите изведена согласно со барањата на Водичот за валидација на биоаналитички методи на Европската агенција за лекови (EMA). Детално се опишани постапките на протеинска преципитација, течно - течно екстракција и цврсто-фазна екстракција применети за подготовка на биолошкиот материјал (плазма и плунка) за понатамошна анализа. Во ова поглавје, како последен дел, кандидатката ја изнесува и примената на постапката за определување на мерната неодреденост за проценка на квалитетот на резултатите, при што се користени три пристапи: пристапот на Mee, Hoffman-Kringle и Liao-Lin-Iyer.

Најобемен дел на докторската дисертација е поглавјето **Резултати и дискусија**. Во ова поглавје се прикажани резултатите од целокупните испитувања реализирани во рамките на докторската дисертацијата. Дискусијата е аргументирана, со соодветно толкување и споредба на добиените резултати од истражувањето со теоретските сознанија и литературните податоци од областа. Во ова поглавје, кандидатката ги прикажува и ги анализира резултатите добиени од експерименталниот дизајн во тек на оптимизација на методите, го прикажува Ishikawa дијаграмот (дијаграм на рибина коска) конструиран од резултатите добиени со спроведување на анализа на причини и последици за проценка и управување со ризик, како и резултатите добиени од валидацијата на методот. Кандидатката ги обработува резултатите добиени од мерната неодреденост, при што може да се заклучи дека биоаналитичкиот метод во плазма и плунка е валиден, земајќи предвид дека различните интервали на неодреденост се во граници на прифатениот лимит (± 15%) за четирите концентрациски нивоа што се тестирани за секој аналит поединечно, во два различни биолошки матрикса, плазма и плунка. Развиените, оптимизирани и валидирани биоаналитички методи се применети за определување и следење на концентрацијата на испитуваните антиепилептични лекови во плазма и плунка со цел индивидуализација на терапијата кај пациенти со дијагностицирана епилепсија. Определена е корелацијата помеѓу концентрациите на ламотригин и леветирацетам во плазма и во плунка кај пациенти болни од епилепсија кои се на терапија со овие лекови. Добиените резултати за концентрациите во плазма и концентрациите во плунка, односот помеѓу концентрацијата во плазма и во плунка, како и коефициентите на корелација помеѓу концентрација во плазма и во плунка, се јасно и концизно систематизирани и прикажани табеларно и графички. Дискусијата е успешно водена со аргументирано толкување за секој добиен резултат, поткрепено со литературни податоци.

Во **заклучокот** се сумирани согледувањата што произлегуваат од поставените цели, извршените експерименти и добиените резултати. Изнесени се заклучоците за секој дел од испитувањата и на крај се дадени генералните заклучоци изведени од севкупните резултати. При тоа се проценува дека во тек на развојот и оптимизација на биоаналитичкиот метод, примената на експерименталниот дизајн, како дел на AQbD, е значајна алатка што го олеснува но истотака се добива и во време, процесот на оптимизација на една метода посебно кога станува збор за истовремено определување на повеќе аналити со различни физичко-хемиски карактеристики. Кандидатката конструира Ishikawa - дијаграм (дијаграм на рибина коска) за проценка и управување со ризик и евалуација на потенцијалните и вистински променливи што имаат влијание на конечниот резултат. За проценување на резултатите добиени со овој метод, применето е определувањето на мерната неодреденост, како значаен чекор и дел од валидацијата, со што се потврдува точноста на резултатите од валидацијата на методот. Кандидатката изнесува дека воспоставените и валидирани биоаналитички HPLC - методи успешно се применети за определување и следење на концентрацијата на испитуваните антиепилептични лекови во плазма и во плунка добиени од пациенти со дијагностицирана епилепсија. Крајните заклучоци се однесуваат на значајноста од примената на AQbD и управувањето со животниот циклус на биоаналитичкиот метод како холистички пристап што резултира со дизајнирање на поробусни методи со кои се добиваат конзистентни, веродостојни и квалитетни резултати.

Прегледот на користената **Литература** е според азбучниот ред на авторите. Цитирањето на литературата во целиот текст на дисертацијата е направено преку наведување на името на првиот автор и годината на издавање на трудот. Бројот на цитирани референци претставува широка теоретска основа за изнесените сознанија.

Во прилог, кандидатката приложува список на рецензираните оригинални научни трудови, поврзани со проблематиката на докторската дисертација.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во докторската дисертација е примена на концептот AQbD, аналитички квалитет преку дизајн, во развојот на робустен биоаналитички метод преку дефинирање на целен аналитички профил, дефинирање на просторен дизајн на биоаналитички метод, дизајнирање на контролна стратегија за променливите на методот и евалуација на изведбата на методот од почетокот на неговото дизајнирање и низ целиот животен циклус. Овој концепт е применет во развојот, оптимизацијата и валидацијата на биоаналитички метод за определување и следење на тераписките концентрации на антиепилептични лекови од новата генерација во плазма и плунка кај пациенти со дијагностицирана епилепсија.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Целта на валидацијата на биоаналитичкиот метод е да се обезбеди дека резултатите од секое следно мерење ќе бидат доволно блиски до непознатата вистинска вредност. Постапката се состои од дефинирање на методот,

последователна изведба на експериментите за валидација и статистичка обработка на добиените вредности, со цел проверка на изведбата на методот во однос на референтни вредности. На резултатите што ќе се добиваат со примена на валидиран метод значително влијание имаат карактеристиките на примерокот, варијациите на употребената апаратура, методот на калибрација на инструментот, што не се вклучени и не се евалуираат во текот на валидацијата на аналитичкиот метод. Притоа, не секогаш има гаранција за робустноста и други карактеристики што би го гарантирале квалитетот на методот. Причина за ова е што водичите за валидација на аналитички/биоаналитички методи, иако замислени како насоки што треба да се користат во комбинација со цврсти научни докази, најчесто се интерпретираат како задолжителни барања. Ова е можеби и очекуван пристап, со оглед на тоа што со нивна примена се утврдува соодветноста на методот за намената, низ испитување на дефинираните параметри за валидација (специфичност, линеарност, прецизност, точност), но не даваат рамка што ќе овозможи да се разберат и да се контролираат причините за варијабилноста на методот и следствено, и на резултатите. Од тие причини, актуелниот нов проактивен пристап во развојот и валидацијата на аналитички метод е управување со животниот циклус на аналитичкиот метод (Lifecycle management of analytical procedure). Основата на новиот пристап произлегува првенствено од водичот ICH Q8, Фармацевтски развој,  во комбинација со водичите ICH Q9, Управување со ризикот за квалитет и ICH Q10, Систем за фармацевтски квалитет. Во моментот, на самиот почеток од подготовката, чекор 1, е водичот ICH Q12, Управување со животен циклус, што по финализирањето несомнено ќе даде нова димензија на квалитетот на аналитичкиот/биоаналитичкиот метод. Иако спроведувањето на AQbD, се уште не е задолжително регулаторно барање, податоците од литература, последните неколку години се доказ за придобивките на примената на AQbD во ефикасен развој на различни аналитички методи. Поради тоа, се повеќе е актуелна парадигмата околу имплементацијата на AQbD во развојот на робустен биоаналитички метод. Во литературата има мал број на податоци што се однесуваат на определување и следење на тераписките концентрации (TDM) кај антиепилептичните лекови од новата генерација, а како резултат на нивната сè почеста употреба во медикаментозната терапија кај пациентите со дијагностицирана епилепсија, се зголемува интересот за развој на робустни биоаналитички методи за рутинска примена на TDM во секојдневната клиничка практика. За да може еден биоаналитички метод да се примени во секојдневната клиничка практика, со цел следење на терапевтската концентрација на лекот, неопходно е добиените резултати да бидат конзистентни, веродостојни и квалитетни, а тоа ја наметнува потребата од примена на AQbD во текот на развојот и оптимизацијата на биоаналитичкиот метод.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

- Техники за подготовка на биолошкиот примерок добиен од пациенти, плазма и плунка, за анализа
    - Протеинска преципитација
    - Течно-течна екстракција
    - Цврсто-фазна екстракција

- Експериментален дизајн за оптимизација на биоаналитичките HPLC методи

- за оптимизација на хроматографските услови испитано е влијанието на четири експериментални фактори (pH на пуферен раствор, почетен и краен состав на ацетонитрил во мобилна фаза во тек на градиентно елуирање и време на градиентно елуирање) во три факторски нивоа, користејќи *„Делумен $3^4$ факторски дизајн“* (*Fractional factorial $3^4$ design*)

- Валидација на биоаналитичките HPLC методи

- Конструирање на Ishikawa дијаграм (дијаграм на рибина коска)

- за проценка и управување со ризик и евалуација на потенцијалните и вистински променливи што имаат влијание на конечниот резултат

- Определување на мерна неодреденост на резултатите добиени со оптимизираните и валидирани биоаналитички методи

- во текот на креирањето на профилот на мерна неодреденост користени се три пристапи, пристапот на Mee, на Hoffman-Kringle и на Liao-Lin-Iyer.

Предложените и валидирани биоаналитички методи се применети за определување на ламотригин, леветирацетам, валпроична киселина, карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, во плазма и плунка добиени од пациенти со дијагностицирана епилепсија, кои се на политерапија со овие лекови.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Развиени, оптимизирани и валидирани се едноставни, точни и сигурни UV-HPLC - методи за истовремено определување на ламотригин, леветирацетам, валпроична киселина, карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид, во плазма и плунка. Во тек на развојот и оптимизацијата на биоаналитичките методи применет е експериментален дизајн, како дел од AQbD, што е значајна алатка за оптимизацијата на еден метод посебно кога станува збор за истовремено определување на повеќе аналити со различни физичко- хемиски особини. Конструиран е Ishikawa - дијаграм (дијаграм на рибина коска) за проценка и управување со ризик и евалуирани се потенцијалните и вистински променливи што имаат влијание на конечниот резултат. За проценување на резултатите добиени со овие методи, применето е определување на мерната неодреденост, како значаен чекор и дел од валидацијата, со што се потврдува точноста на резултатите од валидацијата на методот. Предложените и валидирани биоаналитички методи успешно се применети за определување на ламотригин, леветирацетам, валпроична киселина, карбамазепин и неговиот активен метаболит, карбамазепин-10,11-епоксид во плазма и плунка добиени од пациенти со дијагностицирана епилепсија, кои се на политерапија со овие лекови.

Добиена е статистички значајна корелација, помеѓу концентрацијата на ламотригин  и леветирацетм во плунка и вкупната концентрација во плазма. Потребни се понатамошни студии на поголем број пациенти за да може плунката да се употребува како алтернативен матрикс за веродостојно и точно следење на концентрацијата на ламотригин и леветирацетам, во тек на терапија.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арлинда Хаџиу Зајми, со наслов ,,Биоаналитички методи за определување на антиепилептични лекови од новата генерација", претставува истражување во научното подрачје фармација, потесна област: аналитика на лекови. Примената на новиот проактивен пристап во развојот и валидацијата на аналитички/биоаналитички метод - управување со животниот циклус на аналитичкиот метод и добиените резултати со примена на концептот AQbD, аналитички квалитет преку дизајн, во развојот на робустен биоаналитички метод за определување и следење на тераписките концетрации (TDM) на антиепилептични лекови од новата генерација, претставуваат значаен научен придонес во ова поле, а можноста за искористување на резултатите во апликативни цели го задоволува критериумот на научни истражувања со можност за практична примена.

Докторската дисертација на м-р Арлинда Хаџиу Зајми со наслов „Биоаналитички методи за определување на антиепилептични лекови од новата генерација“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Оригинални научни трудови

1. J. Tonic–Ribarska, **A. Haxhiu**, Z. Sterjev, G. Kiteva, Lj. Suturkova, S. Trajkovic–Jolevska, Development and validation of bioanalytical LC – UV method with solid-phase extraction for determination of valproic acid in saliva, *Acta Pharm.* 62, 2012, 211-220.

*Impact factor: 1,312*

**2.** Arlinda Haxhiu Zajmi, **Jasmina Tonic Ribarska, Emilija Cvetkovska, Rumenka Petkovska, Natalija Nakov, Kristina Mladenovska, Suzana Trajkovic Jolevska, Optimisation via experimental design of LC method for simultaneously determination of four antiepileptic drugs and active metabolite in human plasma, *IOSR Journal of Pharmacy,* 6, 2016, 41-54. *Impact factor: 1,448***

3. **Arlinda Haxhiu Zajmi,** JasminaTonic Ribarska, Merita Dauti, Suzana Trajkovic Jolevska, Dorentina Bexheti, Challenge on tha application of TDM in epileptic patiens -What is the benefit ?, *Acta Medica Balkanica, In press.*

4. **Arlinda Haxhiu Zajmi,** Jasmina Tonic Ribarska, Emilija Cvetkovska, Rumenka Petkovska, Suzana Trajkovic Jolevska, Bioanalytical method for TDM of

Levetiracetam: different approaches in sample preparation and method optimisation, *Acta Pharmaceutica, Under review.*

Резултатите од докторската теза се објавени и презентирани и на неколку меѓународни научни собири од областа на фармацијата.

Кратки соопштенија:

1. **A. Haxhiu,** J. Tonic – Ribarska and S. Trajkovic-Jolevska, SPE as pretreatment technique for preparation of biological samples: application in HPLC determination of valproic acid in saliva, *European Journal of Pharmaceutical Sciences,* 44/S1, 2011, 65-66. *Impact factor*: 3,665

2. **Arlinda Haxhiu Zajmi** , Jasmina Tonic Ribarska, Emilija Cvetkovska, Rumenka Petkovska, Suzana Trajkovic Jolevska New generation antiepileptic drugs: affordable bioanalytical method for therapeutic monitoring, *Maced. Pharm. Bull.*, 62 (suppl.), 2016, 163-164.

Конференциски абстракти презентирани на интернационални конференции и симпозиуми, публикувани во конференциски извештаи или како додаток на научни списанија:

1. **Arlinda Haxhiu Zajmi,** JasminaTonic Ribarska, Natalija Nakov, Sonja Ugarkovic, Natasa Anevska Stojanovska, Liljana Ugrinova, Suzana Trajkovic Jolevska, Optimisation of bioanalytical SPE HPLC method for determination of Lamotrigine in plasma of epileptic patiens, 7st Open Symposium EBF "Beyond the Horizon, Painting a new Horizont", 19-21 November, 2014, Barcelona, Spain.

2. **Arlinda Haxhiu Zajmi,** JasminaTonic Ribarska, Rumenka Petkovska, Natalija Nakov, Katerina Brezovska, Kristina Pavlovska, Suzana Trajkovic Jolevska, Comparison of Sample preparation methods prior to simultaneous determination of four antiepileptic drugs and active metabolite in human plasma by LC, 21th International Symposium on Separation Sciences, June 30 - july, 2015, Ljubljana, Slovenia.

3. **Arlinda Haxhiu Zajmi** , Jasmina Tonic Ribarska, Zoran Sterjev, Emilija Cvetkovska,Iigor Kuzmanovski, Suzana Trajkovic Jolevska, New bioanalytical HPLC method for determination of Levetiracetam in plasma of epileptic patients, 6th International Congress of Neurologists in the Republic of Macedonia, 21 – 24 September, 2016, Ohrid, Macedonia.

4. Jasmina Tonic Ribarska, **Arlinda Haxhiu Zajmi**, Zoran Sterjev, Zorica Naumovska, Gjoshe Stevkov, Liljana Ugrinova, Suzana Trajkovic Jolevska, Determination of total and free valproic acid in plasma of epileptic patiens by SPE HPLC method, 9th EBF Open Symposium "Reaching Utopia – The Kaleidoscope of Bioanalysis", 16 - 18 November, 2016, Barcelona, Spain.

**Заклучок и предлог**

**По деталната анализа на докторската дисертација со наслов „Биоаналитички методи за определување на**

**антиепилептични лекови од новата генерација“, поднесена од ас. м-р Арлинда Хаџиу Зајми, Комисијата заклучува дека студијата претставува самостоен научноистражувачки труд од областа на фармацијата.**

Резултатите од испитувањата опфатени во оваа дисертација се оригинални и даваат придонес во развојот на робусен биоаналитички метод за определување и следење на тераписките концентрации на антиепилептични лекови од новата генерација во плазма и плунка кај пациенти со дијагностицирана епилепсија, преку примена на концептот AQbD, аналитички квалитет преку дизајн.

**При изработката на трудот, обработени се бројни литературни податоци, користен е рационален пристап и современа методологија, резултатите се јасно презентирани и толкувани, дискусијата е аргументирана, а заклучоците се конкретно изведени. Добиените резултати и изведените заклучоци потврдуваат дека во текот на развојот и оптимизацијата на биоаналитички метод, пристапот на примената на AQbD и определувањето на мерната неодреденост обезбедуваат поголема сигурност и квалитет на добиените биоаналитички податоци. Со примена на AQbD и управувањето со животниот циклус на биоаналитичкиот метод како холистички пристап што резултира со дизајнирање на поробусни методи, добиени се конзистентни, веродостојни и квалитетни резултати, со можност за апликативна примена во клиничката практика.**

За квалитетот на докторската дисертација укажуваат и објавените научни трудови во меѓународни научни списанија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Арлинда Хаџиу Зајми со наслов „Биоаналитички методи за определување на антиепилептични лекови од новата генерација“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, претседател, с.р.

Доц. д-р Јасмина Тониќ Рибарска, ментор, с.р.

Проф. д-р Руменка Петковска, член, с.р.

Проф. д-р Гордана Китева-Тренчевска, член, с.р.

Доц. д-р Зоран Стерјев, член, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ (ДОЦЕНТ) ПО ШПАНСКА КНИЖЕВНОСТ, ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филолошки факултет "Блаже Конески", објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 20.9.2016 година, за избор во наставно-научно звање (доцент) по предметот шпанска книжевност, Наставно-научниот совет, на својата втора редовна седница одржана на 19.10.2016 година, со Одлука бр. 04-1331/4, формира Рецензентската комисија во состав: д-р Људмила Илиева, редовен професор на Универзитетот во Софија, Р Бугарија, д-р Петар Молов, редовен професор на Универзитетот во Софија, Р Бугарија и д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Проф. д-р Људмила Илиева, редовен професор на Универзитетот во Софија, Р Бугарија, со допис бр. 04-1331/6 од 13.12.2016 извести дека се повлекува од членството (прв рецензент) во Рецензентската комисија поради непредвидени дополнителни обврски како член дописник за Бугарија на Уругвајската академија за литература, по што се јави потреба од избор на нов член на Рецензентската комисија.

Наставно-научниот совет, на својата четврта редовна седница одржана на 21.12.2016 година, со Одлука бр. 04-1331/9, го избра д-р Владимир Карановиќ, доцент на Катедрата за ибериски студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Белград за член на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска, на конкурсот за избор во звање - доцент по предметот шпанска книжевност.

Со извршената промена формирана е Рецензентска комисија во состав: доц. д-р Владимир Карановиќ, доцент на Филолошкиот факултет во Белград, проф. д-р Петар Молов, редовен професор на Факултетот за класична и современа филологија во Софија и проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор во наставно-научно звање (доцент) по предметот шпанска книжевност, во предвидениот рок се пријави д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска.

### 7. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска е родена на 9.8.1982, во Скопје. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во 2005 година, со просечен успех 9,64. Кандидатката активно се служи со шпанскиот, англискиот и италијанскиот јазик.

Во 2008 година завршила мастер студии по современа шпанска култура на Универзитетот Алкала де Енарес (студии на далечина). Темата на завршниот труд била

„Минатото, меморијата и идентитетот во првите два романи на Антонио Муњос Молина *Беатус иле* и *Зимата во Лисабон*".

Во учебната 2009/2010 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот Комплутенсе во Мадрид. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 9,36 и истата година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Миграции исток-запад, од периферијата кон центарот и од центарот кон периферијата. Сликата на градот Мадрид во романот *Бугарските љубовници* и на градот Скопје во романот *Снегот во Казабланка*".

Во 2010 година се запишала на докторски студии на Универзитетот Комплутенсе во Мадрид и во 2015 година го обранила докторскиот труд на тема: „Мадрид како плурален простор. Од провинцијалцот до мигрантот: нарации на *другиот*" со оценка десет со пофалба.

Во 2012 година е избрана во звањето асистент по шпанска книжевност на Катедрата за романски јазици при Филолошкиот факлутет „Блаже Конески.

Во 2015 година е избрана за лектор по шпански јазик. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр. 1102 од 15.6.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1042 и 1102, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 8. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филолошки факултет "Блаже Конески"- Скопје, кандидатката д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска изведува настава и вежби од прв циклус студии на студиската програма за шпански јазик и книжевност на Филолошкиот факлутет. Од 2004 до 2007 година била ангажирана како демонстратор и ги изведувала вежбите по предметите: шпански 1Ц и граматика на шпанскиот јазик. Од 2007 до 2011, со пауза во учебната 2009/2010, била ангажирана како надворешен соработник и ги изведувала вежбите по шпански јазик 1Ц, шпански јазик 2Ц, шпански јазик 1, шпански јазик 2, шпански јазик 3, шпански јазик 4. Во учебните 2013/2014 и 2014/2015 г. како асистент ги изведува вежбите по предметите шпански јазик 1 и шпански јазик 2, шпански јазик 1Ц, шпански јазик 2Ц, вовед во шпанска книжевност, вовед во морфосинтакса на шпанскиот јазик, морфосинтакса на шпанскиот јазик, модернизам и генерација од 98, театарот на Златниот век, подготовка за превод 1, подготовка за превод 2, теорија на превод и толкување 1, теорија на превод и толкување 2, литература на авангардата, анализа и коментар на текстови од XX век, преглед на испаноамериканска книжевност. Во учебната 2015/2016 е ангажирана како лектор и изведувала настава и вежби по предметите: театарот на Златниот век, теорија на превод и толкување 1, теорија на превод и толкување 2, литература на авангардата, анализа и коментар на текстови од XX век, модернизам и генерацијата 98, сервантес и неговото време, магичен реализам, преведување од шпански на македонски и обратно 3 и преведување од шпански на македонски и обратно 4.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Научноистражувачка дејност**

Во однос на научноистражувачката дејност на кандидатката, д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска има објавено една монографија во странство, седум учества со реферати на научни собири во Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Шпанија, има објавено шест научни труда во зборници од научни конференции или научноистражувачки проекти, еден научен труд во меѓународно списание на шпански јазик. Во овој труд кандидатката се осврнува на три современи шпански романи кои го третираат феноменот на миграцијата и ги анализира низ призмата на книжевниот простор, издвојувајќи притоа три доминантни простори во трите романи: центарот, периферните населби и метрото. Во трудот, кандидатката заклучува дека овие јавни простори за протагонистите имигранти функционираат како еден вид хетеротопии, според терминологијата на Фуко, односно дека и покрај тоа што се јавни простори, за секое од овие места постојат одредени норми што треба да се почитуваат, па така центарот се поистоветува со една хетеротопија на криза, периферијата со хетеротопија на застранување, а метрото со хетерокронија, односно простор што овозможува синкроницитет на различни простори.

Д-р Сања Михајловиќ–Костадиновска исто така била учесник и во национален проект насловен „Македонско - романистички јазични, книжевни и преведувачки релации 2000-2015“, чиј носител бил Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**
**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во однос на стручно-апликативната дејност, има објавено преводи на два македонско-шпански разговорника, превод на книгата „Стефано“ од Марија Тереза Андруето, на книгата „Основен атлас на водата“, превод на шпански на драми, детски раскази и раскази во рамки на проектот „135 на македонската книжевност на шест странски јазици“ и превод на поезија во рамки на Работилницата за превод на македонска поезија на шпански јазик организарана од македонскиот ПЕН-центар.

Д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска одржала и предавање во Националната библиотека на Македонија во рамките на циклусот „Денови на светската книжевност“ под наслов „На двете страни од океанот: литература по(д) диктатура“.

Кандидатката е автор и на поглавјето за транскрипција од шпански јазик во рамките на проектот за изработка на нов правопис на македонскиот јазик.

Д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска е поставена е за постојан судски преведувач и е активен преведувач и толкувач (симултан и консекутивен) во најразлични области од општествениот и стопанскиот живот во земјата.

Учесник е во бројни активности за промоција на Филолошкиот факултет.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Мадрид, Шпанија, во времетраење од една година. Добитник е и на други стипендии и грантови за посета на курсеви за усовршување во Шпанија и Италија.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот. Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката Сања Михајловиќ-Костадиновска доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно-научното звање доцент по предметот шпанска книжевност.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, д-р Сања Михајловиќ-Костадиновска да биде избрана во наставно-научното звање доцент по предметот шпанска книжевност.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Доц. д-р Владимир Карановиќ, с.р.
   Филолошки факултет - Белград

2. Проф. д-р. Петар Молов, с.р.
   Факултет за класична и современа филологија - Софија

3. Проф. д-р Лудија Капушевска-Дракулевска, с.р.
   Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Сања Михајловиќ Костадиновска**

**Институција: Филолошки факултет “Блаже Конески”- Скопје**

**Научна област: наука за книжевноста (историја на книжевноста на романските јазици)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>Настава на прв циклус студии (домашна институција) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учебна година 2004/2005**, ангажирана како демонстратор, вежби по предметот шпански јазик 1Ц (0+4), прв семестар и шпански јазик 1Ц (0+4) втор семестар. | 1,8<br><br>1,8 |
| 2 | **Учебна година 2005/2006,** ангажирана како демонстратор, вежби по предметот шпански јазик 1Ц (0+4), прв семестар и шпански јазик 1Ц (0+4), втор семестар. | 1,8<br><br>1,8 |
| 3 | **Учебна година 2006/2007**, ангажирана како демонстратор, вежби по предметот шпански јазик 1Ц (0+4),во прв и втор семестар и граматика на шпанскиот јазик (0+4), во прв и втор семестар. | 1,8<br><br>1,8<br><br>1,8<br><br>1,8 |
| 4 | **Учебна година 2007/2008**, ангажирана како надворешен соработник, вежби по предметите шпански јазик 1 (0+4), прв семестар; шпански јазик 3 (0+2) трет семестар; шпански јазик 2 (0+4) втор семестар; шпански јазик 4 (0+2) четври семестар. | 1,8<br><br>0,9<br><br>1,8<br><br>0,9 |
| 5 | **Учебна година 2008/2009**, ангажирана како надворешен соработник, вежби по предметите шпански јазик 1 Ц (0+2), прв | 0,9<br><br>0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | семестар; шпански јазик 2 Ц (0+2) втор семестар; шпански јазик 3 (0+2) трет семестар; шпански јазик 4 (0+2) четврти семестар. | 0,9<br>0,9 |
| 6 | **Учебна година 2010/2011,** ангажирана како надворешен соработник, вежби по предметите шпански јазик 1, втор модул, трет семестар (0+4), шпански јазик 2, втор модул, четврт семестар (0+4), шпански јазик 1 Ц, трет семестар (0+2), шпански јазик 2Ц, четврти семестар (0+2) | 1,8<br>1,8<br>0,9<br>0,9 |
| 7 | **Учебна година 2013/2014**, ангажирана како асистент, ги одржувала вежбите по следниве предмети:<br>Вовед во шпанска книжевност, прв семестар (0+2)<br>Вовед во морфосинтакса на шпанскиот јазик, прв семестар (0+2)<br>Шпански јазик 1Ц, прв семестар (0+4)<br>Морфосинтакса на шпанскиот јазик, втор семестар (0+2)<br>Шпански јазик 2Ц, втор семестар (0+4)<br>Театарот на златниот век, трет семестар (0+2)<br>Теорија на превод и толкување 1, трет семестар (0+2)<br>Модернизам и генерација 98, четврт семестар (0+2)<br>Подготовка за превод 2, четврт семестар, (0+2)<br>Теорија на превод и толкување 2, четврт семестар (0+2)<br>Сервантес и неговото време, седми семестар, менторска настава<br>Анализа и коментар на текстови од XX век, осми семестар, менторска настава | 0,9<br>0,9<br>0,9<br>1,8<br>1,8<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9 |
| 8 | **Учебна година 2014/2015**, ангажирана како асистент, ги одржувала предавањата и вежбите по:<br>Вовед во шпанска книжевност, прв семестар (0+2)<br>Шпански јазик 1, прв семестар (0+4)<br>Театарот на златниот век, трет семестар (0+2)<br>Подготовка за превод 1, трет семестар (0+2)<br>Теорија на превод и толкување 1, трет семестар (0+2)<br>Литература на авангардата, петти семестар (0+2) | 0,9<br>1,8<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9<br>0,9 |

| | | |
|---|---|---|
Солиден број на трудови на кандидатот И. Османи се однесуваат на интерференциите на албанскиот и македонскиот јазик, за лексичките иновации во електронскиот дискурс во албанскиот јазик, за топонимијата и миротопонимијата. Низа трудови на д-р Исмет Османи се однесуваат на прашања на стручната терминологија (правната и економската терминологија), прашања на преводите, кадешто посебно внимание му посветува на феноменот на јазикот од неколку аспекти. Од посебен интерес е приодот и начинот на кој што тој го обработува моментот на влијанието на јазикот во говорните вештини како мошне битни и значајни за реализирањето и функцијата на јазикот на комуникацијата, т.е. општењето.

**Учество на научни конференции и стручни и научни трудови во периодот од 2012 до 2016 година**

Кандидатот д-р Исмет Османи,покрај успешната педагошка работа, во петтгодишен изминат период учествувал на меѓународни научни конференции во земјата и во странство, како и објавил стручни и научни трудови (во прилог: научноистражувачка дејност - Образец кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање). Како позначајни ги сметаме:

1) “Gjuha shqipe në shkrimet dhe përkthimet e Nolit”. Konferencë shkencore “Fan S. Noli në 130 – vjetorin e lindjes”. Korçë, 30-31 maj 2012. Korçë: Universiteti “Fan Noli.”
2) “Semantika e shprehjeve frazeologjike në shqip dhe në maqedonisht”. *Konferencë Shkencore Ndërkombëtare “Java e Shkencës në Kosovë 2012”,* Prishtinë, 2012, f. 187 – 190.
3) “Mediumet në gjuhën shqipe dhe prirjet e përgjithshme”. *Seminari XXXI Ndërkombëtar për gjuhën, letërsinë dhe kulturën shqiptare*. Prishtinë, 13-25 gusht 2012.
4) Mjetet e komunikimit fatik si elemente relevante sociolinguistike në gjuhën shqipe, (Libri i përmbledhjeve) Takimi VII vjetor ndërkombëtar i Institutit Alb-Shkenca, Shkup, 29-31 gusht 2012.
5) “Mikrotoponimet dhe antroponimet e Dervenit të Shkupit”. Seminari ndërkombëtar i albanologjisë “Çështja shqiptare para dhe pas shpalljes së pavarësisë”. Tetovë, 20-22 shtator 2012. Tetovë: “Universiteti Shtetëror i Tetovës”, 321-327.
6) “Kontributi i prijësve fetarë për gjuhën shqipe”, *Konferencë shkencore mbarëshqiptare*” , Tiranë, 27 -28 shtator 2012.
7) “Kontributi i delegatëve të kongresit të drejtshkrimit nga Maqedonia për shqipen standarde”. *Konferencë shkencore “Dyzet vjet të shqipes standarde”*. Korçë, 16 nëntor 2012. Korçë: Universiteti “Fan Noli”.
8) “Kontributi i ulemasë për gjuhën dhe kulturën shqiptare në Maqedoni”, FSHI, Shkup, 17 nëntor 2012.
9) “Gjuha shqipe në tekstet e përkthyera mësimore në Maqedoni”. Konferencë shkencore *“Dyzet vjet të shqipes standarde*”, Instituti Albanologjik i Prishtinës, Prishtinë 7-8 dhjetor 2012.
10) “Pikëpamjet e Bllazhe Koneskit për shqipen në kontekstin ballkanik”. *Seminari XXXII Ndërkombëtar për gjuhën, letërsinë dhe kulturën shqiptare*. Prishtinë, 19-30 gusht 2013.
11) Kontributi i Petro Janurës për arsimin shqip”. ”Konferencë vjetore e shkencës “Java e Shkencës 2013”. Prishtinë, 14-17 maj 2013, 105-107.

12) "Leksiku shqip në veprat e vëllezërve Milladinov". "*Seminari VII Ndërkombëtar i Albanologjisë*". Tetovë, 26-27 shtator 2013. Tetovë: Universiteti Shtetëror i Tetovës, Tetovë.
13) „Придонесот на проф. Ремзи Несими за албанскиот стандарден јазик„. *Годишен зборник*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", 2014, 79-84.
14) "Bashkëpërkimet e shqipes me gjuhët sllave në studimet e Akademik Idriz Ajetit". "*Konferencë shkencore për nder të akademik Idriz Ajetit*". Prizren, 15 maj 2014. Prizren: Universiteti "Ukshin Hoti", Fakulteti i Filologjisë, 2015, 128-133.
15) "Toponimia e Dervenit të Shkupit". *Sesion shkencor "Toponimia shqiptare në Maqedoni"*. Shkup, 3 qershor 2013. Shkup: ITSHKSH, SCUPI, V-5, 2014, 137-144.
16) "Studimet morfonologjike në fushë të shqipes". Konferencë shkencore *"Ndihmesa shkencore të prof. Rami Memushaj"*. Vlorë, 18 tetor 2012. Vlorë: Universiteti "Ismail Qemali", Fakulteti i Shkencave Humane - Departamenti i Gjuhës Shqipe dhe Letërsisë. Vlorë, 2014, 99-106.
17) "Mbi ndërrimet morfonologjike". Instituti Alb-Shkenca, 2014, Shkup. 127-135.
18) "Ndërrimet morfonologjike në të folme të Rekës së Epërme". Konferencë shkencore "*Shqiptarët e Rekës së Epërme*". Tetovë: UEJL, 2014, 165-172.
19) "Ndihmesa e Thimi Mitkos në Leksikun e shqipes" (në bashkautorësi), *Konferencë Shkencore Ndërkombëtare kushtuar jetës dhe veprës së Thimi Mitkos në 195-vjetorin e lindjes*, Korçë, 25-26. 03. 2015.
20) "Publicisti, pedagogu dhe studiuesi Petro Janura (1911-1983)". *Tribunë shkencore "70–vjetori i botimit të gazetës "Flaka e vëllazërimit"*. Shkup, 4 prill 2015. Shkup: ITShKSh, SCUPI, Vëll. 10, 24-28.
21) "Inovacionet leksikore në diskursin elektronik në gjuhën shqipe". Konferencë vjetore e shkencës "Java e Shkencës 2015". Prishtinë, 12-15 maj 2015, 401-407.
22) "Roli i internetit në procesin e përkthimit: disa aspekte gjuhësore". *Seminari i Albanologjisë*, Tetovë, 2015.
23) "Studime të prof. Shaban Demirajt në lëmë të trashëkimisë kulturore". *Sesion shkencor "Shaban Demiraj – figurë e shquar e albanologjisë dhe ballkanologjisë"*. Shkup, 21 nëntor 2014. Shkup: ITShKSh, SCUPI, V-8, 2015, 173-176.
24) "Ndihmesa e prof. Tomor Osmanit për gramatikën e shqipes". *Konferencën shkencore ndërkombëtare "Tomor Osmani: Një jetë me albanologjinë"*. Shkodër, 27 janar 2016. Shkodër: Universiteti i Shkodrës "Luigj Gurakuqi", Fakulteti i Shkencave Shoqërore Departamenti i Gjuhësisë.
25) "Ngjashmëritë dhe dallimet midis shqipes dhe maqedonishtes në mënyrat dhe kohët e foljeve". *Konferencë shkencore "Shqipja dhe marrëdhëniet e saj me gjuhët e tjera"*. Prizren, 6 maj 2016. Prizren: Universiteti "Ukshin Hoti", Fakulteti i Filologjisë.
26) "Strategjia paralinguistike në diskursin elektronik në gjuhën shqipe". "Java e Shkencës 2016". Prishtinë, 10-13 maj 2016,
27) „Për standardizimin e termave juridikë e administrativë në gjuhën shqipe„. *Takimi i 11-të vjetor ndërkombëtar i Institutit Alb-shkenca*. Tiranë, 1-2 shtator 2016.
28) "Gjuha e internetit dhe kodet e komunikimit joverbal". "Seminari XXXV ndërkombëtar për gjuhën, letërsinë dhe kulturën shqiptare", Prishtinë, 15 – 26 gusht 2016.
29) "Gjuha shqipe dhe gjuhët e kontaktit". Seminari i Albanologjisë, Tetovë 30 shtator 2016.
30) *За морфонолошките промени во албанскиот јазик*, Годишен зборник, книга 41-42, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", 2016.

Земајќи го предвид целокупниот период од вработувањето па сè до денес, треба да се истакне дека во случајот на д-р Исмет Османи станува збор за наставник и научник кој етапно, но сепак со брза и квалитетна динамика се развивал во сите полиња на своето дејствување.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во рамките на стручно-апликативната дејност треба да се нагласи дека д-р Исмет Османи, покрај наставно-научната дејност, успешно се занимава и со писмен превод, како и со конференциско толкување (консекутивно и симултано) на македонски и на албански јазик. Посебен белег во преведувачка дејност на д-р Османи оставаат преводите од областа на економијата. Ги преведувал од македонски на албански книгите: *Претприемништво* од Таки Фити, Економски факултет, Скопје, 2007; на албански *Ndërmarrësia*, објавен од УЈЕ во Тетово во 2013 год.; *Менаџмент на мал бизнис* од Бобек Шуклев, петто издание, Економски факултет - Скопје, 2011; на албански *Biznesi i vogël*, објавен од УЈЕ во Тетово во 2013 год.

Во стручно-апликативниот делокруг секако вреди да се спомене и лекторската дејност. Кандидатот е успешен лектор и на неколку учебници, од кои ги издвојуваме следниве:

- Veland Ramadani, *Biznes engjëjt,* Shkup, 2010;
- Nasir Selimi - Veland Ramadani - Gadaf Rexhepi, *Hyrje në Biznes,* Shkup, 2010;
- Veland Ramadani, *Biznesi i vogël dhe ndërmarrësia,* UEJL, Tetovë, 2013;
- Veland Ramadani, *Ndërmarrësia,* UEJL, Tetovë, 2013;
- Veland Ramadani – Robert D. Hisrich, *Ndërmarrësia dhe menaxhimi i biznesit të vogël*, Shkup, 20105.

Постојаниот наставно-научен ангажман на д-р Исмет Османи бил надополнет и со активности во воспитно-образовниот процес на албански јазик во Р Македонија. Во 2011 и 2015 година бил назначен од страна на Министерството за образование и наука за претседател на Рецензентската комисијата за давање стручно мислење за учебници по албански јазик: *Gjuhë shqipe për klasën VI të arsimit fillor nëntëvjeçar* на коавторите Аслан хамити - Исмаил Хамити, Скопје, 2011 год. и *Gjuha shqipe dhe leximi* за петто одделение во основно деветгодишно образование од коавторите Џезми Рустеми и Ресул Бектеши; *Varietete sociolinguistike në të folmen e Gostivarit* од Миќерем Селмани, Скопје, 2016 год.; *Mbishkrimet e firmave private dhe institucioneve publike në qytetin e Shkupit,* на коавторите д-р Мустафа Ибрахими – д-р Бертон Сулејмани, Скопје, 2016 год.

Со своето учество на домашни и меѓународни конференции, како и со досегашните објавени трудови, кандидатот покажува особен интерес за областа на која конкурира и способност за квалитетно изведување на наставно-образовната дејност.

Врз основа на овие согледувања, произлезени од приложените материјали, и по направениот увид и анализа на севкупната активност на кандидатот, Комисијата со задоволство констатира дека д-р Исмет Османи, со оглед на реализираните стручно-научни и наставни активности, како и на резултатите кои ги постигнал со учество на меѓународни конференции во земјата и во странство, во целост ги исполнува сите услови за избор во звањето вонреден професор во областот во која конкурира.

Тој е постојано спремен за соработка со студентите, колегите и колешките, така што со своите наставно-педагошки квалитети и стручно-научни остварувања дава голем придонес во работата на Катедрата за албански јазик и книжевност и на Факултетот.

**Оценка од самоевалуација**

Од анонимно спроведената анкета меѓу студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", д-р Исмет Османи добил позитивна оценка за својата конструктивна соработка, како и за коректноста и љубезноста со студентите, што ја потврдува неговата препознатлива човечка и стручна димезија на солиден наставник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Исмет Османи.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Исмет Османи поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научните области *албанологија, применета лингвистика* и *преведување*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да го избере **д-р Исмет Османи** во звањето **вонреден професор** во наставно-научните области: **албанологија, применета лингвистика** и **преведување**.

Скопје, 23.1.2017 година

Рецензентска комисија

1. Д-р Ремзи Несими, редовен професор (во пензија), с.р.

2. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.

3. Д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** __Исмет Бедри Османи__
(име, татково име и презиме)
**Институција:** __Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје__
(назив на факултетот/институтот)
**Научни области:** __албанологија, применета лингвистика и преведување__

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: **Одржување настава од прв циклус студии за академски учебни годин: 2012/2013; 2013/2014; 2014/2015; 2015/2016 година** | Поени |
|---|---|---|
| | **Зимски семестар 2012/2013 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 5 (0+8) (8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Преведување од албански на македонски јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 4. | Споредбена граматика на албанскиот и македонскиот јазик 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 5. | Споредбена граматика на албанскиот и македонскиот јазик 2×15=30×0,03= 0,9 | 0,9 |
| 6. | Практична обука по консекутивно толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 1 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 8. | Албански јазик 1 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 9. | Албански јазик 3 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 10. | Албански јазик 3 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Летен семестар 2012/2013** | |
| 1. | Современ албански јазик 6 (0+8) 8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 2 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Преведување од македонски на албански јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 4. | Јазични интерференции помеѓу алб. и мак. јазик 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 5. | Јазични интерференции помеѓу алб. и мак. јазик 2×15=30×0,03= 0,9 | 0,9 |
| 6. | Практична обука по симултано толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 2 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Албански јазик 2 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 9. | Албански јазик 4 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 10. | Албански јазик 4 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Зимски семестар 2013/2014 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 5 (0+8) (8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Преведување од албански на македонски јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 4. | Споредбена граматика на албанскиот и македонскиот јазик 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 5. | Споредбена граматика на албанскиот и македонскиот јазик 2×15=30×0,03= 0,9 | 0,9 |
| 6. | Практична обука по консекутивно толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 1 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 8. | Албански јазик 1 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 9. | Албански јазик 3 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 10. | Албански јазик 3 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Летен семестар 2013/2014 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 6 (0+8) (8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 2 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Преведување од македонски на албански јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 4. | Јазични интерференции помеѓу алб. и мак. јазик 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 5. | Јазични интерференции помеѓу алб. и мак. јазик 2×15=30×0,03= 0,9 | 0,9 |
| 6. | Практична обука по симултано толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 2 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 8. | Албански јазик 2 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 9. | Албански јазик 4 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 10. | Албански јазик 4 (0+2) – Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Зимски семестар 2014/2015 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 5 (0+8) (8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Практична обука по консекутивно толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 4. | Споредбена стручна терминологија 1 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Албански јазик 1 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 6. | Албански јазик 1 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 3 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 8. | Албански јазик 3 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Летен семестар 2014/2015 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 6 (0+8) (8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 2 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Практична обука по симултано толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 4. | Споредбена стручна терминологија 2 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 5. | Албански јазик 2 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 6. | Албански јазик 2 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 4 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 8. | Албански јазик 4 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Зимски семестар 2015/2016 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 5 (0+8) (8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Споредбена стручна терминологија 1 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 4. | Практична обука по консекутивно толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 5. | Правопис на албанскиот јазик - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 6. | Правопис на албанскиот јазик - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 1 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 8. | Албански јазик 1 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 9. | Албански јазик 3 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 10. | Албански јазик 3 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Летен семестар 2015/2016 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 5 (0+8) 8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од албански на македонски јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Споредбена стручна терминологија 1 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 4. | Практична обука по консекутивно толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Правоговор на албанскиот јазик - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 6. | Правопис на албанскиот јазик - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 7. | Албански јазик 1 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 8. | Албански јазик 1 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 9. | Албански јазик 3 (2+0) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.04=1,2 | 1,2 |
| 10. | Албански јазик 3 (0+2) – Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| | **Зимски семестар 2016/2017 год.** | |
| 1. | Современ албански јазик 5 (0+8) (8×15=120×0,03=3,6 | 3,6 |
| 2. | Толкување од македонски на албански јазик 1 4×15=60×0,03= 1,8 | 1,8 |
| 3. | Споредбена стручна терминологија 1 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 4. | Практична обука по консекутивно толкување 2×15=30×0.03=0,09 | 0,9 |
| 5. | Правопис на албанскиот јазик - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје 2×15=60×0,04= 1,2 | 1,2 |
| 6. | Правопис на албанскиот јазик - Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје 2×15=30×0.03=0,09 | 0.9 |
| Ред. број | Назив на активноста: **Одржување настава од трет циклус студии за учебните 2013/2014; 2014/2015 и 2015/2016 година** | |
| 1. | Ономастика (2013/14 год.) 2×15×0,06=1,8 | 1,8 |
| 2. | Ономастика (2014/15 год.) 2×15×0,06=1,8 | 1,8 |
| 3. | Ономастика (2015/16 год.) 2×15×0,06=1,8 | 1,8 |
| | **Назив на активноста:** | |
| 1. | Консултации со студенти 150×0,002=0,3 | 0,3 |
| 2. | Ментор на дипломска работа 25×0,2=5,0 | 5,0 |
| 3. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 68×0,1=6,8 | 6,8 |
| 4. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд 4×0,3=1,2 | 1,2 |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 4×0,5=2,0 | 2,0 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 68×0,1=6,8 | 6,8 |
| 7. | Интерна скрипта за предавања: *Mbi terminologjinë,* Shkup, 2015 | 4 |
| 8. | Интерна скрипта за предавања: *Fjalor i terminologjisë juridike shqip dhe maqedonisht*, Shkup, 2014 | 4 |
| | **Рецензент на книги:** | |
| 1. | *Gjuhë shqipe për klasën VI të arsimit fillor nëntëvjeçar* од коавторите Asllan Hamiti – Ismail Hamiti, Скопје, 2011 год. | 1 |
| 2. | *Varietete sociolinguistike në të folmen e Gostivarit,* на авторот Миќерем Селмани, Скопје, 2016 год. | 1 |
| 2. | *Mbishkrimet e firmave private dhe institucioneve publike në qytetin e Shkupit,* на коавторите Мустафа Ибрахими – Бертон Сулејмани, Скопје, 2016 год. | 1 |
| | **Вкупно** | **156.7** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска работа 1×2=2 | 2 |
| 2. | Ментор на магистерска работа 3×1=3 | 3 |
| 3. | Учесник во националниот научен проект *Veçoritë sintaksore të së folmes së Dervenit të Shkupit*, Variacioni sintaksor në dialektet dhe të folmet e shqipes, Atlasisintaksor i të folmeve të shqipes, Tiranë, prill-dhjetor 2016. | 3 |
| 4. | Учесник во проектот за подготовка на преведувачи за јавна администрација организиран од Британскиот совет во Скопје, 2012-2013. | 3 |
| | | |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно стручно-списание** | |
| 3.1. | *Gjuha shqipe në shkrimet dhe përkthimet e Nolit*, Konferencë shkencore Ndërtkombëtare, Universiteti "Fan S. Nol", Korçë, 30-31 maj 2012. | 2 |
| 3.2. | *Semantika e shprehjeve frazeologjike në shqip dhe në maqedonisht*, Konferencë Shkencore Ndërkombëtare "Java e Shkencës në Kosovë 2012", Prishtinë, 2012, f. 187 – 190. | 2 |
| 3.3. | *Mediumet në gjuhën shqipe dhe prirjet e përgjithshme*, Seminari XXXI Ndërkombëtar për gjuhën, letërsinë dhe kulturën shqiptare. Prishtinë, 13-25 gusht 2012. | 2 |
| 3.4. | *Mikrotoponimet dhe antroponimet e Dervenit të Shkupit*, Seminari ndërkombëtar i albanologjisë "Çështja shqiptare para dhe pas shpalljes së pavarësisë". Tetovë, 20-22 shtator 2012. Tetovë: "Universiteti Shtetëror i Tetovës", 321-327. | 2 |
| 3.5. | *Kontributi i delegatëve të Kongresit të Drejtshkrimit nga Maqedonia për shqipen standarde (во коавторство)*, Konferencë shkencore "Dyzet vjet të shqipes standarde". Korçë, 16 nëntor 2012. Korçë: Universiteti "Fan Noli". | 2 |
| 3.6. | *Gjuha shqipe në tekstet e përkthyera mësimore në Maqedoni*, Konferencë shkencore "Dyzet vjet të shqipes standarde", Instituti Albanologjik i Prishtinës, Prishtinë 7-8 dhjetor 2012. | 2 |
| 3.7. | *Pikëpamjet e Bllazhe Koneskit për shqipen në kontekstin ballkanik*, Seminari XXXII Ndërkombëtar për gjuhën, letërsinë dhe kulturën shqiptare. Prishtinë, 19-30 gusht 2013. | 2 |
| 3.8. | *Kontributi i Petro Janurës për arsimin shqip*, "Konferencë vjetore e shkencës "Java e Shkencës 2013". Prishtinë, 14-17 maj 2013, 105-107. | 2 |
| 3.9. | *Ndihmesa e Thimi Mitkos në leksikun e shqipes (во коавторство)*, Konferencë Shkencore Ndërkombëtare kushtuar jetës dhe veprës së Thimi Mitkos në 195-vjetorin e lindjes, Korçë, 25-26. 03. 2015. | 2 |
| 3.10. | *Inovacionet leksikore në diskursin elektronik në gjuhën shqipe*, Konferencë vjetore e shkencës "Java e Shkencës 2015". Prishtinë, 12-15 maj 2015, 401-407. | 2 |
| 3.11. | *Strategjia paralinguistike në diskursin elektronik në gjuhën shqipe*, "Java e Shkencës 2016". Prishtinë, 10-13 maj 2016. | 2 |
| | | |
| 4. | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о институција** | |
| 4.1. | *Придонесот на проф. Ремзи Несими за албанскиот стандарден јазик*, Годишен зборник. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", 2014, 79-84. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 4.2. | *За морфонолошките промени во албанскиот јазик*, Годишен зборник, книга 41-42, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016. | 2 |
| | | |
| 5. | **Учество на научни/стручни собир со реферат** | |
| 5.1. | *Kontributi i prijësve fetarë për gjuhën shqipe*, Konferencë shkencore mbarëshqiptare" , Tiranë, 27 -28 shtator 2012. | 1 |
| 5.2. | *Kontributi i ulemasë për gjuhën dhe kulturën shqiptare në Maqedoni*, FSHI, Shkup, 17 nëntor 2012 | 1 |
| 5.3. | *Kontributi i Petro Janurës për arsimin shqip*, "Konferencë vjetore e shkencës "Java e Shkencës 2013". Prishtinë, 14-17 maj 2013, 105-107. | 1 |
| 5.4. | *Bashkëpërkimet e shqipes me gjuhët sllave në studimet e Akademik Idriz Ajetit, "Konferencë shkencore për nder të akademik Idriz Ajetit".* Prizren, 15 maj 2014. Prizren: Universiteti "Ukshin Hoti", Fakulteti i Filologjisë, 2015, 128-133. | 1 |
| 5.5. | *Toponimia e Dervenit të Shkupit, Sesion shkencor "Toponimia shqiptare në Maqedoni".* Shkup, 3 qershor 2013. Shkup: ITShKSh, SCUPI, V-5, 2014, 137-144. | 1 |
| 5.6. | *Studimet morfonologjike në fushë të shqipes*, Konferencë shkencore *"Ndihmesa shkencore të prof. Rami Memushaj".* Vlorë, 18 tetor 2012. Vlorë: Universiteti "Ismail Qemali", Fakulteti i Shkencave Humane - Departamenti i Gjuhës Shqipe dhe Letërsisë. Vlorë, 2014, 99-106. | 1 |
| 5.7. | *Mbi ndërrimet morfonologjike*, Instituti Alb-Shkenca, 2014, Shkup. 127-135. | 1 |
| 5.8. | *Ndërrimet morfonologjike në të folme të Rekës së Epërme*, Konferencë shkencore "*Shqiptarët e Rekës së Epërme*". Tetovë: UEJL, 2014, 165-172. | 1 |
| 5.9. | *Publicisti, pedagogu dhe studiuesi Petro Janura (1911-1983), Tribunë shkencore "70–vjetori i botimit të gazetës "Flaka e vëllazërimit".* Shkup, 4 prill 2015. Shkup: ITShKSh, SCUPI, V-10, 24-28. | 1 |
| 5.10. | *Studime të prof. Shaban Demirajt në lëmë të trashëgimisë kulturore*, Sesion shkencor *"Shaban Demiraj – figurë e shquar e albanologjisë dhe ballkanologjisë".* Shkup, 21 nëntor 2014. Shkup: ITShKSh, SCUPI, V-8, 2015, 173-176. | 1 |
| 5.11. | *Ndihmesa e prof. Tomor Osmanit për gramatikën e shqipes*, Konferencën shkencore ndërkombëtare "Tomor Osmani: Një jetë me albanologjinë". Shkodër, 27 janar 2016. Shkodër: Universiteti i Shkodrës "Luigj Gurakuqi", Fakulteti i Shkencave Shoqërore Departamenti i Gjuhësisë. | 1 |
| 5.12. | *Ngjashmëritë dhe dallimet midis shqipes dhe maqedonishtes në mënyrat dhe kohët e foljeve*, Konferencë shkencore "Shqipja dhe marrëdhëniet e saj me gjuhët e tjera". Prizren, 6 maj 2016. Prizren: Universiteti "Ukshin Hoti", Fakulteti i Filologjisë. | 1 |
| 5.13. | *Për standardizimin e termave juridikë e administrativë në gjuhën shqipe* (në bashkautorësi), Takimi i 11-të vjetor ndërkombëtar i Institutit Alb-shkenca. Tiranë, 1-2 shtator 2016. | 1 |
| | **Вкупно** | **50** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | *Прирачник за кандидатите за тестот за сертификација на преведувачите и толкувачите во државната и јавната администрација* – СЕПТЈА (на македонски, албвански, англиски во коавторство со С. Сташа-Тофоска, А. Хамити, Б. Старова), Скопје, 2013. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Превод од македонски на албански јазик на книгата *Претприемништво* од Таки Фити, Економски факултет-Скопје, 2007. (*Ndërmarrësia*, Universiteti i Evropës Juglindore- Tetovë, 2013). | 2 |
| 3. | **Лекторирање на книги** | |
| 3.1. | Veland Ramadani, *Biznes engjëjt*, Shkup, 2010. | 1 |
| 3.2. | Nasir Selimi-Veland Ramadani-Gadaf Rexhepi, Hyrje në Bznes, Shkup, 2010. | 1 |
| 3.3. | Veland Ramadani, *Biznesi i vogël dhe ndërmarrësia,* UEJL, Tetovë, 2013. | 1 |
| 3.4. | Veland Ramadani, *Ndërmarrësia,* UEJL, Tetovë, 2013. | 1 |
| 3.5. | Veland Ramadani – Robert D. Hisrich, *Ndërmarrësia dhe menaxhimi i biznesit të vogël,* Shkup, 20105. | 1 |
| 3.6. | Gadaf Rexhepi, *Teoria e lojës,* Shkup, 2016. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Предавач во обуката за директори на основно и средно училиште при Државениот испитен центар за 2013, 2014, 2015 и 2016 год. | 2 |
| 2. | Член на Комисијата за Награден конкурс за доделување награда „Блаже Конески“ за 2012 год. | 1 |
| 3. | Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје за 2016 год. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **13,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 156,7 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 50,0 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 13,5 |
| **Вкупно** | **220,2** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Ремзи Несими, редовен професор, претседател, с.р.

2. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, член, с.р.

3. Д-р Агим Пољоска, редовен професор, член, с.р.

# **Р Е Ц Е Н З И Ј А**

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КАТЕГОРИЈАТА ВРЕМЕ ВО АЛБАНСКИОТ И АНГЛИСКИОТ ГЛАГОЛСКИ СИСТЕМ“ ОД М-Р БЛЕРТА ДЕМИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата трета редовна седница одржана на 16. 11. 2016 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје не избра за членови на рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **Категоријата време во албанскиот и англискиот глаголски систем,** изработена од м-р Блерта Демири.

Во врска со тоа, чест ни е да го поднесеме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација **Категоријата време во албанскиот и англискиот глаголски систем,** изработенА од м-р Блерта Демири, содржи 260 страници компјутерски текст. Покрај воведот, целите на истражувањето и краткиот преглед на трудот, докторската дисертација е составена од седум поглавја. Во воведниот дел, м-р Блерта Демири ги изнесува досегашните сознанија за проучувањето на категоријата време во албанскиот и англискиот јазик во науката за јазикот, укажувајќи на големиот интерес за проучување на јазиците во контакт. Докторската дисертација е составена од седум поглавја.

Во првото поглавје, под наслов „Категоријата време во албанскиот и англискиот глаголски систем“ (с.16-66), кандидатката м-р Блерта Демири укажува на значењето, важноста и улогата на граматичката категорија време во албанскиот и англискиот глаголски систем. Истовремено, таа прави еден аналитички и критички преглед кон употребата на категоријата време (*time)* и граматичкото време *(tense)* во албанскиот и англискиот глаголски систем. Најпрвин, кандидатката се задржува околу објаснувањето на термините време во науката за јазикот. Така, во англискиот јазик зборот *tense* потекнува од старофранцускиот, со посредство на латинскиот и грчкиот јазик tempus што значи ***време*** (Лајонс, 1995, 304), додека терминот *time* го означува поимот време како универзална категорија што му припаѓа на човештвото и е независна од кој било јазик. За разлика од англискиот јазик, во албанскиот јазик се употребува само поимот *време (kohë)*. За дистинкцијата на двата термина, авторката за универзалната категорија *време (time)* во англискиот јазик го употребува терминот *време*, додека за категоријата *tense* го употребува терминот *глаголско време*. Ваквиот пристап на авторката е оправдан, бидејќи на најсоодветен начин можат да се воочат сличностите и разликите на категоријата

време во двата јазика. Што се однесува до категоријата време во албанскиот глаголски систем, м-р Б. Демири, потпирајќи се на традиционалните граматики на албанскиот јазик, ги сумира и ги анализира научните достигнувања и сознанија на албанските лингвисти, како К. Кристофориди, С. Фрашери, Р. Мемушај, Е. Чабеј, Ш. Демирај, Р. Несими, М. Челику, К. Топали и др. Во понатамошниот текст се задржува на дихотомијата: *време- модалност*, кои се тесно поврзани меѓу себе и условуваат присуство на поголем или помал број временски форми во албанскиот јазик. Така, на пример, исказниот начин, кој помалку е обележан со модалност, е побогат со временски форми, за разлика од другите начини, кои имаат посиромашни временски форми, но со повеќе модални значења. Во тој контекст, авторката забележува дека албанскиот глаголски систем се одликува со богати граматички глаголски форми, преку кои се изразуваат не само временски значења, туку и најразлични аспектуални тонови. Тоа особено се забележува кај минатото време (имперфект, перфект, аорист, плусквамперфект и аорист 2). Во понатамошниот текст, авторката аналитички се осврнува околу основните глаголски времиња во албанскиот јазик: сегашно, минато и идно време, укажувајќи на разликите меѓусебно преку временските тонови. Така, разликите помеѓу аористот, имперфектот и перфектот во албанскиот јазик имаат аспектуален карактер. Посебен акцент става на поврзаноста на категоријата време со другите граматички категории, како што се: аспект, фаза, начин, залог и сл., во кои значењето на една глаголска форма е резултат на заемниот однос на тие глаголски категории. Во овој дел, кандидатката посебно внимание посветува на улогата на адвербијалите при утврдувањето на категоријата време и нивните еквиваленти во албанскиот и во англискиот јазик, со што во некои случаи без адвербијали тешко може да се одредува карактерот на дејството. Така, во англискиот јазик кандидатката разликува четири апсолутни и две релативни глаголски времиња. Во групата на апсолутни времиња спаѓаат сегашно, минато, сегашен перфект и идно време, додека во групата на релативни времиња спаѓаат: минатиот перфект и перфектниот футур. По однос на теоретското контрастирање на категоријата време во двата јазика, кандидатката, во главно, се базира врз генеративната граматика на К. Берк (2003), Н. Чомски (2011), како и врз современите достигнувања на граматиките на стандардниот албански и англиски јазик на Ш. Демирај (1985), Р. Мемушај (2002), М. Челику (1997), Б. Беци (2005), Џ. Лајонс, Р. Палмер, К. Кестијан (1988), Ј. Ествуд (2005), В. Еванс (2008), О. Јесперсен и др.(16-66).

Второто поглавје е посветено на употребата и функциите на сегашното време во албанскиот и англикиот глаголски систем (с.67-86). Во овој дел, меѓу другото, кандидатката м-р Б. Демири се осврнува на конјугацијата на глаголите во албанскиот јазик, поделба, класификација, формирање и употреба на исказениот начин. Особено внимание кандидатката посветува на сегашното време на трајни нетрајни глаголи во англискиот јазик. Во овој дел посебно место зазеамаат глаголи што покажуваат перцепција, дејство, состојба, глаголи кои не се употребуваат во трајна форма итн. Потоа, употребата на просто време (present simple) во англискиот јазик, минато просто време со сегашно значење (past simple), неактуелно сегашно време, повторливото сегашно време, сегашно време

за минато, сегашно време за иднина во албанскиот и во англискиот јазик. Во понатамошниот текст значајно место им е посветено на сегашното трајно време (present progressive), сегашен перфект и сегашен траен перфект (present perfect, present perfect continuous). Споредбените анализи на употребата на сегашното време во албанскиот и англискиот јазик м-р Б. Демири ги применува врз три рамништа: сегашност, минатост и иднина.(67-86). Во овој дел, кандидатката го контрастира глаголските времиња во двата јазика, илустрирајќи ги со бројни примери.

Третото поглавје се занимава со контрастирањето на минатото време во албанскиот и во англискиот глаголски систем, задржувајќи се на сите форми и значења на минатост во албанскиот јазик (аорист, имперфект, перфект, плусквамперфект и аорист 2), додека за формите на минатост во англискиот јазик - минато просто време (past simple), трајно минато време (past progressive), сегашен перфект и сегашен траен перфект (present perfect и present perfect continous), минат перфект и минат траен перфект (past perfect и past perfect progressive). Откако укажува на основните карактеристики по однос на минатоста во двата јазика, кандидатката се определува за применувањето на традиционалната граматика и компаративната метода во двата јазика. Корпусот е грижливо избран, репрезентативен и опсежен. Методологијата и техниката на работата се современи и прилагодени кон проблемот и материјалот што е предмет на анализа. Ова најдобро може да се забележи од бројните примери, што кандидатката ги ексцерпирала врз писмени и усни преводи на текстови од граматиките на албанскиот и англискиот стандарден јазик. При јазичната анализа и интерпретација на минатоста во двата јазика, кандидатката ги користи сознанијата на многу истакнати лингвисти – цитирани во обемната библиографија. (87-131)

Четвртото поглавје се однесува на идното време на исказниот начин во албанскиот јазик, како и формите за идност во англискиот јазик. Кандидатката во овој дел ги анализира сите форми на идноста во англискиот јазик, кои се многубројни во споредба со глаголските форми на албанскиот јазик, како што се идност со *will* и *be going to will/+progressive infinitive + perfect infinitive, will = perfect infinitive, will+ perfect progressive infinitive, be about to + infinitive, to be to + infinitive, would + infinitive, would +perfect infinitive, would+ perfect progressive infinitive.* Во понатамошниот текст, кандидатката м-р Б. Демири се задржува и на глаголските форми на идно време во албанскиот јазик *идно време (koha e ardhme), идно прекажано време, (koha e ardhme e përparme), минато-идно време), e ardhmja e së shkuarës, предминато-идно време (e ardhme e përparme e së shkuarës).* Во понатамошниот текст, кандидатката дава широк спектар на примери ексцерпирани од преведуваните литературни дела од албански на англиски јазик и обратно. Сиот јазичен материјал го илустрира со бројни табели и графикони преку кои на прегледен и јасен начин се презентира сиот корпус. Еден добар дел на презентираниот материјал, кандидатката го илустрира со бројни примери од практичната настава за изучувањето на англискиот јазик од страна на учениците во наставата по албански јазик. И покрај постоењето на голем број учебници за изучување на англискиот јазик, евидентни се тешкотиите со кои се соочуваат учениците во изучувањето на странскиот јазик, англискиот. Сите овие тешкотии, според кандидатката, се јавуваат како резултат на недостиг

на подетална применета граматика за изучување на англискиот јазик.

Во петтото поглавје се обработуваат оптативот, адмиративот, императивот, конјуктивот и условниот начин (156-192) во албанскиот јазик, како и нивните еквиваленти во англискиот јазик. Посебен акцент кандидатката м-р Б. Демири става на субјунктивот или нереалното минато време, зависните условни реченици, инфинитивот, герундивот и партиципот во албанскиот и во англискиот јазик. Всушност, м-р Демири во овој дел дава еден мошне широк зафат во употребата на категоријата време и нејзиниот заемен однос со категоријата начин, како и безличните глаголски форми во албанскиот и англискиот јазик. Во врска со овие прашања, м-р Б. Демири ги користи и сознанијата на Лајонс, кој категоријата време не ја разгледува изолирано, сама за себе, туку во однос со други категории: категоријата начин и категоријата аспек. Сите наведени примери се добро обмислени и содржајни. Нивната практична применливост дават солидна подлога за понатамошни истражувања во областа на морфосинтаксата.

Шестото поглавје е посветено на еквивалентите на албанските глаголски форми во англискиот јазик и на англиските глаголски форми во албанскиот јазик (193-207). Во овој дел, м-р Б. Демири, преку ексцерпција на многубројни примери од преведуваните литературни дела од англиски на албански јазик и обратно, ги анализира глаголските форми во двата јазика. Сите примери се земени од корпус на познати автори од албанската и англиската книжевност (И. Кадаре, Е. Хемингвеј и др). Всушност, во овој дел кандидатката дава еден мошне широк спектар во глаголскиот систем на двата јазика, диктиран од граматичката категорија време, укажувајќи на разликите и сличностите во албанскиот и англискиот јазик. Таа посебно внимание обрнува на правилната употреба на категоријата време во сите начини, залог и дијатеза. Улогата, значењето, функцијата и правилната употреба на категоријата време во албанскиот и англискиот глаголски систем дава целосен увид во состојбиата за правилната употреба на категоријата време во еден поширок морфосинтаксички контекст.

Седмото поглавје се однесува на истражувањето, резултатите, анализа на податоците и дискусија (208-240) реализирано со ученици средношколци преку заокружување на точните одговори и превод на реченици од англиски на албански јазик и обратно. Во овој дел се сумирани резултатите од анализата на податоците како и направените грешки и отстапки од страна на учениците. Предмет на анализа се писмените преводи на учениците средношколци од албански на англиски јазик и обратно, при што главен акцент се става врз направените грешки при правилната употреба на глаголските времиња во албанскиот и англискиот јазик. Познавањето на оваа проблематика и овозможува на кандидатката во својот труд да ги продлабочува сознанијата и состојбите на употребата на категоријата време во двата јазика на теоретски и практичен план. Во оваа прилика ќе напомнеме дека кандидатката во својот труд ни нуди богата теоретска и фактографска анализа на категоријата време во албанскиот и англискиот глаголски систем. Со нејзиното ангажирање и искуството стекнато во наставата по англиски јазик, својот интерес да го проширува и на англискиот глаголски систем – прв експеримент на

контрастирање на албанскиот и на англискиот глагослки систем. По завршниот дел на ова поглавје, м-р Демири ги изнесува своите препораки, забелешки, сугестии и техники за исправки на направените грешки од страна на учениците.

## З А К Л У Ч О К

Имајќи го предвид претходно кажаното и истакнувајќи го амбициозниот и сериозниот пристап на кандидатката м-р Б. Демири, како и важноста на постигнатите резултати за конфронтативната граматика и особено за контрастивната анализа на албанскиот и англискиот јазик, докторската дисертација „Категоријата време во албанскиот и англискиот јазик“ на м-р Б. Демири претставува оригинален труд од областа на конфронтативната граматика на двата јазика. Резултатите на анализата претставуваат директен придонес кон контрастивното проучување на категоријата време во албанскиот и англискиот јазик. На теоретски план, трудот на м-р Б. Демири претставува посебен прилог кон општата лингвистичка теорија и контрастивната анализа на глаголскиот систем на двата јазика - албанскиот и англискиот. Тргнувајќи од гореизнесените оценки и резултати, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја прифати нашата рецензија и на кандидатката м-р Блерта Демири да и закаже усна одбрана.

Рецензентска комисија

Д-р Агим Пољоска, редовен професор, с.р.

Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.

Д-р Зозе Мурговски, редовен професор, с.р.

Д-р Мируше Хоџа, редовен професор, с.р.

Д-р Ваљбона Тоска, вонреден професор, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНИЦИЈАЦИЈА И ПОКАЈАНИЕ: ДОМИНАНТНИ ТОПОСИ ВО НАРАТИВНИОТ ДИСКУРС НА РУСКИОТ ФИЛМ НА XXI ВЕК “ ОД М-Р АТАНАС ЧУПОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На четвртата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, одржана на 21.12.2016 година, беше избрана Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Атанас Чуповски под наслов „Иницијација и покајание: доминантни топоси во наративниот дискурс на рускиот филм на XXI век “, во состав:

1. проф. д-р Маја Бојаџиевска
2. проф. д-р Славица Србиновска
3. проф. д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска
4. проф. д-р Владимир Мартиновски
5. проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска.

По разгледувањето на приложениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. Содржина на трудот

Докторската дисертација под наслов „Иницијација и покајание: доминантни топоси во наративниот дискурс на рускиот филм на XXI век“, е напишана на 425 страници компјутерски отчукан текст во А4 - формат и содржи: апстракт на македонски и англиски јазик, краток вовед, два големи дела од кои секој има по шест посебни поглавја, заклучок и списоци на користена литература и филмови од аналитичкиот корпус. Предметот на истражувањето на овој обемен докторски труд е, генерално, рускиот филм во првите две децении на XXI век (застапен преку репрезентативен корпус од 5 филма: *Цар*, *Параклис на анѓелот*, *Поп*, *Чудо* и *Остров*) и поконкретно, компаратистичка анализа на неговиот наративен дискурс преку два повторливи и јасно дефинирани митско-религиски обрасци: иницијацијата и покајанието.

2. Опис и оцена на трудот

Во првиот дел на трудот, кандидатот м-р Чуповски се занимава со дефинирање на првиот од двата клучни концепта во неговата анализа – феноменот на иницијацијата. Тој прави терминолошки разграничувања на иницијацијата, разгледувајќи го овој феномен во една широка скала на значења, почнувајќи од различните лингвистички традиции кои ги поврзува со антрополошкиот „чадор“ на поими, вклучувајќи ги тука и најзначајните концептуализации, од онаа на францускиот антрополог Арнолд ван Генеп, кој е творец на поимот *обреди на преминот* (rites de passage), преку наодите на религиологот Мирча Елијаде, сè до посовремените антрополози како што се Ален Тестар и Ана-Лена Сикала.

Преминот на единката од еден во друг социјален, сексуален и духовен статус била од особено значење и за древните општества, но и за современите облици на општествено однесување, така што кандидатот со право ја согледува потребата за диверзитетна и широка дескрипција на феноменологија на иницијацијата. Не застапувајќи се за една ригидна дефиниција, авторот на

трудот ги препознава од една страна, потребата за дисциплинарно затворање на иницијацијата и, од друга страна, неговата хетерогена појавност. Во таа смисла, застапувајќи се за една широка и динамична дефиниција на иницијацијата, авторот на трудот не само што ги следи терминолошките дистинкции на „посветувањето", „воведувањето", „обредите на премин", „лиминалните обреди", создавајќи листа корелативни поими преземени од различните јазици туку прави и одржлив нацрт на теориските концепти кои се однесуваат на иницијацијата. Така, во рамките на тој нацрт, авторот на трудот ги наведува, во вкупно шест теориски кругови, теориите за иницијацијата кои потекнуваат од различни, соседни дисциплини. Во овој дел, м-р Чуповски посебно се занимава со теориските концепти на Фрејзер и Мари (англиската ритуална школа), ван Генеп и Пол Сентив, Касирер, Фројд и Јунг (филозофијата на симболичките облици и психоанализата), Фергасон и Фрај (теорија на книжевноста), Проп, Леви-Строс и Мелетински (историска поетика) и конечно, Елијаде (компаративна историја на религии).

Вториот зафат кој е особено значаен за овој дел од трудот ја опфаќа широката дескрипција на иницијацијата во различните традиции на древните општества. Потпирајќи се на наведените теориски концепти, а најмногу на оној кој се заокружува кај религиологот Елијаде, според кого иницијацијата вообичаено содржи тројно откритие: откритие на светоста, откритие на смртта и откритие на сексуалноста, а иницијациското сценарио ја опфаќа матрицата на симболичката смрт и симболичкото воскреснување на иницијантот во нов статус на постоење – авторот на трудот пристапува кон разлачување на степените на иницијациското искуство во традиционалните општества. Тој ја издвојува иницијацијата како обрезание во некои примери на примитивните култури (од Нова Гвинеја до културата на Догоните и Бамбарите во Африка, на пример) и, понатаму, сличниот тип иницијација во старата еврејска традиција. Посебен случај на иницијациски искуства и практики можат да се најдат во традицијата на шаманизмот, за што кандидатот исцрпно ја користи студијата на Елијаде за шаманизмот и архаичните облици на екстазата, каде што, помеѓу останатото, со обемен етнографски материјал се потврдува тезата за повторливоста на основните степени на иницијациското сценарио. Иницијациската схема на симболичката смрт и симболичкото повторно раѓање е присутна и во јадрото на староиндиските традиционални верувања и учења, особено во хиндуизмот и будизмот, на што кандидатот исто така му посветува еден дел од својот труд. Понатаму, во оваа широка рамка, кандидатот преминува на детална дескрипција на иницијациските искуства и практики поврзани со мистериските култови на Озирис и Изида во стар Египет, но и на елефсинските мистерии во стара Грција. Кон овие описи забележително конвергираат и искуствата и практиките на Орфичките мистерии и Дионизиските мистерии, како и други, помалку значајни и локални култови на античкиот свет. Кандидатот, м-р Чуповски, овој дел го заокружува со описот на иницијациските искуства во митраизмот, не заборавајќи да ја истакне и специфичната традиција на поврзаност со корелативните мистерии во латинскиот свет.

Вториот клучен концепт кој е опишан во првиот дел на трудот е покајанието и за него, кандидатот повторно ни дава една широка дескриптивна рамка, но овојпат таа е нужно врзана за една конкретна културна и симболичка традиција, имено за христијанската. Кандидатот тука пристапува кон расветлување на концептот за покајанието како една од светите тајни на христијанството, користејќи ги сознанијата од патристичката литература, според која покајанието, како врвна добродетел во животот на христијаните, претставува воскресение на душата и воедно, победа над гревот. Ако се направи паралела помеѓу аспектите и степените на покајанието - во оној правец во кој

авторот на трудот ги сублимира наведените пасажи од обемната патристичка литература која ја користи – на извесен начин се покажува дека аспектите „свесност за гревот“ и „исповед“ одговараат на некои иницијациски степени, при што целта е многу слична: за иницијацијата тоа е „нов статус на физичко и духовно постоење“ а за светата тајна покајание, тоа би било „враќање кон Бога“. И во двата случаи, двата концепта, со мноштвото нивни варијации и на вербален и на сликовно-симболички план, заговараат потполна трансформација на Битието во една нова, виша димензија.

Откако ќе ја заокружи дескрипцијата на двата клучни концепта и откако ќе ги скицира прецизно нивните инхерентни обрасци, во петтата глава од првиот дел на трудот, м-р Чуповски преминува кон следење на иницијациските сценарија во раскажувачките уметности. Во оваа глава, авторот на трудот ги обработува најважните митемички лекции кои се трансформираат во првичните раскажувачки форми: митовите, легендите, бајките, сказните итн., при што иницијациските сценарија на јуначките наративи од древната усна книжевност, со право, ги поврзува со веројатно најжилавата современа форма на визуелно раскажување – филмот. Кандидатот не пропушта да ги набележи и некои од клучните „иницијациски топоси“ кои имаат, исто така, важна улога во анализата на филмовите од дефинираниот корпус.

Конечно, во шестата глава од првиот дел на трудот, м-р Чуповски преминува кон дефинирање на аналитичкиот инструментариум кој го извлекува, во најголема мера, од теориите за симболичката имагинација и нејзините соодветни методи: митокритиката и митоанализата. Тука тој најмногу се потпира врз методологијата на францускиот социјален антрополог Жилбер Диран.

Понатаму, во создавањето на својата хибридна метода на анализа, м-р Чуповски, во центрипетална перпектива, ги поставува и инструментите кои произлегуваат од наратологијата, користејќи ги сознанијата на некои класични автори, почнувајќи од Проп, Сурио и Греимас, па сè до Четман и Женет. Широката рамка на наратолошките теории, системи и класификации му е потребна на кандидатот за, на таа стандардна теориска заднина, да го фокусира својот аналитички интерес токму врз филмската уметност. Кон крајот на шестата глава, кандидатот се занимава поспецифично со наратолошките парадигми на филмското сценарио и со наратолошките парадигми на филмската уметност. Во овој дел од трудот, м-р Чуповски обрнува особено внимание на поврзувањето на општите поставки на наратологијата со доменот на наративните алатки во филмската уметност, користејќи ги особено поставките на француските теоретичари М. Шион и Ж. Омон и на американскиот теоретичар на филмското сценарио Л. Херман. На крајот, авторот на трудот остава и простор за терминолошко расчистување во однос на филмската граматика, јасно посочувајќи ја „филмската терминологија што ќе се користи при исчитувањето на *текстовите* на филмовите“ и правејќи дистинкција помеѓу термините *сцена/секвенца*. Притоа, како главни обележја на секвенцата, кандидатот ги потенцира драматуршката целосност и ритмичката организација на елементите на содржината, наведувајќи дека „*секвенцата* може да биде составена од повеќе кадри или *сцени* и секогаш се карактеризира со диегетско отсуство на дејството, просторот и времето“ и, понатаму, дека секвенцата ја карактеризира само единството на идеите и атмосферата.

Оттука, на заднината на едно вака осветлено теориско и методолошко поле, м-р Чуповски преминува на вториот дел од обемната дисертација. Тој се состои од пет поглавја, во кои кандидатот ја спроведува својата анализа, односно,

своето „препрочитување“ на филмските *текстови* од аспект на аналитичките концепти/обрасци: иницијацијата и покајанието.

Структурата на овој дел е таква што изготвениот модел на анализа најпотполно се применува врз делата на корпусот од пет филма. Првиот од нив, филмот *Цар* од режисерот Павел Лунгин ја обработува темата за рускиот цар Иван Грозни која, помеѓу останатите, како што наведува кандидатот, ја обработувале и Алексеј Толстој, Сергеј Ејзенштајн и, што е особено интересно, фолклористот Александар Веселовски во доменот на своите истражувања од историската поетика. Приказната на овој филм се случува во период од три години (1566-1569) и таа, како што забележува кандидатот, низ супериорен визуелен израз се фокусира на „духовниот пат на митрополитот Филип и (не)можноста за *покајание* на царот Иван Грозни“. Кандидатот дава воведни историографски белешки кои помагаат во осветлувањето на специфичниот диегетски универзум на Лунгин и во разгатнувањето на нишките на интерпретацијата. Интерпретативната процедура на м-р Чуповски ја следи четворната структура на филмот, расчитувајќи ги сцените и секвенците преку целините: 1. Молитвата на царот (експозиција/зима); Војната на царот (заплет/пролет); Гневот на царот (кулминација/лето); Веселбата на царот (расплет/зима). На крајот од анализата, м-р Чуповски прави резиме на иницијациските схеми во филмот и образложува на кој начин тие, како и аспектот на (не)можноста за покајание го условуваат наративниот статус на филмот.

Вториот филм од корпусот, *Параклис на ангелот* (2008), е дело на режисерот Николај Дрејден. Оваа филмска приказна временски е лоцирана во две историски секвенци кои условно одговараат на две наративни целини, од кои првата се одвива во 1924 а втората во 1939 година, пред почетокот на Втората светска војна, но она што нив ги обединува е приказната сврзана со прашањата на верата, монашкиот живот и црковната традиција во политички и историски проблематични контексти. Клучната алатка во анализата на Чуповски, имено иницијациската трансформација и религиската трансформација според покајанието, покажува одново како може да се процени и интерпретира наративната динамика во филмот. Тука, кандидатот се придржува до тројната схема која ја налага филмската структура и тоа преку целините: 1. Грев (експозиција/пролет); 2. Искушение (заплет/лето); 3.Покајание (расплет/зима). Резимето на иницијациските схеми и на аспектите на покајанието на крајот од оваа анализа покажуваат дека тие можат речиси во целост да се применат врз два лика од филмот, но дека во целина, релативно мал дел од нарацијата е посветен на духовната трансформација на главниот лик, така што, во отсуството на кулминативната трансформациона точка кандидатот ја гледа и основната слабост на филмот.

Третиот филм од аналитичкиот корпус е *Поп*, историско-воена драма реализирана во 2009, дело на режисерот Владимир Хотиненко. Особено интересен момент во врска со овој филм е вмешаноста и на руската црковна власт во продукцијата на филмот но и вмешаноста на политичката власт (покровителство на Медведев/Путин), што авторот на трудот го гледа како резултат на заедничката потреба на властите да ги „рехабилитираат руските свештеници кои за време на Втората светска војна служеле во т.н. Псковска православна мисија, на територијата окупирана од нацистичката армија, а подоцна, од официјалната советска историографија биле прогласени за предавници и соработници на окупаторот“. Историската предлошка е заедничка и за романот на Александар Сегењ и за филмот на Хотиненко, кој е наградуван за особени достерели во „православната кинематографија“. Авторот на трудот ја

анализира филмската нарација преку шестаесет сцени/секвенци сврзани со историските и религиските локуси/хронотопи. Во резимето на иницијациските схеми, м-р Чуповски особено се задржува на нивната функционалност во однос на расчитувањето на позицијата на главниот лик, отец Александар: „Иницијациската схема на неговиот животен пат би можела да се претстави на следниот начин: 1) *сепарација*, кога тој прифаќа да служи во Псковската православна мисија (...); 2) *иницијација,* што се случува во текот на целата филмска нарација, во која отец Александар е изложен на многубројни искушенија, но и во делот што *не го покрива филмскиот дискурс*, а е сугеруиран со телоп во којшто се соопштува дека бил заточен во логорот Гулаг; 3) *инкорпорација*, враќање во општеството, како обичен монах (...)“. Кон оваа схема, според Чуповски, конвергира схемата која го покрива духовниот пат на отецот, имено, според фазите на *очистување, просветлување и просветление.* И за овој филм, според Чуповски, по проверката на аналитичките концепти, може да се изнесе слична констатација како за филмот *Цар*, имено дека „литерарните вредности на приказната доминираат пред неговите филмски квалитети“, што имплицира дека квалитетот на филмската нарација, во овој случај, регресира пред обременетоста на приказната со хронологија, детали и различни идеологеми.

Четвртиот филм „Чудо“ (2009) е дело на режисерот Александар Прошкин и е базиран на литерарна предлошка - истоимениот роман на Јуриј Арабов. Станува збор за реалистичко-мистична драма со нагласени елементи на црн хумор. И романот и филмот се инспирирани од вистински настан кој датира од 1956, со тоа што природата на настанот и неговиот религиско-мистичен контекст повторно упатуваат на можноста создадената филмска приказна да се интерпретира според веќе утврдените модели. Може да се констатира, како што забележува кандидатот, дека: „филмот *Чудо*, според распоредот на протагонистите и апликацијата на филмскиот дикурс, има сложена структура, создадена од недобројни *јадра* (kernels) и *сателити* (sattelites), според терминологијата на Четмен, и отстапува од класичната нарација. Истовремено, како што потенцира кандидатот, во филмската приказна на Чудо отсуствува класичен *главен лик*, но исто така, отсуствуваат класични *експозиција и заплет* на приказната, па и во овој случај, како и во филмот *Поп*, може да се рече дека се работи за развлечен заплет што се протега во повеќе епизоди.“ По анализата на петте епизоди од кои секоја го означува месецот кога се случува филмската приказна (јануари, февруари, март, април, мај), м-р Чуповски, во делот на резимирање на иницијациските аспекти и аспектите на покајанието, ги лоцира истите во фрагментарната трансформација на ликот на Татјана (преку кој се перформира „чудото“) и ликот на новинарот Николај.

Петтиот филм од аналитичкиот корпус, *Остров*, го потпишува повторно режисерот Павел Лунгин. И оваа филмска приказна е сврзана со специфично проблематизирање на религиско-историска тема и таа, според нејзиниот хронотоп, може да се подели во две, нееднакви по должина наративни целини, одвоени помеѓу себе со телопи, кои ја означуваат промената на хронотопот: „Војна, 1942 г.“ и „Манастир, 1976 г.“ Анализата на филмската нарација, како што покажува аргументирано м-р Чуповски, го издвојува овој филм наспроти другите филмови од корпусот. Проверката на аналитичките инструменти (иницијација и покајание) врз овој филмски текст укажува на тоа дека се работи за извонредно успешно уметничко дело кое е проникнато со традиционалните обрасци на христијанската симболологија. Притоа, кандидатот уверливо покажува на кој начин е остварен балансот на обрасците со несомнен хеуристички потенцијал и специфичните наратолошки аспекти, така што, во *Остров*, според анализата на

кандидатот, „се остварува доследна употреба на драматуршко/наратолошките правила и алатки во составувањето на сопствена приказна“.

Докторската дисертација на м-р Чуповски се заокружува со завршното, дванаесетто поглавје под наслов *Рускиот филм во новиот век* во кое, накусо е протолкуван „идејно-културолошкиот феномен што ја условува евидентната тенденција за реактуализирање на иницијациските обрасци и на христијанските теми во современиот руски филм“.

3. Заклучок и оценка

Врз основа на сè што беше изнесено, сметаме дека во докторската дисертација под наслов „Иницијација и покајание: доминантни топоси во наративниот дискурс на рускиот филм на XXI век“, кандидатот м-р Атанас Чуповски успешно одговорил на општите и посебните цели на неговото истражување. Во својот докторски труд, тој дава релевантен приказ на општите теории за иницијацијата и покајанието, базирани на традицијата на европската антропологија, религиологија и вклучително, православната патристика. Понатаму, тој развива соодветен методолошки инструментариум и соодветен модел на анализа, водејќи сметка за интердисциплинарост во пристапот. Интерпретативните алатки кои ги предлага м-р Чуповски се поставени во центрипетална перспектива со цел да се дојде до што порелевантно исчитување на текстовите/филмовите од предложениот корпус, така што тој ја покажува апликативната вредност на аналитичките концепти (позајмени од наратологијата и антрополошките концепти) и, воедно, нуди една прецизна и креативна анализа на пет филма од современата руска продукција.

Поради сето тоа, Комисијата е на мислење дека овој труд, и според својот обем и според својот квалитет, претставува исклучително значаен прилог од ваков вид во полето на филологијата, книжевната компаратистика, филмологијата и конечно, интермедијалните културолошки истражувања.

Му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкот факултет „Блаже Конески“ да ја усвои предложената рецензија и да му предложи на кандидатот термин за усна одбрана.

Рецензентска комисија

1. Д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Славица Србиновска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска, редовен професор, с.р.
4. Д-р Владимир Мартиновски, вонреден професор, с.р.
5. Д-р Лидија Капушевска Дракулевска, редовен професор, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ГЛОБАЛНИТЕ ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ И НИВНАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“,

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СНЕЖАНА АНДРЕЕВСКА ФИЛИПОВСКА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од м-р Снежана Андреевска Филиповска со наслов *Глобалните едукативни програми и нивната примена во Република Македонија,* Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 134. седница одржана на 26.10.2016 година, донесе Одлука бр. 02-1406/2 од 28.10.2016 година, за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Верица Јанеска
2. д-р Билјана Ангелова
3. д-р Дејан Пендев
4. д-р Марија Ацковска
5. д-р Александра Лозаноска.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. Општи согледувања

Докторската дисертација *Глобалните едукативни програми и нивната примена во Република Македонија,* од м-р Снежана Андреевска Филиповска, обработува комплексна и мошне значајна проблематика од областа на образованието на населението и на работната сила. Актуелноста на истражувањето произлегува од растечкото значење на континуираното иновирање на знаењата, вештините и компетенциите на работната сила преку неформалното образование, а со тоа и на унапредување на човечкиот капитал

како еден од клучните фактори на развојот во современи услови. Во овој процес, глобалните едукативни програми како дел од неформалното образование имаат посебно значење од аспект на примената на меѓународните стандарди и примената на новите методи на учење во образованието. За Република Македонија, тоа е од особено значење во постојните услови на сè уште неповолните состојби во однос на стекнатото формално образование на работоспособното население, посебно од аспект на неговиот квалитет.

Основна *цел на истражувањето* е, врз основа на опсежна анализа на особеностите на глобалното образование и глобалните едукативни програми, потоа постојните состојби во формалното и неформалното образование во Република Македонија, како и добиените сознанија за придобивките од примената на глобалните едукативни програми во туристичката индустрија и во јазичното образование, да се идентификува потребата за поголема застапеност на овие едукативни програми во одделни сектори во земјата.

Сеопфатната и длабинска анализа во осумте поглавја на докторската дисертација е во функција на потврдување на основната хипотеза која гласи: *Поголемата примена на глобални едукативни програми во неформалното образование на населението и работната сила во Република Македонија може да придонесе за значително подобрување на квалитетот на човечките ресурси и подигање на стандардите во процесот на доживотното учење.*

Во докторската дисертација е применет соодветен *методолошки* приод на истражувањето, како во однос на научните методи, така и во поглед на изворите на податоци и информации. Трудот нуди релевантни научни сознанија за глобалните едукативни програми, посебно во туристичката индустрија и јазичното образование и нивната примена во овие области во Република Македонија. Опсервацијата на реформските процеси и опфатот на населението и на работната сила во формалното и неформалното образование, како и квалитетот на образованието, покажува дека земјата се соочува со сериозни предизвици во оваа област.

Главните резултати од истражувањето потврдуваат дека глобалните едукативни програми во Република Македонија не се доволно застапени, а како недоволна може да се оцени и осознаеноста за нивните предности и посебности од аспект на квалитетот и резултатите кои тие ги даваат во релативно покус временски период во споредба со другите видови на програми за обука. Имајќи ги предвид позитивните искуства од другите земји и резултатите од

проучувањето во оваа докторска дисертација, кандидатката констатира дека предностите од нивната примена се неспорни. Тоа имплицира потреба за реализација на покомплексни проучувања и идентификување на можностите за поголема примена на овие програми и во другите области, како во јавниот, така и во приватниот сектор.

Врз основа на современите искуства и добиените сознанија со истражувањето во докторската дисертација, м-р Снежана Андреевска Филиповска како значајни подрачја на дејствување ги издвојува: унапредување на постојните состојби во однос на неформалното образование, потоа неговата поголема застапеност во туристичката индустрија и јазичното образование, како и примената на глобалните едукативни програми. Притоа, кандидатката дава аргументирани препораки чија реализација може во значителна мера да придонесе за унапредување на знаењата, вештините и компетенциите на човечките ресурси во Република Македонија.

## II. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација *Глобалните едукативни програми и нивната примена во Република Македонија,* од м-р Снежана Андреевска Филиповска, содржи вкупно 275 страници. Трудот се состои од вовед, осум глави, заклучок, користена литература и прилог. Во списокот на користената литература се наведени повеќе од сто библиографски единици од домашни и странски автори, како и документи и извештаи од релевантни институции.

Во ***воведот*** се образложени актуелноста и значењето на проучуваната проблематика, претставени се главната хипотеза, основната и специфичните цели и предметот на истражувањето, потоа содржината на осумте поглавја на докторската дисертација, како и методолошкиот приод на истражувањето.

Проучувањето во првата глава се однесува на ***неформалното образование и неговото значење за општествено-економскиот развој.*** Поаѓајќи од фактот дека глобалните едукативни програми, во основа, се реализираат во рамките на неформалното образование, кандидатката м-р Снежана Андреевска Филиповска проучувањето во докторската дисертација го започнува со анализа на релевантните аспекти за развојот, современите

трендови и особеностите на неформалното образование, како и опсервацијата на неговото значење за унапредувањето на човечкиот капитал како битен фактор за општествено-економски развој. Врз основа на внимателна анализа на споменатите аспекти, кандидатката констатира дека во современи услови на брзи промени во сите области на човековиот живот и сè понагласена потреба за следење на промените во глобалното образование, неформалното образование е битна претпоставка за континуирано надградување на знаењата, вештините и компетенциите, како и за поголема професионална и просторна мобилност на населението и на работната сила. Тоа го потврдува и консензусот во дебатите дека во образовниот простор не се толку остро одвоени формалното, неформалното и информалното образование, како и сè почестите заложби за развој на политики за долгорочно учење кои треба да се фокусираат на потребата за идентификација, оценување и сертифицирање на неформалното образование. Освен стекнатото формално образование, денес сè повеќе се бараат дополнителни знаења и вештини, солидно познавање на странски јазици и на информатичка технологија, како и поседување на специјалистички знаења и меѓународно признати сертификати. А тие може да се стекнат и преку глобалните едукативни програми кои нудат стандардизирани знаења и иновативни методи на учење.

Во втората глава, ***Особеностите на глобалното образование и на глобалните едукативни програми***, се проучуваат развојот, значењето, целите на практикувањето на формалното и неформалното глобално образование, новите методи на учење, рамката и основните принципи на глобалното образование. Глобалните едукативни програми и нивната примена, пак, се анализираат од аспект на нивните карактеристики, формите на застапување, начинот на изведување на наставата и придобивките од нивната примена.

Резултатите од проучувањето на споменатите аспекти на глобалното образование, кое датира од првата половина на минатиот век и чиј динамичен развој коинцидира со процесот на глобализација, упатува на повеќе релевантни сознанија. Тие се однесуваат на клучните цели и значајните аспекти, потоа водичот на глобалната компетентност, како и основните принципи на глобалното образование. Со оглед на значењето, м-р Снежана Андреевска Филиповска посебно ги елаборира трите групи на знаења и вештини кои го сочинуваат водичот на глобалната компетентност: а) знаење базирано на емпириски сознанија и вештини, б) повисоко ниво на когнитивни, метакогнитивни и интерперсонални вештини и в) глобални правила, перспективи и ставови. Што се однесува на принципите на глобалното образование во трудот како

мошне значајни и неопходни се издвојуваат оние што обезбедуваат заедничка основа за интеракција помеѓу независните училишни професионалци и нивните ученици/студенти, колегите, родителите и јавноста.

Глобалните едукативни програми на креаторите на производи и услуги им овозможуваат да ги прошират и унапредат своите знаења, вештини, вредности и ставови според важечки меѓународни стандарди. Специфичностите по кои се препознатливи овие програми се: партиципативен и инклузивен наставен процес; застапеност на различни културни и социјални групи; јасна поврзаност на теоријата со праксата; строги упатства за наставните методи; можности за поврзување на формалната и неформалната наставна програма; респектирање на динамичниот развој на знаењето на глобално ниво и др. Како најесто применувани форми на застапување, м-р Снежана Андреевска Филиповска ги издвојува авторизацијата, лиценцата и франшизата, врз основа на кои функционираат голем број на авторизирани тренинг-центри, како и лиценцирани или франшизинг тренинг-центри. Истражувањето покажува дека наставата на овие програми може да се изведува на различни простори и на различен начин (училница; менторска настава; учење од далечина; виртуелна училница; учење во странство). Придобивките од примената на глобалните едукативни програми се многубројни и, во основа, произлегуваат од неопходното единство помеѓу содржината, формата и контекстот во кој се одвива процесот на учење.

Во третата глава, ***Примена на глобалните едукативни програми во туристичката индустрија и јазичното образование,*** се претставени нивните особеностите во овие области. Определбата за нивната елаборација произлегува од комплексноста на современата туристичка индустрија во која примената на овие програми е задолжителна и/или неопходна за нејзино нормално функционирање и остварување на конкурентска предност, а солидното јазично образование во современиот глобализиран свет е една од неопходни вештини за вработување и успешен кариерен развој на секој поединец.

Истражувањето покажува дека туризмот е еден од најбрзо растечките сектори во последните неколку децении, при што меѓународниот туризам е најголемиот светски извозен приход и важен фактор во билансот на плаќање во многу земји. Меѓународниот и домашниот туризам заедно опфаќаат 10% од светскиот бруто-домашен производ, а туристичката индустрија вработува повеќе од двесте милиони лица. Ваквиот развој е придружен со континуиран развој и

зголемено влијание на меѓународните асоцијации во туристичката индустрија кои придонесоа за стандардизација и поголема координција на активностите во оваа област, меѓу другото и преку реализација на глобални едукативни програми. М-р Снежана Андреевска Филиповска, тоа го потврдува со елаборацијата на развојот и на активностите на најголемите меѓународни асоцијации во туристичката индустрија: Меѓународната асоцијација за воздушен сообраќај (IATA), Обединетата федерација на здруженија на туристички агенти (UFTAA), нивните заеднички организации и активности, како и Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO). Опсежната анализа на нивните активности, посебно на најзначајните глобални едукативни програми во туристичката индустрија го потврдуваат нивното значење за унапредувањето на овој сектор. Во таа насока, кандидатката преку елаборацијата на заедничките IATA/UFTAA едукативни програми за: Меѓународни патувања и туризам и Глобалните дистрибутивни системи (GDS), како и Програмите за безбедност во авијацијата на IATA и ICAO ја потврдува комплексноста и неспорната потреба за овие обуки, како битна претпоставка за унапредување на знаењата и вештините на човечките ресурси и за нормално функционирање на туристичката индустрија.

Анализата на јазичното образование укажува на растечкото значење на јазиците како битна алатка во комуникацијата и размената на искуства помеѓу луѓето низ светот во услови на растечка мобилност на населението и работната сила. Кандидатката тоа го потврдува преку анализата на развојот и сè поголемата примена на глобалните јазични програми за учење, тестирање и сертифицирање. Елаборацијата на овие јазични програми на Британскиот совет, Образовниот центар за тестирање (ETS) и Германската асоцијацијата за образование на возрасните (со своите јазични сертификати на TELC) покажува дека станува збор за организации/центри кои егзистираат околу седум децении, континуирано ги прошируваат своите програми, а со своите активности развиваат и оценуваат повеќе милиони тестови годишно. Опсервацијата на примерот на американската јазична програма Berlitz, пак, мошне илустративно покажува зошто по 140 години од нејзиното воспоставување таа и денес е една од најпрестижните програми за брзо и квалитетно изучување на странски јазици.

Со истражувањето, во четвртата глава насловена ***Промени во формалното образование во Република Македонија***, се опфатени реформските процеси во средното и високото образование, промените и постојни состојби во однос на опфатот во формалното образование и на

образовната структура на населението и на работната сила, како и контролата на квалитетот на образованието. Реформите во средното образование беа реализирани со поддршка на странски програми и проекти (ФАРЕ и КАРДС-програмите, проектите: Активности во средното образование и Електронско училиште, финансирани од УСАИД, проектот на Германската техничка асоцијација на ГТЗ), како и проектот за модернизација на образованието финансиран со заем од Светската банка и грант од Холандија, а во високото образование започна реализацијата на препораките од болоњскиот процес за креирање на единствен европски простор на високо образование. Врз основа на овие факти, м-р Снежана Андреевска Филиповска констатира дека при реализацијата на реформските процеси во формалното образование во Македонија беа респектирани и промените во глобалното образование, но со одредени слабости.

Анализата на образовната структура на населението и работната сила покажува дека во последната деценија иако беше забележано намалување на бројот на жители без и со ниско ниво на образование, нивното заедничкото учество остана релативно високо (38,3%). Истовремено, порасна уделот на населението со завршено средно (од 42,4% на 45,7%) и со високо образование (од 10,4% на 16,0%). Тоа услови позитивни промени во образовната структура на вработените и неповолни промени кај невработените поради порастот на лицата со високо образование (од 8,6% во 2005 на 18,3% во 2015 година). Денес околу 60% од неактивните работоспособни лица се без образование, со незавршено или само со основно образование, кои поради мала вработливост претставуваат сериозен проблем за државата. За разлика од трендот на позитивни промени во образовната структура на населението и на работната сила, во извештаите за реализираните меѓународни и национални мерења се истакнуваа дека државата нема докази за квалитетот на постигањата на учениците во сите степени на образованието. Во таа насока, кандидатката укажува на потребата за воспоставување на сеопфатен систем за контрола на квалитетот.

Во петтата глава, ***Неформалното образование во Република Македонија***, се претставени сознанијата од анализата на особеностите на неформалното образование, потоа на промените и постојните состојби на опфатот на работоспособното население во образование и неговиот третман, како и потребата од примена на меѓународни стандарди во овој сегмент од образовниот процес. Истражувањето покажа дека во последната деценија беа реализирани значајни активности во насока на унапредување на легислативата во неформалното образование, значително се прошири листата на даватели на

услуги, при што јавниот, приватниот и невладиниот сектор имаат многу значајна улога во сервисирањето програмите. Врз основа на анализата на расположливите податоци, м-р Снежана Андреевска Филиповска констатира дека во последните години, опфатот на населението и на работната сила во неформалното образование бележи тренд на намалување. Тоа влијаеше врз опфатот на населението во процесот на доживотно учење кој изнесува околу 3,0%, односно има три и пол пати помала нумеричка вредност од просекот на ЕУ28. Овие промени имплицираат намалени можности за унапредување на знаењата, вештините и компетенциите на човечките ресурси во услови на брз техничко-технолошки напредок. Покрај потребата за зголемување на опфатот на населението и работната сила во доживотното учење во делот на неформалното образование, се укажува и на неопходноста од примена на меѓународни стандарди во неформалното образование.

Во шестата глава, ***Примена на глобалните едукативни програми во Република Македонија во туристичката индустрија и јазиното образование,*** се претставени резултатите од проучувањето на глобалните едукативни програми во овие области, при што во делот на туристичката индустрија се опсервира нејзиниот развој, постојните карактеристики и досегашната примена на глобалните едукативни програми, а во јазичното образование се анализира примената на овие програми преку лиценцираните јазични центри во земјата и работата на јазичниот центар „Берлиц“. Анализата покажува дека за реализацијата на зацртаните цели во областа на туристичката индустрија во последната деценија беа преземени низа мерки и активности, вклучително и промена на легислативата во делот на примената на меѓународните стандарди во македонската туристичка практика, но тоа не ги даде посакуваните ефекти. Истражувањето покажува дека околу 20% од туристичките агенции во земјата се членки на IATA, а не помалку неповолна е состојбата и во поглед на бројот на вработени во туристичките агенции кои поседуваат меѓународно признати дипломи и сертификати. Овие слабости беа ублажени со основањето на Травел тренинг-центарот во Скопје, во рамките на туристичката компанија САВАНА, кој во 2013 година доби одобрување од Меѓународниот IATA-институт за обука и развој на кадри во туристичката и патничка индустрија. Оттаму, м-р Снежана Андреевска Филиповска констатира дека унапредувањето на состојбите во туризмот, вклучително и од аспект на примената на глобалните едукативни програми кои во современи услови се гарант за практикување на меѓународните стандарди, останува значаен предизвик на среден и долг рок.

Што се однесува до јазичното образование од аспект на глобалните едукативни програми, со анализата на лиценцираните центри кадешто може да се полагаат меѓународни тестови за познавање на странски јазик се опфатени центарот на Британскиот совет во Скопје и ТОЕФЛ центар – Скопје, кои нудат широка лепеза на програми во рамки на масовните отворени бесплатни онлајн курсеви за подобрување на англискиот јазик, потоа учење англиски јазик на интернет и полагање на испити и стекнување на меѓународно признаени сертификати за познавање на странски јазик (ИЕЛТС - Меѓународен систем за тестирање на англискиот јазик, Cambridge English - оддел за сертифицирање на англиски јазик при Универзитетот Кембриџ; Аптис – Проценување на вештините по англиски јазик и др.). Анализата покажува дека сертификатите за познавање на странски јазик во најголем дел се користат при вработување, добивање на работни дозволи во странство, при запишување во средни училишта и на странски универзитети во странство.

Проучувањето на карактеристиките на јазичниот центар „Берлиц“, кој во Македонија активно работи од 2008 година, покажува дека тој се издвојува по единствениот метод во јазичната едукација. Таа има десет нивоа на Berlitz на познавање и изучување на странски јазик, систематизирани во пет групи (функционално, средно, повисоко средно, напредно и професионално), пет јазични програми (групна настава, компаниска програма, полуиндивидуална настава, индивидуална настава, итни програми), како и јазични програми за деца и младинци. Во однос на работата на овој центар м-р Снежана Андреевска Филиповска оценува дека клиентите на јазичниот центар „Берлиц“ се особено задоволни од квалитетот и брзината на постигнатите резултати.

Во седмата глава на докторската дисертација, ***Резултати од емпириското истражување на примената на глобалните програми на јазичниот центар „Берлиц“ во Република Македонија*** се претставени сознанијата од проучувањето кои се однесуваат на особеностите на корисниците на јазичните програми, потоа застапеноста на јазичните програми и причини за нивно користење, како и познавањето на странскиот јазик и резултати од обуката. Освен тоа, преку студија на случај се елаборира значењето на овие програми со анализа на претходното познавање и резултатите од учеството во овие обуки на лицата со завршено факултетско јазично образование.

Емпириското истражувањето е реализирано на репрезентативен примерок од 525 лица кои од 2009 до 2013 година биле вклучени во програмите на *Берлиц*, што претставува опфат на 83,2% од вкупниот број учесници во овие програми заклучно со 2015 година. Тоа покажа дека разликите помеѓу личните ставови за познавањето на странскиот јазик и резултатите од тестовите пред започнувањето на обуките во јазичниот центар „Берлиц“ се евидентни и мошне нагласени. Имено, разликата помеѓу личниот став и тестот посматрана според петте групи на познавање на јазикот покажува дека кај функционалното ниво изнесува 36,7 процентни поени, кај средното - 4,6, а кај повисоко средно - 6,1 процентен поен. А тоа значи дека најмногу го прецениле своето знаење оние што имале најмало познавање на јазикот. Во однос на постигнатите резултати, м-р Снежана Андреевска Филиповска констатира дека заради различните програми, како и разликите во нивото на познавање на јазикот и бројот на часови во обуките, не може да се дадат сублимирани податоци за постигнатите резултати. Врз основа на повеќе примери, таа оценува дека во релативно кус временски период се постигнува напредок од најмалку 2 степена.

Резултатите од студијата на случај во која беа опфатени 41 лице со завршен факултет - јазично образование, упатуваат на неколку релевантни заклучоци. Сопоставувањето на резултатите од тестирањето со личниот став во однос на познавањето на јазикот пред обуката укажува на мошне нагласени разлики кои за најголем дел од нив изнесуваат два степена. Врз основа на овие резултати, кандидатката со ги поставува следните прашања: Како е возможно по завршено високо образование некој според познавањето на јазикот да остане 2. 3. 4. ниво, а да се стекне со титула професор по англиски, германски или француски јазик? Кои се критериумите за прием на наставен кадар во државното образование? Дали се врши проверка на знаењето на јазични едукатори во образовните институции? Оттаму, таа со право укажува на потребата од промени во методологијата во формалното образование, воведување на систем за проверка на знаењето при вработување во јавниот и приватниот сектор, особено за лицата кои се инволвирани во јазичниот сектор.

**Во осмата глава -** ***Препораки за примената на глобалните едукативни програми во Република Македонија,*** **идентификувани се потребите и насоките за поголема застапеност на неформалното образование во Република Македонија, а во тие рамки и на примената на глобалните едукативни програми, со посебен осврт на туристичката индустрија и јазичното образование.**

Притоа, м-р Снежана Андреевска Филиповска, меѓу другото, ги дава следниве препораки: креирање на бази на податоци за примената на меѓународните образовни програми во Република Македонија; примена на холистички пристап при конципирањето на политиките во областа на неформалото образование и за примената на меѓународните образовни програми; синергетско, координирано и пред сè, комплементарно делување по пат на партнерства и продуктивни соработки на институциите надлежни за неформалното образование и глобалните едукативни програми; прифаќање, приспособување и примената на европските принципи при валидацијата на неформалното образование и глобалните едукативни програми; активен и продуктивен однос при верификувањето, акредитацијата и признавањето на глобалните едукативни програми; запознавање на широката јавност со предностите на глобалните едукативни програми, со посебен фокус на резултатите од учењето и др.

Во ***заклучокот*** се сублимирани согледувањата кои произлегуваат од истражувањата во докторската дисертација, елаборирани се насоките на дејствување и дадени се препораки кои можат да придонесат за унапредување на кариерното советување во Република Македонија.

**III. Оцена и предлог**

Комисијата оцени дека докторската дисертација од м-р Снежана Андреевска Филиповска под наслов: *Глобалните едукативни програми и*

*нивната примена во Република Македонија,* претставува комплексен научен труд во кој се обработени најзначајните аспекти на проучуваната проблематика. Врз основа на елаборацијата на релевантните теоретски аспекти и искуства во однос на глобалното образование и глобалните едукативни програми, посебно во областа на туристичката индустрија и јазичното образование, како и добиените сознанија од емпириското истражување за примената на овие програми во Република Македонија, во трудот се нуди силна аргументација во прилог на поставената основна хипотеза на истражувањето. Имено, поголемата застапеност на глобалните едукативни програми е значајна претпоставка за *унапредување на знаењата, вештините и компетенциите на човечките ресурси и подигање на стандардите во процесот на доживотното учење.*

Во однос на методолошкиот пристап на истражувањето во докторската дисертација може да се констатира дека м-р Снежана Андреевска Филиповска солидно ја владее научноистражувачката методологија. Тоа го потврдува при анализата на податоците од секундарните извори и реализацијата на емпириското истражување на примерот на јазичниот центар „Берлиц“, кое дава значајни сознанија за оваа релативно малку проучувана проблематика во Република Македонија. Аргументираната дискусија за релевантните аспекти, начинот на нивна елаборација и изнесените аргументи, го потврдуваат искуството и солидните познавања на кандидатката во однос на практичната примена на глобалните едукативни програми. Посебен квалитет на докторската дисертација дава и идентификувањето на подрачјата на дејствување и утврдените препораки за поголема застапеност на глобалните едукативни програми во неформалното образование во земјата.

**Комисијата констатира дека** м-р Снежана Андреевска Филиповска **изработила компактен труд кој во целост ги задоволува академските стандарди. Општа е оцената дека кандидатката ги остварила поставените цели и успешно се справила со предизвиците во текот на проучувањето на оваа комплексна проблематика, нудејќи издржани ставови и заклучоци кои ја потврдуваат поставената хипотеза и очекуваните резултати на истражувањето.**

**На 23.1.2017 година, текстот на докторската дисертација на кандидатката м-р Снежана Андреевска Филиповска на тема *Глобалните едукативни програми и нивната примена во Република Македонија*, од страна на менторот беше подложен на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на**

**Министерството за образование и наука. На 23.1.2017 година е добиен повратен Извештај во кој е констатиран степен на совпаѓање од 6,45%.**

**Имајќи го предвид претходно изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:**

1. да го прифати овој извештај со позитивна оценка за докторската дисертација под наслов *Глобалните едукативни програми и нивната примена во Република Македонија*;
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Снежана Андреевска Филиповска;
3. да утврди термин за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

Д-р Верица Јанеска с.р.

Д-р Билјана Ангелова с.р.

Д-р Дејан Пендев с.р.

Д-р Марија Ацковска с.р.

Д-р Александра Лозаноска с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЕВРОПСКИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ" ОД М-Р БОГДАН ЃУРЧЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Богдан Ѓурчевски со наслов „Хармонизација на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија со европските и меѓународните стандарди“, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 134. седница одржана на 26.10.2016, донесе Одлука 02-1288/2 за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација, во состав:

6. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска, редовен професор, ментор
7. д-р Климентина Попоска, вонреден професор, член
8. д-р Неда Петроска-Ангеловска, вонреден професор, член
9. д-р Диана Бошковска, вонреден професор, член
10. д-р Наташа Данилоска, виш научен соработник

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Кандидатот м-р Богдан Ѓурчевски во својата докторска дисертација „Хармонизација на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија со европските и меѓународните стандарди“ обработува комплексна проблематика од областа на финансискиот менаџмент. Истражувањето е насочено кон внатрешната ревизија во јавниот сектор.

Новото време, од почетокот на XXI век, нуди голема шанса за развој на внатрешната ревизија. Предностите на технологијата, информациите и ерата на интернетот, заедно со потребата од промена на менаџирањето со процесите на внатрешната контрола и ризикот во организациите како резултат на зголемената комплексност на бизнис - операциите, претставуваат голема можност за развој на активностите на внатрешната ревизија со цел да дадат нова вредност на организацијата. Внатрешната ревизија претставува современ инструмент за подобрување на управувањето во компаниите и организациите. Согласно со тоа, успешната поставеност

и функционирање на внатрешната ревизија е од огромна важност за функционирањето на секоја организација. Внатрешната ревизија постојано се надградува, во меѓународни рамки е етаблирана и претставува професија која има голема перспектива.

Во меѓународни рамки, внатрешната ревизија е регулирана од страна на професионални организации кои се задолжени за нејзиниот развој и ги пропишуваат меѓународните стандарди за извршување на внатрешната ревизија и етичкиот кодекс. Регулативата континуирано се подобрува во насока на усовршување на професијата, како одговор на предизвиците кои постојано се јавуваат во практиката.

Во Република Македонија, внатрешната ревизија е област која е во интензивен развој и ширење, како во јавниот, така и во приватниот сектор. Таа се регулира со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за трговски друштва и постојано се подобрува со цел приспособување кон европската и меѓународната регулатива. Република Македонија, согласно со Договорот за стабилизација и асоцијација, има обврска за усогласување и хармонизација на оваа област со директивите и практиките на Европската унија, посебно како услов за користење и управување со јавните пари, како и можноста за користење на средства од фондовите на Европската унија. Поради големината и комплексноста на јавниот сектор, како во поглед на обемот на активностите, така и во поглед на големината на финансиските средства кои се зафаќаат од буџетот на Република Македонија, важноста на внатрешната ревизија е се поголема и понагласена и има многу поголема тежина и значење за развојот на земјата.

Оттука, предметот на истражување е функционалноста на внатрешната ревизија во јавниот сектор, односно како таа се развивала, која е нејзината улога и какви се новите практики. Исто така, предмет на истражување е меѓународната регулатива во областа на внатрешната ревизија и професионалните организации кои ја регулираат, како и поставеноста и регулативата за внатрешна ревизија во Република Македонија. Притоа, врз база на емпирско истражување и компарација со меѓународните искуства, кое опфаќа утврдување на почитувањето на законската рамка, капацитетот на јавните субјекти за примена на внатрешната ревизија, како и придонесот на нејзините активности во работењето, се конципираат насоки за унапредување на внатрешната ревизија во јавниот сектор, како многу важен сегмент за вкупниот развој на земјата.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација со наслов „Хармонизација на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија со европските и меѓународните стандарди“, поднесена од кандидатот м-р Богдан Ѓурчевски, се состои од вкупно 293 страници компјутерски обработен текст. Основниот текст структурно е поделен на: вовед, шест поглавја, заклучок и користена литература. Користената литература е наведена на 6 страници и содржи 87 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет-страници.

Во воведниот дел од трудот е даден краток осврт на проучуваната проблематика, за значењето и поимното одредување на внатрешната ревизија, условите и развојот на светската економија и Република Македонија. Понатаму е елаборирана актуелноста на проблематиката и од научен и од практичен аспект, а потоа се претставени предметот, целите на истражувањето и користениот методолошки приод.

Во првото поглавје, насловено: **Поим, развој и улога на внатрешната ревизија во јавниот сектор,** се прави осврт на теоретските аспекти на внатрешната ревизија, како нејзино дефинирање, улога, карактеристики и еволуција. Во

продолжение се разработуваат причините за појава на внатрешната ревизија во јавниот сектор, како и современите предизвици со кои се соочува внатрешната ревизија во најново време.

Во второто поглавје, кое носи наслов: **Меѓународна регулатива и практики во областа на внатрешната ревизија,** како што кажува насловот, разработени се меѓународната регулатива и институциите задолжени за односната проблематика. Во продолжение, особен акцент е ставен на соодветната европска регулатива и институции. Делот завршува со разработка на еклатантни современи модели и практики во европски рамки.

**Внатрешната ревизија и концептот на внатрешната контрола** е насловот на третото поглавје. Во овој дел, на почеток се разработува внатрешната контрола која е составен дел од секоја организација и претставува основна цел кон која внатрешната ревизија се стреми со цел нејзино оценување. Потоа, дефиниран е концептот на внатрешната контрола, како и рамките на внатрешната контрола, односно COSO - рамката и CoCo - рамката. Во продолжение се разработени врските помеѓу двата наведени концепта, како и поврзувањето на внатрешната контрола со управувањето со ризикот. Составен дел на оваа глава се и механизмите на контролата, за делот да заврши со разработка на модел на внатрешна контрола преку презентација на практичен пример.

Четвртото поглавје носи наслов **Развој и улога на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија**. Во него е направен целосен осврт на поставеноста на внатрешната ревизија во Република Македонија. Па така, делот започнува со елаборација на значењето на јавниот сектор за македонската национална економија и развојот и улогата на внатрешната ревизија во него. Потоа се разработува правната рамка со која се обликува и регулира внатрешната ревизија во Република Македонија, земајќи ја предвид Стратегијата за развој на внатрешната ревизија и законската регулатива, односно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за трговските друштва, како и подзаконските акти со кои се регулира оваа област. Во овој контекст, соодветно се разработени и институциите задолжени за соодветната проблематика.

Петтото поглавје е насловено **Процес и фази на спроведување на внатрешната ревизија – практичен пример.** Во него се разработува извршувањето на внатрешната ревизија од законска гледна точка, но и практично, преку практичен пример кој детално ги разработува сите фази на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија. Тоа, всушност, покажува до кој степен има примена на меѓународните стандарди во целокупниот процес на ревизијата, започнувајќи од годишното планирање на ревизијата, па завршувајќи со следењето на исполнувањето на препораките дадени во конечните извештаи од спроведената ревизија.

**Нови предизвици на светски план и потреба од унапредување на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија** е насловот на шестото поглавје. Во последното поглавје од трудот, кандидатот ги разработува меѓународните консталации и потребата од промена на регулативата после последната светска финансиска криза, која иницира голем број аномалии во светските финансии, а главно ги адресираше токму на овој план. Потоа, оправдано тоа го спушта на македонска почва, обработувајќи ги макроекономските услови и улогата на јавниот сектор во Република Македонија, како и капацитетот на институциите, и амбиент во кој треба да се развива внатрешната ревизија. И, делот завршува со разработка на резултатите од емпириското истражување врз основа на кое се доутврдува микроамбиентот, односно спроведувањето на законската рамка во Република Македонија, капацитетот на јавните

субјекти за примена на внатрешната ревизија, како и нејзиниот придонес кон работењето на организациите. Се разбира, највреден е завршниот дел, во кој, врз основа на сублимирана тространа анализа, се дадени препораки и правци за развој на професијата во контекст на најдобрите меѓународни практики, кои се систематизирани редоследно по нивното значење. Притоа, треба да се има предвид фактот дека и на светско ниво се уште се сумираат последиците од последната светска финансиска криза и се одредуваат новите мерки и политики, кои треба да се пресликаат на национално ниво, како нови стандарди. Исто така, детектирани се потребите и мерките за интерно унапредување на внатрешната ревизија во јавниот сектор во земјата со цел нејзино вистинско ефектуирање во практиката и поставување на јавниот сектор на соодветно рамниште.

Во заклучокот се сублимирани и прикажани резултатите од истражувањето и изнесени се заклучоците кои произлегуваат од трудот.

### 3. Оцена и предлог

Членовите на Комисијата внимателно ја проучија поднесената докторска дисертација на кандидатот м-р Богдан Ѓурчевски под наслов „Хармонизација на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија со европските и меѓународните стандарди“ и сметаат дека таа претставува содржаен труд од областа на финансискиот менаџмент. Трудот содржи теориска основа и методолошка рамка кои обезбедуваат релевантна основа за соодветно третирање на поставените прашања.

Комисијата цени дека преку оваа дисертација, кандидатот м-р Ѓурчевски одговорил на поставените цели, со тоа што дава одговор на двете круцијални прашања, како што се:

- каква е функционалноста на внатрешната ревизија во Република Македонија, земајќи ги предвид институциите кои се задолжени за развивање на регулативата во оваа област, законската регулатива и подзаконските акти во контекст на хармонизација со меѓународните стандарди;
- определување на препораки/насоки за иден развој на професијата на светски и национален план во јавниот сектор, во контекст на хармонизација со меѓународните стандарди.

Во истражувањето, кандидатот м-р Ѓурчевски користи обемна домашна и странска литература. Дополнително, тој има солидно познавање и добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско-методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да најдат непосредна примена во македонската практика, а воедно отвораат можност за понатамошни истражувања.

Имајќи ги предвид претходно изнесените ставови, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Богдан Ѓурчевски, во својот труд, успеал да одговори на предизвиците што ги поставил при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Комисијата цени дека докторската дисертација „Хармонизација на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија со европските и меѓународните стандарди“ по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација „Хармонизација на внатрешната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија со европските и меѓународните стандарди”
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација, а на кандидатот м-р Богдан Ѓурчевски да му се допушти јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена на докторската дисертација

/Д-р Снежана Костадиноска- Милошеска, с.р./

/Д-р Климентина Попоска, с.р./

/Д-р Неда Петроска-Ангеловска, с.р. /

/Д-р Диана Бошковска, с.р./

/Д-р Наташа Данилоска, с.р./

/

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

*„ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ”,*

**ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕЛЕНА ЃУРОСКА,**
**ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од м-р Елена Ѓуроска со наслов **Влијанието на климатските промени врз економскиот развој**, Советот на Економскиот институт во Скопје, на својата 132 седница одржана на 25.8.2016, донесе одлука бр. 02-1166/2 од 29.8.2016 за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

11. д-р Силвана Мојсовска, редовен професор
12. д-р Дејан Пендев, научен советник
13. д-р Верица Јанеска, редовен професор
14. д-р Васил Поповски, редовен професор
15. д-р Елизабета Џамбаска, доцент.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Советот на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општи согледувања

Докторската дисертација **Влијанието на климатските промени врз економскиот развој** од м-р Елена Ѓуроска обработува многу значајна и современа проблематика од областа на макроекономијата, а потесно се третираат

две комплексни проблематики: 1) климатските промени, нивните карактеристики и ефекти и 2) економскиот развој на националните економии, со поширок фокус на најновата развојна парадигма во светски рамки – одржливиот развој.

Прашањето околу влијанието на климатските промени е многу актуелно во контекст на различни димензии (економска, социјална, еколошка), а посебно е значајно неговото разгледување во однос на одговорот кон климатските промени преку националните развојни политики. Основната работна хипотеза на трудот е: *Климатските промени значително го детерминираат економскиот раст и развој на националните економии и наметнуваат потреба од имплементирање на концептот на одржливост како основна парадигма, заради постигнување/одржување на позитивни резултати на долг рок.* Покрај главната, дефинирани се неколку помошни хипотези кои посочуваат дека климатските промени го наметнуваат одржливиот развој како нов концепт на развојот во 21 век; финансиските импликации од справувањето со климатските промени можат да повлечат негативни последици по економскиот развој на националните економии; справувањето со климатските промени ќе доведе до појава на нови трговски мерки и финансиски инструменти; активностите за намалување на ефектите од климатските промени мораат да се третираат како инвестиција за избегнување на ризици од тешки економско-еколошки последици и ревидирањето на традиционалните развојни модели со концептот на одржлив развој поттикнува ефикасно користење на природните ресурси, како и развој на еколошкиот и социјалниот иновативен потенцијал на економијата со што ќе се обезбеди економски просперитет.

При изработката на трудот е користен соодветен методолошки инструментариум, кој вклучи консултација на мноштво материјали од областа на климатските промени, економскиот развој, одржливиот развој и многу други аспекти, имајќи ја предвид силната комплексност на трудот. Трудот се одликува со умешна синтеза на консултираните материјали и извлекување на сопствени аргументирани заклучоци, а исклучително брзата динамика на публикување на материјали од оваа сфера во текот на изработката на трудот повлекоа извесно преструктурирање на тезите и содржината на трудот, споредено со пријавата на докторската дисертација, а предложено од страна на членовите на Комисијата во насока на постигнување на поголема конзистентност, и, воедно, зачувување на логичката структура на трудот. Во трудот е поместена соодветна анализа која нуди докази за поставените хипотези, со што е остварена целта на истражувањето.

## II. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација **Влијанието на климатските промени врз економскиот развој**, поднесена од м-р Елена Ѓуроска, содржи вкупно 350 страници. Дисертацијата се состои од вовед, шест поглавја, заклучок и користена литература. Во списокот на користената литература се наведени голем број на релевантни библиографски единици од домашни и странски автори, како и извештаи од соодветни институции.

Во ***воведот,*** кандидатката го образложува значењето и актуелноста на третираната проблематика, ги наведува целта и предметот на истражувањето, главната хипотеза на трудот и користената методологија врз која се темелат сознанијата од трудот.

Првата глава***, Карактеристики на климатските промени,*** е посветена на поимното дефинирање на климата, како и приказ на нејзините динамички карактеристики. Направена е поделба на видовите климатски промени и даден е опис за секој од нив. Истовремено, обработени се факторите на климатските промени и нивното специфично влијание во контекст на различните видови на промени. Посебно внимание во ова поглавје е посветено на детално објаснување на трите најважни климатски промени во современиот свет - ефектот на стаклена градина, глобалното затоплување и промената на озонската обвивка. На тој начин е обезбедена теоретската основа за истражување на релевантните прашања поместени во истражувањето, поткрепена со илустративни податоци во контекст на случувањата на полето на климатските промени во подолг временски период. Оваа глава е заокружена со појаснување на неопходноста од следење на климатските промени и мерките за подобрување на условите на следење, како неопходен дел во борбата против климатските промени. Во тој контекст, м-р Ѓуроска посочува дека е потребно да се посвети посебно внимание на обезбедување на доволни и соодветни финансиско-технолошки и човечки ресурси за следење, ублажување и адаптација на влијанијата од климатските промени, што е предизвик, имајќи предвид дека се работи за релативно скорешно осознавање за влијанијата од овие промени и започнување на иницијативи за подигнување на свеста и образование/обука на кадри во оваа сфера.

Втората глава, ***Фактори на економскиот развој и сектори под влијание од климатските промени,*** содржи осврт кон трудот и човечките

ресурси, капиталот, земјата и природните ресурси и техничко-технолошкиот напредок, како главни фактори на економскиот развој, а воедно е поместена анализа на дејностите каде што најмногу се чувствува влијанието од климатските промени. Во контекст на факторите на економскиот развој, систематизирани се постулатите од основните теории на развојот и накратко е наведена улогата на секој од обработуваните фактори во контекст на развојот. Притоа, направено е поврзување на факторите со климатските промени, со фокус на двонасочната поврзаност на двете категории, што е надополнето со анализа на економските сектори каде се чувствува најголемо влијание од климатските промени. Како сектори што значајно се менуваат под дејство на климатските промени, кандидатката м-р Ѓуроска ги издвојува агроиндустрискиот сектор, градежништвото, транспортот, туризмот, енергетиката и осигурителната индустрија. Во трудот е направена синтеза на релевантни студии посветени на овие сектори и систематизирани се релевантни наоди со кои се потврдува големата изложеност на овие сектори на климатските промени.

Агроиндустрискиот сектор го опфаќа земјоделството, шумарството и преработувачките индустрии кои користат земјоделски производи, како прехранбената индустрија, индустријата за пијалаци, текстилната индустрија, како и индустриите зависни од шумарски производи каде што се вбројуваат индустријата за хартија, мебел итн. Влијанието на климатските промени врз овој сектор е исклучително големо, со тенденција за раст, имајќи предвид дека земјата и природните ресурси како основни фактори на овој сектор се во директна спрега со основните елементи на климата. Понатаму, во сличен контекст се толкува подложноста на туризмот од климатските промени, имајќи предвид дека промената на температурата, природните временски појави и други климатски манифестации ја детерминираат констелацијата на атрактивните туристички дестинации. Исто така, силно е влијанието на климатските промени врз градежништвото, посебно истакнато во смисла на постапките и видовите на градежни материјали што ќе се користат, локациите за градба итн.

Транспортот, пак, непосредно е поврзан со емисијата на стакленички гасови, односно стремежот за нејзино намалување, што доведува до големи промени во индустриите од оваа сфера, посебно во поглед на производство на возила кои ќе користат нови генерации на горива и извори на енергија. На оваа индустрија се надоврзува и енергетиката, која има широк опсег на поврзаност со климатските промени и каде што фокусот се става на енергетската ефикасност и

зголемувањето на користењето на обновливите извори на енергија. Конечно, во оваа глава е направен осврт и на осигурителната индустрија која е веќе навлезена во интензивен тренд на менување и приспособување на своите производи кон климатските промени, имајќи предвид дека ризиците од климатските промени постојано растат и расте свеста за превенција на последиците од овие промени. Врз основа на анализата на секторите, м-р Елена Ѓуроска на крајот од оваа глава нуди дискусија за повеќеслојното влијание на климатските промени врз анализираните сектори, а истовремено упатува на тоа дека уште попродлабочено влијание може да се забележи преку меѓународната трговија и трансферот на технологија кои имаат мултисекторски карактер, а се предмет на разгледување во третата глава од трудот.

Третата глава, ***Климатските промени, меѓународната трговија и трансферот на трговија,*** посветена е на илустрирање на поврзаноста помеѓу климатските промени и другите две категории. Поаѓајќи од мултисекторскиот карактер на меѓународната трговија и трансферот на технологија кои хоризонтално се протегаат над/внатре во мноштво сектори, кандидатката м-р Елена Ѓуроска посочува дека покрај тоа што промените во секторите (од кои дел се обработени во втората глава) повлекуваат промени и во меѓународната трговија на нивните производи и транферот на технологија во поодделните сектори, климатските промени влијаат врз овие два сегменти и преку појава на нови производи за тргување и нови технологии. Во однос на трговијата, посебно внимание во трудот е посветено на трговијата со стакленички гасови, како нов тренд кој има за цел регулирање на понатамошниот раст на емисиите на стакленички гасови, со цел исполнување на Кјото-договорот, а подразбира дека доколку земјите не можат да се придржуваат кон меѓународно дозволени количества на стакленички гасови, можат да купат нови количества, односно ќе платат за секое дополнително загадување на животната средина. Во трудот се синтетизирани расположивите студии од оваа сфера и сценаријата во однос на трговските ефекти што би ги обезбедила либерализацијата на трговијата со стакленички гасови преку договорите за слободна трговија, при што се дезагрегираат ефектите за развиените земји и земјите во развој. Врз основа на анализите, кандидатката м-р Ѓуроска истакнува дека во последната деценија се забележува зголемена концентрација на енергетски интензивните сектори во земјите во развој, во што голем удел има реалокацијата на определени индустрии со висок степен на загадување на околината од развиените во земјите во развој, што кандидатката го толкува како сигнал за тие земји во иднина да применуваат мерки за глобално намалување на стакленичките гасови, односно пост-Кјото- режим, што би довело до уште поголемо развивање на пазарот на стакленички гасови. Од друга страна, ваквата состојба на реалокација на индустриите директно влијае на економскиот раст на земјите во развој и може да доведе до позитивни економски резултати за овие земји, меѓутоа трошоците за справување со последиците од климатски промени се многу високи.

Покрај трговијата со стакленички гасови, кандидатката се фокусира и на поврзаноста на меѓународната трговија со транспортот, односно укажува дека континуираниот раст на меѓународната трговија на светско ниво доведува до пораст на емисиите на стакленички гасови како резултат на транспортот на стоките, што упатува на потребата од реструктуирање и на овој сектор како одговор на климатските промени, со цел барем да се зачува, ако не може да се подобри, квалитетот на животната средина. Во таа насока, ја истакнува улогата на патниот сообраќај како најголем загадувач на животната средина и потребата од реалокација на транспортните рути, односно превозни средства за ублажување на меѓусебното влијание на климатските промени, трговијата и транспортот. Исто така, кандидатката м-р Ѓуроска нуди дискусија за трговските мерки и другата регулатива која на меѓународно ниво е веќе востановена, како и прашањата кои допрва ќе треба да се регулираат, укажувајќи на растечката свест за проблемите наметнати од меѓусебното влијание на трговијата и климатските промени. Меѓутоа, таа, исто така, посочува и на тешкотиите за адаптирање кон климатските промени и зачувување на животната околина, предизвикани главно од економските интереси на националните економии, при што земјите во развој реално имаат многу повеќе предизвици зашто поаѓајќи од стремежот за развој, полесно влегуваат во стапицата на отворање на помалку „чисти“ индустрии кои подоцна многу ќе ги чинат.

Во однос на климатските промени и трансферот на технологија, кандидатката истакнува дека технолошките решенија претставуваат императив за справување со климатските промени. Широката дифузија на тековните технологии и транзицијата кон нови се очекува да ја подобри ефикасноста во користењето на енергијата и воведување на помалку јаглерод-интензивни извори на енергија, како и понатамошно развивање и користење на обновливите извори на енергија. Според неа, процесот на транзиција кон економија со ниско ниво на јаглерод, ќе биде детерминирано од страна на технолошките иновации, меѓутоа нивната дисперзија и/или транфер помеѓу земјите ќе биде процес исполнет со многу предизвици, посебно во контекст на унапредување на правната рамка во оваа област што е обработена во трудот, заедно со дискусија околу прашањата кои допрва ќе се отвораат, при што посебно ќе биде тешко за земјите во развој да имаат непречен пристап до скапите, чисти технологии неопходни за поефикасно справување со климатските промени и подобри ефекти врз животната средина.

Во четвртата глава, ***Политика на развојот и климатските промени,*** се разгледуваат и анализираат актуелните развојни концепти во развиените земји и земјите во развој, во насока на идентификување на развојна парадигма која ќе кореспондира на барањата во контекст на климатските промени. Во трудот е даден теоретски осврт на основата на развојните политики и на носителите на развојот – влада, корпорации и мали и средни претпријатија, со дискусија околу значењето на нивните активности во контекст на климатските промени, односно намалување на негативните влијанија врз животната средина

од страна на фирмите, додека владите се надлежни за воспоставување на рамка на политики која ќе обезбеди подобра иднина за сегашните и идните генерации. Притоа, се начнува преплетеноста на трите димензии на одржливиот развој – економската која се појавува како примарен интерес на фирмите и владите, социјалната за која треба да се грижат владите и еколошката, која е суштина на активностите за справување со климатските промени, а која треба да биде во фокусот на сите носители на развојот. Во функција на наведените димензии, кандидатката м-р Ѓуроска во оваа глава од трудот прави осврт на последиците од климатските промени во споменатите сфери – економски, социјални и еколошки, при што се синтетизирани мноштво студии со приказ на очекуваните последици на квалитативен и квантитативен начин, со што се добива многу јасна слика за сериозноста на проблемот и потребата од итна акција.

Врз основа на претходните елаборации, во оваа глава е понудена дискусија околу политиките на земјите за справување со климатските промени, при што фокусот е на различните модели на рамнотежа засновани на различни параметри на очекуван раст на температурата во следните децении, трошоците поврзани со активностите за справување со климатските промени, како и техничко-технолошките иновации кои се потребни во оваа сфера, а сето тоа изразено низ призмата на големата потреба од финансиски средства и инвестиции за оваа намена.  Заклучокот е дека политиките за справување со климатските промени се скапи политики за чие спроведување државите имаат различен финансиски и човечки капацитет, а воедно мора да бидат усогласени со општите развојни политики на државите. Во тој контекст, м-р Ѓуроска нуди свое согледување за нивното поврзување преку концептот за одржлив развој во кој се сублимирани трите димензии во кои се лоцирани последиците од климатските промени – економски, социјални и еколошки, а воедно се работи за развојна парадигма која се очекува да обезбеди поместување на земјите во позитивна насока - и во контекст на развојот и во контекст на справувањето со климатските промени.

Во петтата глава, ***Финансирањето на развојот како одговор на климатските промени,*** обработена е клучната димензија на преземањето активности во оваа сфера – финансиите. Притоа, направен е осврт кон проценката на трошоците за справување со климатските промени, финансиските барања кон/од приватниот и јавниот сектор, постојните финансиски механизми и глобалниот инвестициски режим за справување со климатските предизвици, со осврт на расположивите и на потенцијалните инструменти за таа намена. Во

однос на проценката на трошоците за справување со климатските промени, кандидатката обезбедува синтеза на доста студии кои даваат различни проценки врз основа на користените параметри, меѓутоа заеднички е заклучокот дека се работи за многу скап процес кој ќе мора да подразбира воведување на нови даночни инструменти, како даноци за јаглерод наспроти даночни олеснувања за зелени инвестиции, емисија на „зелени" обврзници и други инструменти во функција на унапредување на животната средина.

Притоа, финансирањето на соодветни мерки се наметнува како неопходност за сите сектори, посебно за тие што се под најголемо влијание од климатските промени, дискутирани во втората глава од докторската дисертација. Ова, според кандидатката, ја потврдува комплексноста на процесот на финансирање на активности за справување со климатските предизвици зашто освен потребната количина на финансиски средства, се појавува прашањето на дисперзија на средствата низ различните сектори и нивното насочување кон земјите, имајќи предвид дека земјите во развој имаат поголема потреба од меѓународна помош, а воедно се наметнува и прашањето на контрола на резултатите од различните финансиски механизми. Последователно, процесот на финансирање на развојот како одговор на климатските промени бара многу суштествено обмислување и посветеност за правилна алокација на финансиите во функција на нивно ефективно трошење.

Последната, шеста глава, ***Концептот на одржлив развој наспроти традиционалните развојни модели,*** е посветена на елаборација на одржливиот развој како современа парадигма на развојот и неговата употребна вредност во контекст на справувањето со климатските предизвици. Кандидатката м-р Ѓуроска се осврнува на трите димензии на одржливиот развој – економска, социјална и еколошка, но фокусот на интерес го става на каузалната поврзаност на одржливиот развој со климатските промени. Притоа, ја прикажува економската димензија на чинење на климатските промени, имајќи ја предвид проценката дека со секој пораст на температурата од 1°C, доаѓа до годишно просечно намалување од 2% до 3 % на економскиот раст, при што најмногу се оштетени земјите во развој кои сносат многу мала одговорност за настанување на проблемот, а им се наметнуваат високи трошоци за адаптација кон климатските промени. На тој начин, кандидатката ја допира и социјалната димензија и поделбата на одговорноста, а со оглед на тоа што дискусијата е заснована врз еколошката димензија, се обезбедува солидна основа

за истакнување на високиот потенцијал на холистичкото поимање на развојот (како одржлив развој) во функција на справување со климатските промени.

Сепак, во трудот се потенцира дека успешната примена на концептот на одржлив развој е поврзана со многу предизвици, како во контекст на планирање на политиките за одржлив развој и нивно поврзување со климатските промени, така и во смисла на мониторинг, евалуација и постојано унапредување на овие политики. Кандидатката ги обработува сите важни документи за одржлив развој донесени на меѓународно ниво, со следење на хронологијата од 1992 година кога е одржан Првиот самит на земјата во Рио де Жанеиро, Бразил, па до денес, и се навраќа на финансиските механизми и расположивите инструменти обработени претходно во контекст на имплементација на стратешките документи и цели во оваа сфера. Меѓутоа, таа истакнува дека општиот заклучок на Обединетите нации како организација која го промовира одржливиот развој е дека има застој во третирањето на последиците од климатските промени, главно заради недоволната координација на расположивата помош, одбивањето на дел од развиените земји да преземат посериозни активности за определени прашања, како и недоволен (финансиски и човечки) капацитет на земјите во развој да се посветат доволно и соодветно на активностите за справување со климатските промени. Оваа констатација упатува на реалните проблеми за обезбедување ефекти од борбата за справување со климатските промени, но повторно го истакнува во прв план потенцијалот на парадигмата на одржлив развој која економската димензија ја комбинира со другите две, а кандидатката м-р Ѓуроска на крајот на трудот обезбедува сублимат на препораки и насоки за покоординирано преземање на активности за справување со климатските предизвици кои ќе водат кон економска благостојба, а не криза, на долг рок.

Во ***заклучокот*** се сублимирани согледувањата кои произлегуваат од истражувањето и се издвоени наодите со кои се потврдуваат главната и помошните хипотези врз кои е поставена докторската дисертација.

**III. Оцена и предлог**

Докторската дисертација под наслов: ***ВЛИЈАНИЕТО НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ,*** поднесена од кандидатката м-р Елена Ѓуроска, се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем, солидна теориска основа и соодветна методолошка рамка. Трудот содржи длабински осврт кон климатските промени и економскиот развој, во функција на идентификување на нивната корелација, но притоа се

испреплетуваат и обработуваат многу други аспекти, имајќи ја предвид исклучителната комплексност на трудот. Во трудот е понудена анализа на секторите кои се подложни на најголемо влијание од климатските промени, а кои чинат важен дел од светскиот бруто домашен производ, потоа е обработена трговијата со стакленички гасови која повлекува реалоцирање на определени енергетскозависни и еколошко неприспособени индустрии од развиените земји во земјите во развој, со што може краткорочно да се поттикне економскиот развој, но дополнително се поскапува процесот на справување со климатските промени. Оваа димензија неспорно го покажува влијанието на климатските промени врз економскиот развој.

Понатаму, трудот ја обработува корелацијата на политиките за развој и политиките за климатски промени на национално ниво, упатувајќи на потребата од холистички пристап претставен низ современата парадигма наречена одржлив развој. Поконретно, трудот упатува на заклучокот дека економскиот развој и економската благосостојба се неодржливи категории на долг рок, погледнато од аспект на сегашната констелација на постојни и очекувани последици од климатските промени. Врз основа на истражувањето, одржливиот развој се нуди како платформа во борбата против климатските предизвици, меѓутоа, кандидатката м-р Ѓуроска, исто така, ги посочува мноштвото проблеми за реализација на овој концепт, вклучително и проблемот на координирано и ефективно финансирање на развојот. Таа истакнува дека борбата против климатските промени е предизвик кој ги надминува границите и бара решенија, не само на национално, туку многу повеќе, на меѓународно ниво. Во тој контекст, трудот сублимира и палета на препораки и насоки за справување со климатските промени кои треба да бидат целосно компатибилни со пошироката амбиција на меѓународната заедница за економски развој.

Докторската дисертација нуди аргументација за поставените тези и нивна поткрепа со релевантни податоци, при што посебно мора да се истакне умешната систематизација на исклучително силен опус на консултирани материјали. Притоа, создаден е труд со истражувачка димензија која не е нотирана во материјалите користени при изработката на темата, што му дава оригиналност, која заедно со актуелноста и добиените резултати, произведува вреден академски труд. Врз основа на истражувачкиот пристап и содржината на трудот може да се заклучи дека оваа докторска дисертација претставува придонес на полето на научното согледување на оваа проблематика, посебно во Република Македонија кадешто литературата од оваа област е исклучително лимитирана.

**Согласно со горенаведеното, Комисијата констатира дека м-р Елена Ѓуроска изработила докторски труд кој сосема одговара на академските стандарди. Општа е оценката дека кандидатката успешно се справила со поставениот предизвик и успеала да понуди соодветни аргументи, мислења и заклучоци во однос на поставените хипотези на истражувањето. Имајќи го предвид претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:**

4. да го прифати овој извештај со позитивна оцена за докторската дисертација под наслов **Влијанието на климатските промени врз економскиот развој;**
5. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Елена Ѓуроска;
6. да утврди термин за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

/Д-р Силвана Мојсовска, с.р. /

/Д-р Дејан Пендев, с.р. /

/Д-р Верица Јанеска, с.р./

/Д-р Васил Поповски, с.р./

/ Д-р Елизабета Џамбаска, с.р./

/

## *ИСПРАВКА НА ОБЈАВЕНИ ПОДАТОЦИ*

На страна 251 од Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1119 од 15.3.2016 година, во точката 2 која се однесува на кандидатот Дарко Бакрачевски, насловот се менува и гласи:

„Правни аспекти на корпоративното управување во АД – студија на случај“

„Legal aspects of corporate governance in JSC – case study “

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „РЕЦЕПЦИЈАТА НА ВИЗУЕЛНАТА УМЕТНОСТ НИЗ ПОЛИТИЧКИОТ ДИСКУРС“ ОД М-Р АЛЕКСАНДРА РИСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 4 редовна седница одржана на 28.6.2016 година, формираше Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов: „Рецепцијата на визуелната уметност низ политичкиот дискурс“ на кандидатката м-р Александра Ристовска. Комисијата е во состав: проф. д-р Наташа Аврамовска (претседател), проф. д-р Александар Прокопиев (ментор), проф. д-р Ана Мартиноска (член), проф. д-р Иван Ќепароски (член) и проф. д-р Денко Скаловски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

1. **Анализа на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „Рецепцијата на визуелната уметност низ политичкиот дискурс“, од кандидатката м-р Александра Ристовска, содржи 195 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1/2 проред и големина на букви 12, со 319 фусноти, 110 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 4 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Основната цел во **воведот дел** е да се образложи појдовниот импулс кон оваа проблематика, каде се опфаќаат и неколку суштински импулси поврзани со личното искуство на кандидатката. Понатаму,

се согледува улогата, како и разбирањето на теоријата на другоста кадешто се проследуваат повеќе кратки согледувања за културолошки, политички и социјални аспекти, што исто така се провлекуваат во понатамошното истражување. Оттука, за поконретна опфатеност на темата, се посочени неколку докажани автори во контекст на интересот на докторантката, на кои им се должат достигнувањата во денешната современа теорија и практика како Платон, Томас Мор, Сигмунд Фројд, Антонио Грамши, Ханс Георг Гадамер.

Во **првата глава** од докторската дисертација, насловена како „Историски преглед на социјално-ангажирани уметнички проекти“ анализирани се основните проблематики што ги поттикнуваат уметничките проекти низ историјата иницирани од социјално-општествените и политички корелации. Во делот **Одредување на поимот култура и негово разбирање**, се согледуваат познатите факти за значењето на културата, комплексно прашање промислувано од повеќе автори што често укажува на амбивалентност во дефинирањето на концептот на културата, што доведува до различни толкувања за културата во антропологијата, филозофијата, социологијата и историјата. И покрај многуте дефиниции за културата кои се обидуваат да го најдат самото јадро на поимот и негово точно дефинирање, поимот култура, според докторантката, до денес останува дифузен, а значењата и можностите сѐ повеќе се шират. Како да се согледа феноменот на култура и при тоа да се укаже на целата нејзина комплексност и менливост, на кој начин да се предложат различните поделби кои ќе овозможат полесна перцепција на самиот поим култура?

Во **општиот преглед на уметноста како културен феномен** се разгледува ситуацијата во областа на културата денес, пред сѐ во визуелната култура денес, што е во постојана видлива транзиција во однос на сопствената интерпретација и дефинирање. Преку следење на овие фундаментални разлики во толкувањето што ги доживува уметноста, се согледува развојот на уметноста и културата во остварувањата и проектите што ги имаме денес.

Неизбежен дел за разбирањето на поставеното истражување е да се согледаат тековните промени **во историските пресретнувања на уметноста и политиката**. Во рамките на нивната испреплетеност, првичната дилема што, според докторантката, мора да биде разгледана и дефинирана е: дали уметноста може да биде експлицитно автентична и автономна, посебно денес, и на кој начин? Политиката во денешните општествени системи е под големо влијание на економијата и правото, а истото може да се каже и за уметноста во однос на политиката. Современата уметност игра на картата за правно загарантираните слободи (таканаречената слобода на уметничко изразување), а истовремено е под видлива или помалку видлива присилба на актуелната политичка власт.

Во контекст на разбирањето на политиката и нејзината имплементација низ уметничкото креирање, се отвора прашањето за начинот на нејзината артикулација и јазикот низ која таа треба да биде искажана, од кадешто произлегуваат анализите за **политичките дискурси и радикални анализи на естетиката.** Во современата теорија на уметноста со модерните и

постмодерните тенденции се појавува поимот дискурс кој укажува на еден особен начин на искажување што треба парадигматски да се изразува и толкува. Дискурсот, според м-р Александра Ристовска, мора да се перципира како сеопфатен термин што се однесува на сите искази, на правилата кои ги регулираат овие форми на искази, како и процесите со кои овие искази се во оптек или се исклучуваат. При тоа, во теоретизирањето за дискурсот, кандидатката се надоврзува на мислењата на Мишел Фуко, кој при своите анализи користи и други термини - епистема, архива, дискурсивни формации, сведоштво.

М-р Ристовска на крајот на првиот дел посветува внимание на стратумот на истражување, кој ги содржи трите најголемите теоретски стратегии и позиции за уметноста и политиката  во дваесеттиот век – **реализмот, формализмот и посветеноста** – најмногу низ литературата на проминентните фигури од марксистичката традиција: Ѓерѓ Лукач, Херберт Маркузе и Жан-Пол Сартр.

**Втората глава** насловена како „Визија на авангардата“ опфаќа научно теоретско истражување, низ седум истражувачки точки, за практичните и апликативни сознанија за чинителите што имаат придонесено во современата алтернативна уметничка практика.

Во делот **Преразгледување на авангардните практики** се согледува дека примарната грижа и одбрана на уметноста во однос на политиката лежи во прашањето на нејзината автономија. Во таа смисла, наведува докторантката, авангардата станува кровен термин за уметност што е проткаена со политички, социјални и естетски радикализми и критики. Социјалистичките, анархистичките, комунистичките, а од друга страна дури и профашистичките идеологии биле фреквентни меѓу авангардните уметници, но осетот на елитизам, како и свесноста за супериорност во однос на традиционалната уметност.

Во делот **Судбината на авангардните теории** се констатира дека денес во однос на авангардата егзистираат носталгични концепти со напомена дека “вистинска“ авангарда не е можна повеќе. Таквите тврдења, што доаѓаат од постмодернистичкиот дискурс, според м-р Ристовска, се инхерентно конзервативни поради исказот дека е невозможно да се биде пред светскиот *mainstream* на уметноста што го обескуражува секој обид да се предизвика статусот *quo* на завршената авангарда**.**

Во делот **Етичкото на уметничкото дело: колку уметноста е искрена**, докторантката вниманието го насочува кон ставот дека не постои дадена математичка формула што ја објаснува уметноста, ниту, пак, постои декларативно напишана естетска дисциплина како се продуцира уметничко дело. Значењето на уметноста може да биде интерпретирано во текстовите на теоретичарите, но вистинското уметничко дело останува во суштината, во битието на уметникот, вткаено во неговото дело.

Со оглед на тоа што класичната уметност се восприема само во посебна просторија (галерија или концертна сала), современата уметност денес создава нова атмосфера и релација помеѓу текстот и сликата, теоријата и практиката,

алтернативниот простор и националните галерии, рачните и дигиталните медиуми, со цел да се презентира и произведе нова стварност. Ова вклучува изменета естетска комуникација и нов бран креативна публика што доведува до размислување за **потеклото на уметничкото дело и неговото праизобликување**.

Во делот **Уметничката практика и нејзината врска со општеството и политиката**, се согледува дека во ерата на 20 и почетокот на 21 век се создаваат нови односи меѓу уметничкото и политичкото, односно меѓу реалноста и уметноста. Очигледно дека акцентот се повеќе се насочува кон случаевите на социјални и општествени прашања и теми, создавајќи своевидни уметнички записи за актуелните политички случувања. Ангажираната реакција од страна на уметниците кон определени актуелни настани, културни движења или политички цели, според м-р Ристовска, претставува моќен гест кој понекогаш продуцира услови за создавање на прогресивна идеологија.

Во контекст на современата уметност, активизмот како интерактивно движење останува донекаде директно врзано со креативните практики кои се манифестираат со заемна сличност и на некој начин се поврзуваат со концептот на "јавен простор". **Уметноста често знае да биде алатка на активизмот** и општествената побуна, и во овој контекст се прави разлика помеѓу термините: активизам, уметност како придружник на активизмот или, пак, активисти, а последователно се поставува прашањето: дали прекумерното и по секоја цена користење на политика во визуелната уметност претставува уметност или, пак, политички активизам? Оттука, може да се констатира дека денешната политичка практика е присутна во сите постојни односи во едно општество. Политичките опции и идеологии толку длабоко навлегоа во сеопштото живеење, што, според докторантката, ги поместија идеолошките ориентации на хуманистичките идеи и естетските принципи, а тоа претставува нова фаза во развојот на културата и уметноста, каде што уметниците добиваат улога на револуционерни мисионери, кои најчесто имаат за цел „да коментираат и да обновуваат".

Кандидатката во делот **Режирана уметност** го потенцира значењето на моралните меѓучовечки односи и моралниот кодекс на поединецот како позитивен придонес на социјалниот живот, но исто така и како и во уметноста. Моралната содржина претставува вредност есенцијална за нашето битие и меѓусебна комуникација што го гради квалитетот на живеење во едно општество.

Во **третата глава** насловена како „Современата визуелна култура," следуваат пет споредбени анализи за актуелноста на политичките случувања во уметничките проекти:

**Општествени вредности и трендови во современата визуелна култура.** Современата визуелна уметност отвора простор за создавање на културни места и здруженија, динамични платформи за критички дебати како и простор за креирање (творење) и развивање на теоретски и уметнички дискурси. Уметничката критика како независна општествена гранка може да придонесе за динамизирањето на граѓанската средина, овозможувајќи создавање иновативни што поттикнуваат културни, а понекогаш и социјални развојни промени.

Социјално ангажираната уметност се обидува да ослободи од предрасуди, да коментира и да критикува, да го отвори колективниот ум и да пропагира креативна слобода.

**Текстуализација на ликовното**. Заедничка манифестација на односот помеѓу сликата и текстот претставува исклучително конзистентен проблем уште од антиката, што низ ренесансата се декларира како "*ut pictura poesis*". Во докторскиот труд, преку примери се апострофира влијанието меѓу литературата и ликовното, а подоцна, со појавата на филмот, особено немиот филм, класичниот пример за "Image and Text" итн., што од друга страна, наведува да се размисли за сликата и текстот како за визуелен, така и за вербален производ, кадешто крајниот резултат се третира како пратена информација што доаѓа до гледачот. Уметничкото дело го проширува своето поле на интерпретација и ја користи теоријата во специфични услови во кои мисли, анализира и дискутира. Значењето на текстот, во поширока смисла, претставува еден од најзначајните елементи на учење не само во јазичното подрачје, туку и во сите дисциплини се сретнуваме со неговите најразновидни културолошки, идеолошки и симболични системи.

**Простор: алтернативен, приватен и нефункционален**. Целта на визуелната уметност уште од втората половина на дваесеттиот век е да се прошири опсегот на уметничката практика од разбирањето на уметноста како чиста естетика што се однесува на автономниот уметнички објект. Уметникот е свесен дека својата уметност треба да ја пласира во контекст на интерактивната мрежа на институции од уметничкиот свет, како и во пошироката светска уметничка и социјална политика и менаџмент. Креирањето на уметноста претставува одговорност од причина што се очекува од авторот со своето јавно излагање да го провоцира јавното мислење. Во таа смисла, опсегот на уметноста што експериментира со алтернативниот простор е обемен, почнувајќи од активистичките перформанси, ленд артот, билбордите, до користењето на сајбер- просторот како отворена платформа за јавен дијалог.

**Содржина - дискурзивна уметност.** Визуелната уметност и култура низ различните културни истории подразбира карактеристично свое читање на визуелноста, со различен контекст и оцена. Таа на некој начин станува форма на дијалектички развој помеѓу вредностите усклादени со јазикот и визуелноста. Тука е целисходно да се постави прашањето за потребата од генерализација на западната критичка теорија, како и теоретизациите за колективен идентитет, хибридност, маргинализација кои се различни од концептот на разбирањето на визуелизацијата од останатиот свет, особено кај источните и кинеската цивилизација.

**Визуелната култура како политичка пропаганда.** Преку примери од ликовната уметност се анализира како политиката може да влијае врз ставот на уметничкото дело, некогаш незабележливо или „од втора рака", а некогаш најдиректно како пропаганда.

Во **четвртата глава** насловена како ***Политика и култура***, докторантката ги анализира сознанијата за можностите на уметноста да изврши генерални промени во општеството во две суштински точки:

**Прашање на моќта на слободниот израз.** Презентацијата на визуелното уметничко дело може (ин)директно да влијае, иницирајќи есенцијални прашања на пошироката јавност, со доминација преку визуелното или, пак, отпор кон него. Можеби најдобар начин да се разбере слободата е повеќе од сопствената позиција, произлезена од личното искуство и сопствената поврзаност со социјалниот живот. Конкретно, потенцира м-р Ристовска, доколку слободата се разбере како својство дава лична сатисфакција преку креативната мисла, тогаш таа мисла и креативниот напор е единственото нешто што не би можело да се лимитира од никого, што останува единствена, најслободна, суштествена генеза на ослободувачка сила на умот.

**Културни идентитети во глобалниот општествен систем**. Од оваа едноставна причина, продолжува докторантката, културниот работник (cultural worker)[1] интензивно ја застапува можноста дека јавното мислење како вредност може да се изрази и прикаже преку уметноста. Уметникот и критичарот кои се идентификуваат со името на културниот работник во постмодерниот и плуралистички свет не се врзуваат за автономните институции за уметност и култура, но работат за културата како граѓанска обврска, односно ја користат реалноста како медиум за изразување, како и за премостување на специфичните современи културни и социјални комплексни дилеми.

Во **петтата завршна глава** следува крајниот заклучок, со кој се утврдува дека уметноста претставува индивидуална презентација или пак репрезентација кога обработува клучна тема за меѓучовечките разбирања и делувања.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката согледува дека прашањето за концептот уметност во филозофската и политичката теорија е мошне комплексно. Сите промислувања аплицирани во докторскиот труд „Рецепцијата на визуелната уметност низ политичкиот дискурс" се расправани на имплицитен и експлицитен начин, а иницираат и одреден вид уметничка, ликовна практика. Поради тоа, м-р Ристовска настојува да ги истражи оние текстови во кои се расправа за генералните влијанија што најмногу го промениле текот и концептот на уметноста во современоста, и начините како и во интерпретациите на културолошките дела уметноста може да се доведе во тесна врска со идеолошките погледи. Земени се предвид, меѓу другото, и неколку задачи за кои расправале многу етичари и естетичари, а кои во себе ја вклучуваат и естетската димензија, како на пр. дефинирањето на поимот „уметност", уште од согледувањата на Аристотел и Платон, како живи сведоштва за толкувањето на естетската појава и уметноста генерално.

Но, додека во минатото, заклучува м-р Ристовска, сликарството често давало одговор на побарувачката од општеството, преку портрети, предмети и објекти кои биле во сопственост на привилегираната класа, или, пак, со користење на митолошка, социјална, општествена тематика која соодветствувала со интересите на публиката, денес, современата галерија ни нуди белина и чистина, меланхолија и осаменост, токму онаква каква што ни ја нудат и современите општества. Останува **отворената покана** што денешното

[1] Misko Suvakovic, Pojmovnik suvremene umjetnosti, kulturalni radnik, Horetzky, Zagreb, 2005, стр. 337

уметничко ликовно дело ја понудува до гледачот за тој активно да се вклучи во одговорањето на поставените прашања.

### 1.1. Предмет на истражување

Во главниот фокус на дисертацијата е влијанието на политиката врз културата и уметноста, разбирајќи ја политиката од аспект на уметничко дело.

### 1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Проучувајќи ја зададената тема се заклучува дека станува збор за полисемична проблематика што претставува отворена платформа на културно – општествена акција во поглед на содржините што се бараат или пребаруваат. Предмет на анализа е уметноста анализирана и интерпретирана од страна на општествените и културни теории, кои во своите тесно поврзани парадигми за човековите права и  основни слободи, го вметнуваат гласот на уметноста како основен импулс и критички репресивен апарат за прогресивното залагање на интелектуалната дејност. Тука не се разгледува само прашањето за политичка уметност како единствена тема, туку се анализирани и факти од современата уметност која е во тесна врска со политиката, особено во модерната практика.

### 1.3. Краток опис на применетите методи

Истражувачкиот труд содржи интерактивна и слободна стратегија за дизајнирање на истражувањето, кои би се ставиле во рамки на квантитативните и квалитативните истражувачки дизајни[2],  кои понатаму влегуваат во две поделби кои В. Лоренс Њуман ги нарекува ориентации на реконструирана логика и логика во практика, методи кои се практикуваат за ваков тип чувствителни општествени прашања.[3]

### 1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето припаѓаат во категориите на практичната и истражувачката дејност, што подразбира текстуален и визуелен материјал кој понатаму отвора нови можности за размислување и делување во научната област.

## 2. Оцена на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Ристовска, со наслов „Рецепцијата на современата визуелна уметност низ политичкиот дискурс“, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Изработката на темата на оваа докторска дисертација поттикна и отвори и кај самата кандидатка, инаку ликовен уметник, нови размисли што придонесоа кон развојот на сопствениот визуелен израз.

---

[2] В. Лоренс Њуман, Општествено истражувачки методи, квалитативни и квантитативни пристапи, шесто издание, Просветно дело, Скопје, 2009, стр. 135-139

[3] В. Лоренс Њуман, Општествено истражувачки методи, квалитативни и квантитативни пристапи, шесто издание, Просветно дело, Скопје, 2009, стр. 135-139

Докторската дисертација, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува суштинските услови и стандарди за изработка на докторски труд.

## 3. Исполнетост на законските услови за одбрана на дисертацијата

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, учествувала на следниве уметнички проекти и истражувања:

1. 2016 – "Good Place ", Galerija AŽ Atelieri Žitnjak, Загреб, Хрватска;
2. 2016 – "Крајот на сликарството", Paratissima Skopje, МКЦ, Скопје;
3. 2015 – "Дискурс на Музејот" Imago Mundi, Италија;
4. 2015 - *The untold stories of the superheroines* , Куратор: Маријета Сидовски, КИЦ; Скопје.

## 4. Заклучок и предлог

Овој докторски труд го наметнува заклучокот дека човековата креативна посветеност има можности да ја користи инвентивноста на мислата на која не може да ѝ се поставуваат одредени граници. Како што не може до крај да се дефинира што претставува уметност генерално и на кој начин таа се валоризира, така не е едноставно да се категоризира финалниот продукт во областа на визуелната култура.

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Докторскиот труд како мултимедијален или проширен истражувачки проект, резултира со аргументирани заклучоци за прашањето на кореспонденцијата помеѓу културата со општествените премрежија. Консеквентно се доаѓа до заклучок дека уметноста и културата исто така претставуваат политички ангажирани субјекти, што во трудот се разгледани од повеќе аспекти на своето јавно дејствување. На неколку наврати е поставена паралелата помеѓу културните резултати наспроти теоретските размислувања - како тие се надополнуваат и надоврзуваат меѓусебно, сé со цел да се докаже нивната поврзаност во темата на обработување.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Во докторската дисертација се препознава интересот како кон теоретското обмислување, така и кон практичната визуелна уметност и култура, што доведува до употреба на разновидни истражувачки постапки во реализирањето на крајниот продукт. Дисертацијата како свој практичен придонес содржи ликовно дело на докторантката во техника масло на платно (160x100 cm), во кое се говори на темата - поврзаност на денешниот автор со актуелните случувања во социјалните и политичките проблеми во општеството. Во овој контекст се потенцира фактот за суштината на уметничкото дело кое претставува огледало на современото општество.

**Можни понатамошни истражувања.** Основната цел на докторскиот труд е пронаоѓање на нови методи за активно продолжување во професионалното делување во визуелната дејност, што секако е поддржано со богати и актуелни теоретски импликации. Мериторно за секој субјект е неговата посветеност и одговорност кон општеството. Кога станува збор за уметноста, таа, според м-р Ристовска, останува будна пред општествената реалност и се труди да ја нагласи и да ја коментира истата реалност преку својот модел на размислување (повеќе или помалку експлицитно), за на крајот, со својот уметнички резултат,

да се претстави пред јавноста. Оттука, потенцира докторантката, уметникот се наоѓа во двојна позиција: да ја сноси одговорноста кон општеството со цел за негова промена, а при тоа неретко (и свесно) да ги занемарува естетските потреби. Конкретно, според м-р Ристовска, сликарството не е повеќе само естетска особеност, но претставува пренос на идеја и информација.

Во таа смисла, докторскиот труд „Рецепцијата на визуелната уметност низ политичкиот дискурс" на м-р Александра Ристовска отвора нови можности за понатамошни истражувања за значењето и влијанието на уметноста уште во самите почетоци во образованието, каде што би се презентирале доблестите од користењето на интерактивноста помеѓу различните дисциплини и знаења. Станува збор за еден амбициозен, посветен проект, напишан од уметница која и самата низ своето животно искуство и ликовно дело ги проживеала преплетувањата на уметноста и политиката.

Со оглед на наведеното, Комисијата има задоволство да му предложи на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Александра Ристовска со наслов „Рецепција на визуелната уметност низ политичкиот дискурс".

КОМИСИЈА

Проф. д-р Наташа Аврамовска, претседател, с.р.

Проф. д-р Александар Прокопиев, ментор, с.р.

Проф. д-р Ана Мартиноска, член, с.р.

Проф. д-р Иван Џепароски, член, с.р.

Проф. д-р Денко Скаловски, член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНА ТЕМА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА – СКОПЈЕ

**ДОКТОРСКИ ТРУД**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Глориа Фоссен | Постмодерната феминистичка танц култура: телесноста во танцот | Post-Modern Feminist Dance Culture: Embodiment in Dance | проф. д-р Ана Мартиноска | 13- 212/26 од 21.12.2016 |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Билјана Ампевска - Христовска | Степенот на ефикасно спроведување на системот на оценување на јавната администрација во високообразовните институции | The degree of efficient implementation of the public administration appraisal system in the higher education institutions | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска | 02-1345/12 од 25.11.2016 |
| 2. | Анита Митрова | Висина на платата и квалитетот на животот | Amount of Salary an Quality of Life | проф.д-р Јорде Јаќимовски | 02-1345/18 од 25.11.2016 |
| 3. | Илина Јовановска | Поврзаност помеѓу психолошкиот договор и интенциите за напуштање на организацијата во приватниот сектор во Република Македонија | Correlation between psychological contract and intentions to leave the organization in the private sector of Republic of Macedonia | Доц.д-р Марија Топузовска Латковиќ | 02-1345/19 од 25.11.2016 |
| 4. | Мехмед Калиси | Компаративно истражување за известувањето на РТК лајв на албански, српски и англиски јазик | The Comparative Study of Reporting RTK LIVE on Alnanian Serbian and English Language | доц.д-р Бојана Наумовска | 02-1345/6 од 25.11.2016 |
| 5. | Маја Дреца Ристовска | Улогата на медиумите и информирањето врз критичкото мислење кај јавност во врска со мигрантската криза | The role of the media and the informing over the critical opinion of the public related to the migrant crisis | проф. д-р Петар Атанасов | 02-1345/7 од 25.11.2016 |

**РЕЦЕНЗИЈА**

**ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАКТИКУВАЊЕТО НА ВОЕНИТЕ ОПЕРАЦИИ И ЦИВИЛНИТЕ МИСИИ НА ЕВРОПСКАТА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА И ДРЖАВИТЕ КАНДИДАТКИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА" ОД М-Р АНИТА ГЛИГОРОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 22.4.2016 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **Практикувањето на воените операции и цивилните мисии на европската безбедносна и одбранбена политика и државите кандидатки за членство во Европската унија** од кандидатката м-р Анита Глигорова, во состав: проф. д-р Љубомир Фрчковски, проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска и проф. д-р Каролина Ристова Астеруд. Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

1. **Актуелност на проблематиката и научниот придонес на истражувањето**

Докторската дисертација под наслов **Практикувањето на воените операции и цивилните мисии на европската безбедносна и одбранбена политика и државите кандидатки за членство во Европската унија** ги анализира правните, политичките и институционалните капацитети на Европската унија во однос на кризниот менаџмент и спроведувањето на воените операции и цивилните мисии на европската безбедносна и одбранбена политика.

Европската унија е еден од најзначајните геополитички настани на XX век, но и покрај тоа што пораснала во економски моќна унија, во однос на својата одбрана и безбедност со децении се потпирала на САД и НАТО. Државите членки, фокусирани главно на економско интегрирање, постојано се соочувале со несогласувања околу политичкото обединување. Така, дури во Договорот за ЕУ од Мастрихт од 1992 година била воспоставена заедничката надворешна и безбедносна политика. Неколку години

подоцна, разединувањето, дезинтеграцијата и крвавите настани на територијата на поранешна Југославија ја соочиле Европската унија со нејзината немоќ да се справи со проблемите во сопствениот двор. Немилите случувања довеле до иницирање на европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП). Иницијативата била претставена на француско - британскиот Самит во Сент Мало во декември 1998 година, а првиот конкретен чекор во однос на ЕБОП бил направен на Европскиот совет во Келн, во јуни 1999 година, на кој биле прифатени целите поставени во Сент-Мало. На тој начин, во рамките на ЕУ започнува забрзано да се развива новата безбедносна и одбранбена политика, со цел зајакнување на надворешната политика на ЕУ, разрешување на меѓународните кризи и нивно менаџирање. Како што се истакнува во член 42 (поранешен член 17) од Договорот за Европска унија, заедничката безбедносна и одбранбена политика е составен дел на заедничката надворешна и безбедносна политика и го обезбедува оперативниот капацитет на Унијата, потпирајќи се на цивилни и воени средства. Унијата може да ги искористи тие средства во мисии надвор од својата територија насочени кон одржување на мирот, спречување на конфликти и зајакнување на меѓународната безбедност, во согласност со начелата на Повелбата на Обединетите нации. Овие задачи се извршуваат со капацитетите обезбедени од државите членки. Земјите членки ѝ даваат на располагање на Унијата цивилни и воени капацитети за спроведување на заедничката безбедносна и одбранбена политика, со цел да придонесат кон целите дефинирани од страна на Советот. Унијата може да ги користи цивилните и воените капацитети во заеднички операции на разоружување, хуманитарни и спасувачки задачи, воени совети и задачи за помош, спречување на конфликти и зачувување на мирот, задачи за вооружените сили при управување со криза, како и миротворни задачи и постконфликтна стабилизација. Во спроведувањето на овие задачи можат да учествуваат и трети земји, меѓу кои и државите кандидатки за членство во Унијата.

ЕБОП е релативно нова политика, која за краток период има спроведено голем број на воени операции и цивилни мисии и тоа не само на европскиот континент, туку и пошироко. Преку оваа политика, Унијата се повеќе придонесува за меѓународниот мир и безбедност, а во тој процес важна улога имаат и државите-кандидатки за членство во ЕУ.

Поради тоа, се јавува потребата да се истражи не само теоретското, туку и практичното дејствување на ЕБОП. Воедно, тргнувајќи од фактот дека во спроведувањето на воените операции и цивилните мисии предводени од Европската унија учествуваат и државите кандидатки за членство во Унијата (меѓу кои и Република Македонија), потребно е да се истражи и улогата и придонесот на овие држави во спроведувањето на воените операции и цивилните мисии. Дел од државите кандидатки за членство веќе се членки на НАТО, а Европската унија врз основа на аранжманот „Берлин плус“ има пристап до колективните средства и капацитети на НАТО за операции во кои Алијансата не е вклучена.

Во услови на постоење на спротивставени размислувања во однос на создавањето на безбедносен систем во Европа и водењето на самостојна и заедничка одбранбена политика, кандидатката преку анализа на правните акти, политичките

документи, достапната релевантна научна литература и досегашните случувања прави напори да дојде до одговорот на прашањата: Која е целта на Европската унија за создавање на европската безбедносна и одбранбена политика? Дали Европската унија може самостојно да одлучува за безбедносните предизвици во светот? Дали Европската унија може да ја гарантира безбедноста на своите членки, без помошта на НАТО? Како функционира европската безбедносна и одбранбена политика? Кои инструменти се користат при спроведувањето на ЕБОП? Како се одвива процесот на планирање на воените операции и цивилните мисии? На кој начин се финансираат воените операции? Колку државите кандидатки за членство во Европската унија придонесуваат за поуспешно спроведување на воените операции и цивилните мисии на ЕБОП? Колку и како Република Македонија, како држава кандидат за членство, учествува во спроведувањето на воените операции и цивилните мисии на ЕБОП?

Во одговорите на овие прашања лежи научната и општествената оправданост на трудот, а добиените сознанија за овие овие прашања ќе имаат валидност во вкупниот процес на следење и осознавање на развојот на европската безбедносна и одбранбена политика и спроведувањето на воените операции и цивилни мисии. Резултатите од истражувањето претставуваат евалуација на досегашните сознанија за функционирањето на ЕБОП во нејзината нормативна и институционална рамка, го покажуваат успехот на воените операции и цивилни мислии спроведени со или без употреба на средствата и капацитетите на НАТО, степенот на ангажираност на членките на Унијата и на државите кандидатки во остварувањето на целите од спроведувањето на воените и цивилните мисии.

Повеќето одговори на претходните прашања одат во прилог на една силна Европа која би била во состојба самостојно да се грижи за безбедноста и одбраната на своите држави членки, но и да биде важен фактор во одржувањето на мирот и безбедноста во светот. И покрај големиот број скептици во однос на ова прашање, кандидатката укажува дека развивањето на заедничка безбедносна и одбранбена политика на Европа е можен и сигурно корисен процес. Прогресот на европската безбедносна и одбранбена политика до денес е екстремно рапиден, од развивање на концепти и воспоставување на воено-политички структури во рамките на европските институции, до развивање на инструменти за спроведување на воени операции и цивилни мисии. До денес, Европската унија лансираше поголем број воени операции и цивилни мисии, а Република Македонија, од корисник на првата воена операција на ЕБОП, еволуираше во активен придонесувач во мировните мисии на ЕУ.

Преку анализата на европската безбедност по Втората светска војна, прикажан е развојот на она што денес претставува европска одбранбена и безбедносна политика и се добива појасна претстава околу тоа како Европа може да се соочи со новите предизвици и промените кои ги носи новото време.

## 2. Предмет, цел и хипотези на истражувањето

Предмет на истражувањето е спроведувањето на воените операции и цивилните мисии на Европската безбедносна и одбранбена политика, но и улогата и учеството на државите кандидатки за членство во Унијата во мировните мисии предводени од ЕУ. Ова се постигнува преку анализа на нормативната и институционалната рамка на ЕУ за ЕБОП, односно правните акти со кои е регулирана европската безбедносна и одбранбена политика, со што кандидатката формира заклучоци за институционалните капацитети на Унијата, за инструментите кои се користат во случај на криза, дали тие се доволни и дали се во насока на остварување на целите на Унијата. Анализирајќи ги мировните мисии на ЕУ, нивниот состав, цел, функционирање, финансирање, како и начинот на донесување одлуки за нивно спроведување, кандидатката дава критички осврт за нивната успешност.

Целта на истражувањето е преку еден краток историски осврт на развојот на европската безбедност во периодот по завршувањето на Втората светска војна, како и во периодот по падот на биполарниот исток - запад систем, кога новонастанатата меѓународна средина стана изложена на многубројни фактори со тенденција за генерирање на кризи, но истовремено и промовирање на единство, да се објасни што денес претставува ЕБОП, каква е нејзината улога, кое е нејзиното значење, колку е отворена кон третите земји за успешно постигнување на поставената цел. Целта е да се прикаже одговорноста на Унијата за безбедноста во Европа, која денес е многу покомплексна, отколку во времето на Студената војна кога постоеше јасно утврдена закана.

Следната цел е да се објасни развојот на воените и цивилните капацитети во решавањето на кризните ситуации од секаков вид, потоа односите меѓу Европската унија и НАТО од кои во голема мера зависи развојот на капацитетите, како и процесот на спроведување на воените и цивилните мисии на ЕБОП во кои учествуваат и државите кандидатки за членство во Унијата. Со тоа се објаснува улогата на Европската унија во разрешувањето на кризите, како и идниот капацитет на ЕУ во справувањето со кризни состојби на нејзиниот континент и пошироко, но и улогата и придонесот на државите кандидатки во процесот на справување со кризи.

Една од главните цели е потребата од докажување дека новата безбедносна и одбранбена политика е во состојба успешно да одговори на потребите, дека таа ефикасно се спроведува и дека Република Македонија преку своето активно учество во воените и цивилните мисии докажува дека може да биде рамноправен партнер на државите членки на Унијата.

Во истражувањето, кандидатката поаѓа од основната хипотеза дека учеството на државите кандидатки за членство во Унијата во спроведувањето на воените операции и цивилни мисии предводени од ЕУ, доведува до поуспешно реализирање на поставената цел. Во контекст на ова е фактот што преку учество на државите кандидатки се зголемуваат воените и цивилните капацитети на Унијата.

## 3. Методи на истражувањето

Во истражувањето е употребен квалитативен и квантитативен пристап, односно комбинирана истражувачка стратегија.

Употребени се повеќе научно-истражувачки методи, кои обезбедуваат објективност, систематичност, непристрасност и веродостојност на добиените резултати и сознанија.

Преку **анализа на содржината** на правните акти, политичките документи и релевантната научна литература, кои се користени како извор на сознанија, се следи развојот и влијанието на ЕБОП во разрешувањето на кризите, спроведувањето на воените операции и цивилните мисии, а воедно и начинот на кој е регулирано учеството на државите кандидатки во нив.

**Историскиот метод** е користен за анализа на еволуцијата на европскиот безбедносен систем, но и анализа на постепеното приклучување на државите-кандидати за членство во Унијата во процесот на градење мир и безбедност. Всушност, забележително е еволуирањето на Република Македонија, која од корисник на потребите за воспоставување мир и безбедност, денес придонесува во спроведувањето на мировните мисии.

**Студијата на случај** е применета во однос на поголем број воени операции и цивилни мисии, кои во согласност со достапните податоци и информации се детално анализирани.

**Компаративниот метод** е употребен за утврдување на сличностите и разликите помеѓу правата, обврските и улогата кои ги имаат државите членки и државите кандидатки за членство во Европската унија во процесот на справување со кризи и спроведувањето на воените операции и цивилните мисии на ЕБОП.

Собраните податоци се средени и обработени во согласност со предметот, целите и хипотезата на ова истражување. Тие се анализирани преку класификација, генерализација и оценка на податоците и се презентирани на вообичаениот текстуален начин, во писмена форма со користење на стандарден научен јазик, дополнително проследени со слики, табеларни прикази и графикони онаму каде што е возможно.

## 4. Структура на дисертацијата

Текстот е напишан на 294 страници, со 423 фусноти и 209 библиографски единици. Трудот содржи вовед, два дела, заклучок и користена литература и е поткрепен со повеќе слики, табеларни и графички прикази.

Во **воведниот дел** е прикажана актуелноста на предметот на истражување, целите и основните истражувачки прашања, хипотезите и доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес. Во овој дел се изложени основните причини кои ќе иницираат ЕУ да тргне кон политичко и одбранбено обединување на своите држави членки, процес кој е особено забрзан во периодот по Студената војна. Во таа смисла се укажува на промената на природата и обемот на конфликтите во периодот на постстудената војна, како и декадата на постконфликтна стабилизација на Западниот Балкан. Потребата од траен мир бара од Унијата да ги придвижи своите стратегиски идеи кон координирано планирање во потрага по обединета безбедносна и одбранбена политика, која ќе обезбеди одговор не само во криза, туку и во преткризна и посткризна ситуација.

**Првиот дел** се однесува на нормативната и институционалната рамка на Европската унија. Овој дел е составен од **две поглавја**, кои имаат повеќе наслови и поднаслови, кои произлегуваат едни од други и меѓусебно се надополнуваат.

Во првото поглавје од овој дел е даден приказ на процесот на интеграција на државите од Европа по завршувањето на Втората светска војна. При тоа, следејќи го развојот на Унијата распоредено по периоди, фокусот е ставен на идеите и обидите за политичко и безбедносно интегрирање; создавањето на Европската политичка соработка; правното врамување на заедничката надворешна и безбедносна политика во Договорот за ЕУ од Мастрихт; создавањето на европската безбедносна и одбранбена политика, започнувајќи од иницијативата од Сент Мало, нејзиното воспоставување на Европскиот совет во Келн и поставувањето на главната цел на Европскиот совет во Хелсинки; нејзиниот развој елабориран преку договорите за ЕУ, особено промените кои во оваа област ги носи Договорот од Лисабон. Исто така, анализирана е европската безбедносна стратегија, како и аранжманот „Берлин плус“, кој е основа за спроведување на воените операции со користење на средствата и капацитетите на НАТО.

Во второто поглавје од првиот дел, претставена е институционалната рамка на ЕБОП, формирањето, улогата и задачите на телата кои се основани за успешно функционирање на оваа политика (Политичкиот и безбедносен комитет, Воениот комитет и Воениот штаб), како и институциите на ЕУ одговорни за донесување одлуки за европската безбедносна и одбранбена политика.

**Вториот дел** од докторската дисертација се однесува на спроведувањето на воените операции и цивилните мисии на европската безбедносна и одбранбена политика. Тој, исто така, е поделен на **две поглавја** со повеќе наслови и поднаслови, кои произлегуваат едни од други и меѓусебно се надополнуваат.

Во првото поглавје, кандидатката прави обид да прикаже дали ЕУ успеала да ги пренесе своите концепти во практика. Поради тоа, направена е анализа на инволвирањето на ЕУ во кризниот менаџмент на Унијата, каде што сложеноста доаѓа од таму што на теоретско ниво не постои договор со кој би се опишала улогата на ЕУ на меѓународната сцена, додека истовремено целите на надворешната и безбедносна политика на Унијата се заеднички цели засновани на општите цивилизациски принципи кои ги поткрепуваат активностите на другите меѓународни организации, но сепак како

политички цели не се единствените цели на државите членки. Во ова поглавје, кандидатката ги претставува моделите на мировните мисии и операции и го елаборира процесот на организирање, планирање и спроведување на мировните мисии. Постапките за планирање произлегуваат од начелата на ОН и Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), но обликувани се врз основа на целите на ЕУ кои се наведени во Договорот за Европската унија. Кандидатката детално ги анализира фазите на планирањето и спроведувањето на операциите на ЕУ: рутина; почеток на криза / елаборација (изработка) на нацрт-концептот за управување со кризи; одобрување на концептот за управување со кризи и развој на стратешките опции; формална одлука за преземање мерки и развој на планските документи; примена; пренасочување на мерките на ЕУ и завршување на операцијата. Даден е и преглед на воените операции и цивилните мисии спроведени од ЕУ.

Во второто поглавје од вториот дел, објаснето е учеството на државите кандидатки за членство во Унијата во мировните мисии предводени од ЕУ, нивните права и обврски. Анализирани се мисиите и операциите во кои учествуваат/учествувале државите кандидатки за членство во Унијата: Македонија, Албанија, Србија, Црна Гора и Турција. Како студија на случај, детално се анализирани: првата цивилна мисија во рамки на ЕБОП, полициската мисија ЕУПМ во Босна и Херцеговина; првата воена операција спроведена во Република Македонија, Конкордија; воената операција ЕУФОР Алтеа во Босна и Херцеговина, во која од 2006 година учествува и Република Македонија; цивилната мисија ЕУЛЕКС во Косово; првата поморска воена операција ЕУНАВФОР Аталанта во Сомалија.

Во **заклучокот** се презентирани најсуштинските сознанија на кандидатката во изучувањето на оваа мошне интересна и значајна тема. Заклучоците ја потврдуваат тезата дека примената на механизмите на ЕБОП придонесуваат за поголема ефикасност на севкупниот процес на управување со кризи и олеснување на процесот на посткризна реконструкција и стабилизација на загрозените региони, како што е случајот со просторот на поранешна Југославија. Поконкретно, навремената примена на кризниот менаџмент на ЕУ во Македонија придонесе за попречување на граѓанска војна и брзо враќање на меѓуетничката рамнотежа, а подоцна помогна и во процесот на стабилизација и интеграција на земјата. Исто така, мисиите во Босна и Херцеговина придонесоа во процесот на стабилизација и градење мултиетничка држава, додека ЕУЛЕКС во Косово е фокусирана на изградба на институции и механизми за владеење на правото. Кандидатката констатира дека мисијата Алтеа во Босна и Херцеговина, во која учествуваат и Албанија, Македонија и Турција, ја демонстрира способноста на Унијата да ја реализира амбициозноста за да се оди подалеку од тоа да се биде традиционална цивилна сила. ЕУЛЕКС во Косово е уникатна цивилна мисија која е пример за широк мандат и таа повеќе години го помага спроведувањето на правото благодарение на воспоставениот контролен механизам.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторскиот труд **Практикувањето на воените операции и цивилните мисии на европската безбедносна и одбранбена политика и државите кандидатки за членство во Европската унија**, од кандидатката м-р Анита Глигорова, обработува многу значајна тема за Република Македонија, која е актуелна и во пошироки европски рамки. Богатата користена литература ја покажува способноста на кандидатката за систематско аналитичко користење на стручната литература. Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатката пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката, кандидатката изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд и претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, Комисијата со задоволство и едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој позитивен извештај и да ѝ овозможи на кандидатката м-р Анита Глигорова да пристапи кон јавна одбрана на нејзиниот докторски труд.

Комисија:

1. Проф. д-р Љубомир Фрчковски,с.р.

2. Проф. д-р Владо Бучковски,с.р.

3. Проф. д-р Сашо Георгиевски,с.р.

4. Проф. д-р Татјана Петрушевска.с.р.

5. Проф. д-р Каролина Ристова Астеруд, с.р.